БУГАРЦКИ ПОЛИТИЧКИ КОШМАРИ И ГРОЗОМОРИИ

Ристо Никовски

Скопје 2024

БУГАРЦКИ ПОЛИТИЧКИ КОШМАРИ И ГРОЗОМОРИИ

Published by:

Risto Stefov

Publications

Toronto, Canada

Copyright © 2026 by Risto Nikovski

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***

June 8, 2026

***

Не му го прави на другиот тоа што не сакаш да ти го прават тебе

Содржина

ВОВЕДНИ РАЗМИСЛИ..... 6
МУТАЦИИ НА БУГАРСКИОТ СИНДРОМ 28
КАКВА МРЕЖА НИ ПЛЕТЕ СОФИЈА И СО КОЈА ЦЕЛ? 33
(февруари, 2022) 33
БУГАРСКИ ГЕНОЦИДНИ ИСКУСТВА 39
БУГАРСКИ БЕСРАМНОСТИ И МАКЕДОНСКИ ЌОР-СОКАЦИ44
БУГАРСКИТЕ УЈДУРМИ СЕ ТРАЈНИ 49
„БИСЕРИ“ ВО МАКЕДОНСКИТЕ КАПИТУЛАЦИИ СО БУГАРИЈА..... 53
ЦИТАТИ ОД ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ СО БУГАРИЈА 58
РАЗБУДИ СЕ МАКЕДОНИЈО, УНИЈАТА ТЕ ПРАВИ БУГАРСКИ ПРОТЕКТОРАТ 62
БУГАРИЈА ФЛАГРАНТНО ГО КРШИ ДОГОВОРОТ ЗА „ПРИЈАТЕЛСТВО“ 67
БУГАРИЈА ОРГАНИЗИРАНО ГО ПРИСВОЈУВА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 74
ЗОШТО БУГАРИЈА ИНСИСТИРА ЗАЕДНО ДА ЧЕСТВУВАМЕ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ? 78
КАКВА ГЛУПОСТ И БЕСМИСЛИЦА! 83
„ТАКАНАРЕЧЕНАТА МАКЕДОНСКА НАЦИЈА“ 87
БУГАРСКИОТ ИСТОРИЧАР ТОПАЛОВ, ЈА ТОРПЕДИРАШЕ ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА СО БУГАРИЈА..... 91
„ИСТОРИСКАТА“ КОМИСИЈА СО БУГАРИЈА МОРА ВЕДНАШ ДА ПРЕКИНЕ СО РАБОТА 96
ЗОШТО БУГАРИТЕ ОТВОРААТ КЛУБ СО ПРОВОКАТИВНО ИМЕ ВО БИТОЛА? 101
МАКЕДОНСКИ КЛУБ ВО БЛАГОЕВГРАД..... 105
30 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА НЕБИДНИНА..... 109
МАКЕДОНИЈА НЕ ЗНАЕ ШТО САКА 113
МАКЕДОНИЈА И БУГАРСКИТЕ НАВРЕДЛИВИ ПРЕДЛОЗИ. 118
МАКЕДОНЦИ ИЛИ СЕВЕРНОМАКЕДОНЦИ? 122
КАСАПЕЊЕ НА ДРЖАВАТА 127
ЗОШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ МЕНУВА УСТАВОТ? 133
МАСОВЕН НАПЛИВ НА ПАПАГАЛИ 138

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОМПАС 143
ПРУГАТА КОН БУГАРИЈА Е ГОЛЕМО ПРОМАШУВАЊЕ 148
ШТО САКА ДА НИ КАЖЕ ПЕНДАРОВСКИ? 153
БРАВО ЛАМБЕ, ГО ОБЕЛИ ОБРАЗОТ НА СИТЕ МАКЕДОНЦИ! 158
ТЕЖОК ДИПЛОМАТСКИ АМАТЕРИЗАМ 162
ИТНА ПОРАКА ЗА ВМРО ДПМНЕ 165
СРАМЕН ИЛИНДЕН 168
МВР ДОБРО РЕАГИРАШЕ! 173
КОЈ И ЗОШТО ГО ПУШТИ ЗАЕВ НИЗ ВОДА? 177
ЗА КОГО НАВИВА БУЈАР ОСМАНИ? 181
САГА ЗА БУЈАР ОСМАНИ 186
ДО КОГА БУЈАР ОСМАНИ ЌЕ ЈА СРАМИ МАКЕДОНИЈА? 190
СО 2030, ОСМАНИ СИ ИГРА МАЈТАП СО НАРОДОТ! 195
БУЈАР ОСМАНИ ЈА ПОТПИША СОГЛАСНОСТА ЗА МЕНУВАЊЕ НА УСТАВОТ 200
КОГО ЛАЖЕ БУЈАР ОСМАНИ? ЕВРОПСКИ БАШИБОЗУК 205
ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ НЕМА ДА ИМА УШТЕ МНОГУ ДОЛГО 210
ВО УНИЈАТА – НА СВЕТИ НИКОГАШ! 215
ВО УНИЈАТА ЌЕ ВЛЕЗЕМЕ, КОГА ЌЕ ПРЕТСЕДАВА ТУРЦИЈА 219
КАКВА ИЗМАМА: ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ ДО 2030! 223
ЛАЖАТ ДЕКА СО ПРЕГОВОРИТЕ ДОАЃА ПОГОЛЕМА ПОМОШ ОД УНИЈАТА! 227
НЕ МОРА НИЕ ДА ЈА МЕНУВАМЕ ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА! 232
СРАМНИТЕ ЗАМАЈУВАЊА НА УРСУЛА ФОН ДЕР ЛАЈЕН 236
ЕВРОПСКИ МИЗЕРИИ 241
ТЕШКИ ЕВРОПСКИ МАНИПУЛАЦИИ 246
БРИСЕЛСКИ УЈДУРМИ 252
ВАРХЕИ СИ ИГРА МАЈТАП СО МАКЕДОНИЈА 257
ШТО НИ ВЕРГЛА ЏУЛИЈАН ВАСАЛО? 261
КОГО ЛАЖЕ ФРАНЦУСКИОТ АМБАСАДОР? 265
МАКРОН ЦЕЛОСНО ЈА ПОДДРЖУВА БУГАРИЈА 268
ПРВО НЕ ПРЕКРСТИЈА, СЕГА... 272

АМЕРИКАНСКА АГРЕСИЈА ОД ГОЛЕМИ РАЗМЕРИ 277
ТРОЈНА УЛОГА НА САД 282
КОМЕМОРАЦИЈАТА ЗА НИВИЦИ; БУНДЕСТАГОТ..... 288
ЖЕЉУ ЖЕЛЕВ ИМА ЗАСЛУГА ЗА РУСКОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА 293
ЗАМИНА ГЕОРГИ ХРИСТОВ, ГОЛЕМИОТ БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА..... 297

ВОВЕДНИ РАЗМИСЛИ

Македонија е одличен пример дека за неколку години можеш да уништиш нешто што си го градел со векови. Токму така. Факт е дека македонскиот народ долго се борел за својата слобода и држава и дека последен на Балканот успеа во тоа. Безбројни жртви се дадени за таа цел. Најголем хендикеп бил фактот што соседните народи се организирале пред нас и правеле сè за да нè присвојат. И денес, барем кога сме ние во прашање, логиката на тие времиња многу и не се променила!

Нè прогласувале за Срби, за Бугари, за Грци... И, што е просто неверојатно – така и продолжуваат! Поучен е одговорот на Борис Сарафов, чинам во 1902 година, на прашање на руски новинар и публицист - всушност, што сте вие? Едните велат дека сте Бугари, другите - Грци а третите ве сметаат за - Срби? Мудро, Сарафов му рекол дека во самото прашање е и одговорот! Ако веќе од три страни нè присвојуваат, лесно може да се заклучи дека сме нешто четврто. Поточно – Македонци. Во никој случај не можеме да бидеме и Грци, и Срби, и Бугари. Ако припаѓаме, или сме дел од едните од нив, другите не би нè присвојувале! Не би имале основа. Ако навистина бевме дел од еден од овие три народа, не би имало ниту проблем! Другите ќе немаа што да бараат.

Извонредна логика! Штом тројца тврдат дека сме како нив, тоа значи дека сите – лажат! Дека сите грабаат и присвојуваат. А тоа беше можно бидејќи бевме најмалиот народ којшто сè уште немаше своја држава да го штити.

Дали, од тој аспект, нашата денешна позиција е полоша од тогаш, бидејќи сме соочени само со бугарско негирање и присвојување? Така личи! Аргументот на Сарафов веќе – не врви! Приказната со Грција, пак, е само привремено затворена, до преговорите ама, сепак, Грците сега не нè присвојуваат како народ. Ним им пречи дека сме - Македонци, заради античкиот бренд. Им пречи името. Не велат дека сме Грци, и за нив не е спорно дека сме друга нација. Макар, Славомакедонци. Нашето име асоцира на античкиот период, којшто тие крајно неосновано го присвојуваат, и тука е коренот на нивните проблеми.

Србите, пак, уште во Втората светска војна прифатија дека Македонците се посебен народ, а не Срби - се согласија на македонска држава во рамките на југословенската федерација. Со тоа беше делумно ревидиран и Букурешкиот договор, којшто беше катастрофален за македонскиот народ.
Албанците, коишто ги немаше како фактор на почетокот на XX век, сега се заинтересирани за дел од нашата територија, во којашто живее претежно албанско население и сонуваат за Голема Албанија. Одамна, и официјално, овие територии Тирана ги нарекува - албански. Македонија – молчи. Според Призренската лига, Албанците сакаат сите да живеат во една држава и таа политика упорно ја спроведуваат најголем дел од албанските политичари на Балканот. По насилното и нелегално отцепување на Косово од Србија, слободно може да се оцени дека големоалбанскиот проект е реализиран, барем со преку 80 проценти. Надвор останаа по неколку општини во Јужна Србија и Црна Гора додека македонскиот дел, со Тиранската платформа, по многу основи е веќе апсолвиран.
Откако Македонија капитулира со договорот од Нивици, прифаќајќи дека Македонци има во Грција а не кај нас, и со самата промена на името, целосно се промени македонскиот карактер на нашата држава. Фигуративно, тоа многу убаво се виде, се докажа и се официјализира, со нашето прекрстување на сите главни институции во државата – од македонски во национални.
Иако изгледа дека денес треба да бидеме (пре)задоволни бидејќи веќе не нè присвојуваат и Србите и Грците, туку само Бугарите, состојбите не се баш такви. Додека пред 100-тина и повеќе години, имавме повеќе заинтересирани за нас како народ и територија, објективно, нашата сегашна позиција е многу полоша. Факт е дека и зад претходните претензии стоеја интересите на странски сили, ама така е и денес. По распадот на Југославија, неспорно е дека САД се тие коишто ни ја кројат судбината. Арно ама, нашите политичари не сакаат да го признаат тоа. Впрочем, како може тие да признаат нешто, што неизбежно ќе ги уништи нивнитеполитички кариери? Доказ е насилната смена на Н. Груевски.

Затоа Македонија се врти во маѓепсан круг во којшто, како што мудро вели народот, кадија те тужи, кадија те суди. И, да нема забуни, додека се движиме во истиот круг, алот ни е во калот. Само ќе пропаѓаме - сè повеќе и повеќе.
Светската историја покажува, и дава оптимизам, дека ништо не е однапред загубено, ама под еден услов – загрозениот да се бори за своите права. Примери има едно чудо, само ако се сака да се следат. Во услови на дефетизам, пак – нема никакви шанси за успех.

* * *

Бугарија е интересна приказна. Во поновата историја, секогаш ја ослободуваа Русите и секогаш беше на погрешната страна, заради освојување на Македонија и Македонците. По Втората светска војна, во советскиот блок, од немоќ, некадарност и безидејност, како поголем католик од папата, сакаше да стане 16-та република на СССР. Сега, пак, како дел од НАТО и ЕУ, во сè е последна меѓу членките и нема капацитети да ги искористи погодностите на Унијата. Бројни се причините за тоа, ама главни се корупцијата и некадарноста.
Бугарија не стана дел од евроатлантските интеграции благодарејќи на своите заслуги, постигнувања или исполнети критериуми, туку единствено зоради фактот што е сосед на Русија. Жалосен факт е што во тоа им помогна и Македонија, ама под диктат на САД. Главен приоритет на Вашингтон, слепо следен од Брисел, беше Москва да се опколи од сите страни со членки на алијансата. Токму затоа Софија профитираше.
Брисел потроши огромни средства во Бугарија, ама голем дел од нив се лошо искористени и/или злоупотребени, иако има резултати во инфраструктурата. Кај политичарите, пак, останаа и се трајна карактеристика измеќарскиот, малограѓански и криминоген менталитет, и бесмислените историски синдроми во однос на Македонија. Сето тоа, нема лесно да се промени. Тоа е сериозен хендикеп за државата.
Впрочем, менталитетот најтешко се менува, и Бугарија е само најнова потврда за тоа.

Агресивниот однос кон Македонија е само доказ за нивната примитивност и робување на историските фантазмагории, срамни за секоја современа држава. Бугарите немаат капацитети за нешто добро. Во Софија сè уште доминираат остатоците од срамниот култ на Тодор Живков. И тогаш и сега, цената ја плаќа бугарскиот народ којшто долго живее во тешка мизерија и не ги користи придобивките од ЕУ. Освен, што се селат од земјата.
Соочени со својата неспособност успешно да ја водат државата, а последниве неколку години (2021, 2022) не се во можност да формираат дури и влада, длабоко корумпираните бугарски политичари повторно се свртеа кон Македонија.
Место да се посветат на решавање на огромните проблеми со коишто се соочува народот, вршат апсурдна агресија врз Македонците. Причините за ваквата бесмислена и кошмарна политика на Софија се тројни. Првата е да го свртат вниманието на народот од бедата во којашто живее. Втората се сведува на обид да ги ефектуираат историските митови, со коишто ги лажеа луѓето повеќе од 150 години, дека Македонците се – „Бугари“. Третата причина е резултат на фактот дека тие се членка на Унијата а Македонија сака да влезе.
Свесни се дека тоа им е последна шанса да нè кутнат и да нè бугаризираат.
Тоа е надвор од умот, ама за нив е прилика којашто ја имаат сега, и никогаш повеќе. Свесни се и за американското игнорирање на Македонците, и со сите сили се обидуваат тоа максимално да го искористат. Членството во Унијата им пружа идеална можност да нè блокираат и да ни поставуваат ултиматуми, и тие тоа сесрдно го прават, и ќе го прават.
Големите бугарски „државници“, за да го залажат народот, ама и себе, се вратија на фашистичките политики од Втората светска војна. Позицијата им дава можности за разни уцени, што тие без скрупули ги користат, за игнорирање на нашиот национален идентитет, јазик, историја..., и очајно се обидуваат да го докажат невозможното. Софија не бира начини за да го постигне тоа, а нашите политички аматери - целосно ја помагаат. Не реагираат на нивните провокации, прифаќаат сè што тие неразумно бараат,

потпишуваат сè што им подметнуваат... И, Македонија ја доведоа во тежок ќорсокак.
Се чини дека Бугарија не може да разбере дека, со вакви имбецилни чекори, прво, ги уништува можностите за било каква поголема сорботка меѓу двата блиски народа и, второ, си го руши угледот во Унијата, којшто и без тоа им е никаков. Не се свесни дека другите членки нема лесно да им ги простат овие политички злоупотреби. Софија мора да сфати дека ги игнорира основните принципи на Унијата, нејзините фундаментални вредности, и тоа не може да остане неказнето. Прашање е само кога и колкава цена ќе мора да плати за своите сегашни, средновековни, политички кошмари против Македонија коишто, сигурно, долго ќе траат.
Сепак, сето ова е само едната страна на медалот. Вековните бугарски аспирации кон Македонија и Македонците се неспорни. Тука нема ништо ново. Напротив, тие сега го доживуваат својот врв, а клучот е што Бугарија не е сама.
Исто како претходно, во случајот со Грција, и зад неа стојат регионалните геостратегиски интереси на САД. Веќе докажан е фактот дека, по распадот на Југославија, САД сакаат дефинитивно да го затворат „Македонското прашање“ и на тоа посветено и упорно работаат веќе преку 30 години.
Авторот на овие редови, аргументирано и преку факти, го има тоа докажано во неговите претходни книги и колумни, и нема потреба овде да се повторува. Првата книга, којашто е објавена во 2012 година, од „Матица македонска“, носи наслов – „Македонското прашање повторно на маса“.
Основа на американската стратегија се вековните игнорирања на Македонците од страна на големите сили, и нивно присвојување од страна на соседите. Така е изградено сценарио на целосно комплементарни интереси. Атина и Софија, исто како и Тирана, во аспирациите кон Македонија и Македонците, се само алатки во рацете на Вашингтон.
Целта е заедничка и прецизна - целосно разнебитување на македонскиот народ.
Причините за ваквата американска политика кон Македонија и Македонците, како и финалната цел, заслужуваат многу подлабоки

истражувања, коишто засега ги нема. Начелно, меѓутоа, може да се набројат одредени факти.
Прво, Македонија и Македонците се предолго време јаболко на регионалниот раздор, заради нескриените аспирации на соседите. Дали се надева Вашингтон дека, со бришење на Македонците, ќе се овозможи долгорочна стабилност на Балканот? Тоа е апсолутно погрешна премиса, бидејќи Македонците се нешто како пиреј. Ако беше лесно да се искорнат, тоа ќе беше направено одамна. Од друга страна, сегашната полититика на нивно разнебитување, неизбежно ќе отвори серизони проблеми, и тоа во блиска иднина. Покрај проблемите со Албанците, веројатно ќе се вратат и комитите.
Второ, малиот македонски народ е длабоко меѓусебно поделен и, практично, странците немаат со кого да договараат нешто на долгорочна или на трајна основа. Тоа е тешко историско наследство. Преку 150 години, главно преку тајните служби, Бугарија грубо се мешала во македонските организации за национална слобода. Ги подметнувала сопствените интереси и, со интриги и афери, ги конфронтирала нашите дејци до меѓусебно уништување. Таа трагична традиција продолжува денес. Наш главен хендикеп беше и останува недостастокот на единство, дури и за фундаменталните национални интереси. Тоа го оневозможува нормалниот и оптимален развој на државата.
Трето, Македонците се Словени а во САД е создадена длабока резерва кон сѐ што има словенско потекло. За нив, Русија е симболот на злото. Религијата е додатниот проблем. Поприфатливи им се Словените коишто се католици, додека ортодоксните христијани, коишто повторно асоцираат на Москва, се сметаат за русофили. Тоа е додатен хендикеп за македонскиот народ.
Четврто, Македонија е во централниот дел на Балканот, како природна раскрсница. Уште Бизмарк има кажано дека со регионот доминира тој што ја контролира долината на Вардар. Можеби од таа гледна точка, Вашингтон смета дека малиот и длабоко поделен македонски народ не гарантира безбедност на оваа важна комуникација.

Петто, ама и клучно, се Албанците во Македонија.
Познато е дека главен американски сојузник во регионот, и нивни стратегиски партнер, се Албанците. Не Албанија. Каде и да се тие, а ги има не само во Албанија и на Косово, туку и во Македонија, во Црна Гора и во Србија. Грција сè уште не се спомнува, ама и таа ќе дојде на ред. Таму, сигурно ги има преку еден милион и, засега, не се јавуваат како политички фактор, ама тоа ќе следува. И таму, како и низ цела Европа, Албанците ја контролираат мафијата, генерираат огромни пари и прашање е само на време кога дел од парите ќе усмерат во политички води.
Шесто, веќе од таа гледна точка, 30-годишните грчки политики за уништување на Македонија, беа катастрофална грешка не само на Атина, туку и на Вашингтон. Главен добитник беа – Албанците. Тоа секако беше американски интерес, ама само краткорочен, а никако и грчки. Бомбардирањето на Србија и Белград, заради независност на Косово, и сè друго што направи Вашингтон во корист на Албанците, посебно во Македонија (2001, Тиранската платформа...), недвосмислено води кон создавање на Голема Албанија. Очигледно е дека Вашингтон смета дека, бришење на Македонците и нивна бугаризација, со постепена федерализација на државата, што упорно се реализира, е најлесен начин Албанците во Македонија да го добијат својот дел од територијата. Целиот проект е во напредна фаза и е само прашање на време кога тој ќе им се удри на Американците директно - во глава.
Седмо, досега многу послушните Тирана и Приштина, ќе стануваат сè повеќе своеволни и своеглави, и со нив многу тешко ќе се излегува на крај. На Вашингтон ќе му биде речиси невозможно да ги контролира (Курти). Всушност, овој американски проект е спротивен на интересите на сите балкански држави, бидејќи неизбежно ќе носи нови политички бранувања, конфронтации и судири.
Осмо, главните проблеми ќе ги генерираат Албанците.
Тие се единствени околу националното прашање ама, во меѓусебната борба за власт, сите се гледаат преку нишан.
Тие посветено работаат на создавањето на Голема Албанија, ама нема да бидат во можност да ја менаџираат. Ќе војуваат меѓу себе,

за секоја ситница. Не треба да се заборава дека по Втората свеска војна, главен сојузник на Албанија беше Југославија. Ја прогласија за главен душман. Следуваше СССР, којшто исто така стана светска сатана. Дојдоа Кинезите, и нив ги снајде истата судбина. Сега, главен пријател им се САД. Ќе видиме до кога.

* * *

Кога веќе ги допревме Американците, клучно е да се констатира дека се тие сега најзаинтересирани ние да го смениме Уставиот и да го внесеме во него бугарскиот „Тројански коњ“. Исто толку беа заинтересирани и за промена на нашето име и, практично, беа носители на нашата капитулација во Нивици. Впрочем, нивно дело се и нашите историски порази сврзани со Декларацијата за пријателство со Бугарија од 1999 година, која подоцна (2017) стана Договор за пријателство..., како и Тиранската платформа... Тоа е очигледно нивна трајна политика.

Сите нивни досегашни амбасадори, повеќе или помалку, се однесуваа како неизбрани наши гувернери, а сегашната, Ангела Агелер - ја продолжува праксата. Можеби го надмина и досегашниот рекордер Филип Рикер (2008 – 2011)? Кога подолу ќе ја читате нејзината изјава, ќе забележите дека таква му доликува само на нашиот претседател, а не на амбасадор.

Еве што рекла таа во Гостивар, на 24 јануари 2023 - „Знам дека е тешко, но треба да се усвојат уставните измени што знам дека не е баш омилен и популарен чекор, но е неопходен за чекор напред. Пратениците треба да гласаат за уставните промени, за да може државата да се придвижи напред со дискусиите и процесот за интеграција и пристапување кон ЕУ. Според мене, тоа е клучно, бидејќи таму лежи успешната иднина на оваа земја“.

Ова е истата личност којашто, кога дојде, ни кажа дека кога претходно работела во Скопје, не верувала дека ќе го смениме името! Призвукот беше дека, демек, сме биле во право што не сме го менувале! Арно ама, сега инсистира и врши жесток притисок да го менуваме и Уставот, што не е работа на еден дипломат. Ова е одличен доказ дека бугаризацијата на Македонците е американски проект.

Изјавите на „нашите драги“ американски пријатели, коишто често ни доаѓаат, се исти или слични на оваа на Агелер. Сите инсистираат да го смениме Уставот. Што мислите, заради нашите интереси? Не би рекол. И пред да се прекрстиме, нивните претходници секојдневно, со години, нѐ уверуваа дека треба да го смениме името, демек, ако сакаме во рајот. Се разнебитивме, и до кај стигнавме? До ова дереџе!

* * *

Однесувањето на Бугарија кон Македонците е особено срамно по Втората светска војна, после периодот на Георги Димитров. Поточно, кога Тодор Живков ја зема палката во свои раце. На почетокот на неговото диктаторско владеење, кое траеше преку 35 години (од 1954 до 1989 година, беше прв секретар на Бугарската работничка партија), тој бил потценуван од народот како прост селанец. Очигледно свесен за таквиот третман, а неспособен да стори нешто вредно, на почетокиот од 1960-тите години, тој започнал да игра на македонска карта, враќајќи се на национално-шовинистичката
политика на негирање на македонскиот народ, јазик, историја, култура... Со тоа, ем грубо и дефинитивно го прекинал периодот на Димитров кога Македонците во Пиринскиот дел ги уживале универзалните права коишто им припаѓаат според сите меѓународни регулативи, ем почнал да создава свој рејтинг со градење култ на национален борец.

Во тој период е извршена целосна ревизија на бугарската историја во однос на Македонија и Македонците. Сѐ што било позитивно било или уништено или тргнато од архивите, во некакви тајни депоа. Тогаш почнале да се присвојуваат и слават македонските личности коишто се бореле за македонската кауза и немале ништо заедничко со бугарската држава, освен што живееле кај нив. Со присвојување на дејците за независна и слободна Македонија, сметале дека најлесно ќе докажат дека сите ние сме – „Бугари“. Тогаш, после преку 60 години, преименувано е и Илинденското востание како Преображенско, што значи – бугарско.

Сите тие клучни промени, Живков ги донел главно во првата половина на 1960-тите години од минатиот век. На голема врата ги

враќа нивните историски синдроми за Македонија и Македонците, коишто 100–тина години веќе доминирале во нивната политика, ама и наука. Тие траеле до Втората светска војна, кога го достигнале својот зенит во бугарската фашистичка бајка. Тоа беше повампирување на санстефанска Бугарија, којашто не постоела никогаш во реалноста. Истата политика Софија ја спроведува и денес.

Во бугарската историја, на пример, улогата на Гоце Делчев е измислена од чисти прагматични политички потреби. Таму тој не бил славен, не се изучувал во училиштата, за него никој не знаел... сè до времето кога се сфатило дека преку него „најлесно“ ќе ги присвојат Македонците. Ако ние се согласиме дека тој бил Бугарин, на што грубо инсистира Софија а неспорниот факт е дека бил Македонец и се борел за Македонија, тие ќе го сметаат тоа за крунски доказ дека сме втора бугарска држава и дека сите ние сме неосвестени „бугарчиња“. Нивната логика е јасна - ако еден „докажан Бугарин“ се бори за некаква Македонија и Македонци, тие мора да се с’шти народ. Инаку, зошто би се борел тој за нив? Најкусо, тоа е сегашната бугарска политичка филозофија која нашите политички аматери или не ја разбираат или мораат да ја прифаќаат, притиснати од нашите „стратегиски партнери“ а нивни ментори, коишто и ги доведоа на власт.

Ако ова се сфати, а тоа е суштината на проблемите коишто денес ги имаме со Софија, сè друго е полесно за решавање.

Гоце е највидливиот доказ за бугарските современи итроштини, иако не се помалку важни и суштински и аспирациите на Софија кон Кирил и Методи, Климент и Наум Охридски, цар Самоил... И, да не се залажуваме, ова е само почеток. Бугарија неизбежно ќе стави на маса и бројни други наши или сесловенски дејци, со уцена да ги прогласиме за заедничли или – бугарски. Додека Бугарија има јасна стратегија што сака од нас, трагично е кога се гледа како нашите „политичари“ се однесуваат како мисири во магла, коишто не знаат ниту каде се, ниту зошто се.

* * *

Барем денес секому мора да му биде јасно дека по распадот на Југославија, од самиот почеток, Вашингтон развива политика на

дефинитивно затворање на „Македонското прашање“. Зарем некој сè уште може да верува дека Македонија беше осакатена, со нелегална суспензија на нејзиното име во Советот на безбедност (СБ) на ООН, од некоја друга сила а не од САД? Можно ли е некој да верува дека тоа ни беше направено од страна на Грција, која не беше ниту членка на СБ, или од некоја друга земја?
Или, поставено обратно – можеше ли тоа да се случи, ако не беше поддржано од САД? Да потсетиме: тоа беше направено со флагрантно кршење на Повелбата (Уставот) на Светската организација. Кој може да направи такво нешто?
Факт е дека тоа, формално, започна со грчкото оспорување на нашето историско и уставно име. Меѓутоа, да се верува дека сè што (ни) се случуваше потоа беше нивно масло, е надвор од умот. Впрочем, потврда дека Грција не беше сама е фактот што проблемот веднаш се интернационализираше, со цел да се зајакне нејзината позиција, и да ѝ се врзат рацете на Македонија, иако сите аргументи без на нејзина страна.
Иако проблемот имаше класичен билатерален карактер, неговото решавање се префрли прво во Европската економска заедница – ЕЕЗ (ЕУ), а потоа и во Обединетите нации (ООН). Проблемот повторно се врати во Брисел, со цел да се уценува Македонија – прво името, потоа членство.
Грција веќе беше дел на ЕЕЗ (ЕУ), што подразбираше дека сите други членки беа на нејзина страна, а потоа во СБ на ООН, каде постојани членки беа САД, носител на сценариото против Македонија, како и Велика Британија и Франција, членки и на ЕЕЗ. Во тој период, меѓу 10-те непостојани членки на СБ на ООН беше и Шпанија, исто така членка на ЕЕЗ. Ако на тоа се додаде и доминантното влијание на САД врз најголемиот број од останатите девет непостојани членки на СБ, сè станува јасно.
За разлика, другите две постојани членки на СБ, со право на вето, Русија и Кина, не беа заинтересирани за случајот. По распадот на СССР, Русија беше во целосен хаос и пред банкрот. Како последица на тоа, Москва воопшто не беше активна на меѓународен план. Кина, пак, по правило, не се меша во европски политички прашања за коишто нема директен интерес. Така беше

запечатена судбината на Македонија. Грција триумфираше бидејќи голем дел од светот се мобилизираше на нејзина страна, заради туѓи интереси.
Во периодот којшто следуваше по приемот во ООН (на 8 април 1993), 138 држави ја признаа Македонија под историското и уставно име, и со тоа отворено ја негираа резолуцијата на СБ на ООН, со која на нелегален, безобразно арогантен и агресивен начин ни беше суспендирано името и ни беше наметната референцата.
Македонија не успеа да се одбрани во ООН, бидејќи важен фактор не застана зад неа, а тоа значи и зад меѓународното право и принципи. Земјата беше оставена сама на себе, додека зад Грција беа најмоќните. Во тоа има и наша сериозна вина. Една од грешките беше бојкотот на Движењето на неврзаните земји, (што продолжува и денес). А речиси сите земји коишто го прифатија нашето уставно име, беа дел од Движењето, додека Македонија ги игнорираше неговите активности.
Како слепци за стап, нашите „политичари“ се беа фатиле за САД, Франција, Германија, та и Велика Британија, а сите тие целосно ја поддржуваа Грција и речиси отворено работеа против интересите на Македонија. Никој од нашите „политичари“ од врвот, иако веројатно сите интимно беа свесни, никогаш јавно не посочи дека нашиот главен душман се токму САД. Најтрагично беше што тие токму од нив чекаа и решенија поволни за нас! Волкот да се смилува.
Таква беше ситуацијата во Македонија, сите години по распадот на Југославија. Жалосно е да се каже, ама истата наша „идила“ со западните „партнери“ продолжува и денес.
Се правиме недоветни и постојано ги посочуваме САД како главни пријатели, та дури и како „стратегиски партнери“, а тие се носители на сите наши голготи, маки и трауми. Ако не беше жалосно, тоа ќе беше смешно. Тие ни го суспендираа името во СБ на ООН, тие нè прекрстија, тие нè бугаризираат и веќе нè албанизираа... а ние им аплаудираме и им викаме – браво!

* * *

Ако се осврнеме подиректно на нашите проблеми со Бугарија, се наметнува прашањето - какво пријателство може да се има со некој што смета дека не постоиш и те игнорира? Што замислувале „нашите“ преговарачи? Дека пријателство меѓу такви партнери е возможно и замисливо?
Се потврди токму спротивното. Договорот за (не)пријателство е политичко злосторство, со несогледливи последици. Тоа е класично газење на Уставот, за што мора и кривично да се одговара. Нашата држава направи тешка историска грешка со потпишувањето на договорот, и истата мора што поскоро да се исправи. Затоа политичките и други поделби треба да се надминат и сите, едногласно, со откажување од договорот и протоколите, да ја уништиме главната алатка на душманите.

Повод за бугарската блокада на нашиот пат кон Брисел е договорот, а таканаречениот „француски предлог“ е само катастрофална последица за нашата преговарачка рамка. Овој предлог е договорен меѓу премиерите Петков и Ковачевски, врз основа на договорот за (не)пријателство. Тој претставува наша срамна капитулација и е спакуван во француска амбалажа, само за да се прелажат Македонците. Нормално е што Софија, ама уште повеќе Брисел, договорот го земаат како наша согласност за заедничка историја, што може да значи само бугарска, дека јазикот ни е според Уставот, и не е автохтон ниту изворен, туку е дијалект на бугарскиот и, најважното, дека нема Македонци во Бугарија. Според сето тоа, Брисел логично заклучил дека нашето потекло е – бугарско, на што инсистира Софија, и отворено застана зад нивните фантазмагории! Тие не навлегуваа(т) во детали. Тоа ни го препуштаа нам, а ние молчевме. Врз таа основа, бугарската уцена - историјата да биде дел од нашите преговори за членство во Унијата, им стана прифатлива.
Оценките на Пендаровски и на премиерот, дека откажувањето од договорот со Бугарија значи и крај за нашето зачленување во ЕУ, се чиста измислица и немаат никаква врска со реалноста. Тоа ги покажува нивниот лаицизам и аматеризам, ама и неодговорност кон интересите на сопствената држава.

За кого навиваат тие? За душманите?
Сосема спротивно, ако останат договорот и протоколите, вратите на Брисел се дефинитивно затворени за нас. Освен, ако не прифатиме дека сме Бугари и зборуваме бугарски дијалект што, да не се лажеме, не е интерес само на Софија.
Без договорот и протоколите, по автоматизам, во вода паѓаат и неприфатливата преговарачка рамка со којашто Македонија нема никогаш да влезе во Унијата, како и уцената да го менуваме Уставот. Тоа неизбежно ќе се случи бидејќи токму тие се бесмислената основа на преговарачката рамка.
Така, ќе се отвори простор евентуално да се преговара за нов договор со Бугарија, доколку сакаат, ама на рамноправна основа и со признавање и на Македонците во Бугарија. Само така ќе биде отворен и нашиот пат кон Брисел. Тоа воопшто нема да биде лесно, ама само така може да опстанеме како Македонци и како такви да влеземе во ЕУ. Друга опција немаме. Изборот е наш.
Не треба да забораваме дека Унијата ќе се реформира и нема да се шири барем следните 10 години. А кога навистина ќе ги започнеме преговорите, тие ќе траат најмалку 15, а најверојатно и 20, 25... години. Сè заедно, тоа е далечна иднина за која е бесмислено и непотребно веднаш да се менува Уставот. Чуму сега такви историски жртви?

* * *

Власта се обидува да ги минимизира официјалните закани на Софија, место со сите сили да тргне во офанзива за одбрана на нашите фундаментални интереси. Како чавки да им ги испиле мозоците, тврдат дека нашите преговори за членство во Унијата нема да бидат предмет на бугарски нецивилизациски уцени, иако истите се веќе јавно прецизирани, и се случуваат на дневна основа. Се даваат небулозни изјави со кои грубо го лажат народот дека со Софија немаме проблеми, дека нивните закани и уцени биле внатрешна работа, која немала врска со Брисел. А Софија, јавно и отворено, ни постави блокада којашто е и пострашна од грчката, со ултиматум – или ќе исполните сè што бараме, или нема членство. Се игнорира и преговарачката рамка во којашто се влезени бугарските максималистички барања.

Софија бара да прифатиме дека за време на Втората светска војна не сме биле под бугарска фашистичка окупација, иако е тоа неспорен историски факт. Сакаат да докажат дека биле наши администратори, ако веќе не и наши ослободители, ама не и окупатори. Подобар доказ од тоа дека сме втора бугарската држава – нема! Како знак на прифаќање на овие нивни кукавичини јајца, претходниот премиер Зоран Заев наредил од споменикот на народниот херој Благој Јанков – Мучето во Струмица, да се избрише зборот „бугарски“ и да остане дека е убиен од „фашистички куршум“. Веројатно – заскитан! Ова е длабоко понижување на овој народ и на оваа држава, што нема споредба со ништо слично, ниту зборови да се опише. Да се срамиш што си Македонец.

Барањето на Софија, пак, е многу логично – тие навистина биле фашисти ама во случајот со Македонија сметаат дека ја „ослободиле“ а не ја окупирале бидејќи, макар до 1944, како што сме на пат да им „признаеме“, сме биле – „Бугари“.

Сме имале заедничка историја, сме биле едно. Бугарија нема маневарски простор, освен да продолжи како што тргнала.

Ако прифатат дека секогаш сме биле посебен народ, што е непобитен и недискутабилен факт за секој што ги разбира работите, ќе признаат дека со векови ја краделе нашата историја. Колку е тоа неприфатливо за Софија, не мора да се објаснува. Затоа се обидуваат да го спасат образот со мизерни импровизации – дека во Втората светска војна сме биле измислени како народ од - Тито. Окус, покус...

Еве, да се согласиме и дека е така, ама како ќе објасниме дека Македонци имало и сè уште има и во Бугарија, и во Грција, и во Албанија, и низ целиот свет... На почетокот од 20 век, луѓето што се селеле во Америка од Отоманската Империја, со турски пасоши, таму масовно се декларирале како - Македонци. Што да се прави со нив? Кој ги измислил сите нив? Тито и Коминтерната, не постоеле тогаш. Бугарските будалаштини не поминуваат кај никој нормален.

* * *

Соочени со неуспехот да го променат Уставот, на почеток на март 2023, бројни врвни политичари на СДСМ започанаа неумесно да верглаат дека со внесувањето на Бугарите во Уставот фактички ќе сме докажале дека во прашање се два различни народа! Да слушаш, и да не веруваш. Поголема будалаштина сигурно одамна не сте чуле. Без никаков срам, масовно и немилосрдно лажат. Со други зборови, со тоа паѓа во вода бугарското историско игнорирање на Македонците!?

Во Уставот, демек, заедно ќе имало и македонски и бугарски народ. Каква замена на тези! Мудреци, бе, јасно ли ви е дека ние не го негираме бугарскиот народ, туку тие македонскиот?

Ако ние не ги признававме Бугарите и сметавме дека се Македонци (што е поблиску до вистината!), нивното внесување ва нашиот Устав навистина ќе имаше димензија на исправање на таквата бедотија. Проблемот со бугарско игнорирање на Македонците, меѓутоа, би се надминал единствено ако Бугарија ги внесе Македонците од Пирин, во нивниот Устав. А колку е тоа можно, нека цени секој сам. Особено кога Македонија се срами да го отвори тоа прашање, врз база на реципроцитет, којшто е клучен и основа во дипломатијата.

А, згора на тоа, ние го игнорираме и спроведувањето на 14 пресуди на Судот за човекови права, коишто се во корист на Македонците во Бугарија. Само така ќе се потврди дека сме два посебни народа или, поточно, дека постоиме и ние како вистински Македонци, и посебен народ.

И со малку ак'л, мора да се сфати дека нивната цел е, преку „македонските Бугари" во нашиот Устав (не велат – „Бугари во Македонија", што е спосема различно), постепено, преку преговорите за членство со ЕУ, сите да станеме - такви.

Втора бугарска држава. Така Софија ќе ги заокружи своите историски синдроми, стари барем 150 години, дека ние сме Бугари, а денес изигруваме – Македонци, благодарејќи на Тито. Иако е тоа крајно бесмислено и тешка ментална девијација, Софија цврсто верува и работи на тоа.

Во овие итроштини на Софија, своја нагласена улога имаат и бугарските пасоши. Иако досега се манипулираше дека 60 до 80

илјади Македонци ги земале, сите од чисто економски причини, бугарскиот националношовинистички претседател, Румен Радев, тврди дека биле 120 илјади. Токму затоа бараат да ги внесеме во Уставот.
Тоа е, пак, солидна основа, со која ќе мавтаат во нашите преговори со ЕУ. Може да се очекува дека Софија, ултимативно ќе бара настава на бугарски јазик во училиштата за нив, користење бугарски учебници, правична застапеност во администрацијата, свои обвинители и судии... до гарантирани пратеници во Собранието, министри во Владата... Слично како што е со Србите, на Косово. Во меѓувреме ќе мобилизира и ќе купува Бугари, коишто ќе се „самоосвестуваат“ како такви во земјава. Не, ова не е никаква хипотеза туку елементарна и реална прогноза. Ако капитулираме со Уставот, кој знае штонѐ чека. Да не забораваме дека се спомнува и Заедницата на албански општини, што е фактичка федерализација.
Пред кусо време, на социјалните мрежи некој мудро напиша: тоа што Турците не успееја да уништат во Македонија за 500 години, СДСМ успеа за пет години. Секоја му чест на авторот. Дефинирал голема вистина.

* * *

Следуваат куси изјави и факти кои многу кажуваат: – Никола Димитров – „Бујар Османи сака што побргу решение со Бугарија, и по секоја цена“! Јасно е зошто!
– Никола Димитров - „Не може Бугарија да добие од комплицирање на европската иднина на Македонија.
Убеден сум во тоа...“ („Вечер“, од 10/9/2020). Жалосно е ако еден надлежен министер навистина е убеден во тоа, по сето што нѝ го прави Софија. Може ли човеков да не разбира ништо? Ако е така, зошто блокади, уцени и ултиматуми? Тоа им е последна шанса да нѐ сотрат, пред да влеземе во ЕУ.
– Пендаровски, според „Macedonia Mkd“ од 17/6/2020 - „... Никој во Бугарија не ја спори сегашноста. Ниту јазикот ниту етничката припадност. Од бугарска страна велат, дајте да видиме како било во историјата. Така што, тоа мислам може да биде појдовна основа“. Ова треба да значи дека претседателот на државата

прифаќа дека сме измислица на Тито од Втората светска војна! За неверување, нели? – Борисов го искара Заев зошто рекол дека Илинденското востание е македонско, по што Заев му се извини! („Слободен печат“ од 11/8/2018)! Коментар не е потребен!
– Софија продолжува со офанзива за негирање на македонскиот јазик и најави дека нема да дозволи влез на земјата во ЕУ ако не се прифати дека е тој дијалект на бугарскиот (2020).
Во исто време, нашите политички „генијалци“ тврдат дека со јазикот сè е во ред! Дека е потврден од ЕУ. Лажат, што друго?
– Со голема сигурност може да се тврди дека и наметнатата промоцијата на албанскиот јазик, како рамноправен во државата, е дел од сценариото за девалвирање и деградација на македонскиот јазик. Тоа го олеснува патот за негово постепено елиминирање. Во државата, значи, има два јазика. Може да се очекува дека врз таа основа ќе се бара решението и во Брисел. Западот планира долгорочно и максимално избегнува ќорсокаци.
– Главна цел на бугарската опсесија - дека сме измислени од Тито и постоиме како народ по 1944 година, има за цел да покаже и докаже дека нема и не може да има Македонци во Бугарија. Тука им се јавува и мал „технички“ проблем – Судот во Стразбур дури 14 пати ја осудуваше Бугарија за дискриминација на Македонците! Зарем е можно тамошните судии да се лунатици и да досудуваат пресуди за зомби? Добро, Бугарија ги игнорираше сите тие пресуди, ама зошто Македонија молчи?
– На најбезобразен начин, Бугарија ги присвои браќата Кирил и Методиј. Иако и тие, исто како и Гоце Делчев, работеле против интересите на бугарската држава.
Кај нас одново молк, освен во некои од медиумите.
Требаше и мораше да реагираат МАНУ, министерствата за надворешни работи, култура и образование и наука, институтите за национална историја и македонски јазик и други надлежни национални институции. Нивниот молк е сигурно резултат на сигналот на власта да не се бранува. Инаку, барем некоја од овие меродавни институции ќе се разбудеше од длабокиот сон. Сите тие се платени да генерираат и што поширока поддршка за Македонија

од нивните колеги и партнери од светот, да организираат тркалезни маси, ако треба...
– во дадената ситуација, најдобар беше „Вечер“ кој за Бугарија, на цела прва страна, објави – „Ги присвоија Делчев и Кирил и Методиј. Остана уште Дедо Мраз“.

* * *

Заради актуелноста на меѓународен план и поширокото влијание врз развојот на состојбите во Европа и во светот, со мала дигресија од темата, кусо ќе се осврнеме и на војната во Украина. Таа воопшто не е случајна и, како тргнале работите, се најавува како клучен пресврт на меѓународен план.
Светот не би требало веќе никогаш да биде каков што беше. Особено Европа. Се наѕира крај на едностраната доминација и пљачка од страна на најбогатите, над сите други.
Во принцип, никаква агресија не смее да се оправда како начин за решавање на меѓународните проблеми, вклучувајќи ја и оваа. Сепак, мора да се нотира дека Русија имаше сериозни причини да тргне во таква превентива. Слични оцени, за предизвикот со кој беше соочена Москва, обелоданија и личности како Кисинџер, Чомски и други западни експерти за меѓународни односи и безбедност. И за нив во прашање беше правото на самоодбрана, коешто не може никому да му се оспори, најмалку на една од двете најголеми нуклеарни сили.
Главна причина, та и одговорност, за ова што се случува е ширењето на НАТО кон границите на Русија којашто, со право, се почувствува – загрозена. Во таква ситуација, секое државно раководство е присилено да реагира и да ги брани државните интереси. Слободно може да се оцени дека, во дадените услови, токму така постапи и Москва. Последиците, во секој случај - ќе бидат трајни. На (нај)широк план.
Во октомври 1962 година, американскиот претседател, Џон Кенеди, за малку ќе започнеше нуклеарна војна, откако откри дека СССР има поставено ракети на Куба, на 100-тина километри од Флорида. За среќа, беше постигнат договор меѓу него и советскиот лидер Никита Хрушчов, и се надмина заканата. Америка се почувствува загрозена, како сега Русија.

Впрочем, САД го нападнаа и Ирак во 2003, под лажно обвинение дека поседува оружје за масовно уништување.
Демек, се чувствувале – загрозени! Или, 20 години го држеа окупиран Авганистан, со цел да ги уништат Талибанците, затоа што ги криеја тероритите на Ал Каеда, по нивните напади на Вашингтон и Њујорк, во 2001-та...

Објективни западни аналитичари, споредуваат дека доколку Русија правеше на воен план нешто слично во Мексико, како што околу неа прави САД со НАТО, Вашингтон ќе ја уништеше оваа држава. Денес слободно можеме да оцениме дека Украина е само колатерална штета во војната којашто, со помош на НАТО, ја водат САД. Јасна цел е уништување на Русија. САД, преку Украина и сите други мобилизирани земји (НАТО) што стојат зад неа, нема да може да ја добијат оваа бесмислена војна. Поточно, Русија не смее да ја загуби. Ако тоа се случи, многу лесно во игра ќе влезе и нуклеарното оружје. Москва ќе мора да го спасува образот. Претседателот на САД Џон Кенеди рекол – „Не смеете да го натерате противникот да избира меѓу понижување и нуклеарна војна“! Како да ја имал предвид Украина.
Мора да се надеваме дека настаните нема да одат во таа насока. Поразени, треба да бидат т.н. западни демократии, коишто се денес поголеми агресори и колонизатори од кога било порано. Преку својата технолошка надмоќ, преку телекомите коишто ги присвоија низ целиот сиромашен свет, преку банките, осигурителните компании, воената индустрија... и што ти не друго, тие денес повеќе ги цицаат малите, сиромашни и недоволно развиени земји, отколку во времето кога некои од нив беа дури и нивни колонии.
Војната во Украина отвори силен процес на одредена диференцијација меѓу државите. Се создава нов фронт со голем број од државите и огромен дел од населението. По Тито, Нехру и Насер, неврзаните не се веќе носители на овие промени, меѓутоа се појави БРИКС, којшто веќе обединува џинови како Кина, Индија, Русија, Бразил и Јужна Африка, а веќе им се приклучија уште шест нови членки. По јавно изразен интерес, во иста насока се движат и многу други држави, коишто се крајно незадоволни од

непринципиелната западна колонијална доминација.
Регистрираните процеси најавуваат длабоки промени на меѓународниот политички и економски поредок. Тие се на повидок и отворено е само прашањето - како и на кој начин ќе се ефектуираат. Не - дали.
Војната во Украина, може да се смета како зародиш и стимулатор на овие очекувани длабоки меѓународни промени. Прво, да се надеваме дека војната нема долго да трае.
Второ, дека Украина, сепак, ќе преживее. Трето, дека промените коишто ќе следуваат ќе бидат поправедни за сите, а не само за ракатка богати и моќни земји. И, четврто, ама не и најмалку важно, дека светот ќе заплови во помирни води на балансиран и поправеден развој, за сите народи. Последниве децении, богатите се сè побогати, а сиромашните сè победни.

* * *

Но, да се вратиме на агресијата од Софија. Во следните текстови поединечно се разработуваат елементи и детали од најновите бугарски политички грозморији во однос на Македонија и Македонците, следени од нашите недоветности.
Целиот овој резил којшто ни го прави Бугарија, а ние срамно го трпиме, е резултат на фактот дека ова им е последната реална шанса да остварат макар дел од своите бесмислени историски соништа во однос на Македонија. Тоа им го пружа нашето настојување да станеме дел од ЕУ, каде што Бугарија е веќе членка. Имаат можност да ни поставуваат блокади, уцени, ултиматуми и слични халуцинации, за да го докажат невозможното – дека сме „Бугари“! Најголем проблем е што е тоа интерес на Вашингтон, а Брисел го толерира.
Има и реален страв дека Македонија, штом ќе стане членка на Унијата, ако стане, сите вековни бугарски недоличности и бесрамности, ќе може со индигнација да ги отфрли.
Тоа ќе важи и за Нивици, за да си го вратиме историското име.
Ќе се крене некаква врева и сè на тоа ќе заврши. Никој нема ништо да ни може. За тоа, пак, мора да има наша политичка волја, и одлучност, коишто сега недостасуваат.

Затоа е Бугарија во грч и се однесува како циркуски кловн на кој сите членки на ЕУ му се чудат. Тие молчат заради солидарноста, којашто постои меѓу нив заради постигнување на непринципиелна корист, во приликите кога тоа им е потребно. Тоа неизбежно ја води Софија во пораз, ама штетата којашто ни ја нанесуваат е огромна. Впрочем, на крајот на македонскиот од по маките, каков и да биде тој, поразот за Брисел ќе биде уште поголем, бидејќи покажува неефикасност и неспособност да се носи со проблемите. Случајот со Македонија, нема да остане без поширок и трајни последици по Унијата. Тоа е веќе и реалност бидејќи политиката на проширувањето, којашто до сега беше еден од нејзините најголеми успеси, веќе ја нема и уште долго нема да биде актуелна. Како резултат и на сериозните грешки, коишто ги направи на Балканот, место обединета, Европа ќе остане периферен играч на меѓународната политичка сцена. Ќе остане важен играч само во трговијата, и ништо повеќе од тоа.

При читањето, треба да се води сметка дека книгата е избор на објавени колумни, коишто се минимално прилагодени. Во најголем дел темите на сите колумни се слични и/ или блиски, бидејќи се дел од една целина, и затоа има доста неизбежни повторувања на примери и оцени. Нека биде тоа според старото правило – повторувањето е мајка на знаењето.

МУТАЦИИ НА БУГАРСКИОТ СИНДРОМ

(декември, 2021)

Кога ќе навлезеш во калта, назад – нема. Пропаѓаш.
Токму тоа ѝ се случува на Бугарија, во безумностите против Македонија. Се залетаа и бараа да се согласиме дека нашите татковци и дедовци биле „Бугари“, што значи дека и ние сме тоа, и дека сите сме зборувале бугарски дијалект!
Ем ние „Бугари“, ем јазикот нивен. Така е кога ќе се загуби ориентацијата. Откако удрија со главите во ѕидот, откако се освестија дека сепак сме во 21 а не во 18 век, откако светот се крстеше и им се чудеше на паметот, ја свртија страницата и - уште повеќе ја утнаа работата. Се сетија дека тие ги бранеле европските вредности кои сега Македонија „ги гази“, и своите бесмислени барања ги свртија на планот на човекови права. Сметаа дека, барем во тоа, светот ќе ги разбере а тие ќе си ја завршат нечесната работа. Мора да се признае дека идејата и не им е лоша. Човековите права се веќе долго време најзлоупотребувана политичка манипулација во светот. Ако е така, зошто и Софија да не ја искористи? Затоа мутираа, како и ковид вирусот. Сепак, тие не ја променија целта, туку само методот. Сега ги бранат правата на Бугарите во Македонија, за да ја постигнат истата цел – бришење на Македонците! Демек, сме ги игнорирале и дебугаризирале, и тоа на свиреп начин!? Да слушаш и да не веруваш. Ако некој водеше најпрогресивна политика кон малцинствата во регионот, тоа беше Југославија, а тоа значи и Македонија. За жал, тоа беше и (важен!) дел од причините за распадот на федерацијата (Косово).
И, сега, зарем до таму стигнале нашите бугарски „браќа“, та не знаат како да си ги лечат историските болки? Зарем целосно ги помешале работите? Можно ли е да не извеле поуки од пактот со фашистите? Повторно си ставија клинец во нога. Не трн. Токму тоа што тие им го прават век и половина на Македонците, сега сакаат да ни го импутираат нам, без ниту еден аргумент! За жал и успеваат, иако Судот за човекови права во Стразбур има 14 пресуди против Бугарија, за кршење на правата на Македонците а

нема, ниту може да има, ништо слично за нас. Бугарите во Македонија, не се појавиле како проблем во ниту еден меѓународен документ.
Зарем може да не им биде јасно дека со инсистирањето измислените Бугари да влезат во Уставот на Македонија, минимум е дека истото ќе го бараме и ние за Македонците во Бугарија? Иако МНР Бујар Османи не се согласува со тоа, а и премиерот и другите немаат таква намера. Ама, за разлика од „Бугарите“ во Македонија, Македонците во Бугарија постојат, реални се и автохтони, бројат стотици илјади а, според потеклото, ги има и преку два милиони. Неспорно е дека голем дел од нив се веќе асимилирани, ама постојат.
Основен принцип во дипломатијата е реципроцитетот.
Ако тоа до сега понизно го игнориравме, не може вечно да биде така. Можно ли е да не се свесни дека ни дадоа невидена, историска шанса да поентираме? И да ги ставиме пред свршен чин - или и едните и другите во уставите, или ништо од оваа нивна погрешно замислена екскурзија. Ако сме упорни и конзистентни, светот не може да го игнорира тоа. Ако, пак, ние не ја искористиме приликата, тогаш навистина за ништо не нѐ бива.
Знаеме дека последното што би го направила Бугарија е да го признае македонското малцинство, коешто не ужива никакви универзално признати права. Тоа е незамисливо за нив. Впрочем, бришењето на тамошните Македонци е главната и основна цел на сите овие ујдурми што ни ги прави Софија.
Ако ние не сме Македонци, не може да има такви ниту кај нив. Многу просто. Затоа, ние сме на потег.
Огромен дел од македонскиот народ, заедно со опозицијата, не може да замисли да ги ставиме измислените Бугари во Уставот, а тие да немаат иста обврска кон Македонците кај нив. Ако некој, сепак, прифати без реципроцитет да се внесат „Бугарите“ во нашиот Устав, нема да му гине доживотна робија. МНР Османи мора да ја почитува Резолуција на Собранието за односите со Бугарија. Тоа важи и за претседателот Пендаровски, чие молчење е неприфатливо бидејќи тој има прецизни овластувања во надворешната политика, коишто мора да ги користи.

Во Резолуцијата се вели – „преговорите да се водат на рамноправна и принципиелна основа... без никакво условување од едната или другата страна“; „да се почитуваат безрезервно... автохтоноста на македонскиот народ и неговиот историски, јазичен, културен и религиски континуитет“; „да се уважуваат... утврдените факти..., според коишто македонскиот јазик и неговите дијалектни разновидности имаат свој просторен и свој временски континуитет“, а „македонскиот идентитет го црпи својот легитимитет од повеќе вековните традиции, преданија, обичаи, колективна меморија, менталитет, јазик, артикулираната свест за етнокултурната посебност...“. На крајот се бара – „безусловно да се почитува слободно изразената волја на македонскиот народ, неговата етничка и духовна посебност“.
Факт е дека Резолуцијата е од минималистички карактер. Текстот, предложен од опозицијата, беше прилагоден за да се согласи и власта, што и се случи. Инаку, да донесуваш ваква Резолуција, и во неа да не ги спомнеш Македонците во Бугарија, како клуч за односите со неа, е само по себе бесмислено, неразумно и погубно. Меѓутоа, во дадените услови, изгласувањето на Резолуцијата е успех за длабоко поделениот македонски народ и, доколку се спроведува, што е под големо прашање, го спречува распродавањето на неговите фундаментални интереси. Таа одлучно го отфрла планот наречен „5 + 1“, како и сите претходни предлози. Опсесијата, пак, на нашите политичари со датумот за почеток на преговорите со ЕУ, и итаницата која за таа цел секојдневно ја манифестираат, е директна поддршка на бугарските претензии.
Најавите на бугарскиот премиер, Петков, дека ќе формира нови комисии за надминување на недоразбирањата, се само нова мутација на бугарските политики кон Македонија.
Новата коалиција на власт во Софија, нема структура која може да ја менува веќе дефинираната политика. Петков, можеби, не е дел од нивните историски синдроми, ама нема никаков маневарски простор за какви било промени.
Впрочем, во „Фајненшел тајмс“ тој најави надградба на односите, ама не ги доведе во прашање бугарските историски небулози,

бидејќи и тој мора да ја почитува декларацијата од нивното Собрание, од 10/10/2019 година. За какви било промени, треба прво таа да се елиминира, што е невозможно во дадените услови. Бугарија води прецизна надворешна политика против Македонија, трасирана многу одамна. За истата имаат постигнато најширок политички консензус и огромна поддршка од народот. Тие не летаат во облаци. А поранешниот премиер В. Бучковски, изваден од нафталин за некаков специјален пратеник, се расфрла со македонските национални и државни вредности како да ги наследил од дедо му. Тој не е некаков преговарач, што не ја намалува неговата одговорност.

Во дадените услови, ние тешко можеме да се избориме преговарачката рамка да биде како и за сите други, без бугарски мирудии од 19 век во неа, коишто се погубни за нас.

Истовремено, немаме никаква алатка, уште помалку поддршка, да ги спречиме очекуваните бугарски сопки за време на преговорите, кои ќе треба да го докусурат македонизмот.

ЕДИНСТВЕНО ДОЛГОРОЧНО РЕШЕНИЕ ЗА МАКЕДОНИЈА е итно откажување на договорот за (не)пријателство кој е, и ќе остане, главен столб на бугарските негирања на сè што е македонско, преку блокади, уценувања и спречувања на нашето приближување до ЕУ. Нивното повикување на договорот има основа бидејќи заедничката историја може да значи дека е таа бугарска, а подобар доказ од тоа, дека и ние сме „Бугари“, не може да се замисли. Во договорот се откажуваме и од јазикот („според Уставот...“), и од Македонците во Бугарија... За Вашингтон и за Брисел, нема да има проблеми да ја поддржуваат Софија во нејзиното повикување на договорот, и тоа според нејзините толкувања, во секое од 32-те поглавја.

Сето ова што сега Бугарија го поставува како причина за блокадата, ќе се имплементира при преговорите. Тие сигурно ќе траат со децении а можеби и никогаш нема да завршат. Тоа е реалноста. Ние сме на потег. Ако не го откажеме договорот, алот ни е во калот. Друг избор немаме, ако не сакаме македонскиот народ и неговиот јазик да одат јабана.

Процедурата, која е веќе започната, мораме да ја прекинеме.

Треба да се преговара за нов, реципрочен договор, што нема директно да се рефлектира на зачленувањето во ЕУ, коешто е далечна, веројатно дваесетгодишна перспектива. На секој што малку се разбира во политика и дипломатија, тоа мора да му биде јасно. Тоа што нашите политички аматери си прават бајрам со умот, е наш проблем.

КАКВА МРЕЖА НИ ПЛЕТЕ СОФИЈА И СО КОЈА ЦЕЛ?

(февруари, 2022)

Нецивилизациските војни, и промената на границите коишто следуваа по распадот на Југославија (БиХ, Косово), целосно ја промениј геополитичката слика на Балканот.
Воено, најмногу настрадаа Босна и Херцеговина и Хрватска, а најранлива остана Македонија. Главна причина за тоа се долгорочните американски планови за регионот – во коишто нема место за Македонците. Тоа не го гледаат само тие што не сакаат. И бегол поглед, кристално јасно потврдува дека сите клучни предизвици, на коишто бевме изложени по независноста на државата, доаѓаа(т) од еден ист центар. Тоа значи - непризнавање; оспорено име; нелегална референца; агресија од Косово; блокада за НАТО и ЕУ; наметнати предавнички договори со соседите; јазична федерализација („Тиранска платформа“)... Како долгогодишно јаболко на раздорот и потенцијално буре барут, за Вашингтон е очигледно неприфатливо да опстанеме како народ и да се етаблираме на новата регионална мапа. Секој во земјава којшто не е спремен да се соочи со оваа вистина, треба да се држи подалеку од политиката.
Атина беше само прва којашто го одработуваше сценариото подготвено во Вашингтон. Потоа, сосем очекувано, главната улога ја презема Софија. И двете, цело време беа силно потпомагани од Брисел. Веќе 30 години, македонизмот е постојана жртва на нивните политики. Неодамна, Бугарија дури се занесе дека, за кусо време, ќе успее да нè збрише како народ. Официјално бараа да се согласиме дека до 1944 години сме ти биле „Бугари“, и сме зборувале бугарски јазик. Тогаш, демек, Тито нè измислил, или „претопил“ во Македонци! Поголема безумност, ама и понижување за Македонците – не може да се замисли.
Откако Софија сфати дека нејзиниот максимализам не врви, дека не е можна таква наша капитулација, започна со мутација на своите политики. Нашето разнебитување почнаа да го планираат на подолгорочна основа, со широко прилагодување на нивната

стратегија. Создаваат мозаик на измислени и подметнати „факти и аргументи“ за нашето минато коишто треба да докажуваат дека коренот и јазикот ни се – бугарски. Таа задача мора да ја исполни заедничката комисија за историја, којашто така доби главна улога. Софија е уверена дека на тој начин ќе успее да го разнебити македонскиот народ. Нивната подлост се рефлектираше и во предлозите кои ни ги пласираа преку Германија и Португалија, како претседавачи со ЕУ. За прекинување на нелегалната блокада за почеток на нашите преговори со ЕУ, ни беше подметнат катастрофалниот „патоказ“ - „5 + 1“...

Еве дел од системот којшто Бугарија долго го гради, за да докаже дека ние сме „Бугари“.

Прво, Софија одамна инсистира дека не е потребен преведувач на нашите официјални средби, што често се прифаќа. Тоа е наша сериозна грешка. Така докажуваат дека нашиот јазик е еднаков со бугарскиот, или е негов дијалект.

Преведувач секогаш мора да има иако ние, веројатно и како поинтелигентни, многу повеќе го разбираме бугарскиот, отколку тие македонскиот јазик!

Второ, со декларацијата од 1999, Македонија прифати дека македонскиот јазик не е автохтон туку е според нашиот Устав. Крајно неодговорно, тоа беше потврдено и со договорот за (не)пријателство од 2017. Мора да ни биде јасно дека, ако нема македонски јазик, нема ниту Македонци. Тоа е историска грешка чии последици ќе бидат немерливи. Тој преседан ја обврзува Македонија. Договорот мора да се откаже. Со Бугарија, како и со сите други, документи може да се потпишуваат само на македонски јазик.

Трето, Софија одамна бара заедно да славиме разни личности и настани. Тоа би бил најголем доказ дека сме еден народ, со заедничка историја. Првото заедничко чествување на симболот на нашата борба за слобода Гоце Делчев, коешто беше на 4 февруари 2022, директно го потврдува тоа. Тоа беше погубна грешка на македонската политика.

Како борец за македонската кауза, што не е спорно, Гоце беше душман за бугарската. Доколку, пак, според Софија, тој се бореше

за бугарска Македонија, тој не е наш великан. Со овој чин, Бугарија сака да докаже дека сите сме „Бугари“.
Затоа во никој случај не смееме заедно да го славиме.
Четврто, Софија одамна ја присвојува македонската народна музика. Без најава, секоја втора или трета песна на нивните фолклорни телевизии е - македонска. Ги пеат и наши и нивни пејачи. Има и нивни новокомпонирани песни, со нивни пејачи, и сите ги пеат на чист македонски јазик!
Еден ден, ако затреба, ќе документираат дека музиката е заедничка! На еден народ, де. Ние повторно се правиме дека сме отсутни и дека не разбираме што се случува.
Петто, во договорот за (не)пријателство ни подметнаа дека имаме заедничка историја, којашто може да биде само бугарска. Ако не се поништи договорот, заедничката историја ќе ни носи огромни проблеми, и ќе го спречи приемот во ЕУ.
Шесто, со договорот за (не)пријателство е предвидено формирање заедничка комисија за историски и образвони прашања, којашто нашите преговарачи, по никоја цена, не смееја да ја прифатат. Основната цел на оваа бесмислена комисија е токму да ја ревидира нашата историја и да докаже дека имаме заедничка со Софија и - бугарски корени. Таа треба под итно да се откаже или, за почеток, да се блокира нејзината работа, макар со одолговлекување.
Седмо, Софија неодамна објави „Бела книга“ со којашто „научно докажува“ дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот и потекнува од него. Таа е дистрибуирана низ целиот свет. Македонија не реагираше, што подразбира дека се согласува со подметнатите кукавичини јајца. Бугарија е долги години активна на тој план. Ние, главно молчиме. Тоа води во неизбежен пораз.
Осмо, Германија и Португалија, како претседавачи со ЕУ во текот на 2021, во неспорна координација со Бугарија, играа улога на посредувачи и ни предлагаа решенија погубни за нас. А нашите морони, иако е за неверување – ги прифаќаа. Ни предложија, на пример, да испратиме нота во ЕУ дека нашиот јазик е кодифициран во 1945 година, а Бугарија, со нота, сигурно ќе потврди дека, до 1944 – за нив немало македонски јазик. Така,

директно прифативме дека бугарската налудничавост е точна. Дека македонски јазик постои од - 1945! Невидени мизерии.
Деветто, Бугарија агресивно настојува нејзината фашистичка окупација на Македонија да се претстави како „администрирање“. Заев ги бришеше „бугарските“ и останууваа само натписи за безимени „фашисти“ на спомениците. Со тоа, потврдуваме дека тие биле ослободители, а ние „Бугари“.
Десетто, агресивно и ултимативно бараат во нашиот Устав да влезат „Македонски Бугари“, и тоа како конститутивен народ. Не велат - Бугарите во Македонија, како што ние велиме – Македонците во Бугарија. За нив, СИТЕ ние сме токму тоа – „Македонски Бугари“! Која е целта? Откако Македонците ќе бидат и формално избришани како посебен народ што е, по Нивици, во завршна фаза, нема да биде спорно дека СИТЕ сме такви. Да не забораваме дека тоа не го бараат „Бугарите“ во земјава, коишто ги нема, туку Софија, што е флагрантно мешање во нашите внатрешни работи.

За возврат, ние ги игнорираме Македонците во Бугарија!
Тоа е историска неодговорност, за којашто некој ќе мора да одговара. Порано, Софија спомнуваше бугарско малцинство, ама брзо сфатија дека не може да има бугарско малцинство ако веќе и ние сме „Бугари“!
Единаесетто, Софија бара рехабилитација на Бугарите, репресирани од комунистите во Македонија по Втората светска војна. Тоа треба да покаже и докаже дека сите Бугари, што не прифатиле да се претворат во Македонци, под диктатот на Тито биле прогонувани. Според бугарските ментални девијации, од 1944 до 1946 година, сме убиле 20.000 Бугари а 100.000 сме прогонувале и затоа е потребна „рехабилитација“.
За да се разберат овие будалаштини, треба да се каже дека во тој период, Македонија имала околу милион жители.
Тоа значи дека секој десетти бил прогонуван, а два процен та биле убиени. За споредба, ако денес во САД бијат два процента од населението, тоа би биле 6.600.000. Можно ли е такво нешто?

Ако го прифатиме тоа, а до сега не сме го негирале, значи дека признаваме дека сме злосторници од светски ранг.
Од две причини, Софија бара да го осудиме Тито. Првата е затоа што нè „измислил“ како Македонци. Втората е заради измислените убиства и прогонства на непостоечки Бугари.
Запрепастува, меѓутоа, дека исто такво барање, за „рехабилитација“, имаа и Албанците со „Тиранската платформа“! Тоа е најдобар доказ дека и двете барања се измислени во еден ист центар! Каде е тој, одлучете сами. Зад нив се крие иста стратегија за уништување на македонизмот.
Дванаесетто, мора да се прецизира дека говорот на омраза, којшто најмногу ѝ пречи на Софија, е токму нашето декларирање како Македонци! Тоа ги повредува. Им ги руши историските синдроми дека не постоиме. Друг говор на омраза, против Бугарија, кај нас – нема, и никогаш немало. Иако, благодарејќи на нивните грозоморни политики – целосно заслужувале. Нашите јавни гласила ги пренесувале нивните негирања на сè македонско, на коишто секако не се аплаудирало. Тоа резултираше во нивно масовно потценување како народ. Ништо повеќе. А денес, без никакви докази, додека ние молчиме, Бугарија хистерично ја издигна измислената наша омраза на ниво на меѓународен проблем. Тоа им носи поени - и во Брисел прифатија дека таа постои. Кога нашле овци, треба да ги стрижат.
Тринаесетто, Софија презема широки активности, до сега незабележени, за да ги бугаризира Македонците во Албанија. Со уцена околу зачленувањето на Тирана во Унијата, успееја во албанскиот Устав да внесат непостојни Бугари. Македонија не реагираше. Со европски пари, Софија го гради патот од Билишта до Врбник, единствено егејско село во Албанија. Нашироко делат бугарски стипендии и пасоши. Масовно давале новогодишни подароци за децата по училиштата. Ја помагаат македонската општина Пустец.
Истото го прават на Голо Брдо, во Гора, на Косово... Нашата Амбасада во Тирана веројатно води глобални политики.
Четиринаесетто, клучот на оваа софистицирана мрежа е непризнавањето на Македонците во Бугарија. Ги нема ли нив таму,

ги нема ли во Грција, директно значи дека Македонци нема никаде! Откажувањето од нив, ни го подметнаа Американците во декларацијата со Бугарија од 1999, што се запечати и во договорот од 2017. Тоа беше триумф за Софија.
Македонците во Пирин, се најголемата рак рана за нив.
За нив немаат никакво објаснување и затоа не признаваат дека постојат. Тие им ги бркаат монструозните сметки. Ако нас нè „изнедрил“ Тито во 1944, никако не можел да измисли и Македонци во Бугарија. Ако, пак, Софија прифати и признае дека во Пирин има Македонци, сè е решено! Македонците, значи – постојат. Ако, пак, Софија тврдеше дека сме биле Бугари до пред 150-тина години, тоа полесно ќе можеше да го брани и манипулира. И за Македонците во Пирин ќе имаа објаснување!
„Еволуирале“ во погрешна насока!
Сите овие бугарски „аргументи“, со оглед дека ние или не сме ги оспориле, или понижувачки (ќе) ги реализираме, градат сериозна база на „докази“ со кои Софија веќе утре во однос на Македонците може да мавта и да тврди сè што сака!
Конфликтот со Бугарија, неизбежно ќе ескалира во блиска иднина. А странците, коишто цело време се медијатори и ќе бидат уште повеќе во иднина, ако вака капитулантски продолжиме, сè повеќе ќе ги користат овие нивни „факти“. Тоа ќе води во наши нови тешки порази. Ако брзо не се освестиме и започнеме аргументирано да ги побиваме бугарските фантазмагории, лошо ни се пишува.

БУГАРСКИ ГЕНОЦИДНИ ИСКУСТВА

(февруари, 2023)

Сите и секогаш, мора најостро да го осудуваат бугарскиот национален шовинизам кон Македонија. Тоа е цивилизациска обврска. Зошто, тогаш, Брисел и другите – молчат? Причината е во нашето игнорирање на проблемот. Не креваме никаква врева и се правиме како да е сè нормално. Koga жртвата не се бори и не бара помош, никој не ѝ помага. Така функционира светот.
Кога ќе се навлезе во проблемот, станува јасно дека Брисел, Берлин, Париз... се прават недоветни, незаинтересирани дури и – толерантни, бидејќи се работи за интересите на Вашингтон. Целта на САД, пак, е затворање на „Македонското прашање“, коешто е можно само со бришење на Македонците. Европа не реагира, бидејќи е под силен нивен притисок.
Впрочем, и македонскиот дефетизам во однос на Бугарија, не е случаен. Во огромен дел, и тој е резултат на влијанието на Амбасадата на САД која често диктира како ќе се однесуваат нашите челници. Потврдено е, на пример, дека Б. Османи срамно му се поклони во Софија на охридскиот нарко-дилер, според медиумите, кој е повреден во тепачка - по директива на Амбасадата. Македонија беше понижена.
На Бугарија, меѓутоа, не може да ѝ се негира одредена логика во сегашно крволочно однесување, без оглед на скриената поддршка која ја имаат од страна на САД и ЕУ.
Нивните историски синдроми кога се во прашање Македонија и Македонците, се стари најмалку 150 години. Тие губеле војни и речиси секогаш биле на погрешната страна, токму заради Македонија. Сепак, мора да им се признае дека имале и многу успеси во однос на Македонците. Еве како.
Доста се веродостојни оценките дека во Бугарија живеат преку два милиони асимилирани Македонци, од многу генерации. Тие се распоредени на многу високи позиции.
Во Секретаријатот за надворешни работи во Белград сум го читал оригиналниот записник од средбата на диктаторот Тодор Живков

со Крсте Црвенковски, одржана во Софија, во 1960-тите. Живков отворено му рекол дека не може да ги признае Македонците како посебен народ, бидејќи такви биле половина од неговото Политбиро во партијата, како и 100 од 300 членови во Друштвото на писатели... Со други зборови, Македонците се нивната елита. Логиката на Живков е јасна – ако ги признаат Македонците, Бугарија ќе биде втора македонска држава а нивната цел е токму – обратна. Палестинците се сметаат за круна на арапската интелигенција а, како изгледа, ние сме истото за Бугарите. Асимилираните Македонци се колосален успех за Софија. Бугарија е секако горда на тоа. И, ако е така – зошто да ја менуваат својата политика, да го прекинуваат процесот којшто бил толку успешен во минатото? Особено сега, во услови кога можат да уценуваат? Во сегашната конфронтација со Бугарија не смее да се заборава и оваа димензија. Асимилиран е не само голем дел од Пиринците, туку уште повеќе масата од доселени Македонци од Грција (дојдени со размена на население), и од секаде, вклучувајќи ги и бројните доселеници од нашата сегашна држава. Од стотици илјади во Пиринскиот дел, денес во Бугарија може да има само десетици илјади Македонци. Се работи главно за повозрасни луѓе, најмногу пензионери, на коишто бугарската држава, не им може - ништо. Помладите, пак, немаат избор. Прво, не можат да добијат работа како Македонци и, второ, ако ја имаат, веднаш ја губат. Тајните служби, контролираат сè. Со години Софија води геноцидна политика против Македонците, а нивната матична држава тоа го набљудува и ништо не презема. Затоа се случува и оваа агресија.

Софија не ги признава Македонците како посебен народ, пред сè заради нашите во Бугарија. Тие се нивниот главен проблем. Не ние. Ако нема Македонци овде, не може да ги има ниту таму. Ние сме колатерална штета на недовршената асимилација на Македонците во Бугарија. Своја тежина секако имаат и плановите на САД за Балканот, ама за нив тие не се клучни. Софија сигурно ја јаде јапsa дека какво било прифаќање на македонски народ - може да води во преиспитување на сопствениот идентитет, макар

кај дел од асимилираните. Тоа би било национална катастрофа за нив.
Како заклучок се наметнуваат неколку работи:
1. Уште многу децении, Бугарија нема да се согласи, прифати, признае, проголта... дека Македонците се посебен народ, со свој јазик, историја... а не одродени „Бугари“;
2. Нашето зачленување во ЕУ е нивна последна шанса да ги остварат своите 150 годишни историски синдроми во однос на Македонија и Македонците. Никогаш повеќе, Софија нема да може да нè блокира, уценува и да ни поставува ултиматуми, како сега;
3. Токму за таа цел пласираат тешка измислица дека кај нас, по Втората светска војна, се убиени 20 илјади Бугари... Со таква стравотна пропаганда, кај народот е постигнат речиси целосен консензус против Македонија и Македонците. Според анкети, преку 80 проценти ја поддржуваат национал-шовинистичката политика против нашата земја и сметаат дека истата треба да продолжи;
4. Врз истата основа, ама како резултат и на историските синдроми и традиционални забеганости, и кај сите политички сили во Бугарија постои апсолутно единство дека негаторската политика кон Македонците е оправдана и соодветна на нивните фундаментални интереси;
5. Сегашната блокада на нашето зачленување во ЕУ има единствена цел да ја подобри нивната позиција во нашите преговори со ЕУ, за да може макмсимално да ги искористи за поставување нови налудничави барања и уцени. Не, за да ги спречи истите. Факт е дека тоа го прават на извонреден начин. Со направените интервенции во преговарачката рамка, тие постигнаа историски успех и целосно ја понижија Македонија. Го посрамотија Брисел, ама последиците за нас ќе бидат катастрофални, од секој аспект. „Заслугата“ е, сепак, наша - „францускиот предлог“ го договори Ковачевски со Петков. Значи, Бугарите успеваат благодарејќи на нашиот дефетизам и предавничко прифаќање на сè што ќе ни се подметне. Француски притисок имаше, како претседавач на ЕУ, ама сè друго е „бугарски предлог“ и наше аминување;

6. Зошто Софија инсистира и уценува со внесување на Бугарите во нашиот Устав? Одговорот е едноставен.
Прво, за да можат преку човековите права да ни прават што сакаат во текот на преговорите. Второ, пасошите, коишто ги дадоа на наши граѓани коишто не се Бугари, станаа нивна планирана алатка којашто масовно ќе ја користат. Румен Радев мавта дека се работи за – 120 илјади. Тоа е солидна бројка за да се бараат секакви привилегии за „Македонските Бугари“ во земјава. Трето, на пример, кога ќе се преговара за нашето образование, ќе бараат соодветен број бугарски учители, учебници, училишта... и користење на бугарскиот јазик. Четврто, во правосудството ќе бараат обвинители и судии... и користење на бугарскиот јазик. Пробно, веќе побараа обвинител во Охрид! Петто, ќе инсистираат на правична застапеност во државната администрација, ако не и повеќе; Шесто, ќе бараат гарантирани пратенички места а, зошто да не, и – министри... И, што ти нè друго.
Седмо, и нагласено важно, како конститутивен народ, а државата е формирана во 1944 година, тие со право ќе тврдат дека како основачи не можат да бидат фашисти и окупатори туку ослободители или, во најмала рака – администратори... Осмо, ако не се прифаќаат нивните ултиматуми – нема да се затвораат поглавјата, кластерите... Нашите преговори ќе можат да траат 20, 30... години. Или, никогаш нема да завршат.
Изборот може да се сведе на - или бугаризирање, или нема ЕУ. До таму сме дотерани;
7. Врз истите премиси се и „залагањата“ на САД, за брз почеток на нашите преговори. И тие, ама и Грција, сакаат да преговараме, за да нè докусурат. Дека е така, веќе неколку пати добивме потврди од Атина - од највисоко ниво. Доказ имаме и за САД. Според „Викиликс“, што е претходно цитирано, и САД сметале дека прво треба да се прекрсти државата, а дури потоа да се чепка идентитетот, и тоа во одредена фаза на интегративниот процес во ЕУ! Тоа покажува дека бугаризацијата на македонскиот народ била планирана во Вашингтон уште пред 2011 година! Меѓутоа, благодарејќи на „генијалноста“ на нашите властодршци, и

катастрофалниот договор од Нивици, бришењето на македонскиот национален идентитет е максимално забрзано, и е пред - крај;
8. Сето ова покажува дека Македонија е пред најтежок предизвик. Или ќе продолжи со досегашните капитулантски политики коишто веќе нè фрлаат како народ на ѓубриштето на историјата, или ќе ја сврти страницата и ќе започне да се бори за своите државни и национални права. Време за таков пресврт има, ама уште многу малку. Ако го смениме Уставот, колата незадржливо ќе ни тргне прудолу и враќање веќе нема да има. Промената на Уставот е клучот за нашата катастрофа;
9. Бугарија нема по никоја цена да нè пушти во ЕУ како Македонци, со македонски јазик... Тоа значи дека под итно мора да се бара долгорочно решение. И најповршна анализа покажува дека единствен излез е откажување на договорот за (не)пријателство, којшто е неспорна основа за сите досегашни бугарски монструозни фантазмагории и бесрамни понижувања на Македонија.
Истото уште повеќе важи и за двата протокола, коишто се неформални анекси на срамниот договор, ама се и далеку полоши од него;
10. Ако не се преземат радикални чекори, Македонија нема никогаш да влезе во Унијата а процесот на бугаризација на македонскиот народ ќе биде - неповратен. Изборот е наш.

БУГАРСКИ БЕСРАМНОСТИ И МАКЕДОНСКИ ЌОР-СОКАЦИ

(април, 2022)

Бугарската Одисеја, наречена „блокада на Македонија“, започна со „блескави научни анализи“ на БАН, кои можеа дабидат само резултат на менталните девијации на академиците, предизвикани од нивни историски синдроми и особено наметнати од власта. Следуваше Владата, којашто од овие „епохални откритија“ направи политички памфлет. Истиот беше проследен до Собранието, коешто го претвори во срамна декларација. Овие во основа налудничави „откритија“, во никој случај не беа за по дома. Целта беше токму светот да биде запознаен со нивните „научни дострели“ во негирањето на Македонците, нивниот јазик, историја... И, токму за таа цел, оваа декларција ја претворија во форма на безумен и целосно бесмислен „објаснувачки меморандум“, којшто го испратија низ цел свет. Тоа беше врвот на нивните мизерни средновековни баханалии, коишто немаа никаква врска со цивилизациско однесување.
Нивен императив беше и останува траен – Македонците да се уништат по секоја цена! Софија е свесна дека нашиот влез во Унијата е нивна последна шанса да се обидат да ги разнебитат Македонците како народ. Србите со право велат – „чега се паметан стиди, будала се дичи“ (будалите се фалат со тоа од што паметните се срамат). Бугарија станува класичен пример за такво нешто. Најстрашното е што тие – успеваат!
Сепак, финалната заслуга е наша бидејќи не реагира(в)ме на нивните бедотии. Ако немаме забелешки, значи дека се согласуваме со бугарските будалаштини.

Еве ја накусо содржината на меморандумот – Македонија е географска и историска област (не е држава); Македонците се резултат на етнички и јазичен инженеринг (измислени); македонски јазик или етничка припадност не постоеле сè до 2 август 1944 година; тогаш АСНОМ објави постоење на посебен македонски народ; националниот идентитет на Македонците се

развива со фалсификување документи и бришење на сите врски со бугарските корени, јазик и потекло на ова население; Бугарија не може да прифати ревидирање на нашата заедничка историја, негирање на нашите заеднички етнички и јазични корени или неосновани тврдења за постоење на 'македонско малцинство' во Бугарија; архивите сведочат за егзекуција на повеќе од 20.000 луѓе помеѓу 1944 и 1946 кои се идентификувале како Бугари; во истиот период, повеќе од 100.000 Бугари биле убиени, затворени, прогонети или испратени во концентрациони логори (и Хитлер би ни позавидел!)...

Бугарскиот премиер, Б. Борисов, „големиот пријател" на „нашиот", З. Заев, испрати ваков мизерен памфлет низ светот со барање овие „мудрости" да влезат во преговарачката рамка на Унијата за членство на Македонија во ЕУ! Од Македонија немаше никаква реакција на овие бугарски повраќања и светот немаше причина да не им верува. Тие што требаше да знаат, секако знаеја ама си молчеа бидејќи, очигледно, зад целиот проект не стоеше бугарската имбецилност, туку интереси на многу поважни меѓународни фактори.

Во услови кога Македонија не реагираше, никој немаше причина нешто да оспорува. Заев немаше намера да се кара со „пријателот" Борисов за „ситници". Зад сите тие бугарски ујдурми стои и новата власт на бугарскиот премиер Петков, која и не го крие тоа, иако во нашата јавност тој се претставува како политичар со европски вредности.

Германскиот предлог за надминување на блокадата, потврди дека Софија не е сама. Се придружи и Португалија, кога двете земји претседаваа со Советот на ЕУ. Овој предлог во голема мера ги валоризира бугарските фалсификати и бара наша капитулација, иако малку прикриена. Ниту една членка на ЕУ јавно не ја поддржа Македонија, а не се чу ниту збор против Бугарија. Промени се случија дури откако македонскиот народ едногласно реагираше на овие бугарски монструозни будалаштини, по што Брисел се најде во небрано. Нашиот сенароден отпор ја натера ЕУ да ја присили Бугарија да ја смени својата реторика и да бара нови решенија за бугаризација на Македонците. Брисел не ја советуваше

Софија да ги повлече своите нецивилизациски аспирации, коишто немаат врска со Унијата и со нејзините вредности, туку да се прилагоди на начин којшто може да помине.
Така се постапи бидејќи ЕУ мора да го спроведува американското сценарио за бришење на Македонците. На конференцијата за безбедност во Минхен, Радев најави дека проблем се човековите права на „Македонските Бугари“ и нивното „тероризирање“! За да се надмине тоа, измислените Бугари во Македонија мора веднаш да се внесат во Уставот!
А пописот, чиишто резултати ги дознавме деновиве, иако крајно нерегуларен, покажа дека Бугари во Македонија има – 3.504! Податокот е неспорен. Софија во никој случај не можеше да одбере поапсурден услов, што покажува дека биле во очај. А, со овој потег, сигурно не сакајќи, Бугарија на маса ги стави и Македонците во Бугарија, коишто се нивната клучна болка! Ни дадоа вселенска шанса преку реципроцитет, што е основен принцип во дипломатијата, да ги дотераме пред свршен чин – во ред, ќе има Бугари во македонскиот Устав, ама истото мора да се случи и со Македонците во бугарскиот!
Оваа бугарска класична политичка утка ни даде шанса и веднаш да го отвориме и прашањето за спроведување на 14-те пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.
Таму навистина има малтретирање на Македонците, а нема на Бугарите кај нас. Меѓутоа, нашите политички аматери, коишто се однесуваат како слонови во стакларница , како ништо да не разбираат. Бугарите си поставија невидена стапица а ние како да сме отсутни! Странскиот притисок врз нас не е спорен, ама да ги игнорираш фундаменталните интереси на својот народ на ваков начин е навистина тежок политички криминал.
Смешно е што наши политичари од врвот (не врвни!) повторуваат дека ние не се интересираме за проблемите на тамошните Македонци, за да не се мешаме во бугарските внатрешни работи! МНР Османи, којшто отворено работи на реализација на големоалбански интереси, дури јавно изјави дека Бугарија нема услови да ги стави Македонците во својот Устав! Зошто тој јавно ги брани нивните интереси!? Тој и другите мудреци, пак, не

реагираат кога Софија силеџиски сака да ни го менува Уставот, заради измислени Бугари! За нив тоа не е мешање во нашите внатрешни работи, и без приговор го прифаќаат!
Во нормални земји е незамисливо да се бранат интересите на противникот. Политичар како Османи, по ваква изјава, уште утредента мораше да биде исфрлен од Владата.
Сепак, најлошото е што кај нас не се сфаќа дека меморандумот сè уште важи и горните бугарски престројувања се само промена на тактиката. Траен е ставот на Софија дека Македонците се измислени и постојат само по 1944 година. За да нема дилеми, на 30 март 2022 година се сретнаа лидерите на четирите бугарски партии од коалицијата на власт и ги реафирмираа политиките од меморандумот.
Евидентен доказ дека Софија ја смени тактиката ама не и намерите, да наметне дека до 1944 сме биле Бугари и сме зборувале бугарски јазик, е фактот што и покрај инсистирањето „Македонските Бугари“ да влезат во Уставот (како конститутивен народ!), премиерот Петков продолжува да ја форсира заедничката историска комисија, со забрзување на нејзината работа. Впрочем, откако А. Димитров, нивниот копретседател, изјави дека не треба да нè примаат во ЕУ бидејќи ќе бидеме руски агенти, нема веќе никаква логика да се седне на иста маса со него. И Топалов, член на комисијата, крајно навредливо претходно зборуваше за Македонија.
Просто неверојатно! Постојано се понижуваме и јавно се манифестира недостатокот на основно достоинство!
Македонија е доведена во безизлезна ситуација. Чекор по чекор, се откажуваме од самите себе, од нашиот јазик, историјата... Ако не се преземат енергични чекори за итна промена на катастрофалните тенденции кои се во полн ек, „Македонското прашање“ ќе биде наскоро целосно затворено.
Македонизмот ќе биде грубо фрлен на ѓубриштето на историјата. Излезот е само еден - веднаш да се откаже договорот за (не)пријателство! (Тогаш немаше протоколи!)
Тој е коренот на сите наши голготи. Ако остане, спас за македонизмот нема да има. Потоа може да се преговара за нов

договор во кој, покрај сè друго, место мора да има и за Македонците во Бугарија. Време има доволно бидејќи и при најдобри услови, Македонија не може во никој случај да влезе во ЕУ за покусо од 20 години. Сè друго нè води во национален и државен неповрат. Очигледно е, меѓутоа, дека оваа власт, којашто е спремна целосно да го урниса македонизмот, не е таа којашто може да направи пресврт бидејќи се специјализира за капитулации. Време е народот да ја земе судбината на државата во свои раце.

БУГАРСКИТЕ УЈДУРМИ СЕ ТРАЈНИ

(април, 2023)

Барем во следните 50 години, Бугарија нема да го промени својот однос кон Македонија и Македонците. Тоа е реалност со која мораме да се соочиме. Во прашање се нивни најмалку 150-годишни историски синдроми коишто не се лечат ниту лесно, ниту брзо. Во тој дух се сите таму и воспитани и школувани. Денес, како членка на Унијата, Софија има уникатна и неповторлива, привилегирана позиција и затоа си игра мајтап со нас и прави што сака преку блокади, уцени и ултиматуми. Одлучувачки е фактот дека бугарските интереси се идентични со американските. Токму затоа Софија смета дека има историска шанса дефинитивно да расчисти со Македонија и Македонците. Свесни се дека или сега, или никогаш нема да ги остварат своите фантазмагории.
Ако е така, а апсолутно е, тоа значи дека Македонија мора веднаш и радикално да ја промени својата погубна политика кон Бугарија. Во спротивно... Треба да си крајно наивен за да не го разбираш сето ова. Јасно е дека Софија по никаква цена нема да нѐ пушти во Унијата како Македонци, со македонски јазик, историја... Тоа е официјално верификувана бугарска државна политика, којашто е јавна, и не се крие. Ако е тоа повеќе од евидентно и неспорно, благодарејќи на сите факти со коишто располагаме, се наметнува потреба од наше итно прилагодување на објективните состојби. Сопствените интереси, коишто не се спорни бидејќи имаат универзален карактер, мораме да ги наметнеме на одлучен и рационален начин, доколку не сакаме македонскиот народ да заврши на ѓубриштето од историјата.
Бугарија е искусна држава, со изградени институции.
Откако детектираа со какви аматери на наша страна имаат работа, заклучија дека – сега му е мајката, и затоа прават сѐ што треба за да ја постигнат недостижната цел - да не прогласат за втора бугарска држава. Благодарејќи на тешки историски лаги и манипулации, во земјата успеале да постигнат апсолутен

политички консензус против Македонија и Македонците, следен со целосна поддршка на народот.
Нашето досегашно однесување кон Бугарија, коешто може да се нарече османизам, по Бујар, иако не е само тој виновен, е исполнето со недоследности, недоветности, предавнички чекори, капитулации... Протоколите што ги потпишаа Никола Димитров и Бујар Османи, се многу пострашни од самиот договор за (не)пријателство. Со нив, директно се елиминираат фундаментите на националниот идентитет на Македонците.
Не треба да е спорно дека нашите крајно погрешни политики нè доведоа до ова дереџе. Благодарејќи на нашата некадарна и продадена власт и длабоко погрешните и штетни отстапки коишто бесмислено се правеа, Софија постигна невидени и незамисливи успеси. Покрај прикриената поддршка од страна на САД и нивните заеднички долгорочни интереси во поглед на Македонија, Бугарија успеа зад нивните безумни барања да застане и Европската Унија, и тоа на отворен, дури и груб начин.
Целта на овој текст е да апелираме на освестување. Мора да се сфати дека вака повеќе не може и дека, ако продолжиме на ист начин, ќе завршиме со дефинитивно бришење на македонизмот. Токму затоа, мораме да се свртиме кон самите себе и да се прашаме – што понатаму? Одговорот не е многу тежок. Кога е сосема јасно и извесно дека другата страна нема никаква намера нешто да менува, а е во привилегирана позиција, тогаш нема друга опција освен самите да бараме излез. Ние сме на потег.
Неспорно е дека стратегиска цел на Македонија е да стане членка на Унијата. Тоа е добра замисла. Од горното, меѓутоа, станува очигледно дека Бугарија нема да го дозволи нашето членство под прифатливи и достоинствени услови.
Едноставно, тоа значи дека мора веднаш да ги анулираме причините врз коишто се базирани овие нецивилизирани бугарски политики. Не треба додатно објаснување дека договорот за (не)пријателство и двата катастрофални протокола, се основите коишто мора веднаш да се откажат. Се разбира, доколку сакаме да се бориме за своите универзални права и за опстанокот на сопствениот народ.

Во дадените трагични услови, поволно е што проширувањето на Унијата е прекинато и нови членки нема да се примаат уште долго време. Ќе следува нејзино реформирање, коешто ќе трае. Од друга страна, и откако ќе ги започнеме преговорите, тие многу ќе се влечат заради сопките на Бугарија и Грција, коишто ќе бидат речиси непремостливи.
Можат да траат 10, 20 и повеќе години, та дури и никогаш да не завршат. Има конкретни причини зошто е и тоа опција.
Ова значи дека имаме доволно време да почнеме нов процес на средување на односите со Бугарија, ама на реципрочна основа и на принципиелен начин, а не да бидеме третирани како во војна поразени агресори. Не смее да се дозволи Софија и понатаму да нè уценува. Ако инсистираме на признавање на малцинскиот статус на Македонците во Бугарија, коишто се неспорни староседелци таму, тоа во никој случај не може да биде игнорирано од Унијата. Досега, голтавме сè и затоа нè третираа срамно и понижувачки. Македонија е доведена во безизлезна положба. Соочени сме со длабоки бугарски национални комплекси, примитивни каприци, малограѓански фрустрации, срам од минатото, некадарност за иднината... и што ти не друго. Тоа се предиз вици за коишто самите треба да бараме одговори. Проблемот е многу посериозен отколку што изгледа бидејќи, ако не тропнеме на маса, странците ќе продолжат некритички да ја поддржуваат Софија. Наше е да покажеме и да докажеме дека повеќе не може да нè третираат како до сега.
По распадот на Југославија, формално, носител на нашите голготи прво беше Грција, а потоа и сега – Бугарија. Но, дали беше баш така? И бегол поглед на сè што ни се случуваше во овие 30-тина години покажува нешто сосема друго.
Нешто, што недвосмислено потврдува дека овие две наши соседни држави беа само пиони во туѓи раце, благодарејќи на поклопувањето на нивните интереси.
Зарем сè уште некој може да верува дека непризнавањето на Македонија како независна држава од Западот во 1990-тите, беше заслуга на една Грција? Или, уште подобро, дека блокирањето на нашиот прием во ООН, со уцена од страна на Советот за

безбедност за нелегално суспендирање на нашето историско име и наметнување на бесмислената референца, беше вселенски успех на грчката надворешна политика?
Такво разбирање на настаните е надвор од умот и покажува загрижувачко ниво на размислување.
Зарем некому сè уште не му е јасно дека со начинот на којшто беше третирана Македонија во ООН, беше флагрантно игнорирана Повелбата, поточно Уставот, на светската организација? Може ли тоа да го направи и постигне една Грција?
Чинам дека додатно објаснување не е потребно. Кристално е јасно дека вакви класични злоупотреби на меѓународниот правен поредок може да направи само една држава којашто е и единствена суперсила. Во периодот кога ни се случуваа овие трагедии, наш голем хендикеп беше фактот што веќе немаше втора светска суперсила. Кога беа две, тие меѓусебно се контролираа и имаше од кого да се бара помош. Сега – нема.
Политиката на Бугарија кон Македонија, којашто е постојано присутна најмалку 150 години, сега го доживува своето финале. Како резултат на поклопените интереси, вазалната ЕУ ни подготви срамни и понижувачки услови во преговарачката рамка. Тие треба и мора да се променат. Ако сме одлучни во одбрана на своите фундаментални интереси, тоа може да се постигне. Ние сме на потег. Како народ, или ќе се разбудиме од длабокиот сон, и ќе се бориме за својот опстанок, или ќе прифатиме дефинитивен пораз. Трето – нема. Немаме право да ги посрамотиме сите наши претходни генерации. Тие гинеле за македонската кауза којашто ние ја уништуваме.

„БИСЕРИ“ ВО МАКЕДОНСКИТЕ КАПИТУЛАЦИИ СО БУГАРИЈА

(Договорот и првиот протокол) (септември, 2023)

Спроти Илинден, на 1 август 2017 година е потпишан „Договор за пријателство, добрососедство и соработка“ со Бугарија. Го потпишаа премиерите Зоран Заев и Бојко Борисов. Датумот е намерно подметнат од бугарска страна, за да се поврзе постапката со нашиот светол празник и, нели, со заедничката историја. Времето апсолутно потврди дека е тоа триумф за Бугарија и историски пораз за Македонија.

Еве ги македонските „бисери“ во овој договор.

1. Каков договор за пријателство може да се потпише со некој што смета дека не постоиш како посебен народ, дека немаш свој јазик, историја...? Ако Софија те игнорира и присвојува, основно е да се претпостави дека тие мора да имаат специјални намери и планови за да потпишат ваков договор. Сигурно не го прават тоа за да те признаат и прифатат. Во тоа целосно и се уверивме. Се потврди дека, барем за нас, договорот е за (не)пријателство.

2. Со некој што отворено те понижува не се потпишува ниту договор за размена на филмови, камоли за некакво пријателство. Овој договор е одличен „бисер“ на нашите неписмени, забегани и крајно неодговорни „политичари“.

3. Во договорот се повикува на – „заедничката историја, која ги поврзува двете држави и нивните народи“.

Прво, во никој случај не смее да се прифати термин „заедничка историја“. Второ, нашите аматери морале да инсистираат на – „и двата народа“. Користената формулација - „нивните народи“, целосно се вкопува во бугарските аспирации, дека сме еден исти етникум.

Бугарски. „Два народа“ е сосема друга работа.

3.1. Така е, особено, кога сите знаеме дека Бугарија отворено тврди дека Македонците се Бугари, дека јазикот им е дијалект на бугарскиот, а историјата е заедничка. За тоа, со фалсификувани документи, Софија постојано го известува светот, а ние молчиме.

Тоа е класично присвојување на македонскиот народ со отворени територијални претензии.
3.2. Нема случај во светската историја, ниту е можно, два народа да имаат заедничка историја. Или се два народа, секој со своја историја, или еден, со заедничка историја. Софија официјално тврди дека сме еден народ, во две држави. Впрочем, што да каже Турција, по пет века османлиска доминација?
4. Договорено е формирање – „Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, на паритетна основа, за да придонесе за објективно и засновано на автентични и на докази засновани историски извори, научно толкување на историските настани. Комисијата ќе поднесува едногодишен извештај за својата работа пред владите на договорните страни“.
4.1. Ова е класичен „бисер“ на политички безумници, со долгорочни и несогледливи последици за македонизмот. Надвор од умот е да формираш ваква комисија со Софија, којашто отворено тврди дека историјата е заедничка или поточно - нивна. Се прашал ли некој од нашите капитуланти – а, што може да се очекува од една ваква комисија? Дали е можно таа реално да ја валоризира нашата историја? Особено во ситуација кога Софија ги диктира нашите услови за влез во ЕУ, а ние сме ем беспомошни, ем некадарни да се браниме? Комисијата е апсолутен бугарски интерес, целосно неприфатлив и штетен за Македонија.
5. Македонија се откажува од грижата за Македонците во Бугарија. Инаку, универзално право на матичните држави е да водат сметка за „статусот и правата“ на своите малцинства во соседните држави.
6. Договорот е потпишан – „на македонски јазик, согласно Уставот на Република Македонија“. Истата формулација е и за бугарскиот јазик, ама тоа нема никакво значење бидејќи тој не е од никого оспоруван. Нашите чурук политичари, и тоа не е прв пат, потпишуваат дека македонскиот јазик не е автохтон, не е изворен, туку произлегува од Уставот!
6.1. Тоа е тешка национална капитулација. Самите си го игнорираме јазикот. Македонија има своја современа држава, и Устав од 1944 година година.

Ако сме потпишале дека македонскиот јазик произлегува од Уставот, тоа експлицитно значи наша согласност дека пред 1945 година, кога немало македонски устав, немало ниту македонски јазик.
Многу просто, зарем не? Точно тоа го тврди и бугарската политика дека - постоиме од 1945 година, како измислица на Тито. Со оваа безумност, им дадовме и директна потврда.
7. Во договорот за (не)пријателство воопшто не се спомнува внесување на некакви Бугари во нашиот устав, а тоа е сега главно барање не само на Софија туку и на Брисел.
Таа будалаштина е резултат на вториот протокол. За тоа, подоцна.

* * *

Ова е само почеток на македонските „бисерни политички патеки“, коишто неизбежно нѐ водат во длабок амбис.
Според договорот за (не)пријателство, член 12 - „Заедничка меѓувладина комисија ќе одржува редовни средби еднаш годишно, заради преглед на ефективната примена на овој договор...“. Ќе ја водат министрите за надворешни работи.
Тогаш ќе се потпишуваат и протоколи. Засега, оваа обврска не се спроведува доследно. За шест години, имало две средби.
Нема средби бидејќи не се состанува историската комисија!
Во преговарачката рамка (член 5), се вели дека мора да се спроведуваат и – „годишните протоколи“, значи сите коишто ќе следуваат, а тоа, главно, ќе бидат извештаи од историската комисија! Ќе се регистрира што и колку сме капитулирале на историски план! Ако не се однесуваме според бугарските очекувања, ќе следува нивна - блокада!
Првиот состанок меѓу владите на Македонија и Бугарија, одржан е во Софија, на 10 јуни 2019 година. Тогаш министрите за надворешни работи, Никола Димитров и Екатерина Захариева, го потпишаа и првиот протокол. „Бисерите“ во него, најверојатно, се гледаат и од месечината.
1. Се вели: на 23 – 25 мај 2019 година, претседателите на двете собранија, Ц. Карајанчева и Т. Џафери, се сретнаа во Ватикан – „ПО ПОВОД 24 МАЈ ДЕН НА БУГАРСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КУЛТУРА И СЛОВЕНСКОТО ПИСМО“.

2. Истото се повторува и за 2018 година – „Заедничка посета на Ватикан на премиерите З. Заев и Б. Борисов, по повод традиционалната аудиенција (кај папата) за ДЕНОТ НА БУГАРСКАТА ПРОСВЕТА И КУЛТУРА И СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ – 24 МАЈ“.
2.1. Можете ли да замислите дека Н. Димитров го потпишал ова - и останал жив? Се согласил дека ние во Ватикан славиме ден на бугарската просвета и култура? Дека претседателот на Собранието и премиерот, оделе во Рим по тој повод!? Невозможно е некој што е саглам да потпише вакво нешто.
Поинакво објаснување – нема. Поголеми докази од ова дека сите сме „бугарчиња“, здравје!
3. Стои - „На 2 август 2018 година – во Благоевград, заедничко одбележување на 115-годишнината од Илинденското востание со учество на двата премиера, Б. Борисов и З. Заев“.
4. На 4 февруари 2019, З. Заев бил во Софија – „По повод одбележувањето на 147-годишнината од раѓањето на Делчев“. Значи, без никаков договор, некој копук, заеднички со Бугарија, чествувал клучен настан и најважна личност од нашата историја! А, токму околу него се вртат суштинските разлики и недоразбирања со Софија. Токму преку неговото присвојување Софија сака да докаже дека ние сме Бугари.
Ако тоа не е предавство, што е? Ако е така, тогаш зошто има некаква комисија да губи време околу ова прашање?
Кога веќе некој сурогат во политиката прифатил дека и Илинденското востание и Гоце Делчев ѝ припаѓаат на Бугарија? Народот со право вели дека што една будала може да расипе или растури, 100 паметни не можат да поправат.
5. Во јуни 2018, МАНУ и БАН потпишале – „Платформа за поддршка на спроведувањето на Договорот за (не) пријателство...“. Ако држи до себе, МАНУ треба под итно да се повлече од Платформата или да ја прогласи за неважечка.
6. Се нагласува – „Прифатени се сугестиите за заедничко чествување на следните личности од НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА...“. И, продолжува - „Потребно е историската вистина ЗА НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА јасно да се одбележува“

... А, „Заедничката комисија за историски и образовни прашања решително да ја забрза својата активност за значајни теми од НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА (Гоце Делчев, Илинденското востание и други)“ ... „вклучувајќи и во однос на содржината на учебниците“.

6.1. Во самиот договор за (не)пријателство, „заедничката историја“ е спомната само во преамбулата – како најава за бугарските намери, и без прецизирања.

Сега, во протоколот, тоа е веќе наша нагласена, клучна согласност дека сме еден народ. Повеќе пати се повторува.

7. И протоколот е потпишан на – „македонски јазик според Уставот“! Во дипломатијата, секој преседан обврзува. По ова, која било држава може да бара да се користи истата формула. Ние нема да можеме да одбиеме, кога веќе еднаш сме прифатиле. Тоа особено важи за меѓународните организации каде што Софија сигурно ќе инсистира на користење на формулацијата.

Не брзаат со тоа, за да не нè провоцираат одеднаш и премногу. И за да не се освестиме ние дека претеравме со капитулациите. Тоа, сепак, не ни гине.

ЦИТАТИ ОД ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ СО БУГАРИЈА

(јули, 2022)

1. Нема состав на делегацијата која преговарала, што е не дозволиво. Потписник е Бујар Османи, на 17/7/2022.
2. „На 4/2/2022, посетата на МНР Генчовска, и заедничко чествување со министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска на 150-годишнината на раѓањето на Гоце Делчев“!? (Според кој договор е тоа направено?)
3. Во периодот од 10 јуни 2019 до 10 јуни 2022, Комисијата за историски и образовни прашања одржала 13 состаноци (за три години). Заедничка оцена – се работело под очекувањата. Заложба за забрзување на работата и постигнување јасни резултати. Согласност, комисијата да се среќава 8 до 10 пати годишно. (Сето ова, како и сè друго, се бугарски интереси)
4. Се бара - Комисијата да работи со поголема ефикасност ... со цел – „претставување факти и настани ОД ЗАЕДНИЧКАТА ИСТОРИЈА“ која ги поврзува „ДВЕТЕ ДРЖАВИ И НИВНИТЕ НАРОДИ“. (Нема – ДВАТА НАРОДА! Нели, сме еден?)
5. Согласност: Работата на историската комисија не може да биде едностранo прекината!? (А договорот - може!)
6. „Двете страни, во рок од две години, да ги вклучат сите веќе меѓусебно договорени резултати на Комисијата, во учебните програми, учебници и релевантни учебни материјали и истите резултати да се рефлектираат врз содржината на натписи на споменици, знаци, информациски материјали во музеи... И во релевантните информации во електронски информативни медиуми во јавна сопственост“. (Нов бугарски диктат!)
7. Оригиналите на соодветни историски извори и литературни текстови, да бидат достапни, да се користат во образовните институции. (Тоа значи на – бугарски јазик!)
8. Бугарија прифати да се одржи првата меѓувладина конференција на Македонија со ЕУ, ПОД УСЛОВ – СЛЕДНАТА ДА СЕ ОДРЖИ ПО ПРОМЕНАТА НА УСТАВОТ... во кој ќе се вклучат и делови

на други народи, како што е бугарскиот. (Еве ја обврската за промена на Уставот!)
9. „Владата на Македонија се согласува следната меѓувладина конференција за комплетирање на фазата на отворање на преговорите за членство, да се одржи откако во сила ќе влезе измената на Уставот“. (Значи, не се отворени!)
10. Македонија, повторно, се обврзува дека ништо од нејзиниот Устав не може да се толкува како основа за мешање во бугарските внатрешни работи, за заштита на лица кои не се наши граѓани. (А тие, уценуваат со промена на нашиот Устав!)
11. „Двете држави да разменат... копии од сите образовни програми, учебници, учебни помагала и други релевантни учебни материјали во образовните програми на двете држави“. (Додека ние немаме ниту интерес за тоа, ниту можеме да ги контролираме, тие до најситен детал ќе нѐ чешлаат! Тие имаат систем за таква контрола. Ние - не!)
12. „Владата на Македонија... да ја реафирмира осудата и извинувањето за неправдите и репресиите извршувани во минатото... против граѓани... вклучително и Бугарите“. (Истото го бараа и Албанците, со Тиранската платформа. Тоа е силен доказ дека и зад двата документа стои еден центар – Вашингтон. А, прогонетите Македонци во Бугарија?)
13. „Владата на Македонија изјавува дека ќе ја создаде неопходната сеопфатна правна рамка за целосно отворање на архивите за репресивниот апарат... во периодот 1945-1991“! Иако е неверојатно, ама вака пишува во протоколот Бугарија изјавува дека веќе овозможила и ќе продолжи да овозможува пристап кон архивите на репресивниот апарат... со што создаде јасни можности за слободен, неограничен и благовремен пристап...! (Пак немаат никаква обврска!)
14. „Двете држави прифаќаат во 2022 и 2023 да ги чествуваат сите заеднички историски настани и личности кои се веќе договорени од Комисијата“.
15. „Двете страни се обврзуваат последователно меѓусебно да се информираат за сите промени во содржината на сите учебници, учебни помагала и методолошки поими во своите образовни

програми и да достават копии од новите изданија“!? (Македонија нема никаков интерес за тоа и воопшто нема да го следи, нема такви структури. Бугарија ќе ни прави ’ршум! Ова е третман рамен на протекторат!)
16. Видите го и ова:
„Двете држави да гарантираат дека државното финансирање на нови книги, документарни изданија и списанија, филмови и друга уметничка продукција, како и на споменици на културата и прослави, ќе се реализира во духот на договорот за пријателство... И во овој контекст, секој субјект финансиран од државата ќе потврди преку... јасна и обврзувачка изјава дека ќе го следи со неопходно внимание прашањето за неприфаќање на сите форми на говор на омраза“!? (Вакво нешто, ниту најдолен протекторат не би прифатил!)
17. „Двете држави, врз основа на препораки на Комисијата... во однос на настани и личности од заедничката историја...“! (Заедничката историја постојано се спомнува!)
18. „Двете држави ја охрабруваат Комисијата да го заврши прегледот на периодот на средниот век во рок од една година од потпишувањето на овој протокол“. (Ова е спротивно на договорот!)
19. „... двете држава да ја охрабрат Комисијата во рок од една година да подготви и да им предложи на двете влади препораки за заедничко одбележување и чествување на заеднички личности и настани“. (Спротивно на договорот!)
20. „Двете држави, не подоцна од учебната 2024 – 2025 да ги усогласат, каде што е неопходно, сите учебници по историја за учебната програма...“, според договореното во Комисијата. (Нов бугарски диктат!)
21. „Двете држави ја поддржуваат и охрабруваат Комисијата да ја заврши работата за сите периоди од заедничката историја“. (Диктат!)
22. „Македонија ќе преземе мерки со кои ќе осигура ефективен пристап до еднакви права, заштита од дискриминација и заштита на културата и идентитетот на бугарската заедница во

Македонија“. (А Македонците во Бугарија, Османи? Ако ова не е тешко предавство, што е?)

РАЗБУДИ СЕ МАКЕДОНИЈО, УНИЈАТА ТЕ ПРАВИ БУГАРСКИ ПРОТЕКТОРАТ

(јули, 2022)

Кога малку подлабоко ќе се анализираат трите „француски“ документи, веднаш станува јасно дека СЕ ПРЕДЛАГААТ ПРОЦЕДУРИ ЗА ЦЕЛОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА (НЕ)ПРИЈАТЕЛСТВО СО БУГАРИЈА, И ТОА СПОРЕД ТОЛКУВАЊАТА И ЗАМИСЛИТЕ НА СОФИЈА. Да не се залажуваме – не се работи за француски предлог - тој е целосно договорен меѓу Петков и Генчовска и Ковачевски и Османи. Главната цел на Франција, а тоа значи и на ЕУ и на САД, е во Македонија да се бугаризираат деловите каде не живеат Албанците, со сите последици коишто нормално ќе следуваат. Дали нешто од тоа разбираат нашиве аматери и не е важно, и онака Софија веќе ги откри намерите и околу тоа нема дилеми. Јасно кажаа – до 1944 година нема ниту Македонци, ниту македонски јазик.

Значи, до таа година не сме можеле ниту теоретски да имаме сопствена историја или што било друго македонско. И сега, преку Брисел, Вашингтон бара да се вратиме во стадото, за да се остварат бугарските аспирации. Така ќе се реализираат балканските интереси и планови на САД, концентрирани во затворањето на „Македонското прашање“. Тоа е приказната.

Еден од главните докази дека е така е „формулата“ за македонскиот јазик договорена од Бујар Османи, којшто е особено горд на тоа. Тој има и право – ем ги реализира сопствените албански национални интереси, ем сите Македонци нè прави недоветни. Секако, не треба да се потценува улогата на тие околу и над него. Кога ќе договорите такви текстови на изјавите на двете земји за македонскиот јазик, само идиот не ќе може да разбере дека ние се согласуваме со бугарските историски синдроми. Нашите политички злосторници, пак, коишто бескрупулозно ги уништуваат македонскиот народ и држава, можеа и сè уште можат да променат сè со еден единствен потег којшто никој не може(ше)

да го оспори. Ниту во ЕУ, ниту во светот. Во моментот кога Радев го покрена прашањето на Бугарите кај нас, веднаш требаше да се бара реципроцитет и за Македонците кај нив. Сите ќе беа – матирани. Сè работи за универзално човеково право коешто Софија средновековно го игнорира. Ако ние го отворевме прашањето, а моравме, Бугарија ќе беше фрлена на колена. Нокаутирана. Арно ама, Осамни ја бранеше Софија дека немала услови за такво нешто! Замислете каква глупост! Во чие име тој ги бранеше бугарските интереси, а не македонските? И, никому ништо. Утредента мораше да биде разрешен.

И сега не е доцна да се отвори прашањето за Македонците во Бугарија! Тоа може и мора да го бара нашето Собрание, кога ќе ги разгледува „француските предлози“.

Пратениците мораат да инсистираат на реципрочен третман на малцинствата! Така би постапило секое собрание коешто е достојно на улогата што ја има. Брисел, и сите други, не можат да игнорираат дека, ако сме веќе ние подготвени во Уставот да внесеме 3.504 Бугари, мора и Софија истото да го стори со Македонците. Не може да се игнорира фактот дека се тие најмалку десетици илјади, а беа стотици илјади, и тоа без никакви национални права. Реципроцитетот е минимумот кој може и мора да се бара. Ако без тоа се прифати предлогот, промената на Уставот ќе ни го блокира патот за Брисел.

Неизбежно ќе следуваат внатрешнополитички, меѓуетнички и безбедносни последици.

Ако го отвориме прашањето на Македонците во Бугарија, целиот проблем ќе добие нова димензија, овој пат во наша корист. Никој нема да може тоа да го оспори. Бугарското одбивање на реципроцитетот, пак, ќе ја исфрли Софија на европскиот ѕид на срамот. Тие ќе станат проблем на ЕУ.

Преку оваа „француска“ преговарачка рамка, Македонија нема никогаш да влезе во Унијата. Овој заклучок се темели на фактот дека нашиот напредок кон Брисел ќе зависи главно од работата на Комисијата за историски и образовни прашања. Или, поточно, од задоволството на бугарската страна од резултатите на истата.

Историјата ќе биде нашата главна пречка во преговорите за членство, кога и да започнат.
Нека ни е со среќа. Комисијата ќе биде под огромен притисок дефинитивно да ги разнебити Македонците. Софија во никој случај нема да отстапи од своите безумности за нашата „“бугарштина“ до 1944 година. Особено сега, со отворена помош на Брисел и Вашингтон, бидејќи сето тоа е дел од преговарачката рамка. Со „францускиот“ предлог, нашите обврски кон Бугарија, станаа кон Унијата. Полошо, здравје.
Замислете во каков апсурд е доведена Македонија.
Во „францускиот“ предлог се вклучени протоколите (или записниците) од двете македонско–бугарски меѓувладини комисии, коишто се, практично, нови договори, многу полоши за нас, од главниот, за (не)пријателство. Тоа е само по себе бесмислено и неприфатливо бидејќи потврдува дека дого ворот е клучен дел од преговарачката рамка, ама поентата ево нешто друго. Бугарската министерка изјави дека вториот протокол е договорен меѓу двата министра а во Бугарија е објавен дури и текстот од истиот. Таа изрази и надеж дека ние ќе се придржуваме до џентлменски договореното! А што договорил Османи, немаме поим!
Денес (7/7/22), во вестите на Канал 5, Османи кажа дека таква средба сè уште не е одржана и нема таков протокол! Сепак, призна дека заклучоците биле договарани! Неверојатно! Нешто што не се случило веќе е дел од „францускиот“ предлог. Ај, што Софија нема никакви обзири, ама Париз?
Впрочем, таму и не ги знаат деталите, а ова се договара меѓу нас и Бугарите и тие не навлегуваат во сржта.
Ако некому, по сите Сцили и Харибди, на кои „налета“ Македонија по својата независност, од 1990-тите до денес, сè уште не му е јасно дека траумите коишто ги доживуваме не се случајни и не се измислени во Атина и Софија – нема простор за дискусија. Во таков случај, во прашање може да биде само неизлечиво политичко слепило. Секому веќе мора да му биде јасно дека е во прашање прецизно американско сценарио, коешто беспрекорно води во затворање на вековното „Македонско прашање“. Само

најкусо ќе потсетиме низ што сè минувавме: а) долго непризнавање на државата; б) меѓународна суспензија на името (1993); в) привремена срамна спогодба со Грција (1995); г) НАТО инвазија од Косово и понижувачки ОРД (2001); д) театрално американско привремено и делумно признавање на името, заради трајна албанизација на делови од земјата (2004); ѓ) американска блокада за НАТО, во Букурешт (2008)... сè до - е) злосторничките договори со Бугарија (2017) и Грција (2018); ж) „Тиранската платформа“, напишана во Вашингтон, која ни го донесе законот за албанскиот јазик, со кој практично се федерализира земјата (2018)...

Сите тие настани беа нелегални, непринципиелни, надвор од процедурите и правилата, ни беа наметнати со притисок, блокади, уцени, војна... Улогата на Брисел, Атина, Софија и Тирана во тие наши голготи беше само симболична и периферна. Тие беа само алатки на Вашингтон. Најновиот исчекор е „францускиот“ предлог. Повторно под неспорен диктат на Вашингтон, Брисел сега отворено ја претвора Македонија во бугарски протекторат. Замислата е тоа постепено да води во бугаризирање на Македонците. Тоа е реалноста, признале ние или не. Поделбата на Македонија на албански и бугарски дел нема да биде физичка, бидејќи тоа ќе значи нова балканска војна. Таа ќе биде само функционална, како неформална федерација. Веднаш да нагласиме дека тоа нема да функционира и ќе создаде перманентна нестабилност.

Дали тоа му одговара на Вашингтон? Изгледа – да!

Ако се согледаат заедно сите наши досегашни голготи, коишто следуваат една по друга и се надополнуваат, на лудничаво е да се мисли дека сме жртва на случајности и на нечии политички каприци. Напротив. Мозаикот кој штотуку го составивме има уште многу помали камчиња ама и овие кажуваат сè. Очигледно, Македонците не се прифатливи за главниот светски фактор, ама нивното уништување не е возможно во кусо време. Затоа нашите голготи траат толку долго. И, ќе траат. Дали душманите ќе успеат, зависи главно од нас. Сегашните масовни протести покажуваат

дека народот се разбуди и нема да дозволи сопствено разнебитување.
Дај Боже да е така.
Сите на протести, до конечна победа!

БУГАРИЈА ФЛАГРАНТНО ГО КРШИ ДОГОВОРОТ ЗА „ПРИЈАТЕЛСТВО“

(ноември, 2021)

Меѓудржавните билатерални договори се документи со кои земјите или ги решаваат проблемите коишто постојат меѓу нив, или прецизираат области и содржини за развој на соработката. Во светската дипломатска пракса, највисок билатерален акт меѓу две земји е договор за пријателство и соработка (и добрососедство ако се соседни). Тој се потпишува само кога меѓу нив нема никакви нерешени проблеми. Меѓу Македонија и Бугарија, пак, има огромен број суштински прашања коишто се не само отворени туку речиси и нерешливи, заради националниот шовинизам и историските синдроми на бугарската страна. Затоа, меѓу двете земји нема никаквиуслови за договор од ваков калибар. Сегашниот, меѓутоа, силеџиски ѝ е наметнат на Македонија, заради реализирање на американските геополитички и регионални интереси.

Во договорот има клаузули, коишто „нашите“ очигледно не ги разбрале, а чијашто намена е да се искористат против Македонија, што и се случува. САД го формулираа мошне софистицирано, за да се злоупотребува како отворен процес за разнебитување на Македонците.

Неприфатливото однесување на Софија и манипулациите кои таа ги прави, неосновано повикувајќи се на договорот, покажаа дека е тој за (не)пријателство, (не)добрососедство и (не)соработка или, поточно, за дефинитивно бришење на македонизмот. Во истиот има повеќе наши кардинални грешки, ама главна е формирањето на бесмислената „историска комисија“, којашто е, нели, паритетна. Нејзина единствена цел може да биде да ја избрише нашата национална историја и да је претвори во „заедничка“ или, поточно – бугарска.

При потпишувањето на ваков договор со Бугарија, нашиот основен и клучен интерес мораше да биде регулирање на статусот на стотици илјади обесправени Македонци. Место да се избориме за

нивните права, ние се обврзавме дека нема да се интересираме за нивната судбина. Впрочем, ако корените ни се бугарски, тие – не може да постојат. Катастрофална е и квалификацијата дека македонскиот јазик е „според Уставот на земјата“, со што се брише неговата автохтоност и изворност и отвора простор тој да се третира како дијалект на бугарскиот, што Софија веќе одамна го прави. Факт е дека истата формулација се користи и за бугарскиот јазик, ама тоа нема никаква важност, ниту последици, бидејќи тој не е оспорен од никого.

Во важните правни акти, какви што се законите, уставите и меѓународните договори, има воведен дел наречен преамбула, кој е исклучително важен. Според дефиницијата, преамбулите ја дефинираат целта на актот, неговата намера и неговите основни начела. Ако е така, а неспорно е, еве што вели преамбулата на договорот со Бугарија – „Длабоко уверени во потребата за развој на соработката врз основа на меѓусебното почитување, доверба, разбирање, добрососедство и заемно почитување на интересите на нивните држави“;

„...Поздравувајќи го стремежот на Република Македонија за интеграција во европските и евроатлантските структури“;

„Верувајќи дека конструктивниот дијалог за сите аспекти на билатералните односи... ќе придонесе за понатамошен развој на врските меѓу двете држави на рамноправна основа“; и, главното за Бугарија – „Имајќи ја предвид заедничката историја, којашто ги поврзува двете држави и нивните народи“.

Нема –„двата народа“!?

Неспорен факт е дека Софија тотално ја игнорира преамбулата и ги прекршува сите нејзини суштински цели. За неа е важна само „заедничката историја“ преку којашто, на крајно грозоморен начин, прави сè за да ги реализира своите национално шовинистички амбиции. Преку таа квалификација, која ја прифатиле нашите неписмени политичари и дипломати, Софија се обидува да докаже дека нашите национални корени и јазикот се бугарски. Во своите безумности Софија ги загубила, или отпишала – „меѓусебното почитување, доверба, разбирање, добрососедство и заемно почитување на интересите на нивните држави“. Повеќе не

го - „поздравува стремежот на Република Македонија за интеграција во европските и евроатлантските структури“, туку го блокира. Веќе не веруваат ниту дека – „конструктивниот дијалог за сите аспекти на билатералните односи... ќе придонесе за понатамошен развој на врските меѓу двете држави на рамноправна основа“. И така, спротивно на целите и намерите, дефинирани во преамбулата на договорот, Софија ни наметна блокада на нашите евроинтеграции, комбинирана со уцени и ултиматуми – или ќе прифатиме дека немаме национални корени и автохтон јазик, или нема ништо од ЕУ. И само овие неспорни аргументи се доволни Македонија веднаш да започне процедура за откажување на договорот.

Во член 2 од договорот се разработува дел од преамбулата и се вели – „Двете договорни страни ќе ја развиваат соработката меѓу себе во областа на европската и евроатлантската интеграција, насочена кон успешна подготовка на Република Македонија за нејзиното пристапување кон ЕУ... Бугарската страна ќе го сподели своето искуство со цел да ѝ помогне на РМ да ги исполни неопходните критериуми за членство во ЕУ...“. Ова се конкретни обврски на Бугарија коишто, место „подготовка“ на РМ за ЕУ, Софија ги сведе на блокада, уцена и ултиматум. Треба ли нешто повеќе од ова за да се откаже договорот?

Член 4 гласи – „Двете страни ќе одржуваат контакти и ќе остваруваат средби меѓу претставници на државната власт на различни нивоа заради развој на пријателските односи и соработка“. Со своите политики Бугарија го оневозможува спроведувањето на оваа заложба, иако македонската страна цело време се прави недоветна и се однесува како божем ништо лошо да не се случува меѓу двете страни. А жртва сме на жестока бугарска агресија којашто е исто така доволна за откажување на договорот.

Во член 8, став 2, се предвидува формирање – „Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, на паритетна основа, за да придонесе за објективно и засновано на автентични и на докази засновани историски извори, научно толкување на историските настани. Комисијата ќе поднесува едногодишни извештаи за својата

работа...“. Прифаќањето на ваква комисија зборува за капитулантските намери на македонските политичари бидејќи целта, којашто се крие зад неа, е повеќе од јасна - преиспитување на македонската историја и нејзино претворање во – „заедничка“. Дека оваа оцена е точна потврдува и постојаното инсистирање на Софија – комисијата што поскоро да ја заврши својата предавничка улога! Арно ама, се покажа дека тоа не е можно. И место ние да одолговлекуваме, министерот Бујар Османи и нашето МНР цело време ја поддржуваат бугарската крајно неоснована итаница и вршат жесток политички притисок врз нашите членови на комисијата. Можно ли е нивна цел да биде наша што побрза капитулација?

Самото функционирање на комисијата ја покажа целокупната апсурдност на договорот и потврдува дека таа треба веднаш да ја прекине својата работа. Причините се повеќе од евидентни – а) Софија инсистира на брзи резултати, иако се предвидени годишни извештаи; б) Бугарија отворено наметнува комисијата да носи политички решенија, а таа воопшто нема таков мандат; в) со декларацијата на бугарското Собрание, во којашто јасно се прецизираат бугарските историски безумности - дека нема македонски народ, ниту јазик, работата на комисија сама по себе стана бесмислена. Што треба таа да направи? Да потврди дека е така? г) бугарскиот дел од комисијата нема никаков мандат да се однесува надвор од ставовите прецизирани во декларацијата, и да прифати дека Македонците не се политичка измислица и фатаморгана, туку вековна и милениумска реалност на Балканот. Веќе е сосема јасно дека работата на комисијата е оневозможена. Член 11, став 1, од договорот гласи – „Ниту една од договорните страни нема да презема, поттикнува и поддржува дејства, насочени против другата земја, кои имаат непријателски карактер“. Бугарската блокада на македонските европски перспективи, е класичен непријателски потег. Тоа ги загрозува фундаменталните интереси на Македонија и е доволно за откажување на договорот. Во став 4, од член 11, се вели – „Секоја од договорните страни има право да ги заштитува правата и интересите на своите државјани на територијата на другата страна, во согласност со меѓународното

право“. На крајно бескрупулозен начин Софија го злоупотребува овој став и инсистира на внесување на измислени „Бугари“ во македонскиот Устав. Тоа е нивна нова тактика и блеф, за да го залажат светот дека, демек, се работи за човекови права а не за обиди за менување на историјата. Спомнуваат 120.000 кои имаат бугарски пасоши кај нас. Тоа е гнасна манипулација бидејќи истите тие имаат и македонско државјанство и се жители на оваа земја.
Бугарските пасоши ги земале само од економски причини, за да работат во ЕУ, а на неодамнешниот попис никој од нив во земјава не се регистрирал како „Бугарин“, ниту претходно гласал на нивните избори. Покрај другото, бугарските пасоши се добиени со корупција. Лицата се двојни државјани ама пред сè – македонски. Бугарија нема никакви ингеренции врз нив, освен да им ги одземе пасошите. Неразбирливо е зошто Македонија молчи и ги толерира овие нови бугарски уџдурми? Толку ли сме некадарни? И оваа злоупотреба на договорот е доволна за негово откажување.
Во став 6, од член 11, се зборува за – „спречување недобронамерна пропаганда“ која би наштетила на меѓусебните односи. Последниве години, во Бугарија има шовинистичка офанзива против Македонија. Секојдневно се плука на македонскиот народ а земјата се понижува на недостоен начин. И на овие грозотии ние не реагираме со откажување на договорот, што ѝ дава додатни импулси на Софија да продолжи на ист начин.
Член 13, став 3, гласи – „Секоја договорна страна може да го раскине договорот со испраќање писмено известување до другата страна. Договорот ќе престане да биде во сила една година по датумот на писмото на ваквото известување“.
Ние сме на потег. Писмото треба што поскоро да се испрати. Заради датумот!
Проблемите за нас започнаа кога, врз основа на нашите предавнички отстапки во договорот, Софија тргна во офанзива да го докаже невозможното во однос на Македонија и Македонците. За наша среќа Софија максимално го прекршува договорот, со што ни дава идеални шанси истиот веднаш да го откажеме и така да го анулираме нашиот претходен аматеризам. Македонија нема

прекршено апсолутно ниту еден член од договорот и покрај бугарските секојдневни спротивни тврдења, коишто се чист блеф. Како наш втор чекор, на Бугарија треба да ѝ се предложи нов текст на договор, во којшто ќе биде кристално јасно дека се работи за два одвоени народа и јазика, со свои малцинства. Тоа ќе води до обезбедување минимални, универзално утврдени права за нашето малцинство во Бугарија. Без тоа, каков било договор со Бугарија нема никаква смисла освен беспримерна капитулација на македонизмот и наше самонегирање. Во новиот договор не смее да се користи формулацијата дека македонскиот јазик е според – „Уставот“. Мора да има и бугарско извинување за фашистичката окупација на Македонија.

Тоа ќе биде невозможна задача бидејќи Бугарија не е спремна да се откаже од барањата дефинирани во нивната собраниска декларација, ама Македонија нема друга можност за одбрана на своите универзални права. Пред нашето евентуално членство во ЕУ, ова им е последна шанса да ги реализираат своите историски синдроми и налудничави барања, на кои мора да се реагира. Не смееме да се пасивизираме бидејќи секое друго решение ќе значи крај на постоењето на македонскиот народ. Ако не преземеме енергични и радикални потези, останува бугарската монструозна блокада на нашиот пат кон Брисел. Било со привремено одлагање на почетокот на преговорите, или со нови уцени подоцна, во текот на истите. Софија нема да отстапи од своите уцени и, ако не го откажеме, цело време ќе се повикува на договорот, обезбедувајќи лажен легитимитет. Бугарските историски синдроми може да се неутрализираат само со нов договор, а за таа цел мора да се бара оправдана широка меѓународна поддршка. Спротивно на тесните бугарски политички интереси, сите реални аргументи се во наши раце.

Според бројни индикатори, Унијата нема да се проширува во следната деценија, а на Македонија ќе ѝ треба најмалку двојно повеќе за да стане членка. Тоа значи дека има доволно време и можности да го откажеме договорот со Софија заради нивното непочитување, и да започнеме преговори за нов договор, базиран на меѓусебни интереси. Треба што поскоро да дојде нова власт

којашто ќе биде спремна да ни ги врати угледот, достоинството и самочувството. Должни сме да ги исправиме направените грешки. Срамно е да потпишуваш каков било договор со некој што не признава дека постоиш.
Така само им потврдуваш дека се во право.
Промените започнаа. Се појавува новото сонце на слободата. Ние сме на потег.

БУГАРИЈА ОРГАНИЗИРАНО ГО ПРИСВОЈУВА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

(мај, 2022)

Додека Радев и другите бугарски политичари градат цела иконографија дека Делчев бил Бугарин, „нашите“ политичари на секој начин настојуваат да не му го спомнат ниту името. Не се доделуваат ниту државните награди што го носат неговото име, нели, за да не се вознемирува или навредува Софија. Поранешниот премиер Заев, пак, дури и им се извинуваше што спомнал дека Илинденското востание е македонско! Поголеми бесмислици и будалаштини, здравје.

Според бугарската агенција Балкан, од 4/5/2022, по повод 119-годишнината од смртта на Гоце Делчев, во Софија се одржала национална конференција - „Европска перспектива за добрососедски односи меѓу Република Бугарија и Република (С) Македонија“. Како што се гледа, таа била посветена на Македонија, а од земјава бил поканет само претставникна фашистичкиот клуб „Ванчо Михајлов“, од Битола. Никој друг. Слоганот на конференцијата бил - „Добрососедските односи ќе бидат стабилни кога ќе нѐ обедини историската вистина“. Сѐ заедно голема провокација, којашто станува уште потешка со говорот на Радев.

На отворањето Радев рекол дека Македонија може да го продолжи патот на евроинтеграциите само доколку го искорени „воинствениот македонизам“ и доколку ги интегрира Бугарите во своето општество.

„Отсекогаш сум велел дека треба да биде со промена на Уставот и интегрирање на македонските Бугари. Зошто мислам дека мора да се направи пред тоа? Веќе имаме многу настани и процеси кои нѐ доведоа до губење доверба. Ако во Уставот е внесен еден збор „Бугари“, тоа значи дека ја прифаќате европската идеја. Изјавите дека нема 2/3 од мнозинството во парламентот – извинете, ако мнозинството во парламентот не е подготвено да ја прифати

Копенхашката конвенција за правата на човекот, тогаш за што зборуваме“.
И продолжил.
„Наспроти ова, се соочуваме со важни одлуки и тешка дилема – како да направиме што е можно побрзо да започнат преговори додека во исто време поставуваат јасна бариера со воинствениот македонизам. Јасно е дека треба да бараме каде нашите интереси да се вкрстат и да бараме компромиси.
Но, кога зборуваме за компромиси – не можам да направам такви со правата на македонските Бугари.
Нивните права мора да бидат вградени во Уставот за да бидат интегрирани целосно во општествениот и економскиот живот на нашиот сосед, а за тоа треба да се стави крај на процесите на дебугаризација. Не можам да направам компромис со нашите историја и идентитет. Исклучително важно – прекин и искоренување на говорот на омраза и сè да започне со менување на учебниците. Не можам да прифатам дека помладата генерација кај нашиот пријателски сосед е воспитана во духот на омразата кон Бугарите. Ова е апсолутно неприфатливо и не можеме да го прифатиме.
Нема шанси да тргнеме напред ако не се откријат архивите на УДБА. Исто како што сите земји од Источна Европа ја доживеаја својата катарза на раскинување со своето тоталитарно минато, а РСМ не може да не го стори тоа.
Не можам да направам компромис за нашата одговорност како демократија за иднината на ЕУ. Доколку во моментов некој од нашите партнери не ја согледа длабочината на историскиот проблем и можноста македонизмот да ја дестабилизира Унијата. Треба да се интегрираме како партнери а не со проблеми, и со тоа да ја покажеме нашата лојалност кон ЕУ“, завршил Радев.
Цитатот е подолг, ама кажува сè. Не е оставен простор за дилеми – што сака Бугарија.
Говорел и копретседателот на заедничката историска комисија, Ангел Димитров, кој ги повикал македонските историчари – „да преземат граѓанска одговорност и да ја пренесат реалната можност за надминување на антибугарските постулати на македонизмот“.

Според него – „сложените и длабоко противречни односи меѓу историјата и политиката се причината поради која, за период подолг од 3 години, со македонските историчари не е постигната согласност зошто и како Гоце Делчев да биде чествуван во двете земји како историска личност која обединува“.
Се одржале и дебати на тема – „Состојба и перспективи за добрососедски односи: европска зрелост на РСМ“ и „100 години организирано движење на македонските Бугари во светот“.
Форумот се пренесувал во живо и на БНТ и на Фејсбук страницата на Радев.
Според темата и сите настани на конференцијата - како да сме една држава. Бугарска. Секаде се зборува за македонски Бугари. Не за Бугари во Македонија. Без наше учество се разговара за нашата земја и со претставник на нивни фашистички клуб кај нас. За Софија – тој е репрезент на оваа држава. Доволно?
Организатори на настанот биле Бугарската академија на науките и Македонскиот научен институт од Софија.
Пред незиното одржување, на својот Фејсбук профил, Радев напишал - „На 4 мај ќе прославиме 119 години од смртта на Гоце Делчев. Националната конференција во негов спомен е израз на нашата длабока почит кон животот и делото на овој голем апостол на слободата на македонските Бугари. Добрососедските односи меѓу Бугарија и Република Македонија ќе бидат стабилни и неповратни во време кога историската вистина не обединува“.
Коментар на сето ова навистина не е потребен, сè е јасно за жестоката бугарска агресија кон Македонија. Арно ама недостасува наша соодветна политичка и дипломатска офанзива, за да се соочиме со сите овие бугарски фантазмагории. Тие отворено нè третираат како втора бугарска држава, а нас никаде не нема. Молчиме. Страшно.

* * *

Следуваше посета на еврокомесарот за проширување Вархеи на Софија. Според МИА, на средбата со него Радев истакнал и дека – „декларациите и ветувањата во дијалогот со Република (С) Македонија повеќе не функционираат и Бугарија очекува јасни правно обврзувачки одлуки што ќе доведат до одржливи и

неповратни резултати“. Потсетил и дека – „Договорот за пријателство, добрососедство и соработка“ со Република (С) Македонија, потпишан во 2017 година, не се спроведува и Скопје се уште не го решил проблемот со говорот на омраза и всадување лажна слика за Бугарија во учебници, музеи и споменици, како и во однос на правата на граѓаните кои отворено ја изразуваат својата бугарска самосвест. Нагласил дека – „120.000 бугарски државјани во Република (С) Македонија (со нивни пасоши, де) се државјани на Европската Унија, и Бугарија се потпира на поддршката на европските институции за ефективно почитување на нивните права”.

ЗОШТО БУГАРИЈА ИНСИСТИРА ЗАЕДНО ДА ЧЕСТВУВАМЕ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ?

(септември, 2022)

Одговорот е многу прост: Софија насилно го наметнува заедничкото чествување бидејќи тоа е крунски доказ дека историјата ни е заедничка, што значи – бугарска. Ако го прогласиме и Гоце Делчев за заеднички херој, друго објаснување – нема да има. Постапката за тоа е веќе тема на заедничката комисија за историја, а нашите „политичари“ се речиси спремни тоа да го прифатат.

Зошто не смееме тоа да го направиме?

Прво, ако Гоце навистина бил Бугарин, Македонците никогаш не би го сметале за симбол на својата борба за слобода и не би го славеле. Впрочем, и Гоце не би имал причина да се бори за Македонија.

Второ, Софија е свесна дека штом прифатиме заеднички да го славиме, што веќе се случува (читајте ги протоколите), тоа би била апсолутна потврда дека сме Бугари! Тоа ќе докаже дека Гоце се борел за втора бугарска држава.

Трето, ако Гоце се борел за слобода на Македонците, што е непобитна вистина, тој во никој случај не може да биде и бугарски херој! Тие никогаш не признале, ниту ќе признаат, дека постојат Македонци и, како таков, тој можел да биде само нивни – душман.

Главен интерес на Софија е да докаже дека историјата ни е заедничка, поточно – бугарска. Кога ние се согласивме во договорот со тоа, за нив работата беше завршена, бидејќи заедничка историја може да има само ист народ. Тоа им е сертификат дека се во право кога игнорираат дека има Македонци.

Софија е спремна на сè за да го операционализира тоа и затоа користи блокада на нашите преговори со ЕУ, филувана со уцена и ултиматум. Ако срамно и понижувачки прифатиме заедно да ги славиме и Илинденското востание и бројни други наши историски личности... коишто се симболи на борбата за слободна македонска држава и тврдини на македонскиот вековен непокор, тоа директно

и непогрешно ќе потврди дека нашите национални корени се бугарски а јазикот ни е бугарски дијалект.
Затоа, сите наши постапки кон Бугарија, од декларацијата во 1999, до договорот за (не)пријателство, во 2017, и сè потоа, вклучувајќи ги и двата безумни протокола од меѓувладините комисии, потпишани од Н. Димитров и Б. Османи, претставуваат грубо национално предавство на македонскиот народ. Не само во договорот, туку уште десетина пати и во двата протокола, ние не само што потврдивме туку и зацементиравме дека историјата ни е заедничка! И, нормално, Софија тоа максимално (ќе) го користи. Додека тие, чекор по чекор, ги реализираат своите историски синдроми, од другата страна имаат копук аматери, коишто немаат поим што прават, ама успешно го разнебитуваат македонизмот.
Не случајно со договорот е предвидено формирање заедничка комисија за историски и образовни прашања.
Нејзина единствена цел е да ја искористи нашата будалеста согласност за заедничка историја и да го трасира патот за бришење на Македонците.
Текстот на договорот со Бугарија, претходната власт, на Никола Груевски, го преговараше барем 10 години. Не го потпишуваше бидејќи не се согласуваше со империјалните инсистирања на другата страна - за заедничка историја; за македонскиот јазик според Уставот, а не за автохтон; за непостоењето на Македонците во Бугарија. Токму заради тоа, бугарскиот премиер Бојко Борисов отворено покажуваше краен анимозитет кон Груевски.
Преку класичен државен удар, странците ја сменија власта бидејќи не беше спремна да го менува името на државата. А откако ја донесоа на власт, СДСМ го промени името и ги прифати сите бугарски уцени и ултиматуми. Не водеа сметка ниту за националните интереси на Македонците, ниту за фундаментите врз кои почива државата.
Клучна поука за нас е фактот дека договорот за (не) пријателство не ги реши проблемите со Бугарија туку само ги официјализира и актуелизира. За Софија беше најважна нашата согласност тие да се стават на маса, и тоа го постигнаа. Така, сите нивни барања станаа легитимни. За нас, пак, суштинско е прашањето – со каква памет се

потпиша договор за ПРИЈАТЕЛСТВО со некој што не признава дека постоиш и те присвојува; којшто не ти го прифаќа јазикот и го прогласува за дијалект на својот; и ти ја негира историјата? Какво пријателство може да има и да се гради со таква држава? Резултатите веќе ги видовме.

Со договорот, итрите Бајгањовци започнаа да ја финализираат својата 150 години стара стратегија за разнебитување и присвојување на Македонците. Ги мобилизираа не само сите надлежни државни институции за постигнување на целта туку и народот, кому му го измија мозокот со морбидни измислици за убиени и прогонувани Бугари по Втората светска војна. И, додека тие тргнаа во жестока офанзива и започнаа студена и психолошка војна против Македонија, „нашите“ замолкнаа и воопшто не реагираа на сите нивни безумни ментални девијации. Тоа е класично неодговорно однесување, та дури и саботажа на сопствените универзални права и интереси. Кога државата е нападната, а Македонија веќе подолго време беше и е, претседателот, премиерот и МНР, во најмала рака, мораа(т) соодветно да реагираат. Тие се должни да ја бранат државата и нејзините интереси на меѓународен план, особено кога агресијата е во вид на специјална војна. При вооружен напад, се реагира воено. Со „објаснувачкиот меморандум“, испратен до клучните европски и светски фактори, Софија ги доведе во прашање иднината на Македонија и основните столбови на нејзината државност и безбедност. И, место одлучно и аргументирано да се одговори на измислените провокации, Македонија премолчи. Практично, тоа значеше согласност со пласираните бугарски измами и гнасотии, дека како народ постоиме од 1944 година или, поточно, дека нѐ измислил - Тито! Се нанесе огромна и неизмерлива штета не само на угледот на македонскиот народ, туку и на државата. Тоа не смее да остане не казнето. Мораат да се ангажираат врвни домашни, ако треба и странски правници, коишто ќе отворат кривични постапки за виновниците, коишто нѐ доведоа до ова дереџе.

Всушност, Македонија мораше да реагира предвреме - уште кога во Софија се подготвуваше агресијата (БАН – Влада – Собрание). Со широка дипломатска офанзива, во Вашингтон, Брисел, Берлин,

Париз, Рим... исто како и во Москва, Пекинг и во други важни светски центри, мораше да предупреди што се спрема, и да се бара соодветна поддршка. Откако меморандумот беше испратен, пак, мораше да се возврати жестоко и на најширока основа. Кај нас, меѓутоа, сите спиеја во длабок зимски сон. Тоа беше чиста саботажа.

Од седумте члена во бугарскиот дел на комисијата, дури четворица биле поранешни дипломати. Во добар дел таа решава дипломатски и политички проблеми, а не само историски, што значи дека дипломатското искуство е драгоцено. Кај нас, пак, еден е Албанец, наметнат од МНР Османи, којшто нема никаква врска со историјата на македонскиот народ, а тоа значи со темите коишто се на дневен ред. Седмиот член, именуван деновиве (септември 2022), е специјалист за односите со Грција. Дали со овие потези на Б. Османи директно се минира одбраната на македонската кауза? Ако веќе не е во состојба веднаш да ја откаже, Македонија мора со сите сили да настојува да ја замре работата на комисијата, што и се случуваше порано. Со вториот протокол, меѓутоа, прифатено е таа да работи турбо. Додека за три години, од 2019 до 2021, одржале 13 состаноци, сега ги држат секој месец (август и септември, закажано за октомври)!

Сето тоа е под бугарски ултиматум. И тоа не е сè од нашите недоветности - МНР Османи им формира и секретаријат! Комисијата се институционализира! Ќе се формира ли и соодветно министерство? „Чешлањето“ на учебниците е посебна приказна. Сосема е сигурно дека во сите бугарски учебници, на бројни места, се тврди дека нема македонски народ, дека ние сме Бугари и зборуваме бугарски дијалект. Ако е така, прва задача на нашиве од комисијата, коишто веројатно немаат увид во бугарските учебници, е веднаш и без никакво одлагање, да постават услов – додека тие нивни историски ујдурми не се избришат, нема никаква основа за какво било друго преговарање. За ваков настап, не им е потребна никаква инструкција. Тоа го налага нивното професионално, ама и човечко достоинство. Дури потоа би можеле да разговараат за настани и личности, иако е тоа целосно бесмислено. Тие се на потег.

Сето ова јасно покажува дека договорот со Бугарија е причината за сите наши сегашни голготи, како и за идните, коишто ќе бидат уште пострашни. Неговото откажување не е проблем - според член 13, став 3, треба само со нота да се информира другата страна дека го раскинуваме. Тоа стапува во сила по една година. Причини за таков потег има безброј.
Доволно е да се спомне дека Софија ни го блокира пристапот во ЕУ, а со договорот земала обврска да ни помогне! Откако ќе се откаже сегашниот, треба да се покаже интерес за нов, балансиран и реципрочен договор.
Мора да ни биде јасно дека додека овој договор е на сила, Македонија нема никогаш да влезе во Унијата. Освен, ако не прифатиме дека сме Бугари по потекло и дека јазикот ни е бугарски дијалект.

КАКВА ГЛУПОСТ И БЕСМИСЛИЦА!

(ноември, 2023)

Двајца учесници во дебатна ТВ емисија на Канал 5, сегашен и поранеше висок државен функционер, верглаа дека со внесувањето на Бугарите во Уставот ќе сме докажеле дека сме два посебни народа! Така, ќе сме го анулирале бугарското негирање на македонскиот народ! Тие тврдат дека штом Софија бара Бугарите да влезат во македонскиот Устав, практично признава дека Македонците се друг народ.

Срамно е, ама оваа глупост често ја повторуваат и од самите политички врвови. Тоа е оправдувачки став на власта, и е обична измама и тешка политичка манипулација со народот.

Така би било само доколку ние ги негираме Бугарите, а не тие нас. Се еден ваков (не дај Боже!) чекор, би потврдиле само дека бугарскиот народ не е спорен за нас. Ништо повеќе. Сосема поинаку, ако Софија ги внесе Македонците во нивниот устав, дури тогаш тие ќе признаат и прифатат дека сме два народа. А тоа, бидете уверени, Софија нема никогаш да го направи.

Каква проста замена на тези! Се заборава и дека Софија не бара Бугари како малцинство, туку како конститутивен народ, што е огромна разлика. Тоа е нивната замисла, зад која се кријат опасни намери и планови. Еве, да потсетиме и зошто. Прво, современата македонска држава е создадена во Втората светска војна, а партизаните се бореа токму против бугарските фашистички окупатори. И, како може сега тие фашисти да бидат нејзин конститутивен дел, поточно – основачи? Едното со другото, никако не оди.

Второ, со сите сили, и без да избира средства, Софија се обидува да докаже дека тие биле администратори во Втората светска војна, а не окупатори. Со нивното внесување во Уставот, ние токму тоа и би го потврдиле. Тоа е нивна долгорочна политика и, со текот на времето, изразот „администратори“ треба да „прерасне“ во – „ослободители“. Чии? Наши, бидејќи тие подметнуваат дека сме биле „Бугари“, сè до 1945 година.

Трето, Софија не крие дека за нив, ние сме втора бугарска држава. На најширок политички, ама и на научен план (БАН), сметаат дека не постои одвоен македонски народ и затоа во процесот на нашето зачленување во ЕУ ќе направат сè за да нè разнебитат како таков. Тоа е нивна последна шанса. Токму преку вклучувањето на Бугарите во нашиот Устав, свесна дека бришењето на македонизмот не оди лесно, Софија сака процесот да го промовира и внатре во државава.
Тоа е нивна цел којашто не ја кријат. Човековите права, на коишто се повикуваат, се само параван и чиста бесмислица.
Денес секому треба да му биде јасно дека Бугарија и Бугарите се жестоки непријатели на Македонија и Македонците. Жртви сме на нивна отворена агресија, со значајна помош на меѓународната заедница. Сакаат да покажат и да докажат дека потеклото ни е бугарско. Ова се евидентни факти. Ако е така, а така е, мора да се прашаме -дали некој нормален става непријатели во својот устав? Уцената за внесувањето на Бугарите во Уставот, е подмолно минирање на Македонија. Тие нема да бидат „Тројански коњ“ во државава, туку цела ергела со паралелно купување нови и нови „Бугари“. Мора да ни биде јасно дека зад сето тоа (ќе) стои бугарската држава која нема да штеди. Најнов доказ – некоја тамошна будалетинка, секако во име на власта, нуди по 300 евра за да си ги менуваме презимињата... Такви „иницијативи“ и „проекти“ ќе има секојдневно. Бугарски клубови веќе се најавени во секое село... Во прашање е долгорочна бугарска државна стратегија. Затоа, мораме да бидеме крајно внимателни што правиме и во која насока се движиме. Во овој случај, промената на Уставот воопшто не е техничко прашање, како што нè уверуваат нашите „политичари“. Тие, или ништо не разбираат или се предавници.
Сè заедно, оваа длабоко осмислена и добро координирана политика има за цел да го забрза процесот на бугаризација на Македонците. Најопасното е што Софија располага со голема поддршка од Вашингтон, чијшто интерес е клучен.
Зад нив стои Брисел којшто, преку катастрофалната преговарачка рамка, нè направи мета за постојани уцени.

На почетокот Софија беше преамбициозна. Проба да докаже дека ние не постоиме како посебен народ, ама не успеа.
Кога видоа дека тоа не поминува, сега до истата цел сакаат да дојдат на индиректен начин. Затоа сега манипулираат со нашето потекло. Дека сето ова не е обична измислица, ни го потврди лично премиерот на ЕУ, Фон дер Лајен (во Скопје, на крајот на октомври 2023). Многу прецизно, таа ни порача дека нашиот идентитет е уникатен! И апсолутно беше во право! На светот нема друг народ којшто е паднат од Марс и, потоа, измислен од Тито! Нема, ниту ќе има. Затоа, само ние сме уникатни. Кој ја разбра, ја разбра.
Најверојатно е чиста случајност што сите наши „стратегиски партнери“, (речиси) никогаш не спомнуваат дека ние сме Македонци. А дипломатите упорно тврдат дека случајни случајности – не се случуваат!
Засега, никој кај нас не тврди дека во Втората светска војна Бугарија ја ослободи Македонија. Меѓутоа, како тргнале работите, и тоа треба да следува. Веќе прифативме „бугарските фашисти“ да ги избришеме од сите споменици, се менуваат учебниците по диктат на Софија, се преговара чии се доајените на борбата за слобода на македонскиот народ... Сè е на маса. Сите тие се само чекори кон амбисот кон којшто се движиме со голема брзина.
Не треба да има никаква дилеми дека со внесување на Бугарите во Уставот, ние активно би се вклучиле во процес на сопствено разнебитување. Тоа за никого не треба да биде спорно. Бугарите не може да се споредуваат со ниту едно друго малцинство во државава. Кое и да е тоа. Сите тие се од народи кои се пријателски расположени кон Македонија и Македонците. Во голем број од тие земји и Македонците се вклучени во нивните устави, што е чист реципроцитет.
Кога и Софија ќе ги внесе тамошните стотици илјади вековно обесправени и малтретирани Македонци во својот устав, нема да има никаков проблем за ист третман и на Бугарите кај нас. Реципроцитетот е основен принцип во меѓународните односи.
Место заклучок, да повториме – клучен за Македонија не е ниту почетокот на преговорите за членство во ЕУ, ниту внесувањето на

Бугарите во Уставот, туку срамно утврдената преговарачка рамка. Со неа Македонија нема никогаш да влезе во Унијата. Таму се вклучени сите бугарски фантазмагории и историски синдроми и, под дадените услови, Софија нема никогаш да дозволи да станеме дел од ЕУ. Се разбира, ако не прифатиме дека нашето потекло е – бугарско, дека јазикот ни е бугарски дијалект, дека имаме заедничка (бугарска) историја...
Излез има - итно откажување на договорот за (не)пријателство и двата катастрофални протокола, коишто се клучен дел од условите за членство во ЕУ. Така автоматски станува неупотреблива и преговарачката рамка, и ќе мора да има нова, а отпаѓа и уцената за промена на Уставот.
По којзнае кој пат, ние сме на потег.

„ТАКАНАРЕЧЕНАТА МАКЕДОНСКА НАЦИЈА“

(ноември, 2023)

Неспорно високоталентираната Илијана Јотова, инаку бугарска потпретседателка, вели дека сме „таканаречена македонска нација“. Таа кажала сè, ама кој да разбере? Јотова е одамна максимално ангажирана против Македонија и Маке донците, заедно со нејзиниот шеф Радев, ама ова е најголембезобразлук што го изговорила до сега. И само оваа изјава, бидејќи не е од кого било, е доволна Македонија да побара од неа јавно извинување и, ако тоа изостане, што е речиси сигурно, веднаш да ја прогласи за персона non grata, што значи дека не може да влегува во земјава. Второ што мора да се преземе, е да се објави дека немаме никакви намери да го менуваме Уставот и во него да внесуваме – непостоечки Бугари... Арно ама, кај нас се молчи, и така ќе продолжиме бидејќи МНР Бујар Османи ги брани бугарските и албанските интереси во земјава, а не македонските.
Јотова и Османи, се на иста линија. Ако навистина не постојат Македонците, тоа е премија за Софија бидејќи значи дека ние сме „бугарчиња“. Од друга страна, тоа широко го отвора патот за целосна реализација на големоалбанскиот проект. Бујар не мирува. Албанизацијата на Македонија добива на интензитет во последно време, токму поради отсутноста и некадарноста на Македонците. Крстот на Попова Шапка е само нов доказ за тоа, иако е во двор на црква. Додека жестоко се бранат „албанските“ територии во земјава, Македонците се прават дека ништо не разбираат. Кичево, нели, беше албански воен трофеј, и таму не може градоначалник да биде Македонец. Така барем тврди првиот заменик-премиер Артан Груби. И никој тоа не го оспори. Тоа што незаконски знамиња на Албанија се веат низ целата земја, никого не интересира. А кога Ахмети го дигна знамето на столб висок 20-30 метри кај Зајас, јавно порача дека нема таква сила којашто ќе го сруши. И така бидна. А знамињата означуваат територија. Во случајов албанска. Ништо друго.
Напред Македончиња, некадарни и продадени за ситно.

Срам да ви е. Не е никаква утеха што ќе ве осуди историјата. Заслужувате и пострашни и поитни казни. Тие мора да следуваат. Некои апологети на власта веќе ја оправдаа Јотова.
„Објасниј“ дека изјавата е заради бугарски внатрешнополитички потреби, дека тоа било пред избори и, верувале или не – дека тоа немало некоја поголема врска со Македонија!?
А Јотова го тера вториот мандат, следните избори се за околу три години и нема право на реизбор. Каква манипулација!
Секогаш се кратки нозете на лагата.
МНР Османи, пак, на прашање на новинар, вербално ја осуди изјавата на Јотова и – толку. Демек, тоа нема никаква дипломатска тежина. Бла, бла. Неврзан муабет. Додека нема жестока официјална реакција, значи дека сме согласни со нејзината оцена.
Оваа не е прв излив на „љубов“ од страна на Јотова кон Македонија. Таа е одамна на првата линија на негирање, игнорирање, плукање, понижување... на Македонија и Македонците. Арно ама, очигледно е дека никому во земјава тоа не му пречи. Никој не реагира, а Османи си ја тера својата песна и веројатно – ужива. И тој ги игнорира Македонците, а тие си молчат и се прават недоветни. Османи тешко може да си замисли поидеална ситуација и станува сеалбански херој.
Сепак, овој потег на Јотова е само зрно во тона пшеница. Што сè до сега Софија ни плеснала во лице, во сите сфери – политичка, научна, историска, културна, верска..., и на сите нивоа – претседател и потпретседателка на државата, парламент, влада, министри, пратеници, дипломати, професори, историчари..., што веќе нема простор за никакви дилеми или колебања за нивните вистински и трајни намери.
Ножот одамна ја допре коската.
Треба да си идиот, забеган, блесав, непресметлив, неук, неписмен, недоветен, копук, чурук, токмак, ментално пореметен, налудничав, морон, без трунка памет, имбецил, гнасен, манипулант, суртук, мршојад, потрчко... и што ти уште не, за да продолжиш со досегашните погубни, капитулантски и предавнички политики кон Бугарија. Видовте ли колку ни е богат јазикот? Барем за негативни карактеристики!

Оваа крајно безобразна изјава на Јотова не само што треба туку и мора да биде причина ама и повод, некој од македонскиот политички врв да удри со главата во ѕид и да ја сврти страницата на порази. Како прво, да се откаже промената на Уставот. Докажано е дека од Османи такво нешто не може да се очекува. Причините се веќе наведни, иако не е само тој виновен. Не е спорно дека на таа позиција го доведоа нашите стратегиски (не)пријатели, со единствена цел тој да ја потпише капитулацијата на македонизмот.
Тоа тој ќе го направи со гордост и со задоволство, заради албанската кауза. Доколку, пак, кој било Македонец беше на неговото место како МНР, во никој случај македонската капитулација немаше да биде рутинска работа. Во дипломатијата, како и во животот, нема ништо случајно. Странците долгорочно планираат.
Дека е така, имаме бројни примери, на наша штета.
Некои ги знаеме и разбираме, други не баш. Еве една компарација. На времето, пред повеќе од 50 години, Израел почна со изградба на населби на новоосвоените палестински територии. Набргу и ги насели. Свесни беа дека, кога-тогаш, сите тие населби ќе мора да ги напуштат, а луѓето коишто ги населуваат ќе бидат жртви. Нивната цел беше прецизна, ама аналитичарите веднаш ја откриј а. Во барањето за траен мир, кога и да биде тоа, тие ќе уценуваат со овие населби и ќе бараат додатни и нереални концесии од Палестинците за нивно напуштање. Тоа сè уште не се случило, ама претстои.
Истата цел ја имаше и Бугарија, на пример, со пасошите коишто ги продаваше на Македонците, и тоа за не мали пари.
Интересот беше голем, од чисто економски причини, и затоа одеа како алва. Софија беше свесна, сигурно и запознаена со плановите на главниот светски фактор, дека „Македонското прашање“ ќе дојде на маса, и ќе биде во фокусот. Знаеја дека тоа беше неизбежно, и создаваа сериозна основа да манипулираат со „Бугарите“ во Македонија. Според бројот на издадени пасоши, де. Тој момент дојде, иако кај нас ниту некој имаше, ниту има поим, зошто се случуваше масовното делење пасоши.

Софија прекрасно знаеше, и знае, дека пасошите се бараа од економски причини, заради работа на Запад, ама нивните калкулации и планови беа подлабоки и подолгорочни.
Фактот, пак, што и во Унијата се правеа на удрени, иако ја регистрираа и набљудуваа оваа криминална процесија, само потврдува дека и ЕУ има важна улога во оваа трагедија којашто му се случува на нашиот народ. Брисел, отворено стои и зад бугарското негирање на јазикот и идентитетот на нашиот народ. Најдобар доказ е самата преговарачка рамка, во која се содржани сите бугарски историски синдроми и небулози, со што нашето членство во Унијата се прави – недостижно.
Ние, пак, можеме да се тешиме дека, сепак, тоа не е политика на Унијата туку дека се тие само транзитен центар на американските интереси и политики. Тоа, меѓутоа, воопшто не ги релативизира нашите страдања и маки и само покажува каде треба да бидат насочени нашите политички и дипломатски ангажмани.
Важен е уште еден податок за далекусежноста на туѓите политики, споредени со нашата неукост и аматеризам. Две години пред распадот на Југославија, уште во август 1988 година, во Грција беше спроведена нова административна поделба на земјата, и за прв пат официјално започна да се користи името – Македонија. Три региони беа крстени – Западна Македонија, Централна Македонија и Источна Македонија и Тракија. Кај нас тоа никој не го забележа ниту тогаш, ниту подоцна, а тоа беше основата врз која можеше да ни се оспори името. Тие на време се подготвија, а ние?
Ако се проголта и оваа изјава на Јотова, и не се преземат соодветни мерки, не сме заслужиле никаква иднина.
Вториот човек на Бугарија, јавно и официјално, негира дека постоиме како народ, а ние молчиме. Поголемо предавство и неодговорност од нашите политичари - не може да се замисли.

БУГАРСКИОТ ИСТОРИЧАР ТОПАЛОВ, ЈА ТОРПЕДИРАШЕ ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА СО БУГАРИЈА

(јануари, 2022)

Македонскиот дел, од заедничката комисија со Бугарија за историски и образовни прашања, требеше и мораше одамна да се повлече и да ја блокира работата бидејќи имаше едно чудо понижувачки и навредливи причини, предизвикани од другата страна, коишто во никој случај не смееја да се проголтаат и толерираат. Нашите историчари, меѓутоа, секако под притисок на политичарите, место достоинство покажаа сервилност, што беше срамно и за нив, ама и за земјата.

Како резултат на нашето без'рбетно однесување, бугарските „браќа" сè повеќе го губеа компасот, се силеа, за деновиве да се појави „професорот" Кирил Топалов, којшто е член на бугарскиот дел од комисијата. Во интервју за БГНЕС (мкд.мк од 28/12/2021), тој ги прави партал нашите историчари, целиот наш народ и државата. Просто е неверојатно што кај нас немаше никаква реакција на интервјуто. Дали „нашите" политичари се спремни за нов катастрофален пораз и дефинитивно бришење на Македонците, и затоа молчат?

Во една сериозна држава, каква што ние очигледно не сме, први би требало да реагираат надлежните институции, во конкретниов случај МНР, под чија капа функционира комисијата. Арно ама, првиот и вториот човек во МНР се Албанци, што до сега се нема случено во ниту едно друго министерство, што значи дека таквото решение е – намерно подметнато. Не е спорно дека тие најлесно ќе го жртвуваат македонизмот! Немам никаков проблем и претседателот на државата, и премиерот, и спикерот, и сите министри да бидат Албанци, ама не поради етничката припадност туку заради нивните квалитети, посветеност и лојалност, за да работат за интересите на Македонија. Денес апсолутно не е така. А дипломатијата, предводена од Бујар Османи, очигледно се обидува односите со Бугарија да ги гради врз големоалбански интереси.

Но, да се вратиме на Кирил Топалов. Тој вели - „Бугарскиот идентитет не смее да се жртвува во име на деловните односи а политичарите кои ќе ја предадат бугарската кауза во Македонија, се осудени на политичко самоубиство“. Тоа е директна опомена за новиот премиер, Петков (12/2021–08/2022).
Топалов обвинува дека – „Македонија е последниот бастион на титоизмот“! Тврди – „Македонија не е независна држава. Зависна е од Србија, секој нејзин потег е диктиран од Белград“!? И, продолжува – „Жално е што понекогаш создавањето на идентитет на еден народ минува преку градење омраза кон соседот, а во нашиот случај – најблискиот роднински народ, со кој до 1944 бевме едно“. Тој смета дека – „Македонската влада и двете главни партии симулираат желба за влез во ЕУ и ја користат Бугарија како алиби дека ја запира нивната евроинтеграција, бидејќи немаат желба за реформи и европски вредности“!? Топалов е уверен дека – „Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ пред Србија. Белград нема да ја пушти“!? Какви невидени навреди! Човекот очигледно ги измешал лончињата и вергла будалаштини. Прашува – „Ако некој ви каже да се откажете од вашиот татко и дедо, каков идентитет ќе имате утре“!?
Зарем е можно никој да не му спомнал дека токму тоа тие го бараат од нас, и тоа ултимативно? Зарем е можно толку да не му фаќа ак’лот? Зарем е можно, и замисливо, ако нашите татковци и дедовци навистина биле Бугари, ние да се чувствуваме како Македонци? Зарем тие биле такви никаквеци што не ни вградиле бугарски дух, не нè учеле бугарски песни и приказни...? Или Тито сето тоа го избришал со некаков сунѓер? Сепак, тој има и поента кога инсистира Македонија да го почитува договорот за (не)пријателство, од 2017, каде што навистина стои дека сме имале заедничка историја.
Тој заклучува – „до 1944 сме биле еден народ, со еден јазик - бугарски народ со бугарски јазик“. Дури потоа се создала – „оваа српско–македонско, дијалектно–бугарска мешавина што ја нарекуваат македонски јазик... и наше право е да го признаеме како таков, или не“.

За Топалов, македонските членови на заедничката комисија се – „добро обучени фалсификатори на историјата кои многу добро ги знаат историските факти и извори, но не сакаат да се усогласат со нив“. Тврдењата, пак, на претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев, дека Климент и Наум Охридски ја создале македонската духовност и литература и потоа ја дале на целиот словенски свет, Топалов ги карактеризира како – „политички иредентизам“, и опоменува: „Македонија уште утре може да има претензии за Пиринска и за Егејска Македонија“. Ги критикува и медиумите во Македонија како целосно цензурирани. Како ли ќе објасни што и неговиве гнасотии се објавени?

Дури на крајот Топалов ги открива картите или, можеби, ни праќа ишарет, зошто мора да биде поголем јаничар од Турците. Вели - „ние, потомците на поранешните македонски бегалци, сме речиси една третина од бугарското население“! Не објаснува – кои се тие „поранешни македонски бегалци“ – иако е јасно. Сепак, биле Македонци! Ако го признаеше Топалов потеклото на самиот почетокот, ќе го читавме со поголемо разбирање, ама и со жал во душата. Неговото семејство, та и тој лично, очигледно дозволиле да бидат асимилирани, и сега мораат да докажуваат дека припаѓаат таму каде што се туѓо тело. Кога тврди дека – „Не е така лесно да го жртвуваш идентитетот во име на развој на бизнис“ – веројатно се потсетува на трагично фамилијарно искуство. Зошто, инаку, тие би се бугаризирале? За да преживеат. Клучна е, сепак, неговата дилема - „ако се откажете од вашиот татко и дедо, каков идентитет ќе имате утре?“ Тоа сигурно му извира од потсвеста и го гризе. Страшно.

Затоа тој се залага – „Ние треба да ја заштитиме нашата историја, доведени сме до работ, во спротивно нашиот историски идентитет ќе пропадне“. Дали е, сепак, ова прикриена порака од Топалов за Македонците?! Во основата, тој е во право бидејќи пообјективно истражување неизбежно ќе покаже дека голем дел од бугарската историјата е всушност – македонска. Украдена. Ако тоа не е порака за Македонците, дали можеби тој чувствува страв дека „релативизирањето на бугарскиот идентитет“ може да води во просветлување на Бугарите и нивно освестување дека сме сите ние,

всушност - Македонци! Изваден е од памет дека, ако работите тргнат во таа насока, тој и неговите повторно ќе минуваат низ истиот пекол на промена на идентитетот и враќање на сопствениот. Еднаш доживеаните несреќи не се забораваат и оставаат трајни рани и лузни. Всушност, кога тој ламентира, директно асоцира на тоа што им се случува денес на Македонците - „Ако некој ви каже да се откажете од вашиот татко и дедо, каков идентитет ќе имате утре!?“ Точно тоа што Софија го бара од нас!? Многу е веројатно дека токму истото му се случило и нему и сега тој се жали себеси и својата судбина.

Инаку, измислената бугарска измама, која и Топалов ја вергла – „да не негуваме многу оптимизам дека лесно ќе се справиме со антибугаризмот таму“, е само провидно прикривање на сопствените ментални девијации. Во услови кога тие негираат дека ние постоиме како народ, дека немаме свој јазик... тврдат дека ние ширириме омраза кон нив!? Изгледа дека нешто сериозно не е во ред со нашите „бугарски браќа“.

За жалење се. Ваквите политички блефови, ги разоткриваат нивните национални мизерии.

Незамисливо е сега, по еден ваков мега скандал, нашите историчари повторно да седнат на иста маса со Топалов, или да продолжат да комуницираат преку онлајн врска. Зарем е можно до толку да сме ги загубиле гордоста и самопочитувањето? Што може да се договори со него и со другите, кои се исти а можеби и полоши? Апсолутно ништо, ништо од интерес за Македонија. Може ли, и дали треба, да се разговара со некој кој ве плука и навредува во секоја прилика? Во повеќе наврати и Ангел Димитров, неговиот шеф во комисијата, се однесуваше ултимативно и ја понижуваше Македонија. Тој ни порачуваше дека – „нивните ставови се политички верификувани“, што значи дека се непроменливи и дека немаат врска со историјата. Последно беше - „Ако Македонија не го смени однесувањето во билатералните односи, не можат да очекуваат дека Бугарија ќе направи отстапки под надворешен притисок“ (мкд.мк од 16/10/2021). Значи – или капитулација, или трајна блокада.

И заради сето ова, во интерес на двете земји е комисијата веднаш да престане со работа. Досега таа отвораше само стари рани кои никаде не водат освен во директна меѓусебна конфронтација, која ескалира на дневна основа.
Суверено право на секоја држава е да ја дефинира својата историја. Тоа е правило кое важи и за сите членки на ЕУ. Вториот наш исчекор мора да биде откажување и на договорот за (не)пријателство. Ако тоа не го направиме, никогаш нема да влеземе до ЕУ. Договорот ќе биде главниот „аргумент“ на Бугарија против Македонија, а светот ќе има разбирање за тоа.
До кога ќе се резилиме? Повторно сме ние на потег.

„ИСТОРИСКАТА“ КОМИСИЈА СО БУГАРИЈА МОРА ВЕДНАШ ДА ПРЕКИНЕ СО РАБОТА

(октомври, 2021)

Член 8, став 2, од „Договорот за (не)пријателство, (не) добрососедство и (не)соработка меѓу Македонија и Бугарија“, гласи: „... со цел продлабочување на заемната доверба, двете договорни страни ќе формираат ’Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања’, на паритетна основа, за да придонесе за објективно и засновано на автентични и докази засновани на историски извори, научно толкување на историските настани. Комисијатаќе поднесува едногодишен извештај за својата работа пред владите на договорните страни“.

Прво, Македонија нема никаков интерес за ваква комисија. Тоа значи дека таа ни е наметната како едностран интерес на Бугарија (и на тие што се кријат зад неа). Намерите се речиси очигледни - да се поткопа и поништи македонската историја која, според преамбулата на договорот, е заедничка.

Тоа може да значи само - бугарска. А да потпишеш дека имаш заедничка историја со сосед, којшто смета дека нема ниту Македонци, ниту македонски јазик, значи директна смртна пресуда за македонизмот. Поинакво објаснување – нема.

Второ, копањето во историите на Македонија и Бугарија не може никако да ја „продлабочува заемната доверба“, туку само да ја уништи и да го избрише постоењето на Македонци како посебен народ. Во меѓувреме, целосно се потврди дека крајната цел е Македонците постепено да се претопуваат во Бугари.

Трето, во текстот не се спомнуваат никакви „јазични прашања“, а македонскиот јазик е целосно деградиран со формулацијата со која е потпишан договорот - дека е „според Уставот на земјата“. Сме прифатиле дека македонскиот јазик не е автохтон и затоа неговото бришење е сега главна тема на бугарските фантазмагории. Затоа и не е тема на комисијата.

Четврто, нема рок до кога комисијата треба да ја заврши работата, што е нормално и логично во слични ситуации. Таа треба да поднесува годишни извештаи, што потврдува дека нејзината работа треба да биде долгорочна, а не за потребните на дневните (бугарски!) политики и потреби. Според тоа, нема никаква основа сегашното бугарско форсирање за брзи резултати. Но, за нив тоа е клучно бидејќи ако сега не ги реализираат своите историски синдроми и безумности спрема Македонија, кога можат да нѐ уценуваат со преговорите за членство во ЕУ, таква шанса веќе никогаш нема да имаат. Сето тоа е прецизно испланирано од нивните американски партнери. Жалосно е што нашето МНР го прифаќа и поддржува бугарското инсистирање на брзи резултати од комисијата, што е директно на наша штета бидејќи се стимулира наша капитулација.

Петто, ако со сегашното агресивно и налудничаво бугарско однесување во комисијата „се продлабочува меѓусебната доверба“, тогаш како и врз основа на што започнуваат оружените судири во светот?

Клучно е да се констатира дека нашето прифаќање на ваква комисија со Бугарија, а потоа и со Грција, се наши историски грешки за кои еден ден некој ќе мора да биде осуден. Макар, од историјата. Јасно е дека комисијата не ја измисли ниту Софија, ниту Атина, туку Вашингтон, ама тоа не е никакво оправдување за тие што се согласиле да се понижува оваа држава. Двете комисии се извонредни алатки за софистицирано бришење на корените на македонизмот.

Објективни капацитети да испланираат такво нешто немаат ниту Бугарија, ниту Грција. Ваквите механизми се клучни закани за Македонија. Затоа е крајно време одлучно да реагираме и да го прекинеме овој циркус. Во спротивно, на меѓународната политичка сцена ќе продолжиме да изгледаме како заскитани инфериорни аматери.

Оставката на проф. Ванчо Ѓорѓиев, од нашиот дел од комисијата, би требало да биде само добар пример за почеток на промена на нашиот капитулантски однос кон нејзината бесмисленост. Чинам дека тоа е втора оставка.

За првата не беа изнесени причини, освен што претходно МНР Османи излезе со барање дека во комисијата мора (или треба?) да има Албанец. Таков тој и постави. Како што беше објавено, неговата специјалност нема блага врска со темите на комисијата ама, како и во многу други прилики, најважно беше што е Албанец. Ако еден од седумте наши членови е неупотреблив, тоа е сериозен хендикеп и личи на саботажа.
Нема никаква основа да не му се верува на историчарот Ѓорѓиев за притисокот на кој бил изложен. Треба да си многу наивен за да не веруваш дека такво нешто имало, преку разни канали и начини. Премногу е евидентна спремноста на политичкиот врв во државава да се дадат сите потребни концесии на Бугарија, само за да почнат преговорите за членство во ЕУ. Тоа е погубна политика, на која цело време игра сегашната власт. За Софија, пак, комисијата ја доби клучната улога за бришење на корените на македонскиот народ. Полесен начин за нив – нема. Затоа сме ние на потег.
За да се прогласи како бесмислена работата на комисијата, сите потребни аргументи веќе ни ги дала другата страна.
Прво, декларацијата на бугарското Собрание, којашто е врвен официјален државен политички документ, ја дефинира нивната политика спрема Македонија и ги прецизира сите за нив релевантни историски „вистини“, измислени уште во времето на комунистичкиот диктатор Тодор Живков. Во неа е јасно кажано дека сè до 1944 година немало ниту Македонци, ниту македонски јазик. Тогаш Тито ги „измислил“ Македонците, коишто за Софија секогаш биле Бугари кои зборувале бугарски јазик! Поголема глупост не може да се замисли, ама тоа се официјални бугарски ИСТОРИСКИ рамки, политички дефинирани, што значи дека во нив нема никаква наука.
Нивниот дел од комисијата, истите безрезервно ги почитува и постојано повторува. На тој начин, не е оставен никаков маневарски простор за какво било преговарање бидејќи својата позиција Софија ја спакува во јасна уцена – земи или остави. За блокада на Македонија, пак, тие обезбедија и поддршка од ЕУ. И само овој факт е доволен за целосен прекин на работата на комисијата.

Ако другата страна спроведува државна политика со која дефинитивно не прифаќа дека постоиме како одвоен народ, со сопствена меморија и историја, тогаш за што може да се разговара? За каква историја? Освен да се прифати дека сме биле Бугари и сме зборувале бугарски јазик, ама во 1944 сме се премислиле и сега (привремено?) изигруваме нешто друго. Додека не се освестиме што сме. Бугарската позиција е прецизна и не остава простор за никакви разговори, камоли преговори, договори, компромиси, решенија... Нашите историчари разговараат со претставници на Политбирото на Бугарската комунистичка партија, останати од времето на Живков.

Бугарија отиде и чекор подалеку: во вид на меморандум, декларацијата е испратена до членките на Унијата и до целиот свет. Македонија не реагираше. Тоа е незамислива и необјаснива неодговорност. Молчењето значи - согласност.

Второ, комисијата договорила заедничко чествување на Светите браќа Кирил и Методиј, како сесловенски просветители. Тоа е наша сериозна отстапка, кога се знае дека Руската Федерација, како најрелевантен словенски фактор, цени дека тие биле Македонци, од околината на Солун. Тоа јавно го изјави претседателот Путин а, многу порано, лично ми го кажа и претходниот рускиот патријарх, сега покоен, Алексиј Втори. Тој се чудеше зошто ние не го користиме повеќе и понагласено тој неспорен факт. Приказната, меѓутоа, не завршува тука. Откако беше постигната согласност за заедничко чествување, бугарската страна започна официјална државна процедура за прогласување на Светите браќа за – бугарски просветители!? Си играат мајтап со нас. Утре ќе треба заедно да ги чествуваме нивните просветители! Сите како Бугари, де! И овој факт е доволен да се прекинат активностите на комисијата.

Трето, пред некое време, еден од членовите на нивниот дел изјави дека нашата земја е како Северна Кореја. И ова е повод да се бара или негово исфрлање од комисијата или прекин на работата... Доколку Македонија сака да останат отворени нејзините аспирации за членство во Унијата, треба што поскоро да го откаже договорот за (не)пријателство со Бугарија. Софија не остави

никаков маневарски простор да се откаже од своите безумни и бесмислени ултиматуми и уцени спрема Македонија. Очигледно е дека не е возможен никаков компромис кој би бил барем минимално прифатлив за нас. Ако не се оди на радикално расчистување на меѓусебните односи, и одлучно прекинување на злоупотребите и непријателствата коишто Софија ги генерира преку договорот, ние нема никогаш да стигнеме до Брисел. Мораме да се бориме за нашите универзални права и за нашето достоинство. Без тоа, ќе продолжиме да изигруваме недоквакани глобалисти и да се самоуништуваме. Одговорноста за потпишување штетни договори кои се против интересите на државата и народот, не застарува. Жалосно е што, барем до сега, народот го толерираше тоа ама, како што изгледа, му се отворија очите и наскоро треба да биде ставен крај на оваа современа македонска трагедија. Доста се однесуваме како држава без компас, без достоинство, без одговорност... Како распашана команда.

ЗОШТО БУГАРИТЕ ОТВОРААТ КЛУБ СО ПРОВОКАТИВНО ИМЕ ВО БИТОЛА?

(април, 2022)

Настаните во Битола имаа неспорна цел да покажат дека Софија одлучно продолжува со своите ментални девијации, прецизирани од БАН, потврдени во Владата, финализирани во декларацијата на нивното Собрание и распространети низ светот со „објаснувачки меморандум“. Јасно ни порачаа дека или ќе прифатиме дека сме биле „Бугари“ до 1944 година, и зборуваме бугарски дијалект, или нема ништо од ЕУ. Во дадената ситуација, наш императив е преземање радикални мерки за одбрана на нашите интереси.
Како прв чекор во таа насока, веднаш мора да се затвори клубот во Битола и да се забрани дејствувањето на истоименото здружение, коишто го носат името на фашистот „Ванчо Михајлов“. Доволен повод за тоа е соопштението на Клубот дека – „Како што Путин го создаде Донбас, така Тито ја создал Македонија, нашата окупирана татковина“!? За да продолжат – „... и сè уште живите делови од југословенската сатрапија во нашата Македонија го дефинираат како фашизам неизбежното враќање на бугарскиот идентитет во Битола, Охрид, Велес, Штип... во сета наша напатена Македонија“!?
Што треба повеќе да ни кажат? Ова, што го објавија ден по отворањето на Клубот, е вулгарно негирање на Уставот на земјата. Отворено ни ги негираат македонската држава и македонскиот народ! Тоа покажува и потврдува дека не е во прашање никаков „културен центар“ туку фашистички бункер полн со опасен експлозив, којшто треба да ја парчи Македонија. Тоа можеме да го толерираме само ако сме тотално неодговорни. По ова соопштение, дали сè уште некој се сомнева која е главната цел за која е формирано здружението и е отворен клубот? Се зборува дека истоимен клуб ќе отвораат и во Скопје?!
Текстот на соопштението е вистинската порака од Битола. Јотова сигурно лично го донела од кабинетот на Радев.

Барем во земјава, од никого до сега не сме доживеале ваков погром на македонизмот. Ако ова не е доволно за да се растури бугарската багра во Битола, тогаш мораме да бидеме свесни дека за ништо не нѐ бива и не заслужуваме држава.
Мора итно да се менува нашата крајно инфериорна позиција во однос на Бугарија, којашто никогаш нема да нѐ доведе до Унијата. За членство сега ние преговараме со Софија, а не со Брисел. Тоа кажува сè. Се доведовме во ситуација, не само од Софија, туку и од Вашингтон, Брисел, Берлин... нашиот третман да биде како да сме аморфна маса од народ и последна светска колонија. Статус на протекторат, за нас е сега нешто недостижо.
Само со радикални потези може да го отвориме патот кон Унијата. Откажувањето на договорот воопшто нема да го одложи нашето зачленување бидејќи е во прашање процес којшто ќе трае најмалку 15, а многу поверојатно 20 и повеќе години, ако некогаш воопшто и заврши.
Финална анализа на настаните во Битола покажува дека нашите медиуми демонстрираа врвно единство во осудата на бугарското невидено понижување на македонскиот народ и држава. Немаше никакво разбирање за овие навреди, дури и од лица, како Денко Малески, коишто најчесто се позиционираат против основните интереси на Македонија.
Додека реакциите на претседателот и премиерот беа далеку под нивото на нивната одговорност. Пендаровски започна со – „Не споредјќи ја добрата намера на Петков...“. Ако за него во настаните во Битола имало и некаква – „добра намера“, значи дека не разбрал што се случи. Му пречело присуството на нашите докажани душмани – „двајца претставници на поранешната власт“ (Каракачанов...), со којашто тој максимално соработуваше, за да заклучи – „во Битола беше направен ОБИД еден докажан соработник на хитлеровиот фашистички режим да биде претставен како мост за зближување...“. И толку! Ова личи како некој да ви ја изгори куќата а вие да го опоменете – лошо е да си играш со оган, без да го осудите чинот.
Премиерот, пак, даде две изјави. Во првата, за МИА, Ванчо Михајлов го нарече „контроверзна личност“, а тој е докажан

злосторник, и неаргументирано ја оправдуваше нашата согласност за настанот. Сепак, додаде дека кај нас – „со нетрпение се очекува денот кога и кај нашите соседи ќе созрее времето кога и таму оние граѓани кои, на пример, имаат македонско самосознание на ист ваков слободен начин ќе можат да ги практикуваат своите уверувања“. Додека Софија зборува за „Македонски Бугари“, какви што нема, се бори и поставува нелегални блокади и ултиматуми за нив, премиеров наш како да се извинува и како да очекува Господ да се смилува („да созрее времето“!?) за некои со „македонско самосознание“!? А таму има бројно македонско малцинство!

Има луѓе кои со генерации се Македонци а немаат никакви права! Настанот во Битола беше гнасно бесчестие и тешка намерна провокација, коишто не можат да се наречат – „... на ист ваков слободен начин...“.

Од неговото второ обраќање преку видео, нема што да се цитира освен дека не отстапува од одлуката – „разговорите со Бугарија да се водат достоинствено и во духот на европските вредности“. Зарем на премиерот не му е јасно дека со Бугарија не „разговараме“ туку преговараме за нашата иднина, во основа - за живот или смрт? Дека за нас нема ништо достоинствено во сето тоа; дека сме на дневна основа посрамени, навредени и понижени; дека секојдневно даваме бесмислени и едностранн отстапки; дека го разнебитуваме сопствениот национален идентитет? Во сето тоа, нема ниту грам европски вредности.

И кај претседателот и кај премиерот, нема осуда на безобразниот настан во Битола, камоли на бугарската вулгарна и агресивна политика кон нас; нема барање за реципроцитет за отворање слични центри и клубови на Македонците во Бугарија; нема оцена дека Софија целосно го игнорира и злоупотребува договорот за (не)пријателство. Го минимизираат настанот како некаков ОБИД за нешто, а беше флагрантно игнорирање на сè македонско... А како ќе има осуда или реакција од наша страна, кога сме дале согласност Бугарите да си играат мајтап со нас и да нè прават недоветни?

Впрочем, сè е јасно ако се додаде дека во исто време во Мелник се чествуваше годишнина на Јане Сандански без никој од нашите политичари да биде таму, а Софија не им дозволила да користат озвучување! Нашата Амбасада пратила порака, сигурно инструирана да не оди на настанот! Што ќе ни е тогаш Амбасада? Или, имале нешто поважно?
Непотребна врева се крена зошто Јотова кажа дека нема Македонци во Бугарија. Таа е сосема во право. Освен Пендаровски, којшто во една прилика, можеби по грешка, рече дека ги има, а потоа кога ги прими нашите од Бугарија, не соопшти дека се тие Македонци! Невидено и не чуено! Никој друг од власта не се осмелил да спомне дека ги има. Османи не би го сторил тоа и, ако треба, прво ќе си го гризне јазикот!
Тој сигурно не би се однесувал така, ако би биле албански интереси во прашање. Одеше, нели, по министерства за да види дали има натписи на албански. Наше е, меѓутоа, да оцениме дека начинот на кој Османи ја води надворешната политика е неприфатлив и контрапродуктивен. Не треба да има дилеми дека е токму затоа и поставен на функцијата, ама крајно време е да биде сменет. Но, мора да му се признае дека соодветни одговори наоѓа во секоја ситуација, иако нема факти и аргументи.
Неприфатливо е што Османи се појави во Битола. Макар формално, тој на бугарската посета ѝ даде некаков официјален карактер што беше крајно безумно. Така, целиот настан доби поинакво светло. Нема друго објаснување отколку дека и Османи се вклучи во бугарската провокација, како што самиот ја окарактеризира.
Иако ситуацијата во која се наоѓа Македонија е алармантна и критична и бара итна акција за излез од тунелот, тешко е да се очекува дека оваа власт ќе преземе нешто за спас на македонизмот. Како „глобалисти“, нашава збирштина од политичари не се занимава со ситни национални и државни проблеми. Крајно време е, како народ, да се заинтересираме за нашата судбина. Мора да ни биде јасно дека позитивни промени се можни само со нови избори.

МАКЕДОНСКИ КЛУБ ВО БЛАГОЕВГРАД

(октомври, 2022)

Во моментите на жестоката бугарска агресија против Македонија, којашто доживеа своевиден врв со провокацијата во Битола, каде беше отворен клуб со фашистички предзнак, се појави идејата дека е време и Македонците во Бугарија да имаат свој културен центар. Двете иницијативи не можат да се споредуваат. Додека зад бугарската стои државата, кај нас е целосно приватна. И, замислете ја реакцијата на нашиот генијален МНР Османи, ама и на други „политичари“ од врвот. Тие тврдат дека клубовите, и кај нас и овој, имаат провокативен карактер!

На Осамни мора да му биде јасно кој стои зад бугарските клубови. А со неговата изјава, всушност, тој ги навредува тамошните политичари, коишто се носители на проектот, иако цело време кон нив се однесува како послушно слугинче. Со други зборови, заради неговиот речник тој може дури да се обвини дека го доведува во прашање нашето членство во ЕУ, бидејќи во Софија може да предизвика нова блокада!?

Изгледа дека и на Османи, којшто голта сè што доаѓа од Софија, ова му беше преголема кнедла! Всушност, причина беше едногласната реакција на нашиот народ. Неспорно е дека имињата на бугарските клубови во Македонија се директна навреда за нас, додека овој во Благоевград никој не може да го оспори. Самото име – „Никола Вапцаров“ – ги обединува двата народа. Тој е врвен поет, Македонец којшто пишувал на бугарски.

Неспорно е дека во Бугарија Македонците се лојални граѓани, коишто сакаат да бидат мост и симбол на соработката и пријателството меѓу двата народа и двете држави.

Никогаш не покажале сецесионистички намери. За разлика од Албанците во Македонија. Меѓутоа, тие не се признати како малцинство и бараат основни права коишто се универзални во целиот свет. Софија со децении ги игнорира, а Македонија - молчи.

Бугарската држава отворено застана зад клубот во Битола. Експонирањето на некој богат човек како финансиер, е приказна за мали деца. Целиот бугарскиот политички врв дојде на отворањето, што појаснува сè. Како се однесува македонската Влада, добро ви е познато.

Така, нашиот генијален потпретседател на Владата, чинам дека се вика Маричиќ, на прашање зошто не оди во Благоевград, рекол дека тие, демек власта, не одат на приватни забави. Веројатно, толкав му е капацитетот. Не може да сфати некои работи. Инаку би му било јасно дека, барем формално, и клубот во Битола не е државен проек

туку - приватна работа. Арно ама, бугарскиве политичари да ти биле забегани, па да ти оделе и на приватни забави! А таму беше и Османи. Маричиќ ништо не разбира, ама сè му е јасно. Затоа тој игнорира такви нешта. На времето, американскиот амбасадор Рикер ни откри еден од врвот на власта во Македонија што работел за нив. Сигурно ги има повеќе.

Во неделата беше навистина прекрасно да се биде во Благоевград. И покрај сите притисоци, прогони и малтретирања, на коишто со децении се изложени Македонците во Бугарија, тие сепак се осмелија да отворат свое културно катче. Беше мобилизиран масовен број полицајци коишто, божем, го обезбедуваа настанот ама, пред сè, одлично ги штитеа бугарските интереси. Факт е дека не сакаа никаков поголем инцидент, за да не се резили државата, ама имаа и прецизна директива настанот максимално да се минимизира и оневозможи. За целосна разлика од Битола.

Пред да се соберат Македонците и да дојдат гостите, пред Клубот да ти бил фашистот Џамбаски, којшто како таков се легитимираше во Стразбур со дигање на левата рака, како и сите горди хитлеровци. Со неговата банда на истомисленици, искинале уште една буква од името на Клубот и го бербателе просторот со разна иконографија. Потоа, фашистичката орда ја дислоцирале кај споменикот на Гоце Делчев. Полицијата не дозволи да положиме цвеќе кај споменикот, иако тоа беше побарано од надлежните. Демек, за да не дојде до контакт меѓу двете групи. Причините беа сосем поинакви. Демонстрираа дека – Делчев е нивни!

Во меѓувреме, полицијата штитеше еден суртук којшто со голем звучник пушташе многу гласна музика за да го попречи отворањето на клубот. Неколку пати лично ги опоменав да го спречат тоа, ама без успех. Заради тоа, отворањето на клубот мораше да биде во самата просторија, и со мал дел од присутните. Ние можеме да го критикуваме сето тоа, ама мораме да бидеме свесни и да согледуваме дека бугарската држава има јасна стратегија што сака во однос на Македонците, и како тоа да го постигне. Ако некој од младите генерации, спомне дека е Македонец, веднаш ја губи работата. Службите следат сè и масовно ги асимилираат. Кога, пак, во Софија ги анализираат потезите на нашава Влада, и во однос на Македонците таму и на нивните севкупни фантазмагории, мора гласно да се смеат. Јасно им е дека си имаат работа со аматери, тотално неписмени за политика и дипломатија.

Отворањето на Клубот во Благоевград, мнозина го нарекоа како историски исчекор. По многу што, тоа е точно така. Прво, тоа беше јавна манифестација на Македонците во Бугарија. По отворањето на клубот, иако со јако полициско обезбедување, тие шетаа низ градот, што не се случило никогаш порано. Второ, и најважно, бројни бугарски и македонски медиуми беа на лице место и регистрираа што се случува. Светот разбра многу работи, без оглед како информираше бугарската страна. Трето, настанот беше силна шлаканица и за двете влади. Бугарската ќе биде изложена на додатни анализи на Брисел, и на европските и на други центри, дека не признава малцинство коешто, ете - постои.

Нејзината неприфатлива политика кон Македонија доби додатна димензија, неповолна за Софија.

Македонската влада, пак, се најде во небрано бидејќи официјално се откажа од дел од својот народ којшто, сепак - постои. Четврто, во Македонија максимално порасна чувството против крајно погрешните досегашните политики кон Бугарија и тамошните Македонци. Сега е масовно убедувањето дека не може да се продолжи на ист начин. Тоа е сериозна порака за власта, којашто обврзува. Петто, настанот покажа дека мора да се продолжи со отворање вакви клубови и во други градови во Бугарија, како во

Гоце Делчев, Петрич, Сандански... Ова е сигнал дека истата постапка треба да се спроведува и во Егејскиот дел. Примерот е тука и треба само да се следи. Дијаспората е спремна да помогне, додека од сегашната македонска власт не треба да се очекува никаква поддршка.

Во конкретниов случај, мора да се истакне финансиската поддршка на нашите од Канада, Глигор Цанев и Минчо Остас, коишто го овозможија отворањето на Клубот.

Од извонредно значење е што тие се спремни да продолжат со својата ангажираност на овој план. Мала улога во целиот проект имаше и авторот на овие редови.

Самата најава на премиерот, дадена уште во април, а сега само повторена, дека Македонија ќе отвори свој културен и информативен центар во Благоевград, е чиста бесмислица. Барем во сегашниве околности. Ако државата тоа го направеше пред повеќе години, тоа ќе имаше некаков ефект.

Сега е – непотребен. Поентата е Македонците да отвораат свои клубови во Бугарија, а не нашата влада. Формално, бугарските клубови не ги отвора нивната влада туку Бугарите во земјава, коишто се речиси цела ракатка. Државата е во позадината. Дали директно или преку посредник, воопшто не е важно. Тоа е нивна умна политика и поука за „нашиве“ како да постапуваат. Дали ќе разберат, е друга работа.

Македонската влада може да отвора свои информативни центри каде што сака, во согласност со соодветната држава, ама тоа е друга категорија. Впрочем, тешко е да се верува дека премиерот ќе го одржи своето ветување а не е голема и веројатноста дека Софија ќе даде согласност.

Реакциите на МНР Османи, пак, се чиста мизерија и срам за Македонија. Не е спорно дека ова што се случи во Благоевград е спротивно на големоалбанските аспирации на некои политичари и, затоа, неговата реакција не зачудува.

На потег е премиерот – ако не го разреши министерот, значи дека се согласува со таа политика којашто е дијаметрално спротивна на интересите на македонскиот народ.

30 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА НЕБИДНИНА

(септември, 2021)

Поминаа веќе 30 години откако се распадна југословенската федерација и Македонија стана самостојна држава.
Иако тогашните македонски лидери не беа воопшто подготвени за независност, а распадот беше повеќе од очигледен, имавме многу повеќе среќа отколку знаење и умеење, зашто не бевме вклучени во војните кои следуваа.
Гледано од денешен аспект, нашата среќа беше во фактот што српскиот вожд Слободан Милошевиќ, кој секако беше најодговорен за распадот на Федерацијата, беше уверен дека Македонците сами ќе се вратат во српска прегратка, заедно со Косово и хрватска Краина. Тоа е една од неговите најголеми грешки.
Нашата мудрост, пак, беше во референдумското прашање кое беше намерно двосмислено, оставајќи простор за некаков нов сојуз со југословенските републики. Факт е дека Југословенската народна армија (ЈНА), која беше веќе под целосна контрола на Милошевиќ, а беше бројна и со огромно наоружување во Македонија, само за неколку часа можеше да изврши воен преврат, да ги затвори сите политичари што беа за независност и да донесе на власт просрпски лица. Ако тоа се случеше, судбината на Македонија ќе беше дефинитивно запечатена. Неколку дена ќе вревеше меѓународниот фактор - и со прст немаше да мрдне.
Заслугата што Македонија не се врати во прегратките на Милошевиќ, е на првиот претседател Киро Глигоров. Тој го формулираше референдумското прашање, со цел да не се провоцира Србија. Исклучително е значаен и неговиот договор со генералот Аџиќ, за повлекување на ЈНА од Македонија.
И тука имавме среќа бидејќи тоа се случи заради војните коишто Србија ги водеше во другите делови од поранешна Југославија и овие единици и наоружување на ЈНА му требаа на Милошевиќ за тамошните фронтови. Во спротивно...

Народот го разбра историскиот предизвик и масовно излезе на референдумот и речиси едногласно ја поддржанезависноста на Македонија. Голема грешка беше што нареферендумот не беше обезбедено и учество на Албанците.
Мораше енергично да се инсистира, иако тоа личеше на невозможна мисија. Поттикнати од Тирана, Албанците имаа поинакви планови. Тоа е периодот на Илирида, кога тие гласаа на сопствен референдум за разбивање на Македонијаи создавање Голема Албанија, според „Призренската лига“.
На почетокот на 1990-тите години конституирањето на независна Македонија, одеше многу тешко. Како беше тогаш, може само да се замисли кога се знае дека и денес (2021), и сите овие 30 години, секојдневно на Македонија ѝ се поставуваат нелегални и непринципиелни пречки, со единствена цел да се сотрат Македонците. Секому мора да му биде јасно дека сите овие 30 години нема период од ниту три или шест месеци во кои Македонија можеше да функционира и да се развива во нормални услови.
Државата беше непрекинато - непризнаена, негирана, под уцени и ултиматуми, со блокирани граници, било легално (српската, од страна на СБ на ООН), или нелегално (грчката)...
Беше жртва на агресија од Косово, во режија на западните фактори, вклучувајќи го и НАТО, беше нелегално уставно реструктурирана со американски изум наречен Охридски рамковен договор, ѝ беше наметната неприфатлива нова административна поделба со која се албанизираат нејзини делови, ѝ беа подметнувани и наметнувани капитулантски договори со соседите и со Албанците... Така, Македонците се откажуваа од самите себе и од сопствената држава и, иако им беше постојано ветувано членство во ЕУ, сѐ уште чекаат.
Тешко може да се замисли дека и многу побогата и помоќна држава од Македонија ќе го издржеше сето тоа. Денес веќе нема какви било дилеми, ниту може да има, дека сите наши голготи беа и се, според сценарио на САД и во нивна режија. Меѓутоа, никако не значи дека немало и наша улога и вина, и дека тие биле за

потценување. Напротив, без наша согласност сето спомнато беше невозможно да ни се случи.
Дури и еден од најголемите американски дипломати, Лоренс Иглбергер („Време“, од 26/4/2010) изјави за МТВ – „Ако Македонија одлучи да го задржи уставното име, нема сила која може да ја присили на промена“! Тоа е апсолутно точна оцена.
А дали нашите политичари беа некадарни, неодговорни или несвесни што прават, дали тоа беше резултат на нивни или на партиски интереси, или сè беше наметнато од надвор... воопшто не е важно.
Сите македонски политичари од сегашната гарнитура на власт (2021), речиси без исклучок, идеално се вклопуваа(т) во интересите на странците и во големоалбанските тенденции во земјата. А најчесто се мотивирани заради добивање или задржување на власта. Државните и националните интереси никој не ги есапи. Без согласност на нашите аматери, меѓународниот фактор не можеше ама баш ништо да ни наметне. Не постојат механизми за такво нешто. Тоа важи за сите наши голготи. Од почетокот, кога нелегално ни го суспендираа името во ООН.
На крајот од денот, сите тие белосветски џандари ќе си ги измијат рацете и прстот ќе го вперат во нас и во нашите политичари. Со право ќе тврдат дека тие никого не натерале со сила да капитулира а тоа што притискале било нивна службена обврска. Во нормални држави, за прифаќање на неуставни, нелегални и неприфатливи решенија, кривично се одговара и се завршува во затвор. Кај нас...
Кога од денешен аспект (септември 2021) се навраќаме на голготите низ кои врвиме веќе 30 години, заклучокот е многу прост. По распадот на Југославија, независна македонска држава не беше и сè уште е неприфатлива за главниот меѓународен фактор, а тоа секако се – САД. Нивната доминација во светот е толку изразена што ни Германија, Франција, Велика Британија... не се осмелуваат да ѝ се спротивстават.
Сите тие, предводени од Брисел, некритички и вазалски ги следат интересите на Вашингтон. Трагично е што нашите политички „лидери“, од сите главни политички сили, не беа и не се спремни да се соочат со вистината. Сите ги третираат САД како наш

стратегиски партнер а тие ни ја кројат судбината и на крајно безобзирен начин го затвораат „Македонското прашање“ со бришење на Македонците.
За да немаме илузии, ќе го спомнеме следниот пример. Францускиот претседател Макрон ни испрати честитка по повод на Денот на независноста (2021) во која ни ја изрази – „солидарноста на францускиот народ кон населението на Македонија“. Тоа кажува сè. Тие се Французи, ама Македонци - нема. Ние сме население. Севеџанско. И во честитката на американскиот претседател Џо Бајден, не се спомнува македонскиот народ што е неизбежна реченица во нормални прилики. Впрочем, ако веќе нашите политичари со сите сили избегнуваат да спомнат што било македонско, од народот та до сè друго, зошто пак странците да сметаат дека овде има некаков друг народ, освен неосвестени „бугарчиња“?
Денот на независноста ќе го задржи свето значење само доколку опстане македонскиот народ, што во моментов не е сосема извесно. Ако не се разбудиме во блиска иднина, лошо ни се пишува. Во старата македонска песна „Народе Маке донски“ не случајно се пее – „Народе македонски со какви идеи си ти, доста беше, разбуди се, свести се, не спиј ти“.

МАКЕДОНИЈА НЕ ЗНАЕ ШТО САКА

(јануари, 2022)

Во Скопје дојде новиот премиер на Бугарија Петков, и добро е што дојде. Посетата воопшто не беше случајна.
Односите меѓу двете земји се на крајно ниски гранки и досегашните нецивилизирани политики на Софија се рефлектираат и на нивниот меѓународен углед, ама и на иднината на Македонија. Петков дојде со прецизни задачи и си отиде со повеќе отколку што се надевал. Македонија, пак, очигледно не знае што сака од Бугарија, а уште помалку кои се нејзините интереси, и како да ги реализира. Софија е длабоко уверена дека сега е моментот, еднаш за секогаш, да го збришат македонизмот бидејќи ние сакаме во ЕУ, а тие се внатре. Преку блокади, уцени и попречувања, имаат историска шанса тоа да го постигнат. Свесни се дека на другата страна, нашата, се политичари коишто спроведуваат странски сценарија, целосно соодветни на бугарските интереси.
Софија работи на долгорочна основа и тие, со директна и неспорна американска поддршка, на време ни подметнаа да потпишеме нерамноправен договор за (не)пријателство, којшто им отвори можности да ги постигнат своите нечесни и нелегални цели. Врз таа основа, беше подготвена ненаучна платформа од страна на БАН, верификувана од Владата и преточена во обврзувачка декларација, којашто беше едногласно изгласана во Собранието, иако обилува со бесмислици, безумности и апсурди.
Декларацијата, пак, во вид на меморандум, беше дистрибуирана низ целиот свет.
Македонија беше сатанизирана на крајно монструозен начин, ама ние не реагиравме. Нашето молчење светот можеше да го толкува само како прифаќање на бугарските национално-шовинистички измислици.
Во такви услови пристигна Петков. Мора да ни биде јасно дека тој нема никакви услови суштински да ги промени меѓусебните односи, создадени одамна пред него, а сега само експонирани. Во неговата влада се четири партии, од кои три се закоравени

душмани на македонизмот. Петков е секако свесен дека проблемот е нерешлив, барем во кус рок, заради крајно тесниот маневарски простор со којшто тој располага. Впечатокот е дека тој сака нешто да промени (така му се вика и партијата), не изгледа задоен со бугарските антимакедонски историски синдроми, иако ги почитува, и се чини дека тргна по заобиколен пат да бара решение. Шансите да успее се речиси никакви и сосема е неизвеснокои ќе му бидат следните чекори.

Петков успешно ја заврши првата задача - го намали надворешен притисок врз Софија, против блокадата на нашите преговори со ЕУ. Иницијативите кои тука ги покрена, беа најдобар можен начин за тоа. Со еден потег го задоволи светот, а нам ни ја затвори устата, која и така беше зачепена.

Сепак, тоа се негови краткотрајни успеси.

Наше е, меѓутоа, да прашаме - додека Петков влече мудри потези, и добива поени во корист на Бугарија, што прави Македонија? Според сите информации, нашата земја продолжува бесцелно да тапка во место. Го пречекавме Петков без никаква концепција, а за стратегија и да не зборуваме.

Прифативме сè што предложи тој, а се чини не побаравме – ништо! А ние сме блокирани и бараме излез од тунелот. Силен е впечатокот дека и новата влада, на Ковачевски, ставила до знаење дека е спремна да го витка ‘рбетот, да голта кнедли и да се подготвува за нови капитулации бидејќи продолжува нашата болна опсесија со датумот за преговори.

Не може поинаку да се протолкува фактот што, без никаква потреба, и вицепремиерчето Маричиќ, и самиот Ковачевски, пред посетата изјавија дека не ги интересира судбината на македонското малцинство во Бугарија, бидејќи не сме сакале да се мешаме во нивните внатрешни работи!

Дури, на директно прашање на ТВ Телма – дали има македонско малцинство во Бугарија, Маричиќ не одговори и рече дека и сто пати да го прашат, тој пак нема да одговори! Неговото – „ако има...“ може само да значи дека – нема! Зарем е можно на нашиве „политичари“ да не им е јасно дека кога се во прашање Македонците во Бугарија се работи за ЧОВЕКОВИ ПРАВА

коишто се одамна интернационализирани и не претставуваат внатрешна работа на која било држава. САД на пример, секојдневно на таа линија ги „бомбардираат“ и Русија и Кина, и тоа за никого не е мешање во нивните внатрешни работи. Дури, чинам, дека Вашингтон му наметна и некакви санкции на Пекинг, за третманот на ујгурското малцинство во Синкианг!
А, ние? Уште понеразбирлив е претседателот Пендаровски. На ТВ 24 во емисијата „Анализа“, на 18/1/22, и тој тврди дека евентуален наш интерес за Македонците во Бугарија, би било мешање во нивните внатрешни работи! Сепак тој кажа дека Македонци во Бугарија – има, и коректно оцени дека барањето на Софија да ги внесеме Бугарите во нашиот Устав, е мешање во нашите внатрешни работи. Меѓутоа, кога новинарот Чадиковски го праша - дали му го рековте тоа на Петков? Пендаровски одговори – „Не го побара тоа од мене“! Дали некој треба да го праша нашиот претседател, за да каже тој дека Бугарија се меша во нашите внатрешни работи!? Невидено и нечуено.
Новинарот му рече дека во јавноста се шпекулира дека не ги примал Македонците од Бугарија за да не провоцира пред посетата на Петков. Пендаровски одговори со констатација дека како провокација може да се смета и нивното барање на средба три дена пред неговата посета!? Господе, Боже! Додаде дека ќе ги прими на 28 јануари, по посетата.
Зарем може на претседателот на државата да не му биде јасно дека Македонците од Бугарија мора да ги прими пред да дојде Петков, за да можат тие, од прва рака, детално да го информираат за нивната позиција во земјата, за проблемите со кои се соочуваат...? Та тој, иако е тоа табу-тема за нас, евентуално тие прашања да ги отвори на средбата со Петков? Таква средба со нив, требаше да бара тој, а не тие.
Закажаната на 28 јануари е непотребна. Пендаровски би требало да се сретне со нив во Бугарија, при неговата посета што ја најавува. Исто како и Петков, којшто во Скопје се виде со малобројните Бугари. Пендаровски би можел да посети и неколку села во Пирин, населени со Македонци. За него, тоа е - незамисливо. Жална Македонија!

Дека едните знаат што и како сакаат а другите се, во најдобар случај - збунети, зборува и фактот што, по којзнае кој пат, Македонија прифати едностранo да се резили и да прати нота во ООН дека нашето кусо име не рефлектира територијални претензии! Без никаков чекор на добра волја од другата страна! Тоа е сериозна добивка за Петков и Бугарија.
Тоа беше првото од бугарските 5 + 1 барања, за што немаше никаква потреба да се согласиме, барем во овој момент. Тоа е игнорирање и на Резолуцијата од Собранието, која наложува односи на рамноправна основа, што ова секако не е.
Ние цело време даваме некакви гаранции дека нема да ги окупираме соседите, коишто се воено преку сто пати посилни од нас, а тие отворено покажуваат аспирации кон сè наше. Игнорирањето на македонскиот народ, јазик, историја... од страна на Софија и Атина, се директни безбедносни закани за Македонија. Тоа е класичен иредентизам.
Всушност, идејата на Петков за создавање пет меѓувладини комисии е само нова мутација на бугарската позиција.
Тој нема можност да ги промени нивните бесмислени ултиматуми за нашиот идентитет, јазик... па преку комисиите создава нова слика за билатералните односи, која нема да ги реши сегашните проблеми. Тоа е за меѓународниот фактор.
БУГАРИЈА НЕМА НИКОГАШ ДА ГО ПРИФАТИ ИЛИ ПРОГОЛТА МАКЕДОНИЗМОТ. Ние, пак, само се согласивме да се вртиме во маѓепсан круг, при што ЕУ останува празен сон.
Еве, за два месеца ќе воспоставиме авиолинија. По четири ќе ја прекинеме бидејќи нема да има патници. До Софија има 235 километри и секако треба под итно да се изгради модерен автопат. За два и пол саати си таму, а со авион ќе се патува барем три. Железничката пруга, засега не треба да се гради. Зошто, објаснето е во посебна колумна.
Логична беше средбата на Петков со Мицкоски, како главен опозиционер. Невообичаена, крајно непотребна, дури и провокативна беше таа со Ахмети. Македонија (сè уште!) не е федерација а Ахмети втор претседател! Тој чекор само откри дека и Петков е во тек со тајната странска стратегија, која упорно се

спроведува – Македонците во прегратки на Бугарија, а Албанците сите заедно, без промена на границите.

МАКЕДОНИЈА И БУГАРСКИТЕ НАВРЕДЛИВИ ПРЕДЛОЗИ

(јануари, 2022)

Во последните денови од 2021, МНР Бујар Осамни ги информирал новинарите дека во декември 2020, од неговата тогашна бугарска колешка Захариева, добил предлог за прекин на блокадата за почеток на нашите преговори со ЕУ. Во документот кој требало да го потпишеме, имало и две неприфатливи точки. Едната била – „македонскиот јазик произлегува од бугарскиот“, а другата – „македонската нација била создадена врз основа на бугарската, во обидите за ослободување од Отоманската Империја“ (според Канал 5, на 29/12/2021). Какво дрскост! Османи оценил дека двете држави имаат спор! Браво! Какво откритие!

Зарем е можно да не му е јасно дека ние немаме никаков спор со Бугарија? Спор би постоел само ако навистина сме измислени од Тито и Коминтерната, и Софија сега инсистира тоа да се потврди, а ние не се согласуваме. Дипломатите мораат секогаш да имаат точна дефиниција за секоја ситуација.

Или, да ја прилагодат на интересите на сопствената држава, дури и на некоректен начин, ако е тоа потребно! Османи го прави токму спротивното.

Безобразниот и крајно навредлив бугарски предлог, Османи го третира на крајно аматерски начин. Прво, и клучно, ако се има елементарно домашно воспитување, таков понижувачки документ – веднаш се кине, се фрла на маса, и се прекинува средбата. Ако не постапите така, вие покажувате тотална политичка и дипломатска неписменост. Поголемо потценување на нашата земја, не е можно. Тие нѐ плукале во лице а Османи, најверојатно, пријателски и добронамерно се смешкал. Веројатно му било и жал што предлогот не можел да го прифати! Тоа би била премија за проектот Голема Албанија. Ако нам не ни било јасно што се случува, или така се правел Османи, другата страна имала сѐ прецизно подготвено и под мустак ни се смеела на неукоста, и ни се чудела на паметот. Впрочем, ако Османи веќе го примил непристојниот предлог, а не смеел, македонското МНР, значи повторно тој, морало уште

утредента да ја извести бугарската страна дека предлозите се навредливи и со индигнација ги одбиваме и, заради нивното крајно непријателско однесување, ги прекинуваме сите понатамошни контакти. Потоа, се повлекува и амбасадорот.
За овие настани требало веднаш да се известат Вашингтон и Брисел, потенцирајќи дека проблемот треба да го решава самата ЕУ, а не Македонија, бидејќи е во прашање класична уцена и невиден национал-шовинизам.
Впрочем, ние баравме прием во Унијата, од таму ни одговорија дека сме ги исполните потребните критериуми, а блокадата, која во нејзините рамки ја поставува Бугарија, е нивни предизвик, а не наш. Бугарските барања треба да ги решаваат според нивните стандарди и да дефинираат позиција во поглед на нашето барање. Требало да се нагласи и дека Македонија веќе нема што да бара во Софија туку сите прашања ќе ги решава директно и само со Брисел. Достоинствена земја, со професионалци кои имаат барем минимални познавања на дипломатските пракси и техники, така постапува. Сè друго што следувало, само покажало дека ние не сме никаква држава, барем не македонска, и дека немаме никакви ограничувања за сами да се уништиме.
Што мислите, дали Османи ќе реагираше на ист начин, доколку се работело за интересите на Албанија? Сигурно, не!
Интересна е и информацијата дека, наводно, на пресот на Османи биле поканети само „добронамерни“ новинари а не некакви „македонски националисти“ кои изигруваат патриоти и се борат за преживување на македонизмот. Тоа е додатна саботажа на интересите на македонскиот народ.
Ова не е и крајот на неразумните екскурзии на Османи во врска со Македонија и Македонците. Истите денови, на ТВ 21, во интервју на „Клик плус“, нему не му паѓа ни на крај памет дека треба да се бара барем минимум реципроцитет околу евентуалното впишување на измислените „Бугари“ во македонскиот Устав. Односно, дека ист третман МОРА да добие и бројното македонско малцинство во Бугарија.
Напротив. По кој знае кој пат, тој повторува дека Софија нема услови за тоа – поинаков им е Уставот!

Тој вели – „Бугарите во Македонија треба да се чувствуваат како апсолутни граѓани“ и „немам никаква резерва во однос на прашањето Бугарите да бидат спомнати како посебна етничка заедница во Уставот, ако тоа нешто им значи“!? Види, богати! За кого, всушност, навива Османи?
Зошто, на пример, тој не излезе со поддршка на Македонците во Албанија, кои Софија отворено и без никаква основа ги присвојува? Или, не дај Боже, да се изјасни за минималните права кои ги имаат Македонците во оваа земја? Тоа е секако работа и на Османи, бидејќи е македонски МНР.
Впрочем, со оглед дека македонскиот министер Османи лобираше во Мадрид за признавање на Косово што, според Груби е нивен приоритет, би требало директно да се праша – зошто никогаш и никаде нема спомнато дека нелегално и со сила Косово се отцепи од Србија, спротивно на документите од Хелсинки; дека Србија има своја историја на Косово, вековни религиозни споменици таму, кои навлегуваат во сржта на нивното битисување на Балканот; дека, барем затоа, мора да се води сметка и за нивните интереси кога се решава статусот на Косово. Како на Албанец, тоа не му паѓа на памет ама затоа има разбирања за бугарските интереси, иако тие ги загрозуваат фундаментите на македонизмот. Интересно, нели? Сепак, Османи и Груби не се виновни. Тие си ја тераат својата политика која има за цел обединување на сите Албанци, и јавно не потсетуваат дека Кичево е нивни воен плен од 2001-та, додека ние молчиме и се правиме отсутни.
Во дадените услови, нивното однесување е логично, а ние мораме да се чудиме – каде се македонските политичари?
Да бидеме сосема јасни. Политиките кои ги пропагира Османи, воопшто не треба да бидат спорни. Ако за албанските политичари во Македонија се поважни интересите на Косово, и на Албанците во целина, отколку тие на Македонија, што тие и не кријат, сосема е логично нивните симпатии да бидат на страна на Бугарија, чија цел е бришење на македонизмот.
Откако ќе ги снема Македонците, барем официјално, што е веќе во напредната процедура, многу полесно и дефинитивно ќе се реши и албанското национално прашање. На албанските политичари мора

да им се честита. Имаат јасни национални политики, кои ги прецизираа и во „Тиранската платформа“, која е за нив поважна и од Охридскиот рамковен договор. А нашите „политичари“ се фалат дека не биле од патриотски сој! Будалите немаат рогови.

МАКЕДОНЦИ ИЛИ СЕВЕРНОМАКЕДОНЦИ?

(ноември, 2022)

Нема никаква дилема дека ние, како граѓани на (измислена Северна) Македонија, можеме да биеме само Северномакедонци и ништо друго. Барем за другите, а тоа е најважното. Тоа е потврдена светска пракса, којашто никој не може да ја доведува во прашање. Од Франција - Французи, од Кина - Кинези, од Уругвај – Уругвајци, Од Кенија – Кенијци, од Австралија – Австралијци, од Канада – Канаѓани... Ги прошетавме сите континенти и никаде нема разлика. Дури и во една поделена Кореја, едните се Севернокорејци а другите Јужнокорејци, иако сите се исто – Корејци. Сепак, во овие две држави, националниот идентитет на луѓето формално не се доведува во прашање и тие остануваат - Корејци. Меѓутоа, името на државата се користи за да се разликуваат меѓу себе.

Исто така беше и кога Германија беше поделена. Едните беа Источни, а другите Западни Германци. Македонија не е поделена држава, и за неа важи праксата - името на државата го одредува народот. И, така доаѓаме до – Северномакедонци.

На времето, во странство сите бевме Југословени, иако дома бевме Македонци, Срби, Словенци...

Нашиов случај е релативно едноставен. Целта на прекрстувањето на државата беше токму промена на националниот идентитет на македонскиот народ, како клучен исчекор кон затворање на „Македонското прашање“. Затоа, на пример, на нашите „партнери“ и „пријатели“, не им беше прифатливо решението со Република Македонија – Скопје, коешто беше безболно за нас. Тоа не навлегуваше во идентитетот на народот, што беше и целта на прекрстувањето. Ништо друго. Токму затоа, сакале ние или не, во иднина ќе бидеме Северномакедонци – за сите во светот.

Во 1944 година, на АСНОМ, државата го доби името по вековниот македонски народ, а не по регионот во кој се наоѓа. И, за да се прекине папочната врвца со националниот идентитет на народот, со наша безумна согласност, државното име во Нивици е

девалвирано во бесмислен географски поим. Затоа, сите манипулации дека, за светот, ќе сме си останеле Македонци, се обични лаги и приказни за мали деца. Тие коишто веќе нè нарекуваат Северномакедонци, се апсолутно во право, и само ја започнуваат неизбежната пракса, којашто неконтролирано ќе се шири. Така е бидејќи ние потпишавме дека Македонците ги има во Грција, а не кај нас. Се откажавме од самите себе.
А ние, ако не сакаме да нè викаат Северномакедонци, другата опција е да нè нарекуваат - СеверЏани. Тој термин е секако уште побесмислен и апсурден ама мора да се признае дека звечи како нешто важно (не звучи), меѓународно, светско...!? Дали со „Џ“-то, можеби ќе асоцираме на Џингис Кан? Можеби тоа ќе нè прави погорди отколку што сме?
Можеби ќе почнеме да уживаме во сознанието дека сме новоизмислен народ, со такво име? Можеби ќе се чувствуваме како најсовремено антрополошко достигнување? Впрочем, само така ќе се заокружи генијалното дело на Тито: откако тој го „измислил“ македонскиот народ, сега истиот станува нешто посовршено. Северџани, ееej!
Шегата настрана. Ако постоеше и Јужна Македонија, барем формално, сè ќе беше поинаку. Барем, ќе се прикриваше нашиот национален срамотилак, божем сме некаква поделена држава. Токму со тој факт е запечатена нашата судбина - за светот, по автоматизам стануваме – Северномакедонци. Впрочем, и да бевме поделена држава, според искуството на двете Кореи, или Германии, ние повторно ќе можевме да бидеме само - Северномакедонци. Тоа го диктираат крајните намери на нашите западни „пријатели“, дури и „партнери“, коишто инсистираат на дефинитивно бришење на овие Македонци.
Секој веќе мора да биде свесен дека нивната цел беше и останува непроменета - да се разнебитат Македонците. И да се тргне, еднаш за секогаш, тоа вековно балканско јаболко нараздорот. Зошто, инаку, би се прекрстувала државата? Триесет години нè држеа во заложништво со цел да нè присилат да се прекрстиме. Ако од (Северна) Македонија и понатаму доаѓаат Македонци, зошто се прекрсти државата? Чуму беа сите мајмунлаци на меѓународниот

фактор, читај – САД? За да нѐ понижат? Такво нешто не им треба. Зошто во Нивици бевме присилени да се согласиме дека Македонци има само во Грција, а не кај нас? За сега повторно да се појавиме? Да не се правиме самите недоветни. Или, зошто на Атина и се даде чист монопол на термините македонски/а/о? За да го зајакнеме националниот идентитет? За македонскиот јазик останаа некои недореченост, арно ама и тоа беше плански. Софија ќе го финализира процесот.
Во целата грозоморија низ која долго врвевме, можеме само да биеме „горди“ што 30-тина години не се предававме.
Меѓутоа, непростлива историска грешка е што ние воопшто не се боревме за своите правдини. Тоа и нѐ доведе до ова дереџе. Кога странците сфатија дека не бараме решение, дека ни одговара проблемот да биде под маса, замрзнат за долго време, тие насилно ја променија претходната власт. И, за да нѐ прекрстат, донесоа капитуланти коишто ги следат нивните инструкции. Наш клучен проблем беше што, сите претходни политичари прашањето со името го држеа на страна бидејќи беа свесни дека неговото решавање може само скапо да ги чини, без никаков ќар. Сите тие носат директна вина за несторето. Еден од премиерите дури јавно кажа дека, за него, проблемот со името не е меѓу првите десет!?
Всушност, тој цело време мораше да биде главен, што не значи и дека само со него мораа да се занимаваат. Во никој случај не смееја да го игнорираат, како што постојано се правеше.
Смешни се и трагични „аргументите“ на политичарите, кога се повикуваат на Нивици, демек како доказ, дека ние сме си останале - Македонци. И, замислете, тресат глупости дека цел свет треба да се придржува до овој, за нас катастрофален договор. Абецеда во меѓународното право е дека билатералните договори, како договорот од Нивици, ги обврзуваат само двете страни потписнички, и никој друг.
И, не само тоа. Со тој договор, за нас разорен, зарем не се согласивме во земјава да избришеме сѐ што е македонско, и да стане национално? Ничие! И, како тоа, само ние ќе сме останеле Македонци, од сѐ друго македонско, што моравме да промениме,

или избришеме? Во услови кога ниту нашето вино нема да може да биде македонско на странските пазари.
Каква тешка и незамислива измама.
Нашиве политиканти, наводно, реагираа кога Макрон нѐ нарече Северномакедонци? Чинам дека тој беше прв со апла користење на терминот. Доколку е вистина дека се реагирало, може само да се замисли како, и со какви очи ги гледале Французите? Им се чуделе на паметот бидејќи од (Северна) Македонија можат да испилат само Северномакедонци.
Според „Вечер“, од 8/8/2022 година, и Ескобар, „главниот“ американски политичар за Балканот, нѐ нарекол Северномакедонци. Немаше никаква информација дека некој и него го удрил по прсти. А дека е незамисливо Ескобар да направи грешка околу тоа, воопшто не треба да се објаснува.
За да нема дилеми, тој само ни порача - кои сме, што сме, и што нѐ очекува. Кој разбра, разбра. Кој лаже е – измамник.
Имаше повеќе „инциденти“ со Северномакедонци, а последниот се случи токму во Скопје. На заедничка пресконференција кога претседателката на ЕК Фон дер Лајен, во лице му го шлакна тоа на нашиот премиер. Ковачевски не реагираше! Дали беше свесен дека нема простор за такво нешто, или не сакаше да се замерува, не знаеме. Сепак, нешто ѝ шепна на Лајен. Најверојатно, замоли да не се повторува нашиот нов национален идентитет.
Никој не треба да има никаква дилема дека за светот, по катаклизмата во Нивици, ние сме и останuваме – Северномакедонци. И ништо друго. Од тоа нема бегање. Со текот на времето, сите така ќе нѐ третираат. Сѐ додека не го вратиме поранешното име на државата. Ние сме на потег. Договорите со Бугарија и Грција мора што поскоро да се елиминираат или, за почеток, да се редефинираат (Нивици). Тоа е реалноста со која мораме да се соочиме.
За крај, уште една тешка глупост. Во Нивици, за да не изгледа дека премногу ќе нѐ урнисаат одеднаш, божем ни ги оставија кодовите – мк и мкд. Во секој случај, тоа е привремено, до преговорите со ЕУ кога, оправдано, ќе ни ги оспорат.

Нема логика код за Северна Македонија да биде мк! Дека е привремено, веднаш ни дадоа и доказ. За регистарските таблички ни наметнаа бесмислен код - NMK! „N“- треба да значи North – Северна, значи на англиски. Арно ама, што значи тогаш MK, и на кој јазик? Ако е на англиски, треба да биде „MC“ Macedonia. Ако е, пак, на македонски – нема врска со „N“!
Чиста турлитава. Токму така ни ја третираат државава.

КАСАПЕЊЕ НА ДРЖАВАТА

(април, 2023)

Народот заклучил дека никој не може повеќе да ти наштети, отколку самиот себе. Така, денес, државата Македонија ја уништуваат токму нејзините политички „лидери“, коишто отворено работаат за туѓи интереси. Просто да не веруваш. Спремни се на сè само да се додворат на своитестрански ментори, коишто и ги донесоа на власт со јасна задача - дефинитивно да го затворат вековното „Македонско прашање“. Без никаков срам, го уништија достоинството на македонскиот народ, ја урнисаа неговата држава и сега брзаат кон финалната фаза – дефинитивно да го разнебитат народот.

Незамисливо е какви квислинзи ја водат Македонија!

Игнорираат сè само да ги реализираат туѓите планови со коишто се брише македонизмот. Последната таква бесмислица е промената на Уставот, со цел да се внесат непостојните Бугари во него. Божем не им е јасно дека со тоа се отвора пат за бугаризација на државата. Се однесуваат како да се паднати од вселената и не признаваат ниту уставен поредок, ниту национален идентитет на народот, ниту негов јазик, историја... Ништо.

Не им е свето ниту милениумското наследство, добиено од нашите предци коишто со генерации и генерации се бореле и пролевале крв за оваа наша слобода. Тоа се реликвии коишто не смеат да се допрат или дискутираат, камоли да се бришат или уништуваат, како што се прави.

Го сменија името на државата и националниот идентитет на македонскиот народ; прифатија дека имаме заедничка историја со соседен народ којшто не признава дека постоиме; преговараат за нашиот вековен мајчин јазик; подготвени се да им поклонат на други сè што со векови е наше... Ова што ни се случува е пострашно и од чума. Да слушаш, и да гледаш, и да не веруваш дека сето тоа е можно. А, се случува тука, пред нас. Пред наши очи и уши. Се чини дека македонскиот народ спие во длабок сон.

Уставот е главниот акт со кој се прокламира и регулира секоја држава. Само Обединетото Кралство го нема, ама таму е заменет со сет од закони. Негово непочитување и игнорирање, пак, насекаде е тешко кривично дело. Кај нас, и тоа не важи. Власта прави што сака. Пред некое време, промените на нашиот Устав ги договараа со соседна држава. Сега ќе го менуваат затоа што тоа го бара друга држава...
Во целина, се однесуваат како државата да нема Устав.
А во него јасно пишува (член 130) – „Предлог за пристапување кон измена на Уставот можат да поднесат претседателот, Владата, најмалку 30 пратеници или 150.000 граѓани“. И, што се случува? Предлогот доаѓа од Бугарија! И, нашите политички недомаќини го следат нивниот ултиматум. Тоа е поразително, навредливо, понижувачко, срамно...
Во меѓувреме, веќе започнаа подготовките за промена на Уставот, коишто ги води Министерството за правда, иако Владата нема формален предлог за почеток на процедурата!
На прес со гостинот од Хрватска, премиерот дури најави дека прво ќе бидат формулирани новите амандмани на Уставот, потоа ќе следува поширока општествено дебата за истите, и дури тогаш ќе започне официјалната постапка за измени!
Тоа е суштинско кршење на уставните одредби со коишто се одредува процедурата којашто има сила на закон.
Членот 131, пак, прецизира дека – „Одлука за пристапување кон измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници“.
Моментално, за такво нешто нема двотретинско мнозинство, и тоа изгледа недостижно. Дај Боже да остане така.
Овие два члена на Уставот јасно одредуваат дека без нивно исполнување, прво на членот 130, а потоа и на членот 131, не може да стане збор за некаква измена на Уставот.
Дури откако тие два члена ќе бидат исполнети, може да се подготвуваат амандмани, да се организира широка дебата, и слично. Вака...
Ова, што сега ни се случува, не е злоупотреба на службената положба туку нелегална промена на уставниот поредок.

Ако не се почитуваат уставните процедури, ние не сме ниту протекторат камоли сериозна и респектабилна држава.
Се игнорира дури и Уставната комисија на Собранието, надлежна за овие активности, што е исто така надвор од умот. Таа мора да ја води постапката, да ангажира потребни експерти и да ги припрема амандманите. Во прашање е тежок криминал, и тоа од историски карактер. И, замислете, дел од пратениците гласаат за некакви експертски групи а, како што видовме, самата формална постапка воопшто не е започната. Можно ли е пратениците да не знаат дека го кршат Уставот?
А власта и не се обидува да ги прикрие своите злоупотреби и брутални нелегалности и, упорно, тера по свое. Никого не есапи и за ништо, божем државава им е оставена во некакво наследство. Како папагали, со сите нивни трабанти, повторуваат дека тоа е во интерес на народот бидејќи земјата ја води во Европската Унија. При што, грубо се игнорира фактот дека Унијата нема да се проширува уште долго. А откако (дали?) ќе ги започне Македонија преговорите, тие ќе траат најмалку 20 години. Не треба да има дилеми дека Бугарија и Грција, секојдневно ќе нè попречуваат и блокираат.
Паралелно, сите верглаат дека рамката за нашите преговори за членство е непроменлива, иако ни е силеџисии подметната од Брисел, во договор со Софија. Тоа воопшто не е точно. Рамките за преговори се менувале и ќе се менуваат.
Црна Гора и Србија, коишто започнаа да преговараат по старата, продолжија по новата рамка. Деновиве, како резултат на преговорите со Косово, повторно се менува рамката на Србија. Освен Библијата, ништо друго нема таков третман.
Клучно е да се знае дека Македонија, иако на крајно капитулантски начин има дадено согласност, ја нема формално прифатено преговарачката рамка. Тоа треба да се случи на втората меѓувладина конференција, ако (и кога) дојде до неа. Услов е промената на нашиот Устав.
Во дадената ситуација, нашата согласност за преговарачката рамка треба и мора да се повлече, бидејќи ни е наметната под

нерегуларни улови на уцена, ултиматум и блокада. Тоа се повеќе од доволно причини за таков потег.
Договори постигнати под притисок, немаат правно дејство.
Има безброј такви примери во меѓународната пракса. Впрочем, нема ниту трајни, ниту обврзувачки договори. Токму Македонија, натерана од САД и со нејзино учество, под патронат на СБ на ООН, потпиша Привремена спогодба со Грција (1995), во којашто обврските на другата страна - останаа слово на хартија. Следуваше наша апликација во Судот во Хаг, која брилијантно ја добивме, и пак ништо. Грција не го спроведе договорот. Тоа значи дека сè се може, ама само кога се сака. Ако не се сака, сè е невозможно. Така се однесува и македонската власт - секогаш кога се во прашање суштинските национални и државни интереси. Сега (2023), очигледно, одработува за туѓи интереси.
Исклучително е важно, во случаи како што е измена на Устав, да се обезбеди најширок општествен консензус.
Очигледно е дека и оваа аксиома не важи за Македонија. И денес се спроведува исто сценарио како и со потпишувањето и ратификацијата на катастрофалниот договор од Нивици.
Се сатанизираат сите што се против предавничката политика на власта, и се реализираат илегални решенија.
Од повеќе причини, Македонија не смее да го менува Уставот.
Прво, тоа мора да биде внатрешна, а не надворешна иницијатива. Во конкретниов случај, барањето доаѓа од Софија, и тоа на ултимативен начин. Второ, целта на промената е почнување на преговори со Унијата и наше членство во неа.
Македонија, меѓутоа, и утре може да ги започне преговорите ама нема објективни изгледи да биде примена за помалку од 20 а можеби и цели 30 години.
Трето, тоа покажува дека е бесмислено да се прават такви фундаментални отстапки за нешто што не може да се постигне за две или три децении. Четврто, ако веќе немаме анализа зошто Софија ултимативно бара грст Бугари да влезат во нашиот Устав, треба барем да ги бараме причините, и сè ќе биде јасно. Во никој случај не се работи за некаков каприц или терање инает.

Петто, тоа може само да значи дека во прашање е нивна јасна и прецизна стратегија којашто навлегува во корените на постоењето на македонскиот народ. Шесто, неспорно е дека нивна нескриена цел е бугаризација на Македонците, што најлесно може да се постигне токму преку промената на Уставот. Седмо, по таков чин, сосема со право, Софија отворено ќе ја третира Македонија како втора бугарска држава. Осмо, да не забораваме дека Софија ќе инсистира во Уставот да влезат – „Македонски Бугари“. Не какви било. А за нив, сите ние сме такви.
И бегла анализа покажува дека уцената да ги внесеме грстот Бугари во Уставот е добро замислена, долгорочна стратегија на Софија, којашто го забрзува патот за бугаризација на Македонија. Ако некому тоа не му е јасно, никој не може да му помогне.
Во целата папазјанија, клучно е прашањето - зошто Вашингтон се одлучи на комбинација самите да се блокираме на патот за ЕУ, заради промената на Уставот? Зошто решија бугарската блокада да ја претворат во наше самоуништу вање? Дали е целта да се докусури и уништи опозицијата, којашто очигледно не е спремна на капитулација во однос на националните прашања? Ако очекуваат дека народот ќе се сврти против неа, колосално се лажат. Сегашната власт сигурно ќе ги загуби следните избори.
Меѓутоа, фактот што опозицијата нема да дозволи промена на Уставот, ќе биде повод за невидена западна пропаганда, жесток притисок и тешки уцени и ултиматуми против неа дека е против ЕУ. Не треба да се губи време и мора што побргу да се направи пресврт. Затоа, под итно да се одржат избори и да се обезбедат преку 60 пратеници. Условите за рушење на власта сега се повеќе од добри. Времето, меѓутоа, нема да работи за опозицијата.
Втората цел, зошто сме доведени во ситуација самите да се блокираме, може да биде зајакнување на позицијата на албанскиот фактор, којшто е нашиот американски „Тројански коњ“.
Експонирањето на опозицијата против промената на Уставот, уште подлабоко ќе ги подели Македонците и, како резултат на тоа, ДУИ и другите албански партии, многу понагласено ќе решаваат за сè.
Според третиот аспект, подметнувањето на подлабоки поделби меѓу Македонците и зајакнување на улогата на Албанците, ќе

отвори драгоцен простор за Бугарите - да ги исполнат нивните максималистички барања. На тој начин, позицијата на Македонија ќе слабее на дневна основа.
Ако е така, а така е, зошто ова самоубиство го прифатија нашите неуки политичари? Зошто? По состанок на Советот за безбедност, Пендаровски се согласи со „францускиот“ предлог. Потоа, за грчкиот весник „Етнос“, рече дека не верува дека ќе има 2/3 мнозинство за промена на Уставот!? Човекот е политичар или сеирџија? Знае ли тој кои се последиците?
Или, кои се македонските интереси и какви политики треба да се водат?
Некој точно напиша дека клучот за влез на Македонија во ЕУ, Брисел ѝ го дал на Софија. А, политиките на Софија за македонскиот јазик, идентитет, историја... се добро познати. Во новите услови, тие ќе можат да прават речиси сè што сакаат. Ние нема да имаме никаков избор и, ако не ги прифаќаме нивите диктати и уцени, никогаш нема да влеземе во Унијата. За нас, процесот на зачленување ќе биде жесток, и ќе трае најмалку две уништувачки децении. Во тој период, притиснати од Вашингтон, Брисел, Софија и Атина, а зад нив и од Париз, Берлин..., ќе бидеме многу послаби од денес.
Најтешките проблеми ќе ги имаме со домашните Албанци, коишто постојано ќе бидат на далечинскиот управувач на САД и отворено ќе навиваат за Бугарија. Како што, впрочем, Османи прави и денес. Сте чуле ли Албанец да не го користи „прекарот“ „Северна“? И тоа со големо задоволство. Најверојатно тоа им одзвонува – Голема Албанија.

ЗОШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ МЕНУВА УСТАВОТ?

(ноември, 2022)

Панде Колемишевски, во колумна „За и против Бугарите во Уставот“ („Нова Македонија“ од 4/11/2022), покрена многу важно прашање. Ги повика, и власта и опозицијата, да излезат со причини зошто (не)треба да се менува Уставот.

Ако власта даде 10 точки - за, напиша тој, опозицијата треба да даде 11 – против. Предизвикот, меѓутоа, не е само за политичарите туку и за сите аналитичари, бидејќи прашањето е исклучително важно. Аргументите против се далеку помногуброjни. Еве, зошто.

Прво, клучно е што барањето на Софија нема никаква објективна основа туку се работи за нивни фантазмагорични политички калкулации во однос на карактерот на оваа држава. Нивната замисла е Македонија, со текот на времето и потезите кои тие (ќе) ги прават, од македонска да стане (втора!) бугарска држава. Според нивната добро разработена стратегија, Бугарите во нашиот Устав го отвораат тој пат.

Вториот аргумент е што во Македонија, според последниот попис, има само 3.504 Бугари. Досега, толкава ракатка луѓе нема влезено во ниту еден устав во светот. Ако веќе мораме, бидејќи барањето сега ни е подметнато од ЕУ, со блокада, уцена и ултиматум, би било ред во Уставот да ги наведеме сите тие, 3.504 - со име и презиме!? Не се многу!

Трето, за ваков безобразлук нема збор ниту во капитулантскиот и предавнички договор за (не)пријателство со Бугарија, ниту во каков било документ на Унијата, којшто се обврски презеде МНР Б. Османи во вториот кастастрофален протокол.

Четвртиот доказ е што ова е чиста измислица и манипулација на бугарскиот претседател Радев, чиишто национал–шовинизам кон Македонија е видлив и за тие што не сакаат да го забележат. По неуспехот на фашизмот, во 1940-тите, целта е на овој начин да се остварат нивните срамни и налудничави историски синдроми, присутни веќе 150 години, дека ние сме – „Бугари“. Клучно е што барањето измислените Бугари да влезат во нашиот Устав, не доаѓа

од тие малку, од државава, туку од – Софија. Тоа е вулгарно и нецивилизациско мешање во нашите внатрешни работи.
Петтата причина е што оваа уцена се појави како алтернатива, откако не беше прифатено инсистирањето на забеганите бугарски политичари дека ние сме измислена нација којашто има бугарски корени. Тоа беше тешка инсинуација, широко обработена во фашистичкиот „објаснувачки меморандум“ од нивното МНР, доставен до целиот свет.
Според меморандумот, ако сакаме во ЕУ ние би морале да се согласиме дека до 1944 година сме биле - „Бугари“. Нивната ментална девијација не беше добро прифатена од Европа, и тие ја свртеа страницата. Софија сфати дека ја утна работата и се сети да игра на карта на човековите права. Така се роди уцената за Уставот, пред тоа непостоечка.
Шесто, најдобар показ за намерите на Софија е фактот дека не се бара признавање на малцинство туку на конститутивен народ, во преамбулата на Уставот. Тоа кажува сè.
Сега одат на сигурно – сите сме (или, ќе бидеме) „Бугари“.
Некои недокваканi „аналитичари“ тврдат дека влегувањето на Бугарите во Уставот по автоматизам значи дека Софија ги признава Македонците. Колку плиткоумно! Овие не разбираат кај е проблемот и која е целта.
Седмо, и главно - потегот е апсолутно едностран. За возврат, по обичај, нема никаква бугарска обврска, освен да не го блокира почетокот на преговорите, што нема суштинско значење. Ако прифатиме промена на Уставот, веќе утредента Софија ќе може и сигурно ќе започне со нови уцени и блокади.
Промената на Уставот, за нив е испробување на мускулите и подготвување терен за проширување на нивната агресија.
И, што ако ги започнеме преговорите? Апсолутно – ништо. Турција преговара од 2005 и на сите им е јасно дека никогаш нема да ја примат. Црна Гора преговара од средината на 2012, и е далеку од членство, речиси исто како и Македонија. Србија, пак, веќе деветта година е во преговори, и е исто на почеток. Заради Косово, можеби и Србија нема никогаш да биде примена. Зошто Брисел би ја третирал Македонија поинаку?

Осмо, сето ова е сосема логично. Што мислите, случајна ли е офанзивата на Софија во нашава земја и во соседството?
Во Свети Николе си отворија универзитет, со исто име како и нашиот најстар. Отвораат клубови со фашистички предзнак, со многу јасна намера – рехабилитација на нивниот фашизам. Користените имиња се, нели, доказ за континуитетот – во Втората светска војна тие биле ослободители или, најмалку администратори, а не окупатори. Користените имиња на клубовите (Ванчо Михајлов...), треба да покажат дека тие се и за нас историски личности а не фашисти. Со широка офанзива и многу пари, ги побугарчуваат Македонците во Албанија и на Косово... Нашиве неписмени политичари или ништо од сето ова не разбираат или, уште полошо, за да дојдат и останат на власт, молчат и исполнуваат странски инструкции.
Деветто, уцената со која е соочена земја кандидат за ЕУ, да мора за почеток на преговорите да го менува Уставот, и тоа за бесмислено и непостоечко прашање, е невиден преседан. Тоа е навредлив и неприфатлив однос кон Македонија, којшто мора со индигнација да се одбие. Се разбира, доколку сме држава со достоинство е не раштимано пејачко друштво.
Десетто. Факт е дека уште најмалку 10 години ЕУ нема да се проширува. Преку 60 проценти Французи и Германци се против, а нивните лидери не се луди да ги ризикуваат сопствените интереси. Токму затоа Макрон ја измисли новата методологија. А тешко е да се замисли дека некоја земја ќе ги исполни новите критериуми во следните 20–30 години, бидејќи се недостижни. Дека намерите на Макрон се јасни потврдува фактот што, според новата методологија, тој најави дека Унијата прво мора да се реформира, а дури потоа проширува. Тоа е период којшто ќе трае барем 10-тина години. Макрон отиде и чекор понапред. Најави формирање на нова Европска политичка заедница, која што веќе заживеа. Логично е прашањето – не е ли тоа утешната награда за балканските кандидати?
Единаесетто. За затворање на секој кластер од шесте, според новата методологија, мора официјално да се согласат сите членки

на Унијата. Тоа му доаѓа како некаква редовна ратификација на процесот на преговори. И, што мислите?
Атина и Софија нема да не кастрат на секој кластер? Бидете сигурни дека ќе ни ги искубат сите македонски пердуви, до последниот. Потоа, веќе никој нема да може да препознае кои бевме, и што бевме, пред преговорите. Нема да остане никаква трага од македонизмот. Ќе нè претворат во зомби.
Дванаесетто. И од утре да започне да преговара Македонија, според сите релевантни индикатори, нема да влезе во Унијата најмалку уште 20 години. Можеби и 30. Има реални причини и никогаш да не ја примат. Ветувањата, пак, дека ќе нè примат до 2030 година се тешка измама, манипулација и срамно потценување на македонскиот народ. Во прашање е далечна иднина, којашто не може ниту да се планира. Затоа, нема никаква потреба сега да се менува Уставот. Таков потег нема да донесе ништо добро за земјата. Напротив. Ќе биде само нов доказ дека сме спремни на секакви отстапки, што неизбежно ќе ги зголеми апетитите на нашите драги соседи.
Бугарските „браќа“ ќе измислуваат нови блокади, уцени и ултиматуми. Грчките и бугарските опструкции и сопки ќе бидат огромни и секојдневни за време на преговорите. Ќе ни го загорчуваат животот на трагичен начин, а ние, по ваквите идиотски потези, ќе немаме избор: ќе мораме да даваме само нови и нови концесии.
Тринаесетто, оваа бугарска уцена, целосно поддржана од ЕУ, мора да се стави во контекст на настаните сврзани со нашата земја, по распадот на Југославија. Треба само малку ак’л за да се разбере дека во тек се добро осмислени и до сега крајно успешно спроведени американски политики за дефинитивно затворање на „Македонското прашање“.
Тоа веќе и се случува. Составен дел од тие политики се и однесувањето на Грција, и договорот од Нивици, и сегашната бугарска агресија, којашто следуваше по договорот за (не)пријателство. И овие два договора, и сè друго што ѝ се случуваше на Македонија по осамостојувањето, беше американски

интерес. Трајна цел беше бришење на Македонците како народ и нивно фрлање во прегратките на Софија, што сега се финализира. Тука спаѓаат референцата во ООН, Привремената спогодба со Грција, агресијата од Косово во 2001-та и ОРД, Пржино, Тиранската платформа... Формалното бришење на Македонците за светот е веќе главно постигнато со Нивици.
А откако Македонците нема да постојат за светот, нивното разнебитување ќе продожи и во Македонија. Во такви услови Бугарите, кои ќе бидат внесени во Уставот, стануваат главни носители на државноста. Паралелно и федерализацијата ќе привршии, бидејќи е во завршна фаза. Со промена на Уставот, Македонија уште еднаш би се поклонила на американските, за нас разорни, политики и би овозможила нивно забрзано остварување.
Другиот аспект – зошто треба да го смениме Уставот, има само еден „аргумент“. Тоа е дека нашите драги „браќа“, национал–шовинистите на истокот од земјата, благородно ќе ни дозволат да започнеме преговори. Меѓутоа, сите права за нивни понатамошни жестоки пресметки со нас - си ги задржуваат, и не ни гинат. Сами оценете дали внесувањето на ракатката Бугари во нашиот Устав е итно, битно и важно ако се знае дека Софија нема никогаш да ни дозволи да станеме дел од Унијата, доколку целосно не се обезличиме како народ.
Ние сме на потег. Бујрум предавници. Имате нова шанса за самоуништување. Искрено се надевам дека опозицијата, ама и народот, нема да ви дозволат промена на Уставот. По никаква цена.

МАСОВЕН НАПЛИВ НА ПАПАГАЛИ

(април, 2023)

Не ни е прв пат, веројатно ниту последен, да нѐ навјасаат папагали. Тоа се оние симпатични птички коишто знаат да повторуваат само куси реченици, како – сменете го името, сменете го името... Благодарејќи на папагалите, коишто во случајов се странски политичари од врвовите на власта, и нивната несебична и искрена поддршка за Македонија, пред неколку години, по многу векови и милениуми – си го променивме идентитетот! Со нивна помош, а за наша голема и нескриена среќа, бевме извлечени од тешките и долги психолошки трауми, дека сме ти биле измислица на Тито и на Коминтерната (Сталин)! Сега, освестени од папагалите, со потпис, потврдивме дека, како народ, навистина сме – измислени! Друго објаснување за нашите капитулантски политики – нема.
Тоа се случи во 2018, во Нивици, кога како кукавичини јајца ни подметнаа договор којшто ги отфрли сите дотогашни недоразбирања околу нашето потекло. Место некаков квази народ, измислен од некој државник и комунистичка интернационала, направивме историски исчекор - се согласивме дека сме навистина непостоечки, зомби народ, ама со звучно име - Северномакедонци. Името е навистина бесмислено и се сведува на ништо, бидејќи нема други народи со слични предзнаци (Јужномакедонци...), па да има некаква логика, арно ама, гордо звЕчи. Тоа е додатен доказ дека сме привремен народ и, токму затоа, неизбежната бугаризација е наша единствена иднина и наш спас. Тоа беа погубни чекори на нашите политички идиоти коишто, ако има правда, еден ден ќе мора да скапуваат во темни зандани!
Освен на нашата неограничена глупост, заслугата за таа наша „прекрасна“ трансформација, од нешто во ништо, недвосмислено им припаѓа и на бројните и видни европски и прекуморски папагали. Тоа мора да се признае. Се однесуваа крајно пријателски и нагласено добронамерно, бидејќи во прашање беа нивни важни интереси. Нас, пак, не нѐ есапеа за ништо. Затоа и можеа да нѐ преведат жедни преку вода.

Едногласно, ама нежно, ни гракаа – потпишете го договорот, потпишете го договорот... Променете го името, променете го името... А нашите „лидери“ веќе долго чекаа во Нивици, и немаше причина да не ги послушаат. Нормално, нашите странски „пријатели“ не спомнуваа дека со тоа се бришат Македонците како народ, а за „нашите“ политичари тоа не беше важно. Впрочем, во такви, ретки, историски прилики, ситниците никогаш не биле важни.

Кој вели дека историјата не се повторува? Особено за среќни народи, како македонскиот, со кого секој си игра како што сака. Прво те прекрстуваат, потоа, на ист начин, сакаат да те бугаризираат... Сè разбира, тоа е според политиките на неговите предавници, коишто за ништо не ги бива, освен за криминал и непотребни капитулации.

Катастрофалниот договор со Софија, не ги постигна првичните зацртани цели (објаснувачки меморандум) и сè се сведе на промена на Уставот. Тоа, пак, воопшто не беше спомнато како обврска во договорот. И, за наша невидена среќа, повторно се појавија нашите „пријатели“ - папагалите.

Тие набргу научија нова реченица – променете го уставот, променете го уставот... И, навалија за да нè докусурат. А „нашите“ политичари, како неписмени чираци, како и пред тоа, правеа сè за да им се допаднат. Сакаа да потврдат дека ние немаме никакво достоинство пред странците.

Не ги наведовме по име нашите први драги папагали.

Ги имаше доста – германска канцеларка, британска премиерка, видеопорака од француски претседател, американски политички величини... Но, било и поминало. Штетите и последиците, коишто се можеби и фатални за македонскиот народ, си остануваат - наши. По Софија, папагалите повторно нè навјасаа, што е потврда, дури и доказ, дека ја засакале Македонија и редовно ќе ни доаѓаат. Додека не нè сотрат, де.

Овој пат, први дојдоа од Унијата - високиот претставник за надворешна и безбедносна политика Борел, со Вархеи. Папагали, пардон, личности – од прва класа. Главната порака беше – „Не е реално да очекувате дека ќе се создаде можност за повторно

отворање и преговарање за Преговарачката рамка. Тоа е најдобра зделка којашто можете да ја добиете“. Следуваше – „земјата треба да продолжи да оди напред, а тоа значи и да ги подобри односите со соседите и да создаде услови за усвојување на уставните измени“. Нè потсети дека – „Македонија се обврза дека ќе го промени својот Устав и во него ќе ги вклучи граѓаните... кои се дел од други народи, како што се Бугарите“. За да нè утеши, пак, ја спомна Хрватска – „каде (демек, во Уставот) има најмалку 22 заедници што живеат во државата“. Борел потенцираше дека – „сега е време политичките партии да покажат одговорност“, и „земјата да ги подобри односите со соседите“!? Нагласи – „вашиот идентитет не е загрозен со пристапувањето во ЕУ“.
Ако навистина „нашиот идентитет не е загрозен со пристапувањето во ЕУ“ - зошто, и како му паднало на памет да го спомнува? Од каде таква идеја? За такво нешто не се разговара во ЕУ! Тоа е, значи, тема на маса за која се разговара, а Борел само нè залажува, за да не се плашиме. Кој си ја има мувата на капата... А, како да ги подобриме односите со соседите? Можно ли е да не му е јасно дека ние за нив не постоиме како народ? И, што да правиме? Преку Уставот, да се бугаризираме?
Преговарачката рамка, пак, која ни ја стокми ЕУ на крајно безобразен начин е - тежок срам за Унијата. Каде е Копенхаген? Зошто бугарските мизерии, историски синдроми и вековни фрустрации се во рамката? И нив во Брисел, други ги тераат да го прават тоа ама, сепак, мора да има граници.
Македонија не се обврза доброволно да го менува Уставот. Тоа ѝ беше наметнато на свиреп начин, како да сме во 19 век. Бевме силувани. За нас, тоа не е обврска, туку уцена!
Каков жалосен парадокс. Недоличен за ЕУ. Споредбата, пак, со Хрватска е надвор од умот. Нема ништо слично, камоли заедничко. Сега се апелира и на одговорност на партиите, а кога си играа мајтап со „нашите“ недоветни претставници и ги присилија на промена на Уставот, тогаш опозицијата не им требаше. Нормално, најдоа аматери и се изживуваа со нив.
Другите не им требеа. Срамота, Борел.

Втора папагалка беше германската МНР Аналена Бербок. Нејзината главна порака беше – „сменете го Уставот и ЕУ нема да ве остави на цедило“. Во право беше дека сме на цедило, ама барем да ветеше дека Германија ќе ни помогне, а не ЕУ. Таа нема никаков мандат од Брисел! Пораката беше ѝ двосмислена. Сакаше ли да каже – нема да нѐ остават на цедило, туку ќе нѐ исцедат до крај? Знаеме - тоа не ни гине!
Бербок, меѓутоа, покажа дури и некое „разбирање“ за нас. Тврдеше – „Уставот не е нешто што се менува постојано, туку тоа се важни чекори и можам да разберам кога се дебатира за тоа, особено кога станува збор за сопствениот идентитет и за сопствената историја, јазик...“. Голема благодарност! Значи, сепак, се работи за нашиот идентитет! Тоа ние одамна го тврдиме. Сакаше ли да нѐ утеши? Бербок спомна и – „Македонки и Македонци“, термини коишто другите западни политичари главно ги избегнуваат.
Намерата е јасна - да ни замачка очи, како и Бундестагот.
Еве ви признание кои сте, што сакате повеќе? А тоа, нема никакво формално значење. За нас, досега, Германија нема ништо направено, иако секогаш имаше реална моќ да помогне. Нема информации и за некаква нивна финансиска помош? За разлика од другите.
А, нивниот МНР Геншер, во декември 1991, избрзано ги призна Словенија и Хрватска за да го минира извештајот на „Бадентеровата комисија“, која за признавање ги предлагаше Словенија и Македонија. За нас, тоа беше нож во срце, којшто остави огромен германски долг кон Македонија.
Следен папагал беше австрискиот претседател Ван дер Белен. Тој, пак, со цел памет, ни советуваше – „останете на европскиот пат, не ги драматизирајте уставните измени“!?
Лично се надевал дека промената брзо ќе се случи! Белен, така го викале, не се обидуваше да ја скрие својата папагалска улога. Очигледно пред пензија, најдисциплинирано си ја вршеше улогата. На папагал. Така, во Собранието апелираше до сите да ја продадат државата. За тоа е платен.
Паралелно, амбасадорот на ЕУ Гир продолжува да игра нагласена улога на папагал во однос на потребата да се промени Уставот.

Повторува – „тие промени нема да бидат драматични“. Од каде го знае тоа, не е јасно. Тој е пратен да ги брани интересите на Унијата. Мора да се признае дека е единствен што има право да го прави тоа! Ако сакаме во ЕУ!
И словенечкиот премиер Голоб ни порача дека – „процесот (со уставните измени) треба да биде завршен што побрзо...“.
Премиерот на Хрватска Пленковиќ беше доста внимателен и индиректен и само ни предочи што носи Унијата за членките.
Ова е само почеток. Сезоната на папагали само што започна и ќе ги има многу. Нивно е да изигруваат кловнови, а наше е да си ги браниме интересите и да не дозволиме промена на Уставот. Тоа би бил бесмислен и самоубиствен чин.
За среќа, сè му е јасно на народот. Виде дека во земјава се најави нова бугарска партија која веќе нуди вработувања во државната администрација..., дури и пратеник и министер...
Сето тоа, нели, ќе следува ако влезат во Уставот. Зад сето тоа стои бугарската држава. Било директно, било индиректно.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОМПАС

(февруари, 2022)

Сите држави преговараат и се договараат за тековни прашања и за идна соработка. Македонија, меѓутоа, (не само што) е присилена преку преговори да врши ревизија на сопствената историја, а треба да прифати, и корекции и дефиниции, и на историите на соседите, правејќи незамисливи национални отстапки на своја штета. Во никој случај и под никакви услови не смеевме да потпишеме договор за заедничка историја со источниот сосед, и со него да преговараме за нашиот јазик. Уште пострашно беше што со јужниот сосед извршиме хируршки зафат врз сопствениот национален идентитет. За неверување, нели?
Врвот на трагедијата во која се доведени државата и народот е фактот што прифативме дека не сме Македонци!
За која било држава, не може да се замисли по понижувачка и по срамна позиција од оваа. На таква улога се присилени само држави агресори, декласирани во војна. Третманот, којшто ние самите го дозволуваме, Македонија во никој случај не го заслужува.
Странскиот фактор, којшто веднаш по распадот на Југославија започна да спроведува сценарио за разнебитувањето на Македонците, си го тера своето, ама ние самите сме реализатори на нивните планови.
Проблем со Бугарија се нивните историски синдроми, симболизирани во нивната санстефанска фантазмагорија за голема држава, коишто се сведуваат на непризнавање на Македонците како посебен народ. Со договорот за (не) пријателство (2017), Софија направи огромен исчекор во бришењето на Македонците. Срамно им беше прифатено дека – а) имаме заедничка историја, која може да биде само бугарска; б) нема Македонци во Бугарија, а ако ги нема нив, тоа потврдува дека такви нема никаде; и в) македонскиот јазик не е автохтон туку е според Уставот, што е крунски доказ дека е дијалект на бугарскиот.
Софија беше презадоволна со својот историски успех и мислеше дека е на прав пат. Следуваа, меѓутоа, Нивици, каде што

Македонија целосно капитулира. Се откажа и од националниот идентитет и од сè македонско во државата.
Промената на името, неизбежно го прави народот - северномакедонски, што значи измислен...
Тоа беше удар и за Софија, којашто сфати дека нивниот договор за (не)пријателство е играчка во споредба со поразителните отстапки направени на Грција. Им стана јасно дека во Скопје седат политичари коишто се спремни да жртвуваат сè национално под опсесија да ги започнат преговорите со ЕУ. Видоа дека имаат историска шанса за своите вековни аспирации кон Македонците и започнаа да поставуваат нови услови, сите надвор од умот.
Во Македонија, не се сфаќа дека, без оглед кој е на власт во Софија, барем 95 проценти од нивните политики кон Македонија се вековни и остануваат непроменети. Тоа важи и за новиот премиер Петков, којшто успеа да нè залаже со некакви нови комисии, без да ја менува целта. Поминаа месец, два, имаше многу настани меѓу двете земји, посети ваму, посети таму, разни комисии, авионска врска... и, кој е заклучокот? Сè што се случи, без исклучок, беше во интерес на Бугарија. Со своите маневри Петков го неутрализира притисокот на кој беа изложени во Брисел, заради блокадата, а ние не добивме апсолутно ништо.
Во интервју на Би-би-си, Петков рекол дека со Ковачевски се договорил – „Бугарите треба да имаат легални права кои ги имаат сите Македонци...“, што значи внесување во Уставот. Не е јасно врз основа на каков мандат му е ветено тоа. Испративме нота во ООН за кусото име, што беше едно од нивните понижувачки барања. Тоа се големи победи на Петков. Додека Софија продолжува со агресија и нецивилизациска политика, величајќи го Делчев како голем бугарски револуционер, ние им се додворуваме, и никој не смее да спомне дека Гоце е Македонец!
Впрочем, и Петков јавно стави до знаење дека Македонци во Бугарија нема и дека за нив е тоа затворено прашање, а Македонија ги премолчува пресудите од Стразбург. МНР Генчовска („Слободен печат“ од 4/2/2022), рече дека во преговорите на двете министерства, кои се во тек – „строго ќе го почитува мандатот на Владата и декларацијата на Собранието од 2019, договорот за

добрососедство, а ќе се земе предвид и мислењето на последниот состанок на Советодавниот совет за безбедност“! Според сите тие документи, договор со Бугарија единствено е возможен ако прифатиме дека сме биле „Бугари“ до 1944 или, поточно, дека сме втора нивна држава.
Тоа го потврдува и нивниот ко-претседател на заедничката комисија за историја, Ангел Димитров, којшто рекол – „работата не напредува поради неподготвеноста на нашите колеги да прифатат дека имаме заедничка историја што е започната во средниот век“. Со други зборови, нема согласност дека сме еден народ.
Никого не загрижува фактот што двете министерства преговараат за бугарскиот предлог „4 + 1“, што значи грубо кршење, поточно игнорирање на Резолуцијата на нашето Собрание. Нејзин клучен принцип е – „Преговорите да се водат на рамноправна и принципиелна основа ... без никакво условување од едната или од другата страна“. А, бугарскиот документ „4 + 1“ е едностран ултиматум, со скриени опасни намери. Се заборава дека нивна првична цел беше да потпишеме дека до 1944 сме биле „Бугари“ и, откако тоа не им помина, најважно за нив сега е вклучување на „македонските Бугари“ во Уставот, со јасна намера еден ден сите да бидеме такви! Токму затоа, тие не зборуваат за „Бугари во Македонија“, што е сосема различно.
Според потребите, Софија се престројува во своите ментални девијации, а ние дисциплинирано ги следиме и им се прилагодуваме на монструозните измислици и манипулации, како послушни лакеи! Неверојатно! И, додека Бугари во Македонија нема, или се неколку стотици, никој во земјава не се осмелува ниту да ги спомне Македонците во Бугарија, кои ги има стотици илјади! Тоа е предавство на фундаменталните македонски интереси. Сите разговори со Софија мора да се постават на РЕЦИПРОЧНА ОСНОВА, или да се прекинат, што значи откажување на договорот за (не) пријателство.
На чествувањето, по повод 150 години од раѓањето на Гоце Делчев („Нова Македонија“ од 9/2/2022), претседателот Радев ни кажа сè - „... Само неколку месеци по нејзиното воскреснување во 1878

година (Сан Стефано!), слободна Бугарија била распарчена, а Македонија и Тракија повторно биле поробени. Но, Берлинскиот конгрес не успеа да ја угаси ниту вербата на македонските и тракиските Бугари во нивните сопствени сили да го одбранат своето право на достоинствен живот, ниту надежта за слобода. Затоа што имаше луѓе револуционери како Гоце Делчев“.
По истиот повод, Петков напишал – „Делчев е и составен дел од заедничката историја со Македонија... Тој е еден од личностите кои ги прават горди двата народа“. Ако е историјата заедничка, и ако Гоце бил „бугарски револуционер“, тој можел да се бори само за бугарска Македонија.
Во интервју на радио „Дарик“, на 29/1/2022, Петков ја критикувал претходната уценувачка и ултимативна бугарска политика, ама ја објасни и нивната погубна стратегија кон Македонија - „Не функционира пристапот – прифати сè како јас ти велам. Да се пушти Македонија кон, не значи и во Европа. До членство има 15 години. Во тие 15 години има 27 поглавја да се отворат. Ако направиме процес да се развива историската вистина, да се отстрани дискриминацијата и говорот на омраза и тој процес да има јасен механизам како да се исчистат тие елементи“! Арно ама, кај нас кој да чита.
А МНР Османи прво изјави дека Бугарија нема обврска да ги става Македонците во нивниот Устав! Не им бил соодветен!? Потоа („Слободен печат“, од 7/2/2022), рекол – „ние сме во асиметричен однос со Бугарија. Тие се членка, ние не сме. Ние бараме да влеземе во ЕУ, тие се веќе таму. И не можеме да очекуваме дека овој спор е помеѓу две еднакви страни“!? На човеков, сè му е јасно, ама така му чини.
Ви се верува ли - тој им дава до знаење на душманите дека ние сме хендикепирани инвалиди и немаме избор. Зарем не му е познато дека, според Повелбата (Уставот) на ООН, сите земји во меѓународните односи се меѓу себе рамноправни?
Османи треба да се праша дали прифаќа асиметричност кога е Косово во прашење, кое не е член ниту на ООН? Не дај, Боже. Таму, тој има емоции, овде нема. За него не смее да има асиметрија и меѓу македонското мнозинство и албанското малцинство во

земјава. Човекот очигледно навива и за Бугарија! За Албанија е веќе докажано.
Сосема е јасно дека Македонија сака, и тоа по секоја цена, што поскоро да ги започне преговорите со ЕУ и дека, за таа цел, постои дури спремност да се прифати и дека Гоце Делчев бил Бугарин. Ако се направи таква будалаштина, која изгледа возможна, тоа ќе значи директно признание дека сите сме Бугари.
Во услови кога и надлежниот заменик-премиер за европски прашања (чинам дека се вика Маричиќ?), којшто јавно изјавува дека не знае дали има Македонци во Бугарија, вели дека до членство во Унијата ќе поминат повеќе од 10 години, логични се прашањата - знае ли оваа власт што прави со државата и народот? Или, како може да прифаќаш ултиматуми за нешто што нема да се случи за 10 години? А, ќе бидат потребни најмалку 20 години, ако не и повеќе! Ретко се планира нешто за преку 10 години, бидејќи сè е неизвесно. За таков период се прават проекции коишто никого не обврзуваат. Така мораме и ние да се однесуваме.
Унијата е далечна и речиси, барем за сега, недостижна цел, и наше е да бараме практични решенија, за побрз напредок на земјата и да ги решаваме натрупаните проблеми, коишто само се множат. Тоа значи дека мораме да се концентрираме на реформите коишто живот значат. Народот не смее да се лаже. Ако веќе и од Софија и од Атина ни е јасно ставено до знаење дека во текот на преговорите безмилосно ќе сотрат сè што е македонско, што преостанало, секој мора да се праша – знае ли некој во државава што треба и што мораме да правиме? Дури и ако свесно сакаме да се самоуништиме, овие погрешни политики се надвор од умот.
Во земјава мора да се појави сила која ќе повика на прекин на ова лудило и, со сите средства, да предводи во барање соодветни решенија за иднината и на македонскиот народ и на македонската држава. Додека не е предоцна. Како што сега се одвиваат работите, никогаш нема да стигнеме до Унијата. А ако тоа се случи, тогаш ќе биде без Македонци, што значи дека сите усилби биле – џабе.
Секому веќе мора да му биде јасно - без радикални промени во нашите политики, ќе продолжиме да пропаѓаме прудолу, во бездна без дно и без никакви изгледи за некаков успех.

ПРУГАТА КОН БУГАРИЈА Е ГОЛЕМО ПРОМАШУВАЊЕ

(ноември, 2022)

Пругата кон Бугарија има долга историја, полна со неуспеси. Најактуелна беше на почетокот на 1990-тите години, по распадот на СФРЈ, кога долги години имавме блокирана северна граница, заради санкциите на СБ на ООН врз Србија (СР Југославија), и нелегална грчка блокада на јужната граница, која траеше околу 20 месеци (февруари 1994 – септември 1995).

Пред блокадите, нашите стоки од увоз и извоз одеа главно со железница, преку Србија и пристаништето во Солун. Со оглед дека нашите железнички врски се само на правецот север – југ, блокадите на овие граници значеа прекинување на нашата главна трговска комуникациска врска со светот.

Македонија се најде во безизлезна ситуација. Според Википедија, само од грчката блокада, штетите за Македонија достигнале две милијарди долари. Нема пресметка за последиците од северната блокада. Вкупните штети изнесуваат сигурно повеќе од четири милијарди тогашни долари.

Висината на проценетите штети покажува што значеа овие блокади за земјата. Тие штети би биле проблем и за најбогатите држави. Додатни објаснувања не се потребни.

Сериозни последици се чувствуваа најмалку 20 години потоа, а долгорочните негативни рефлексии продолжуваат.

На времето се залагав дека Македонија мора да бара оштета од Грција и компензација од ООН, бидејќи бевме директна жртва на нивната политика на санкции врз Србија.

Атина, на пример, флагрантно го кршеше член 5 од ГАТТ договорот, со кој се регулираше светската трговија, според којшто ниту една земја немаше право да го забрани транзитот на друга земја, која нема излез на море. Никој не реагираше, иако имаше недискутабилна основа. По обичај, во Македонија, никој не се грижи за интересите на земјата, особено кога се работи за сериозни и компликувани проблеми. Впрочем, мислам дека овие компензации, или оштети, не застаруваат и сè уште има можности

нашата земја да ги актуализира и да си ги бара. Полска и Грција, дури сега се сетија да бараат репарации од Германија за Втората светска војна.
Можеме да бидеме сосема сигурни дека голем број од нашите најголеми и најважни стопански капацитети, во добар дел, пропаднаа заради овие блокади на нашите граници. Резултатот беше трагичен – преку 200 илјади работници останаа без работа. Како потврда на тоа имам и лично искуство. Во тој период работев во Лондон и еден ден ми се јави главниот директор на една голема хемиска индустрија.
Беше бесен и скоро викаше – што се замислуваат вашите од фабриката ОХИС со која соработуваме повеќе од 20 години? Не ни ја испорачуваат стоката која редовно ја користиме и се правдаат дека била блокирана границата!? Што мислите вие, нервозно реагираше човекот, ние сме од друга планета па ќе нè лажете? Ми требаше време да го смирам и да му објаснам дека е така за жал и дека Атина, со блокадата на границата, се однесува како да е во 19 век. Му објаснив и дека добро го знам ОХИС, бидејќи пет години сум работел таму.
Како излез, во тој период на блокирани граници, се наметна потребата од пругата кон Бугарија, којашто стана и главен приоритет. Чинам дека веќе имаше некакви проекти и релативно бргу се започна со изградбата. Сега читаме дека тогаш беа непотребно потрошени преку 100 милиони долари. Меѓутоа, веднаш беше јасно и дека, освен нагласениот стратегиски интерес - потребата да имаме диверзифицирани железнички врски, пругата немаше никакво економско оправдување. Бугарските пристаништа на Црно Море се далеку и не можат да бидат конкуренција на Солун, та и на Драч. Кон Бугарија нема доволно ниту стоки, а уште помалку патници, кои би ја оправдале нејзината изградба.
Тоа го кажуваа и нашите експерти, ама го потврди и Германија. Берлин официјално ни понуди 30 милиони марки помош за изградба на пругата кон Бугарија, како стратегиски објект, ама и со услов – Владата да донесе закон со кој ќе се обврзе дека ќе врши рефакција (враќање) на дел од транспортните трошоци за превезената стока, со цел да се стимулира и оправда користење на

оваа пруга. И на нашите експерти и на германските, им беше јасно дека пругата секоја година ќе носи загуби и дека Владата, на тој начин, ќе мора да ги – покрива. Секоја година, Владата ќе фрла додатни големи пари во бурето без дно наречено пруга кон Бугарија, без што - таа нема да може да функционира.
Според пресметките во 1990-тите, чинам, пругата требаше да чини нешто преку 250 милиони долари. Денес, сумата нарасна на преку 600 милиони евра!? Во Македонија досега не е изграден објект којшто би чинел приближно на таа огромна сума. Тоа е мега проект и за најразвиените.
Најблиску беше несреќниот ФЕНИ, со преку 500 милиони долари, којшто се претвори во најголемиот стопански неуспех на државата, во голема мера и заради безумни лични политички пресметки. Можеби не требаше да го градиме ФЕНИ, ама, откако го изградивме, по никоја цена не смееше да се затвора. Времето покажа дека тоа беше непростлива грешка.
И сега, кога сме презадолжени и прашањето е само кога, а не дали ќе банкротираме, оваа наша влада, без грам памет, влегува во таква авантура со која ќе ја докусури државата.
Ќе потрошиме огромни 600 милиони евра, и секоја година ќе фрламе нови милиони во нашето најново фијаско. Покрај тие додатни средства, за да може железницата да функционира, ќе треба да се отплатува и огромниот кредит. Со овој нерентабилен мега проект, не си ставаме трн во здрава нога туку голем клинец. Будалите немаат рогови.
Пругата секако ќе има некакво стратегиски значење, ама инвестицијата, сè заедно, е недомаќински потег.
Истото, апсолутно важи и за пругата кон Албанија. И за времето на Југославија, кога беше актуелно железничкото поврзување со Албанија, имаше две опции – или преку Македонија, или преку Црна Гора. Политичарите, војуваа која од двете републики да ја гради. Победи Подгорица. Лично ми е познато дека Црногорците се каеја после тоа, бидејќи и таа железничка врска беше економски неисплатлива и Црна Гора имаше сериозни проблеми и големи трошоци. Долго време таа и не функционираше.

Неодамна, по констатацијата дека пругата кон Бугарија е непотребен и долгогодишен трошок, еден професор, близок до власта, реагираше дека е тоа интерес на НАТО!? Ако е навистина така, тогаш оваа гарнитура на власт навистина не знае што прави. Дали свесно ја уништуваат Македонија за интересите на САД (НАТО)? Ако алијансата има потреба од пругата, нека ја градат. Ако е ова точно, тогаш не ни гине и изградба и на пругата кон Албанија, којашто е секако интерес на НАТО. Тоа ќе значи нов исчекор кон банкрот на државата, со нови обврски без никаков ќар. Умните не постапуваат така.

Секако дека експертите треба да ја дадат последната процена. Меѓутоа, сосема е логично да се констатира дека Коридорот 8, барем преку Македонија, засега треба да се сведе на изградба на модерен автопат. Во прашање се мали дистанци а железницата е исплатлива само на долги. Црноморските, нема никогаш да бидат главни извозно–увозни пристаништа за Македонија. Предалеку се. Албанските, пак, се преблиску за стоките да се товарат комбинирано, со камиони до воз, па на брод, и обратно. Од Скопје, до пристаништето во Драч, има неполни 300 километри коишто не дозволуваат повеќе претовари. До Софија, пак, има помалку од 250 километри и стоките коишто ги разменуваме е многу полесно и побрзо да се превезуваат камионски до сите тамошни дестинации. За патниците, пак, не се исплатува да патуваат со воз кога со модерен автопат би стигнувале за максимум два и пол часови. Заради близината, не успеа и авионската линија која, од политики причини, беше по втор пат отворена.

При сите овие размисли, да не забораваме и дека македонските железници се целосно нерентабилни. Секоја година генерираат загуби. А ние, се насочуваме кон продлабочување на зијанот, место да бараме трајно решение преку некаква регионална интеграција! Просто неверојатно. Крајно време е надлежните да удрат со главите во ѕидот и добро да размислат што прават. Тие носат и економска одговорност, не само политичка.

Македонија не е доволно богата за да може да се расфрла со економски неоправдани проекти од овој тип. Барем засега, железничко поврзување со Бугарија и Албанија не ни е потребно

бидејќи ем е економски неоправдано, ем е преголем залак. Ако има потреба, нека се гради во некоја подобра иднина.

ШТО САКА ДА НИ КАЖЕ ПЕНДАРОВСКИ?

(август, 2022)

Долгото интервју на Пендаровски во „Фокус“, од 28/7/2022 („Македонците се гледаат преку нишан, националното помирување е невозможно!“), мора да се коментира.
Прво, самиот наслов. Пендаровски вели – „една од првите мои идеи беше да помогнам во тоа таканаречено национално помирување, посебно меѓу Македонците, но тоа е невозможна мисија“! Признава ли тој неуспех? Како претседател, тој нема поважна задача од тоа и, ако е тоа невозможна мисија, барем за него, треба да пушти друг за кого е возможна. Народна мудрост вели дека безизлезни ситуации - нема, туку само лица коишто така се чувствуваат.
Тоа не е, ниту може да биде некаква идеја туку основна задача на претседателот на којашто тој, очигледно, не ѝ е дораснат. Наведува примери, коишто апсолутно ништо не значат, што се обидел да направи, ама неуспешно! Пола од работното време, секој ден, морал на тоа да го посвети. Да се обидува да разработува стратегии, било куси или подолги, за пет, 10 или 20 години, да бара форми за надминување на проблемот, да формира совети, комисии, штабови, да организира дебати, да ангажира странски експерти... Вака е најлесно. Велиш дека нешто не е возможно, и мислиш дека си ја завршил работата.
Второ, околу „француската“ предлог уjдурма. Пендаровски ни открива !државна тајна“ што немало во првата верзија.
Тој веќе самиот кажа дека ние активно сме учествувале во градењето на предлогот, што е апсолутно неспорно, иако диктатот бил бугарски. И сега, најмалку е – нечесно, да нѐ уверува што сѐ немало во првата верзија а, потоа, со нашето славно „ЊЕТ“, се променило. Треба да си многу наивен, па да не ти е јасно дека сето тоа беше мал театар, однапред договорен, со единствена цел да се манипулира македонската јавност.
Најдобар доказ дека е така е фактот што Софија воопшто не реагираше на божемните измени. Тоа само значи дека на маса се

врати вистинскиот, претходно договорен предлог којшто по сите критериуми е катастрофален за Македонија.
Доказ за овој безобразен блеф е фактот што првиот предлог не беше целосно објавен.
Третата работа, којашто Пендаровски не ја разбира или така се прави е - македонскиот јазик. Мора да му биде јасно дека Бугарија немаше никаква можност да го оспори нашиот јазик во преговарачката рамка. Нема таков механизам во Унијата, иако Софија можела да бара што сака.
Со унилатералните изјави коишто се катастрофални за нас, особено нашата, која е дадена од некои со испиени мозоци, Софија го постигна апсолутниот максимум. Тоа ќе нè води во катастрофа: или целосно непризнавање (официјален јазик...), или деформација и фуснота (според Уставот...).
Во точка 3, од „Воведната изјава на ЕУ за отворање на пристапни преговори“, се вели – „Во однос на преводите на aquito правото на македонски (НЕМА ЈАЗИК!), ЕУ ГИ ЗЕМА ПРЕДВИД соодветните едностранн декларации на Бугарија и Македонија за македонскиот јазик“. Не ги НОТИРА, Пендаровски, туку ГИ ЗЕМА ПРЕДВИД. Тоа е сосема различно.
Јасно е што значи тоа, а ако ВАМ не Ви е – проверете. За да не се изненадите, кога тоа ќе дојде на дневен ред. Ние напишавме дека македонскиот јазик е кодифициран во 1945 година. Не споримe дека до 1944 бил – бугарски.
Надвор од умот е тврдењето на Пендаровски – „Не, ние не моравме да дадеме унилатерална изјава затоа што за Европа (освен за Бугарија), македонскиот јазик е факт. Сите знаат и дека со рамката, македонскиот јазик ќе биде официјален јазик на ЕУ“! Ништо од ова не е точно. Без нашата изјава, и тоа ваква каква што е – монструозна и за нас самоубиствена, Бугарија никогаш немаше (ПРИВРЕМЕНО!) да ја повлече блокадата. Да напишевме дека македонскиот јазик со векови е мајчин на Македонците, ветото ќе останеше. Тие бараа капитулација, и Бујар Османи им ја сервираше. Не сам.
Впрочем, Пендаровски, за кого од членките на ЕУ македонскиот јазик е факт? Кој нè поддржа во однос на безумностите на Софија?

Никој! Сите си молчеа како да се отсутни. Зошто ЕУ долго не го потпишуваше договорот за Фронтекс? Заради македонскиот јазик! Двете погубни изјави се измислица на Софија, поддржана од Брисел, не наша.
И, најважното - македонскиот НИКОГАШ НЕМА ДА БИДЕ ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК НА ЕУ! Тоа Вие треба најдобро да го знаете. Мора да Ви биде јасно дека еден далечен ден (засега, повеќе изгледа – НИКОГАШ), кога Македонија, сепак, ќе влезе во ЕУ, тоа мора да биде ратификувано во парламентите на сите членки. Што мислите Вие, Пендаровски, дали бугарското Собрание ќе дозволи наше членство со македонски јазик? Ви тврдам дека тоа нема никогаш да се случи. Освен ако не се роди некој нов Георги Димитров, а изгледите за такво нешто се - никакви. Во Софија, никој друг тоа нема да го дозволи. Ако нема намера да се лаже народот, ова е вистината околу јазикот.
ЕУ апсолутно немаше никаква друга шанса освен да го преведува aquito на македонски, бидејќи (сепак!) ние сме суверена држава, која не смее (претерано!) да се игнорира.
Софија, меѓутоа, како што видовме, на голема врата ја започна процедурата за бришење на македонскиот јазик и останува само прашањето дали целосно ќе успеат, или само ќе го девалвираат. Сè заедно, алот ни е во калот, благодарејќи на катастофалните политики на државата, за коишто голема одговорност има и нејзиниот претседател.
Четврта е споредбата со Албанија. На прашање – „Има ли разлика во нашиот случај и случајот со Албанија? Дали моментално сме во ист стадиум во процесот кон ЕУ?“ - Пендаровски одговора – „Апсолутно сме исти! Распоредот за скрининг...“. Точниот одговор е – апсолутно не сме! Албанија ГИ ЗАПОЧНА ПРЕГОВОРИТЕ, МАКЕДОНИЈА – НЕ! Прикриената вистина е најголема лага. Случајот веќе го објаснивме.
Не треба да го лажеме народот со скринингот. Тој е чиста техника. Албанија веќе нема пречки за преговорите да ги тера до крај, а Македонија има и се чинат - непремостливи. Петтото е во истата насока. Пендаровски јавно изјави дека ја прифаќа „француската“ уjдурма (која е наша – тоа е безумен договор на Ковачевски со

Петков), и покрај јасната уцена и ултиматум дека прво мораме шаката Бугари да ги внесеме во Уставот. Набргу потоа, во интервју за грчки „Етнос“ изјави дека не верува дека ќе успееме да обезбедиме 2/3 за отворање на Уставот. И во ова интервју тој повторува дека – „со оглед на невидената политичка поларизација, јас сум скептичен дека е тоа (отворањето на Уставот) можно“. А, зошто, тогаш, го прифати капитулантскиот „француски“ погром, господин претседател? На тој начин ѝ е нанесена немерлива штета на државата. Нели Ви е тоа јасно? „Француската“ папазјанија е целосно неупотреблива за нас и нè води директно во амбис.
Таа е исклучително корисна за Брисел: место нивна членка да нè блокира и тие да се неефикасни, ОТСЕГА САМИТЕ ЌЕ СЕ БЛОКИРАМЕ, со сите крајно опасни последици, благодарејќи и на Пендаровски. Тоа значи дека земјава води погубни политики за коишто некој ќе мора да носи тешка, и не само историска одговорност.
Шесто, му било посочено - додека Бугарите ги имаат сите права во Македонија, а ќе влезат и во Уставот - Македонците во Бугарија немаат право да регистрираат партија!
Пендаровски дал поразителен одговор – „Ви тврдам дека од позиција на кандидат за членство во ЕУ не можеме да натераме членка да се нафати за тие работи“! Да читаш, и да не веруваш! А, од каде знае човеков дека не можеме? Пробал?
Та, нели ЕУ е демократска креација? Впрочем, еве, нека е и во право, ама ЗОШТО НЕ СЕ ОБИДЕЛЕ? Не можеле, бидејќи нивната политика беше постојано виткање на ’рбетот, подлизурковска и крајно понижувачка, во однос на Софија. Ја изрезилија државава за следните 100 години.
Седмо, и за крај, можеби Русија се обидува, иако на крајно маргинален и незабележлив начин, да има некакво влијание во Македонија ама тоа, во никој случај, не е лошо за нашата земја. Да не забораваме дека Русија е единствената важна земја за која нема дилеми дека ние сме Македонци, дека зборуваме македонски јазик, дека Кирил и Методиј се Македонци и слично. И, додека нашите западни „партнери“ сето тоа ни го негираат, нè прекрстија и сега преку Бугарија се обидуваат дефинитивно да нè сотрат како народ,

ние извонредно играме улога на американски протекторат, ако не и територија.
Додека тие, од Кало, успешно го разнебитуваат македонизмот, ние треба и понатаму храбро да протеруваме руски дипломати и да праќаме оружје на НАТО-вците во Украина. Треба гласно да тропаме против Русија и Кина!
Нели Вашингтон ги прогласи нив за главни душмани? Што има ние да размислуваме? Како поинаку ќе бидеме поголеми католици од папата? Впрочем, секогаш сме биле такви.
Нели, бевме и поголеми Југословени од сите? Тоа се вика да си од карактер.
Има и други теми коишто заслужуваат сериозен коментар, ама да не претераме. Пендаровски, на пример, со сите сили се обидува да нѐ увери дека историјата не е дел од преговорите. Според „Економист“, пак – „францускиот предлог официјално ги увезува историските меѓудржавни спорови во преговарачката рамка на ЕУ. Ако Македонците не се согласат со интерпретациите на бугарската страна, пристапниот процес нема да продолжи“! Јас му верувам на „Економист“. Вие?

БРАВО ЛАМБЕ, ГО ОБЕЛИ ОБРАЗОТ НА СИТЕ МАКЕДОНЦИ!

(јуни, 2022)

Не, јас не подржувам насилство. Огорчен противник сум на сите насилници. Во принцип, го осудувам и самото палење на вратата во Центарот за (не)култура во Битола, ама имам разбирање за тоа и ќе објаснам зошто. Ламбе е веќе притворен, што повторно наликува на политички прогон, што е чест случај кај нас, иако, според правниците, се работи за прекршок а не за кривично дело. Тоа претпоставува дека притвор воопшто не е можен. За споредба, „шарените револуционери“, инаку западни платеници што насилно ја урнаа легитимната власт во Македонија, затоа што не беше спремна да капитулира околу името и идентитетот, ја запалија канцеларијата на нашиот претседател и ги уништуваа фасадите на најубавите згради во Скопје. За тоа никој не беше во притвор а камоли да биде осуден. Само некои, платија парични казни. Ламбе лесно може да биде прогласен и за терорист. Тоа би била нова потврда дека во Македонија, која веќе не е суверена држава, сè е можно!

Во целина, чинот на Ламбе Алабаковски во Битола, беше лекција за сите нас кои сме бедни сеирџии што дозволуваат да ги гази и понижува секој забеган. И така, со години.

И, за што? За датум за преговори, којшто нема да донесе ништо позитивно, барем во блиска иднина! За среќа, има и херои, како Ламбе, кои покажуваат дека не треба сите да се срамиме што сме Македонци. Исклучително важно е што е Ламбе позната личност бидејќи ќе ја обедини цела Македонија. Или, барем, тие што ѝ мислат добро. Да се надеваме, особено помладите. Дека постапката на Ламбе има целосна логика, ќе цитирам двајца светски лидери, од коишто еден е од постарите генерации, а еден скорешен и неспорен.

Американскиот претседател, Томас Џеферсон (1801 – 1805), рекол - „Кога неправдата ќе стане закон, отпорот е обврска“. Германска

канцеларка, Ангела Меркел, исто така е прецизна - „Има моменти кога непослушноста е обврска“.
Не верувам дека Ламбе ги знае овие мудри мисли ама тој ги чувствувал, ги следел и, што е најважно, ги спроведе во пракса. Секоја ти чест, Ламбе, не отсрами сите нас коишто сме недостојни Македонци.
А нашата власт, во име на „правдата“, не презема ништо против провокаторите коишто отвораа фашистички клубови во земјава. Инаку, апси и што треба и, особено - што не треба. Патриотите се прогласуваат за терористи; за влечење за коса се оди четири години во затвор, а за убиство на пешачки премин се добива три години... Без да се спомнуваат многу идентични срамни случаи, а ги има безброј, да спомнеме само уште еден, поважен и општо познат.
Неодамна, една транспортна компанија, под заштита на ДУИ, во автобус, во Бугарија, изгоре десетици недолжни патници. Бргу се покажа дека нејзините автобуси патувале без лиценци. Биле реализирани 133 патувања надвор од земјата, со патници а без никаква дозвола. Одговорен може да биде само директорот којшто бил, чинам, и сопственик.
Ако функционираше државата, тој веднаш ќе беше уапсен.
За негова среќа, министерот за внатрешни имал други, поважни работи. Што се 45 недолжни животи? Сопственикот, пак, свесен за сè, остана некое време во Бугарија, а мораше итно да има наше барање за негово испорачување (екстрадикција). Ништо од сето тоа. До денес, одговорност – нема!
Човекот е на ДУИ, што значи - недопирлив.
За разлика, по демонстрацијата на македонско достоинство од страна на Ламбе, во Битола, министерот не губел време. Заборавил дека стотици подметнати пожари, најчесто на автомобили, се нерасчистени. Арно ама, во случајов, Румен Радев не смее да чека и да се нервира! Кој му е крив на Ламбе, што нема врска со ДУИ? Прво, ако министерот за внатрешни ја имаше правилно сфатено својата функција, тој или Владата, немаше да дозволат шака платеници на Софија да отворат фашистички клуб во Битола. Второ, место да се спречи тешката бугарска провокација против сè

што е македонско, министерот испрати сериозни полициски сили за да се реализира без никаков проблем длабоката навреда на македонскиот народ – отворањето на клубот. Срамно, понижувачко, недостоинствено, бедно...
Трето, и најважно, платените бугарски слуги во клубот мораше да се растурат а некои и апсат. Не Ламбе. Ден по отворањето на „Центарот за култура“, на 17/04/2022, според мкд.мк, тие излегоа со соопштение со кое не се признава уставниот поредок на државата и се бара нејзина бугаризација, со грубо игнорирање на македонскиот народ. Во истото се вели - „Како што Путин го создаде Донбас, така Тито ја создаде Македонија, нашата окупирана татковина“!?
„Се разбира – и дека Бугарите биле фашисти! Но, тоа веќе болно го знаеме од судењата низ кои поминаа илјадници и илјадници македонски патриоти во последните децении под обвинение дека се фашисти затоа што не го криеја своето бугарско достоинство и омраза кон југословенскиот окупатор“. „... Дека стотици македонски Бугари дојдоа да ја видат бугарската делегација и официјално да го отворат клубот кој со гордост го носи името на легендарниот водач на вистинската историска ВМРО – Иван Михајлов, наследникот на Гоце Делчев и Тодор Александров. Но, ништо не успеа да го исплаши мнозинството македонски патриоти, кои дојдоа да покажат дека и покрај манипулациите со пописот, и покрај лажните податоци од него, ние сме многу. И ние не се плашиме“.
„Исто како што за Путин - жртвите во Домбас се фашисти, така и во Македонија бугарскиот идентитет е прогласен за фашизам“. „... СЕ УШТЕ ЖИВИТЕ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКАТА САТРАПИЈА ВО НАШАТА МАКЕДОНИЈА ГО ДЕФИНИРААТ КАКО ФАШИЗАМ НЕИЗБЕЖНОТО ВРАЌАЊЕ НА БУГАРСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО БИТОЛА, ОХРИД, ВЕЛЕС, ШТИП...
ВО СЕТА НАША НАПАТЕНА МАКЕДОНИЈА“. За да заклучат – „Како што Путин ги создаде Доњецката Народна Република и Луганската Народна Република, во окупиран Донбас, така и Тито ја создаде Македонската Народна Република во нашата окупирана татковина“!?

Коментар не е потребен. Ако во оваа држава што било функционира, веднаш ќе беа преземени соодветни мерки. Никој до сега вака не нè исплукал и понижил. И тоа дома. Од кого? Од шака токмаци кои ги штити власта. Соопштението покажува и потврдува дека не се работи за никаков културен центар, туку за непријателски бункер на националните шовинисти на Румен Радев, коишто отворено водат војна за распарчување на Македонија и разнебитување на македонскиот народ. Тоа е бункер полн со експлозив, кој постепено ќе се активира. Тоа е целта поради која е отворен овој иредентистички клуб. Тие ги негираат државата и народот, бараат побугарчување на нашите градови... а ние молчиме!?
Меркел е апсолутно во право - кога државата и нејзините органи не функционираат – „ТОА СЕ 'МОМЕНТИ КОГА НЕПОСЛУШНОСТА Е ОБВРСКА'". Доста со самоуништувачко однесување! БРАВО ЛАМБЕ. ГО ОБЕЛИ ОБРАЗОТ НА СИТЕ МАКЕДОНЦИ. Ако те осудат овие продадени души, осудени ќе бидеме сите Македонци! Отсега, ти си наш херој.

ТЕЖОК ДИПЛОМАТСКИ АМАТЕРИЗАМ

(април, 2021)

Деновиве, читаме дека привремениот вршител н а должноста амбасадор на нашата земја во Софија, бил повикан во МНР за да му врачат протест. Повод била анализа на љубљански Институт во која се прави партал бугарскиот нецивилизациски однос кон Македонија. Нашиот „дипломат“ отишол на состанокот. Каква аматерска грешка! Прво, згрешил што не го поканил и словенечкиот амбасадор да му прави друштво, за да има барем некаква смисла сето тоа.
Нам веќе мора да ни биде сосема јасно дека кога е Македонија во прашање, Софија целосно го изгубила компасот.
Ова е само нова нивна глупост, ама ние излегуваме - смешни.
Што ли бара нашиот дипломат во нивното Министерство за такво прашање? Да објаснува зошто Словенците им одржале одлична лекција? Тоа не е негова работа. Впрочем, со самото прифаќање на повикот за средба на која треба да се прими некаков бесмислен протест, се остава впечаток дека во сето тоа има и наша вина, која треба да се правда или објаснува. Мизерија. На таква средба едноставно не се оди а вака е демонстриран тотален дипломатски аматеризам.
Пред да преземе таков чекор, ако веќе не му било јасно како да постапи, човекот морал да се консултира со надлежните во Скопје. Или, можеби, од нив добил инструкција да оди?!
Многу е веројатно дека оваа наша будалаштина, била максимално медиумски експлоатирана во Бугарија. Нанесена е сериозна штета на угледот на нашата земја со измислената верзија дека зад анализата на словенечкиот институт стои нашата влада. Тоа е последното нешто што таа би го направила.
За време на службувањето во Тирана (1998 – 2002) имаше бројни инциденти на границата меѓу двете земји. Албанија тогаш воопшто не ја обезбедуваше, немаше граничари, и албанските шверцери масовно и секојдневно илегално ја преминуваа. Имаше и смртни случаи бидејќи шверцерите по правило беа наоружани и не се

либеа да пукаат во нашите граничари а овие беа присилени да одговараат на огнот.
Повторно се случи смртен случај и сите албански медиуми распалија против Македонија. Тоа често се случуваше а поводи не им недостасуваа – лесно ги наоѓаа и измислуваа.
Злоупотребуваа и мали ситници така што Македонија многу често беше пожестоко напаѓана дури и од Србија на Милошевиќ, нивниот главен историски душман, а тогаш нагласено, заради војната на Косово.
Може само да се замисли каков одличен повод им беше смртниот случај на границата. Албанската министерка за надворешни работи Арта Даде, веднаш побара средба без да кажат за што се работи. Претпоставувавме за темата ама сепак баравме официјална информација при што ни беше потврдено дека е граничниот инцидент. Во меѓувреме, дознавме дека истото попладне ќе заседава и парламентарната Комисија за надворешна политика и дека главна тема е токму граничниот инцидент. Ја одбив средбата со образложение дека чекам официјални информации што точно се случило, од надлежните органи од Скопје. Откако ќе ги добијам, ќе може да се одржи истата.
Подоцна дознавме дека во закажаното време пред МНР биле камерите на сите албански телевизии и новинарите на другите медиуми за да снимат и објават како бил „испрашен“ македонскиот амбасадор. По времето на предложената средба, Даде заминала во Парламентот за да даде извештај за случајот на спомнатата Комисија. Главен аргумент требало да ѝ биде вложениот протест. Утредента, место клучна вест да биде протестот, со нови напади врз Македонија, во еден од најлијателните весници, преку цела страница имаше наслов – „Никовски и рече – НЕ, на Даде!“
Ова е проста дипломатска техника, ама треба да се знае. Дипломатијата е занает кој долго се учи а дипломатската служба државите ја градат макотрпно и со години. Во неа нема место за партиски војници. До каде е стигната нашата дипломатија, е друго прашање. Многу кажува самиот фактот што во многу држави, вклучувајќи ги и најважните, предолго време немаме амбасадори.

Тоа се случува во период кога, по распадот на Југославија и осамостојувањето, главните проблеми со кои се соочува Македонија се од дипломатски карактер. Токму затоа сме и на ова дереџе.

ИТНА ПОРАКА ЗА ВМРО ДПМНЕ

(јули, 2023)

Во XI век овде поминувале крстоносци коишто, по на лог на папата, оделе на поход во Ерусалим. По 10 века, овој пат по директива на САД/ЕУ, овде доаѓаат уставотворци, коишто сакаат да ја урнисаат Македонија, можеби и без да го знаат тоа, што е и најстрашно. Крстоносците биле обичен народ, ама знаеле дека одат да го ослободат светиот град од Арапите коишто ја освоиле Палестина.

За разлика од крстоносците, овие високи бирократи немаат поим зошто сме уценети да го менуваме Уставот!

Ниту имаат претстава - што е позадината на проблемот. Тие играат улога на - дронови. Прифаќаат да бидат искористени на начин со кој го девалвираат сопственото достоинство.

Трагедијата е што истото се повторува. И нивните претходници играа иста улога за уништување на Македонците, за потоа добар дел од нив да се каат за своите дела и да станат наши пријатели (Робертсон, Фуере...).

Пред пет години, Австриецот Хан (не беше Владички!) нè уверуваше дека или ќе постапиме по диктатите на Унијата, или одиме во изолација. Го послушавме и направивме историска грешка. Истата закана, вчера ни ја повтори виенскиот МНР за нешто сосема ново. Срамно, зарем не? Македонија нема да биде во изолација ама, доколку радикално не ги промени своите капитулантски политики, и понатаму ќе биде предмет за докусурување.

Исто искуство имаме и со германската канцеларка Меркел, и со сегашниот нивни претседател, МНР... Истите убедувања и закани ги верглаа и тогаш и сега, иако за сосема различни работи. Колку ли американски високи политичари ни ги пеат истите песни? И тогаш, за промена на името, и сега, за промена на Уставот. Некое нивно сенаторче дури и отворено ни се заканува! Мизерно, зарем не?

Нормално, тие не даваат пет пари за злочините коишто ни ги прават како на држава и народ. Во прашање се нивните интереси. Наше е да ги потсетуваме и цитираме што тресеа пред пет години и пред тоа, а што сега. Арно ама, ние си молчиме. Крајно време е да тропнеме на маса и да кажеме дека е готово, дека ножот дојде до коска. Ако не постапиме така, по неколку години ќе ни се повторува истиот сегашен и претходен театар, само со нова тема и барања.

Мора да се знае дека сериозните дипломатски разговори се посебна специјалност. Ова е предлог до опозицијата како најлесно да ги истера на чистина новите дронови, коишто неизбежно ќе ни долетуваат. Треба да им ги постават следните три прашања, и да инсистираат на прецизни одговори, по можност со - да или не:

1. Дали вие, во Франција, Германија и Полска (од таму доаѓа министерската тројка), ако некој ваш сосед не ве признава дека сте Полјаци, Французи или Германци, не прифаќа дека зборувате на германски, полски и француски, тврди дека немате сопствена историја..., ако дел од народот од тој ваш сосед живее кај вас – дали ќе го ставите во уставот, дури и да се цел милион?

Бугарија не признава дека ние сме Македонците, тврди дека сме Бугари, дека зборуваме бугарски дијалект, дека историја ни е заедничка, значи бугарска... и, преку ултиматуми и уцени, било директни, било преку ЕУ, се обидува тоа да ни го наметне и нам. Да прифатиме дек сме бугарчиња, а не сме! А, во Македонија, според пописот од пред две години, има 3.504 Бугари. Дали, во такви услови, треба да ставиме Бугари во Уставот?

Никој нормален во светот, нема во својот устав да стави некого којшто не признава дека постои. Затоа е клучно прашањето – која е целта на ултиматумот којшто ни е поставен? Што се сака да се постигне?

Бугарија отворено тврди дека ние сме еден народ во две држави. Што ви кажува тоа? Што мислите – кои им се намерите?

2. Дали вие во Франција, Германија и Полска, ако имате сосед каде со векови живеат стотици илјади Полјаци, Французи и Германци, и тоа без никакви универзални права и се изложени на вистински геноцид, каде не се признаваат дури ниту 14 пресуди на

Европскиот суд за човекови права во корист на вашето малцинство... дали малцинството на тој народ коешто евентуално живее во вашите земји, колку и да е тоа – ќе го ставите во вашите устави?
3. Дали вие во Германија, Полска и Франција ако имате сосед со кого сте потпишале договор за пријателство, добрососедство и соработка, којшто врз основа на договорот, место развивање на односите, ве блокира, уценува и ви поставува ултиматум да морате да го смените уставот - и нивното малцинство коешто е минимално во вашите држави, да го ставите во уставот, ќе го прифатите тој диктат?
Зарем треба да се каже дека тоа е класично мешање во вашите внатрешни работи? Дали ќе прифатите таква агресија, дури да се работи и за сосед со којшто немате никакви други проблеми (што овде не е случај)?
Треба да се инсистира да се одговора по секое прашање.
И, да не се дозволи да верглаат, без ништо да кажат. Во вакви прилики, нормално е искусни политичари и дипломати така да се однесуваат. Со оглед дека се работи за клучно прашање за нас, тоа не смее да им се дозволи. Во таков случај, нашите претставници треба самите јавно да извлекуваат заклучок – дали одговорот на прашањето е да или не. Тоа мора да го нагласат бидејќи одговорите во никој случај не можат да бидат – да. Треба да се извлечат и соодветни заклучоци во наша корист. На пример – значи, се согласуваме дека вие такво нешто не би направиле! Или, добро ве разбирам дека е тоа - недозволиво! Па, нека негираат. Врвна дипломатија е кога разговорот со странци се води на ваков начин. Опозицијата ќе ги матира гостите и нивната мисија на дронови ќе ја направи бесмислена, иако тие секако ќе продолжат да ја користат!

СРАМЕН ИЛИНДЕН

(август, 2023)

Илинден беше наша гордост. Сега е - наше понижување.
Некогаш беше народен празник и сите ги славевме најзначајните датуми од нашата историја - илинденското востание од 1903 година, прогласувањето на современата македонска држава на 2 август 1944 година... Денес, тоа е наше бедно откажување од самите себе.
Слушаш, гледаш и не можеш да веруваш дека целосно се капитулира пред безумната бугарска агресија. Политичарите коишто ја водат државава се навистина доста неуки, ама уште повеќе се нечесни. Пред очи ни го газат достоинството. Го рушат македонизмот, ги разнебитуваат Македонците како народ, и бранат грозоморни туѓи интереси. Сепак, виновни сме сите – затоа што толерираме.
Последните седум години, народни непријатели ја водат Македонија. Ги премолчуваат сите бугарски фантазмагории и шокантни безобразлуци, не реагираат кога нè плукаат и понижуваат, и се прават отсутни. Безмилосно го лажат народот дека членството во ЕУ е решение за сите проблеми, а во Унијата нема да влеземе следните 20, 30... години.
По сè што се случи на овој Илинден, кога Софија ги премина сите граници на толеранција, нема веќе простор за тактизирање и има надеж дека филмот дефинитивно ќе пукне. Затоа запрепастува молкот на претседателот, премиерот и министерот за надворешни работи (кој одамна отворено работи за туѓи интереси). Тоа е само нова и дефинитивна потврда за нивното целосно игнорирање на македонските национални и државни интереси. Народот мора да си ја земе судбината во свои раце. Еве, кусо, што се случуваше во Софија на Илинден 2023.
За прв пат, Илинденско–преображенското востание се одбележа со највисоки воени почести. Додавката – „преображенско“ - е чист бугарски фалсификат, измислен во 1960тите години, со цел да се избрише македонскиот карактер на востанието. Пораките на

претседателот Радев и премиерот Денков, коишто се обратија на свеченоста, кажуваат сѐ и не оставаат простор за дилеми. Радев: „Илинденско-преображенското востание е најмасовниот израз на волјата за слобода на бугарскиот народ“! ... „Гаранцијата за уставна еднаквост (во Македонија, де) ќе ги исполни заветите на Илинденците од 1903 година за еднаквост и правда“!?
Денков: „Бугарската содржина и облик на востанието, но и на целото револуционерно движење во Македонија и Одринско е признато од сите“... „Нашите сонародници во Македонија со живот платија за слободата“... „Неслучајно е што токму Бугарите биле движечката сила во најголемото востание против Османлиската Империја во овие земји“!
Самото чествување, коешто до сега не беше нивна пракса, и особено испратените пораки, недвосмислено претставуваат целосно негирање на македонскиот народ и неговата историја, како никогаш до сега. Отворено ни беше кажано дека сме еден народ во две држави, дека историја ни е заедничка, поточно бугарска... Ова е неспорна потврда дека се работи за трајна бугарска политика. И до сега немаше дилеми околу тоа, ама сега во лице ни ја плескаат нивната „вистина“.
По ова, на секој нормален мора да му биде кристално јасно дека само со бришење на Македонците, Бугарија ќе дозволи наше членство во Унијата. Софија не остава ништо недоречено - Бугари сме до 1944 година а потоа резултат на генетски инженеринг. Тоа е нивниот услов за наш влез во ЕУ.
По повод 120-годишнината од смртта на Гоце Делчев, во мај 2023 година, Радев изјави – „Делчев е неуморен организатор и надалеку познат водач на Бугарите во Македонија и Одринско. Со својата невидена верба ги освои умовите и срцата на Бугарите“... „Ако Република Македонија денес тврди дека ги следи заветите на Делчев, таа ќе најде сила да ги вклучи во својот Устав неговите сонародници, за чија слобода го жртвуваше својот живот“!?
За Илинден, Радев му прати навредлива честитка на Пендаровски којашто овој, ако имаше и грам лично достоинство и ако воопшто држеше до угледот на Македонија, мораше да ја одбие. Во неа, Радев тврди дека Илинден е – „голем и значаен настан од

заедничкото историско и културно минато на Бугарија и Македонија“, и повикува на – „заедничко одбележување на настаните од нашата заедничка историја...“.
По ваква невидена агресивност и отворено игнорирање на сè што е македонско, место од земјава да фрчат жестоки реакции, протести, пораки... и веднаш да се започне процедура за откажување на договорот за (не)пријателство и срамните протоколи – тотален молк!? Просто неверојатно. Место тоа, по Илинден, премиерот на Македонија, во интервју со МИА, настаните во Софија ги нарече – „одредени чекори и провокации“ и дека – „со европски политики и одговорност од двете страни, може да се стигне и до европски односи“!?
Од Марс ли паднал човеков? Знае ли што зборува?
Прво, Радев и тој другиот тотално го негираат постоењето на македонскиот народ. Тоа не се и не можат да бидат „одредени чекори и провокации“! И, второ, иако Софија секојдневно повторува дека нема Македонци, како можеш од таму да очекуваш „европски политики“?! Каква понизна сервилност!
Сосема спротивно на сето тоа што најбезобразно го демонстрираше Бугарија, прославата на 120-годишнината од Илинденско востание и 79-годишнината од АСНОМ, кај нас беше организирана на срамен начин. Политичарите, како да се натпреваруваа кој помалку ќе ја спомне државата Македонија а, ако може, воопшто да не го спомне македонскиот народ.
Како да газеа боси по стакло, максимално водеа сметка да не ги вознемират нашите докажани „пријатели“ – Бугарите, со што било македонско. Тоа беше толку нагласено и навредливо за секој од нас, што навистина мора да загрижува и да повикува на неодложна промена на овие капитулантски и предавнички политики.
Оваа година Илинден изгледаше како да е забранет за граѓаните. Во Крушево некогаш се собираа и по 20 илјади граѓани, додека сега ги имаше стотини. Имало повеќе обезбедување од народ. На официјалната делегација ѝ свиркаа и викаа - уа. На Кале, пак, без народ, немаше ниту кој да им свирка, како што луцидно забележа Џевдет Хајредини.

Во одржаните говори, коишто беа апсолутно несоодветни за настанот, главна поента беше повикот за уставни измени. Безумноста одеше до таму, што тој погубен потег за македонскиот народ беше претставуван дури и како исполнување на завет на Илинденците! Замислете – се согласуваат со Радев дека така било!? Поголема глупост и будалаштина од тоа, тешко може да се замисли. Тешка ментална девијација е ако капитулацијата со промена на Уставот, којашто значи голем исчекор во бришење на македонизмот - ја поврзуваш со Илинден. Тоа е подлегнување на бугарската параноја дека нема Македонци.
Вулгарното илинденско негирање на Македонците во Софија, дефинитивно потврди дека само радикални промени во нашата досегашна надворешна политика можат да нè извадат од ќорсокакот, во којшто се доведовме со нашите досегашни катастрофално погрешни политики. Излез од тунелот, од кој не се гледаат никакви светла, можен е само со итно откажување на договорот за (не)пријателство со Бугарија и двата понижувачки протокола и отворање нова процедура за нашето зачленување во Унијата.
Веќе секому мора да му е јасно дека со сегашната преговарачка рамка, Софија нема никогаш да дозволи македонизмот, поточно македонскиот народ, да стигне до Брисел.
Секому мора да му е кристално јасно дека - Брисел ги одобри и прифати бугарските ставови за македонскиот идентитет (Е. Фуере, „Слободен печат“, 14/7/2023) и дека е можно тоа да се промени само преку уништувањето на коренот, а тоа е договорот за (не)пријателство.
Со овој договор, фигуративно, Македонија како да си купи мали и тесни чевли. Во таква ситуација, има две решенија – или се фрлаат чевлите, или се менуваат. Ние сме на потег.

* * *

На крај, и за оцената на американската амбасадорка, дека се лажни вестите дека е можна промена на преговарачката рамка! Прво, тоа не е нејзина работа. Второ, за тоа не решава Вашингтон. Трето и клучно, новинарот мораше да ја праша – а, како тоа, САД се повлекоа од договорот за климатските промени, којшто во Париз

го потпиша нивниот претседател, заедно со другите светски лидери? Или, зошто се повлекоа од нуклеарниот договор за Иран, потпишан на највисоко ниво? Или, како тоа САД се повлекоа од договорот за Транс–пацифичко партнерство (ТПП) и 11 земји оставија на цедило? Горните примери потврдуваат дека за САД врвните меѓународни договори важат додека им одговараат. Ако е така, како тогаш една преговарачка рамка, којашто е играчка за мали деца во споредба со овие договори, е непроменлива Библија и Македонија не може да се повлече од неа?
Амбасадорке, Вие ширите fake news (лажни вести)!
Во интервјуто, Агелер 100 пати рече „вашата земја“ а ниту еднаш Македонија! И, кој нè негира? Бугарија? Или, зошто со сите сили Агелер запнала да менуваме Устав? За да ни помогне? Сигурно!

МВР ДОБРО РЕАГИРАШЕ!

(февруари, 2023)

Кај нас, власта секогаш се критикува. И кога не е во право, ама и кога е. Така се девалвира сопствената објективност, за што никој не се грижи. Кога власта ќе направи нешто добро, а кај нас тоа е доста ретко, коректно е да ѝ се одаде и признание. Масовни погрешни критики имавме и деновиве, токму за мерките на МВР во однос на бугарската агресија од провокатори, најавени за чествувањето на роденденот на Гоце Делчев, на 4 февруари 2023 година.

Одговорно може да се тврди дека МВР, на најсоодветен начин, спречи сериозен инцидент за којшто ќе јавуваа сите светски медиуми. Воопшто не треба да биде спорно дека Бугарија сакаше, очекуваше, ама и подготвуваше чествувањето на Делчев да биде одбележено со што поголемо насилство.

Се разбира, од наша страна. На максимален начин, планираа настанат да го (зло)употребат против Македонија, и за домашниот пазар, ама и за светот. Тие и не го криеја тоа.

Отворено најавија дека масовно ќе дојдат во Скопје, и целта беше со што повеќе народ да ги игнорираат и предизвикаат Македонците, и да покажат дека Гоце е нивни. Имаше и повик во таа смисла. Нивната фондација „Македонија“ не е приватна иницијатива. Зад неа, секако стои - државата. Не е важно, на кој начин.

По повод годишнините на Гоце, Бугарите никогаш до сега не доаѓале организирано и масовно на неговиот гроб.

Тоа јасно сигнализира значајни промени во нивните приоди против Македонија. Политиката им е 150-годишна, и немаат никаква намера да ја менуваат, додека тактички се прилагодуваат. Цел на нивните подготовки беше, исто како и настаните на границата, што повеќе да нè изрезилат и да му докажат на светот дека ние сме дивјаци, коишто не заслужуваат да влезат во Унијата. Софија е свесна дека членките на Унијата се сè позаситени со нивните фантазмагории коишто ѝ ги прават на Македонија, и затоа се

обидуваат да им докажат дека вината е кај нас. Настаните сврзани со Мара Бунева ја имаа истата задача и добро е што МВР не реагираше, иако тоа може да се смета и како наша неорганизираност и некадарност. Ако се случеше инцидент, Софија ќе ликуваше.
Со отворањето на фашистичките клубови Софија започна нова, максимално агресивна политика во односите со Македонија. Се занесуваат дека со организирање провокации во земјава, ќе им се зголемува бројот на тие што во себе ќе откријат „бугарско чувство“, и така ќе го забрзаат процесот на наше бугаризирање. По пат, се разбира, за тоа и добро ќе плаќаат. Дека е така, директна потврда е случајот со обвинетиот од Охрид, сега национален херој на Бугарија, и примен од бугарскиот национален шовинист и сегашен претседател Румен Радев. Целта беше да се покаже дека се исплатува да се освестиш како „Бугарин“ во Македонија. Радев го претвори тоа во – професија!
Арно ама, народот убаво дефинирал – со сила аир не бива.
Поаѓајќи од таквите нивни намери, замислете што сè можеше да се случи во и околу црквата „Свети Спас“ ако на денот на роденденот на Делчев во Скопје дојдеа и само 150-те најавени и редуцирани провокатори? Првичните нивни намери беа таа бројка да биде многу поголема, ама се намали по посетата на нивниот МВР на Скопје. Станаа свесни дека настанот може да биде ризичен и за интересите на Бугарија.
Врз таа основа нашето МВР мораше да ги планира мерките. Македонија е веќе подолго време соочена со необјавена војна од страна на Бугарија, и сите контакти со нив мора да се прифаќаат со голема резерва. Во секоја прилика мора детално да се анализираат нивните вистински намери. Токму затоа, слободно може да се оцени дека сите потребни мерки за овој настан нашето МВР ги спроведе на високо ниво. Сè беше на начин којшто соодветствува на сериозна држава.
Македонија немаше избор и мораше така да реагира. Бевме ставени пред свршен чин. Бугарската масовна офанзива против Македонија е во полн ек и ние мора(в)ме да се браниме.

На достоинствен начин, МВР ги спречи можните бугарски провокации и, некој одлично констатира - покажавме дека, сепак, не сме село без кучиња.
Воопшто не треба да има дилеми дека новиот нагласен бугарски интерес за чествувањето на Гоце е резултат на многубројните наши досегашни капитулантски постапки кон Софија, коишто се случија во последните неколку години. Со голема сигурност може да се тврди дека и во овој случај, како и до сега, Софија очекуваше, и веројатно беше сигурна, дека пак ќе го свиткаме ‘рбетот, и ќе ги проголтаме кнедлите и понижувањата коишто веќе подолго време ни ги сервираат.
Веројатно затоа беше и нагласената бугарска арогантност.
Добро е што тоа не се повтори. Тоа е нашата реалност, нашиот сегашен ќор–сокак, којшто може да се менува само на долгорочна основа.
Деновиве имавме конкретен тежок предизвик, најавена непријателска агресија, и сè мораше да биде концентрирано во барањето оптимални решенија. Резултатот е повеќе од позитивен. МВР ги спречи најавените бугарски дивеења, а министерот Оливер Спасовски е единствен којшто го осуди и вандалскиот напад врз Културниот центар на Македонците во Благоевград. Никој друг не се огласи. Не реагираше ниту МНР Бујар Османи, а тоа беше негова основна службена должност.
Молчеше, веројатно, бидејќи нема ќар за албанската кауза!
Добра беше и најавата на ВМРО ДПМНЕ дека членовите на нивниот Патриотски институт ќе кампуваат крај гробот на Гоце и нема да дозволат негово сквернавење од бугарските инквизитори. Тоа беше сериозно предупредување за Софија, ама сигурно имаше влијание и за добрата реакција на МВР.
Блокадите, коишто МВР ги направи околу црквата „Свети Спас“, беа секако оправдани и неизбежни. Можеби беа премногу рестриктивни во однос на новинарската фела и тоа може да се земе како грешка, ама сè друго беше потребно. Не заборавајте – во војна сме! Една од неизбежните последици на такви ситуации е и ограничување на движењето, колку и да е тоа непријатно. Од таа гледна точка неколкуте контролни пунктови пред црквата беа

добро решение. Замислете, да дојдеа 150 и повеќе провокатори пред црквата? Тие ќе провоцираа и ќе бараа конфронтација, која ќе беше крајно тешко да се избегне. Потоа, Македонија ќе беше на тапет и во Брисел и секаде. Софија ќе славеше.
Нашите граѓани оправдано се жалеа што не им беше овозможено нормално да му се поклонат на великанот, ама причините за тоа беа во Софија, не во Скопје. Впрочем, тие можат тоа да направат кога сакаат.
Најпаметно беше што бугарските провокатори беа спречени да влезат во земјата. Техниката со која беше тоа спроведено беше врвна, светска. Системите секаде паѓаат, нели? Радува што полицајците на граничните премини беа и пофалени и наградени. Го заслужија тоа.
Пофалба заслужува и фактот што МВР донел одлука за забрана на влез во Македонија на лицата коишто провоцираа среде Скопје, во настанот сврзан со Мара Бунева.
Очигледно е дека на таа листа беа и џамбазот, којшто го срами Европскиот парламент, и бугарскиот пратеник. За да се намали бугарскиот резил сврзан со оваа мерка, по посетата на Скопје нивниот МВР изјави дека лично ги молел нив двајца да не доаѓаат за Гоце. Тој не прецизира, ама речиси е сигурно дека им пренел дека нема да ги пуштат да влезат во Македонија. Тоа можел да му го каже само министерот Спасовски. Браво, ако е така. Ако доаѓаа, тие ќе направеа нов зулум на границата, ама и ќе се посрамотија. Заслугата е повторно на нашето МВР.
За крај, и едно потсетување. Благодарејќи на бугарската инвазија, и ние се свестивме дека должно внимание треба и мора да му посветуваме на Гоце. Да не одиме подалеку, минатата година, иако беше јубилејна – 150-та годишнина од раѓањето, одбележувањето беше скромно и срамно. Наградите „Гоце Делчев“, не се доделени веќе неколку години... Како „космополити“, не сака(в)ме да ги вознемируваме емоциите на нашите „браќа“, Бугарите. Годинава, пак, тие како да нѐ разбудија?
Дај Боже да останеме будни и во периодот којшто следува и да ставиме крај на бугарските малтретирања. Тоа е можно само со откажување на договорот за (не)пријателство и двата протокола.

КОЈ И ЗОШТО ГО ПУШТИ ЗАЕВ НИЗ ВОДА?

(ноември, 2021)

Во темниот македонски тунел. се појави мало светло – премиерот Зоран Заев се повлече! Не заминува доброволно, туку е со индигнација пуштен низ вода. Од неговите странски ментори, за чија сметка им нанесе непроценливи, историски штети на македонскиот народ и на неговата современа држава. На почетокот тој беше дел од погубното решение кое тие ни го наметнуваа, ама потоа, преку Бугарија, стана дел од проблемот. Од голем адут кој, во Нивици и претходно во договорот со Бугарија и со законот за албанскиот јазик, безмилосно нѐ потопи и како народ и како држава, Заев стана пречка за неговите ментори. Без никакво политичко искуство, со длабок провинцијализам во карактерот, и со психологија на ситен трговец, а сѐ со цел да ги задоволи странците, на крајно понижувачки и подол начин во последниве пет години тој го уништуваше вековниот и милениумски македонизам.

Во Нивици тој ем прифати дека ние веќе не сме Македонци за светот, ем се согласи за промени во уставниот поредок на државата што, за живо чудо, и за срам на сите нас, не беше доволно народот да се освести, да ја спречи несреќата и да го тргне од политичката сцена. Сепак, се отвори патот и за неговиот крај. Во Ресен велат – од кол, на кол, ќе се наденеш. Токму тоа му се случи и на Заев. Нема никогаш да ги дознаеме вистинските причини зошто е жртвуван, ама логиката сепак дава доста јасна слика.

Кога требаше да ја заврши својата трагична задача, Заев на крајно аматерски начин ги провоцираше најновите бугарски фантазмагории. Очигледно, сметаше дека, како на Атина, и на Софија треба сѐ да ѝ се жртвува и, така, без Македонци, тој вечно ќе биде лидер и премиер. Бугарите, пак, свесни со кого имаат работа, веднаш го побараа невозможното и се заглавија во безизлезна позиција во која ги повлекоа и сите други заинтересирани. Причината беше Заев, кој бешеспремен да жртвува и народ, и јазик, и историја... а таква шанса Софија не

смееше да пропушти. Потврди за тоа има многу. Пред сè, тоа е неговата срамна изјава дадена за БГНЕС, кога рече дека ние сме еден народ, со ист јазик и историја...
Тука е и интервјуто на бугарската МНР Захариева, за германскиот магазин „The European“ (според мкд.мк од 22/3/2021). Таа рекла – „Заев прифати дека македонскиот идентитет постои од 1944 година“ и дека – „Гоце Делчев и сите илинденци биле македонски Бугари“. Никој не ја демантираше, а таа сигурно има и сведоци.
Сè има свои граници. Македонскиот народ, кој од неразбирливи, неприфатливи, срамни, понижувачки... причини ја голтна кнедлата од Нивици, сепак се освести и сфати дека го водат политичари кои не знаат што прават. Кога започна безобразната агресија на Софија, кај нас следуваше едногласна реакција на јавноста дека тоа што се бара не е само неприфатливо за Македонците туку и навредливо и надвор од умот.
Освен ретки исклучоци, како сиромашкиот Денко Малески и неколку други изроди, општо и масовно беше спротивставувањето и одбраната на македонизмот. Се огласија дури и тие кои пред тоа на премиерот му се пикаа каде што не треба.
Така, на линија на политиката на понатамошно некритично прифаќање на сè што Софија вади од левиот ракав, Заев и МНР Османи останаа речиси сами. Заради тврдоглавоста на Бугарија и спремноста на Заев Македонија да проголта сè што се бара, случајот стана европски и американски проблем. Во безизлезна позиција Заев ги доведе и Брисел, и Вашингтон, нанесувајќи сериозна штета на нивниот углед.
Заев е сега непотребен. Неговата политика се покажа непродуктивна. Тој беше повод Бугарија да не остави никаков простор за разумно решение. Се пресметаа, мислејќи дека сега е моментот да ги реализираат сите свои максимални ама и болни соништа. Во политичка екстаза, во занес на својот најекстремен национален шовинизам, просто измислуваа какви уцени и ултиматуми да ни постават. Со таква неразумна политика, Софија ги доведе сите во губитничка позиција и сега никој не знае каде да го бара излезот?

Длабинска анализа јасно покажува дека, како засегната и оштетена страна, топката е во нашиот двор бидејќи Софија нема да попушти. Прашањето за нив е – сега или никогаш.
Затоа, ние сме на потег. Тие ќе се прилагодуваат а ние, ако сакаме да излеземе од ќор-сокакот и да си ги сочуваме образот и достоинството како народ и држава, мора веднаш да го откажеме договорот за „(не)пријателство“ со Софија. Без тоа, нема прифатливо решение за Македонија, ниту напредување кон ЕУ. Со тоа ќе им помогнеме и на Брисел, и на Вашингтон, иако нивната првична реакција ќе биде жестока.
Победата на Петков и Василев, создаде лажна надеж дека работите во Софија се менуваат. Факт е дека Петков, користеше малку поразличен речник од другите ама, на крајот, на тоа сè и ќе се сведе. Коалицијата ќе има уште три други партии коишто имаат докажано тврди, средновековни погледи на Македонија и Македонците. Со досегашната невидена пропаганда и бугарскиот народ е масовно наострен против Македонија, што ќе биде додатен хендикеп за Петков и неговите. Впрочем, тој и Василев се пулени на старо/новиот претседател Р. Радев, кој ги промовира во политиката, а неговите апсурдни ставови за овие прашања се добро познати.
На еден или на друг начин, тоа ќе го обврзува и Петков.
Може да се очекува да се повтори случајот од Грција кога Ципрас, пред да стане премиер, немаше никаков проблем со името на нашата држава и дека ние сме Македонци.
Тој јавно го говореше тоа. Арно ама, кога дојде на функција мораше да води државна политика која беше сосема различна.
Еден истакнат новинар, по потекло од Егејот, којшто добро ја познава и следи грчката политичка сцена, го знае и јазикот, беше голем оптимист дека Ципрас ќе ги менува работите. Додека ми ги цитираше неговите претходни изјави за Македонија и Македонците, го уверував дека во новите услови тоа - ништо не значи. За жал, бев во право.
Откако ги заврши највалканите работи за странските ментори, Заев си пресуди со погрешната политика кон Бугарија. Заради свои интереси, сите сакаат Македонија што поскоро да ги започне

преговорите за членство во ЕУ, кои ќе траат 20-тина години а можеби и бесконечно, ама Бугарија кочи. И Софија ги сака, ама сега се обидува да стекне привилегирана позиција во тој процес, за да си ги олесни следните чекори за дефинитивно бришење на Македонците.

Додека Заев и неговите безмилосно го лажеа народот дека со потпишаните капитулантски договори дефинитивно се решени проблемите со Бугарија и Грција, еве што ни се случува со Софија. Можеме само да замислиме што сè уште нè чека и од Атина. Таа не крие дека има уште отворени проблеми и дека „затворањето на прашањата“ ќе го бара во преговорите. Грција, којашто нема ништо спроведено од Нивици и од тоа минимално што мораше да го направи, еве, веќе ни се заканува. А при посетата на Атина, Пендаровски се „заколнал“ дека – „ќе го исполниме договорот до последна буква“. Посетата ја оценил како „историска“ ама, изгледа, не забележал дека грчката претседателка не ја прифатила поканата за возвратна посета, што е во најмала рака - навредливо. Постоела само – „начелно изразена волја и желба“! На македонските понижувања им немаат крај.

ЗА КОГО НАВИВА БУЈАР ОСМАНИ?

(февруари, 2021)

Прашањето е премногу сериозно и, можеби, поточно би било – за кого работи МНР Османи? До таму се дојдени работите. Деновиве, тој беше во посети на Белгија и Луксембург и во разговор со МИА (по Нивици, не е веќе македонска.

Прекрстена е во медиумска, заради зајакнување на националниот идентитет на Македонците!), изјавил – „Бугарија не ги спори идентитетските атрибути, туку нивната историска основа“!? И појаснил – „Бугарија го искристализира својот став дека не ги спорат идентитетските атрибути“ туку – „прашањето што го покрена Бугарија се историската основа на тие атрибути“!? (Инфомакс.мк, од 11/2/2021).

Според „Слободен печат“, од 8/2/2021, рекол – „Нема потреба од страв затоа што никој не може да го оспорува македонскиот јазик и идентитет и тоа го разјаснивме со бугарските колеги по серијата средби“!? Просто да не веруваш.

Човеков како да не е од тука. Бугарите јавно ни го оспоруваат јазикот, а ако народ нема историска основа, своја меморија, едноставно - не постои и е измислен. Од Тито, де.

Не е можно на Османи да не му е јасно што зборува и ако е така, заклучокот е само еден – тој лаже. Кого? Македонската јавност која ја подготвува за девалвирање на „идентитетските атрибути“, според неговиот речник. Се разбира, тоа ќе се прави на софистициран начин, по урнек на договорот од Нивици - ќе бришеме сè македонско, заради зајакнување на националниот идентитет! И, замислете, Османи наоколу шета како министер за надворешни работи на Македонија и, место да ги брани нашите интереси, на своите колеги и на другите кои го примаат, значи и во Белгија и во Луксембург, им тврди дека Бугарите не ги оспоруваат македонските „идентитетски атрибути“!? Поголемо оправдување за небулозите на Софија и нивната агресија кон Македонија, не може да се замисли.

А фактите се кристално јасни - бугарската позиција е класично негирање на македонскиот национален идентитет и на македонскиот јазик. Секое поинакво толкување е чиста измама и тешка манипулација. На најеклатантен, најбесрамен, најнедоличен, најдрзок, најнепринципиелен... начин, Бугарија тврди дека сме „Бугари“ а нашиот македонски јазик, кој е основно обележје на народот – бугарски дијалект. Тоа се гледа од вселената, така што и децата го разбираат. Да се тврди дека Бугарија не ги оспорува нашите идентитетски атрибути значи да се работи против интересите на македонскиот народ, а во директна корист на Софија.

Османи треба веднаш да си оди од престижната институција. Бугарската итерпејовштина е толку проста што само некој со поинакви планови може да се прави дека не ја разбира. Само така може да се сфати однесувањето на Османи.

Со своите марифети Софија само потврдува дека ние, како и во последните 150 години, за нив сме македонски Бугари.

Ништо помалку, или повеќе. Нивната стара политика е само спакувана во ново руво, за да направат идиоти некои од нас, а на нивните силни светски поддржувачи да им дадат „аргументи“ дека се во право и покрај будалаштините кои ни ги прават. За тие што тоа не го разбираат, или такви се прават, како Османи, а сè е многу просто, навистина им нема лек и е потребна итна кадровска сиктер операција.

За бугарската позиција, пак, дека од вчера сме Македонци ама до завчера да сме ти биле Бугари, Османи никаде не вели дека е неприфатлива и надвор од умот. Тоа единствено може да се толкува дека тој ја прифаќа, да не кажеме поддржува. Како би реагирал Османи некој да тврди дека неговиот албански народ постои од 1912, иако Тирана со сите сили настојува да докаже дека нивни директни предци биле Илирите, Пеоните или некои уште постари антички народи? Дали за него и тогаш проблемот би бил во некаква „историска основа“ или директно негирање на идентитетот на Албанците? Одговорот е повеќе од јасен. Како што вели народот - сто стапа на туѓ грб не болат.

Во интервјуто за МИА Османи тврди – „треба да се работи на учебниците и 'карактеризации од минатото' кои ги повредуваат чувствата на бугарскиот сосед, како, на пример, употребата на епитетот 'фашистички'". Логично е дека Османи го разбира тоа бидејќи другиот дел од Македонија тогаш беше под фашистичка Голема Албанија. Тој воопшто нема капацитет да се сети на чувствата на македонскиот народ, којшто е вулгарно нападнат и игнориран, камоли да ги спомне. Или, можеби, смета дека ние и не ги разбираме „историските факти"? Недостасува само уште Османи да каже дека нашите татковци и дедовци биле Бугари, и сè да биде комплетно.

Тој дури нагласува – „Конкретната политичка ориентација на една елита од минатото не може да ни ги зароби односите со соседите и, ако е таа навредлива за Бугарија, нема да прифатам нешто што е навредливо за соседите, дури и ако не сум во право"!?

Човеков, навистина забегал. Прво, треба да се праша – а дали нелегалното и насилно отцепување на Косово, е навредливо за Србија? Неспорно е, нели? И, кој би бил неговиот коментар? Тој цело време зборува како да е Бугарин или - албански министер. Просто да не веруваш. Има ли нешто понавредливо од бугарското негирање на Македонците, македонскиот јазик... Зошто тоа, очигледно – Османи го прифаќа, место барем малку да го коментира и критикува?

Османи до крај ги открива своите намери кога вели дека Македонија е – „растоварена од таа дебата" (во ЕУ, околу рамката за преговори со нас).

Невидено! Како може Македонија да биде „растоварена" кога таа дебата ни ја одлучува судбината сврзана со ЕУ? Дали треба да молчиме и да чекаме како ќе ни пресудат, поточно - згазат, или мораме да тргнеме во жестока дипломатска офанзива, како би влијаеле на истата што повеќе, бидејќи сите аргументи се на наша страна? Ние не сме членка ама за поддршка на нашите ставови мораше да се искористи и посетата на Белгија и Луксембург и сите други контакти, на сите нивоа, во комуникациите со ЕУ и членките на Унијата...

Тоа е токму задачата на Османи. По сценарио на МНР, сите врвни личности мораат да преземаат чекори кои ќе влијаат на одлуките на ЕУ, за да излеземе од ќор-сокакот што ни го скрои Софија. Се разбира, доколку не сме спремни да се самоуништиме како народ. Со неговото однесување, Османи посветено работи токму на бришењето на Македонците.
Спорна е улогата на Османи и во работата на историската комисија со Бугарија. Истера двајца од неа, веројатно бидејќи беа со цврст ’рбет, а уфрли еден Албанец којшто нема врска со тематиката. Неговата номинација наликува дури и на некаква дискретна саботажа, иако зборот е претежок.
Асоцијацијата е, меѓутоа, секогаш безмилосна. Ако во тим од седум души еден е неупотреблив, тоа е огромен хендикеп. Како одговорен за комисијата, тој мораше да реагира и на крајно навредливите изјави на шефот и на членови на бугарскиот дел, коишто јавно тврдат дека нема Македонци.
Мораше да бара нивна смена или да ги откаже контактите.
Зошто премолчи? Не треба објаснување!
Сепак, на Османи мораме да му бидеме благодарни што ни откри дека идентитетските прашања со Бугарија се на маса, иако со објаснување дека, демек, за нив не се дискутира („Вечер“ од 13/1/2021). Во секој случај, самиот факт дека се на маса е поразителен и понижувачки за нас. А таму не се заради некаков украс. Тоа значи дека сме се согласиле и прифатиле дека тие се проблем. Тоа е најкрупниот исчекор кон нашиот пораз и е потребна само техника како тоа да се заврши. Апсолутно истото ни се случи и со Грција. Откако со Привремената спогодба (1995) официјално прифативме дека името е проблем беше само прашање на време кога ќе ни го земат. Резолуцијата на СБ немаше таква сила. Османи заслужува признание и што ни објасни зошто со реформите во образованието се брише историјата како посебен предмет.
Според Инфомакс.мк, од 10/1/2021, тој рекол – „Сега ни треба рационален пристап што ја одделува историјата како образовен проблем од историјата како спор за идентитетот“. Ова е и светски

новитет - со историјата не треба да се докажуваат историски вистини, а најмалку со неа треба да се гради нечиј идентитет!
Во интервју за „Радио Слободна Европа“, според „Слободен печат“ од 11/1/2021, Османи бил уште поконкретен – „...Нашите погледи овде се изградени во еден претходен систем... и тие погледи биле и антибугарски и антиалбански и антигрчки... сега влегуваме во друг сојуз, со други држави и во НАТО и во ЕУ... не можеме со истите очила да го гледаме светот... да се отворат ограничувањата... наследени од историјата“. Ако нагласува дека сме биле антибугарски, антиалбански и антигрчки експонирани, тоа може да се разбере само како оправдување за сегашните агресии на овие држави против Македонија и Македонците. Смета ли дека треба да ни враќаат за нанесените зла? Тоа може да биде и повик за да им се извиниме?! За Бујарчо нема дилеми дека ние сме ти биле виновни за проблемите со соседите, и затоа, нормално, мораме да ги исправаме нашите грешки.
Да читаш, да не веруваш. Можел ли Османи, доколку беше албански, грчки, или бугарски министер, да биде повеќе антимакедонски настроен? Многу тешко!
Најдобра илустрација на нашиот однос кон Бугарија даде „Слободен печат“ на својата насловна страница, на 12 февруари 2021 – „тие нè плукаат, ние велиме врне”!

САГА ЗА БУЈАР ОСМАНИ

(Јули, 2022)

МНР Бујар Османи, во бескрупулозната бугарска аг-
ресија врз Македонија и македонскиот народ, често се однесува на неприфатлив начин. Во неговите настапи, не е секогаш јасно на чија страна е – на наша или на агресорот.
И, веднаш да расчистиме – речиси со сигурност може да се тврди дека тој беше намерно поставен на таа функција од странскиот фактор, којшто е наш „стратегиски партнер“, и којшто одамна ја планираше сегашната бугарска епопеја.
Целта беше очигледна - како Албанец, тој полесно ќе ја спроведе капитулацијата на Македонците. Во политиката, а уште повеќе во дипломатијата, нема ништо случајно. Во сета папазјанија – жалосно е и срамно што никој од Албанците не застана на страната на Македонците, коишто се тешка жртва на странските интереси и се наоѓаат пред истребување.
За нив не може да биде никакво оправдување што оваа македонска предавничка власт прифаќа сè што бараат американските империјалисти, најчесто, преку нивниот вазал Европската Унија. Впрочем, тие се и доведени на власт од нив, за да го реализираат најцрното сценарио за разнебитување на Македонците.
Албанскиот народ е правдољубив, како и македонскиот, којшто овие денови е на улица за да ги брани својот идентитет и достоинство, а никаде ги нема Албанците, нашите вековни соседи. Нечовечно е да се калкулира со трагедијата на комшијата, за сопствени политички придобивки.
Но, да се вратиме на Османи. Во моментите кога бугарскиот фашисоиден претседател Радев, сфати дека во Европа не може да поминат нивните будалаштини и небулози дека до 1944 година сме биле Бугари, тој ја смени плочата. Побара права за „Бугарите“ во Македонија, коишто се измислени и фактички ги нема. Тоа беше наша историска шанса да го отвориме на реципрочна основа прашањето на Македонците во Бугарија, коишто немаат никакви права. Нашата реакција мораше да биде – во ред, ќе ги ставиме

3.504 Бугари во нашиот Устав, ама и вие морате истото да го сторите со стотиците илјади Македонци кај вас. Ако се кренеше таква иницијатива, Брисел ќе немаше избор освен да нè поддржи. Унијата никако не ќе можеше да ги игнорира Македонците во Бугарија.

И, што направи Османи? Во клучниот момент, се стави на бугарска страна. Рече дека Софија нема услови да го направи тоа, бидејќи имала поинаков устав?! За таква глупост, не само што се губи функцијата, туку и кривично се одговара - за соработка со непријателот.

И ние, нели, го менувавме Уставот заради Албанците? Зашто тогаш Османи не ни кажа дека не мора да има универзитетско образование на албански, бидејќи не дозволува Уставот? Арно ама, приказната тогаш беше поинаква. Сега, бришењето на Македонците, што крволочно го прави Софија, ширум го отвора просторот за Голема Албанија и Осамни има друга логика. Факт е дека никој од Македонците на власт непобара реципроцитет, за што мора да се одговара, ама никоји не ја оправда Софија. Освен Османи. Неговата изјава, пак,покажува дека тој бескрупулозно ги користи глупостите на Македонците, за екстремните албански национални интереси.

Друго објаснување – нема.

Ќе треба да се утврди и улогата на Османи во договарањето на одвоените изјави на Бугарија и Македонија за македонскиот јазик. Тој постојано нè уверуваше дека за нас е одлично решението кое, чинам, го наметнаа - Германците.

А, практично, ние со тоа само потврдивме дека нашиот јазик бил бугарски до 1944, бидејќи ние сме го кодифицирале во 1945. Тоа мора да е бугарски предлог, промовиран од Османи?

Сите изјави на Османи, речиси без исклучок, покажуваат дека македонските интереси во никој случај не му биле во преден план. Тој дури и не го крие тоа. Главен приоритет му се преговорите со ЕУ, и сè друго не е важно. Македонците, најмалку. Таквиот негов интерес (за ЕУ) тој секако не го криел и во Софија, што нив им давало додатни крилја за нови уцени.

Силен е впечатокот дека Османи ги есапи главно интересите на Албанците. Неодамна тој и ни го потврди тоа кога се закани дека ако не се прифати „францускиот“ предлог, ќе има меѓуетнички проблеми. Нели се чизмите на таван. Тоа беше и своевидна политичка порака дека Албанците нема да се согласат да се одложи разнебитувањето на Македонците преку нивно фрлање во прегратки на Софија!
Ние сме хендикепирани бидејќи Османи има голем маневарски простор, многу повеќе информации, вклучително и доверливи. Тој сигурно изворно знае за американските планови за Балканот, сега посветено реализирани од нивниот вазал – ЕУ. Нема дилеми дека се тие погубни за Македонците.
Тоа му е секако добар ориентир на што да се концентрира.
Мора да му се признае дека тоа го прави многу успешно.
Сепак, Османи не е во никој случај главниот виновник за овие македонски голготи. Пред него се секако премиерот, претседателот на државата и други, ама неговата улога е нагласена. Кој знае што разговарал тој во четири очи со Борисов, Захариева, Радев, Петков, Генчовска... На такви средби се договара сè. Ако и пишувал белешки, што е законска обврска, не значи дека сè е во нив регистрирано, ниту дека напишаното е точно. Особено ако нешто им ветил. Или, ако им открил на што сè е спремна Македонија. Во секој случај, не можат да се замислат подобри услови за нови бугарски агресивни барања и уцени. Кога се знаат националните интереси на Османи, и особено на неговите партиски другари и лидерот, не може ништо да се исклучи. Тоа би значело дека својата одлучувачка битка, Македонците ја водат со отворени карти!
Каков хендикеп!
И, додека земјата останува во сегашните граници, ама како протекторат на западот, целта е - враќање на состојбите и поделбите од Втората светска војна, меѓу Голема Албанија и Голема Бугарија - и двете фашистички творби. Дали ќе има некакви модификации и какви (Групчин), ќе треба да се види. Македонија нема да се руши како држава, бидејќи тоа би значело нова балканска а можеби и поширока војна, враќање на Русија во регионот и други непогодности за Вашингтон и Брисел. Затоа, ќе

се оди на некаква федерализација, формална или не, при што Бугарите ќе го контролираат македонскиот дел а сите Албанци ќе бидат заедно, преку отворените граници.
Тоа е планот а дали ќе успее, во голема мера ќе зависи и од нас. По кој знае кој пат, ние сме повторно на потег.

ДО КОГА БУЈАР ОСМАНИ ЌЕ ЈА СРАМИ МАКЕДОНИЈА?

(јануари, 2023)

Да ви кажува некој како се однесува „нашиов“ министер за надворешни работи Бујар Османи, во никој случај нема да верувате. И, навистина е за неверување. Во Охрид се случила некоја кафеанска тепачка. Софија од настанот прави драма и флагрантно политички го злоупотребува, бидејќи натепаниот наркодилер е од нивниот фашистички клуб. И, иако е наш државјанин, спектакуларно го носат со воен авион на лекување во Бугарија... Османи, пак, без да чека каков било извештај од МВР, оди во Софија за да го посети натепаниот!

За да нема недоразбирања, изјавува дека нему му е доволно што натепаниот и неговата мајка рекле дека инцидентот се случил бидејќи тој се изјаснил за Бугарин! А, што очекувал тој? Дека натепаниот и мајка му ќе кажат дека тоа било наркодилерско недоразбирање? Кај се институциите, Османи, кај е државата?

Во целина, со своето несреќно патување во Софија, Османи им даде основа на бугарите да прават циркус од настанот, што и се случува. Со тоа тој призна и наша вина, и наша омраза. Неговата прес-конференција со МНР Милков и ТВ интервјуто во Софија се нов срам за Македонија, а разменетите ноти околу настанот се само наше ново дно.

Нормално, и нашата амбасадорка во Софија била веднаш викната во нивното МНР заради протест и нема сомневање дека таа отишла, со трчање. Впрочем, ако нејзиниот шеф, министерот, итал во Софија за да им се поклони на бугарските национални шовинисти, што остана за неа? Веќе посочив, од лично искуство, како се постапува во вакви и слични прилики, за што е потребна само здрава логика, иако е важно и основно познавање на дипломатијата.

За разлика, Осамни се однесува како главна задача да му е одбрана на интересите на Бугарија и на Албанија, што е многу пати до сега повторено. Често се прашувате – дали е тој министер на Бугарија, на Албанија, или е некаков медијатор? Сè е јасно ако се знае

изјавата на Никола Димитров дека Османи сака што побргу, и по секоја цена, да се реши проблемот со Бугарија. Тоа е секако и албански интерес, ама не и македонски.
На заедничката прес-конференција на двата министра, по посетата на повредениот, нови понижувања за Македонија.
Додека Османи, како отсутен молчеше, Милков жестоко истакна дека сака да каже: „Не! - на заживувањето на 'црните традиции' кои историски се поврзуваат со Македонија – палење, пукање и насилство врз луѓето“ и додаде – „за такви работи, воопшто нема место во Европа“. Нагласи и дека треба – „... да се стави крај на оваа атмосфера на неказнивост што раѓа ново и ново насилство“! Се разбира, кај нас. Ако си присутен на вакви безобразни плукања врз сопствената земја и не реагираш, значи дека целосно се согласуваш и ја прифаќаш критиката. Премолчување на ваквите навреди е рамно на – предавство и Османи мораше истиот ден да биде сменет. До сега, не се сеќавам дека некој странец поцрно да ни ја изрезилил Македонија.
Во интервјуто на бугарска телевизија, пак, Османи продолжи да се однесува на ист начин и заклучи – „Мора ние да го прекинеме овој циклус на провокации и насилство од двете страни и да ја наметнеме нашата позитивна агенда што двете влади се трудат макотрпно да ја изградат“!? Кои две влади? Зарем е официјална оцена на Македонија дека бугарската влада „макотрпно работи на позитивна агенда со Македонија“? Тоа може да биде само лично мислење, ама крајно погрешно и навредливо за Македонија. Таа оцена може да биде во интерес само на Бугарија. Не на Македонија.
Впрочем, какво е тоа бесмислено ставање на двете страни на исто рамниште? Зарем не ти е јасно, Османи, дека Софија води психолошка и студена војна против Македонија? Дека ние сме жртви на нивна жестока политичка агресија? Ако не знаеш, прашај.
Секој веќе мора да биде апсолутно свесен дека Софија макотрпно и долгорочно работи на дефинитивно разнебитување на Македонците, на нивно бугаризирање и присвојување на Македонија како втора бугарска држава. Дел од неа, де!

Врз основа на тоа, нема никогаш ни да ни дозволат влез во ЕУ, доколку не се откажеме од идентитетот, јазикот... Тоа мора да им биде јасно веќе и на референтите во МНР, камоли на министерот. Тој мора да знае дека Софија не признава македонски народ, јазик...

Во Софија, Османи најави: „следната недела планирам да ги поканам бугарските здруженија на собир, каде што ќе направиме план како бугарската заедница да ја декларира својата припадност, да овозможиме нејзиниот идентитет и културна припадност да се интегрира во општеството“?!

За неверување! Знае ли човекот што зборува? Прво, тоа не е негова работа. Второ, му се меша во работата на Артан Груби што, како на Албанец, не му е баш препорачливо.

Трето и клучно – зошто баш сега „бугарската заедница да ја декларира својата припадност“?! Османи, каде беа до сега Бугарите во Македонија? Си се прашал ли - зошто сега се измислуваат? Или, беа прогонувани, убивани, непризнати..., како што тврдат шовинистите Милков, Радев...? Или, ова е дел од бугаризацијата на Македонците, на која си и ти посветен?

Сериозна грешка направи Османи, и кога порача – „засега нема да го прогласам Џамбаски за персона нон грата“.

И тоа не е негова работа, туку на МВР. Нова грешка направи и кога на бугарската ТВ рече – „ги охрабрувам (Бугарите во Македонија) да отвораат повеќе клубови“!? Дали е тоа македонска или лична политика? Зарем не знае човеков дека според пописот имаме 3.504 Бугари од коишто најмалку 2.000, а веројатно и повеќе, се овде дојденци коишто се тука мажени и женети? И, колку клубови ќе треба да отворат, под патронат на Османи, за да бидат згрижени и нивните деца?

Македонски мизерии, оркестрирани од Османи.

Сепак, во интервјуто Османи се обиде, божем, да биде и балансиран кога, во врска со провокациите за време на чествувањето на Мара Бунева, рече – „секое доаѓање во Македонија со цел навреди кон македонскиот народ, негирање на македонскиот народ, ќе мора сериозно да го адресираме и тоа ќе биде последно доаѓање во Македонија“. Но, внимавајте –

негирањето на Македонците тој го осуди кога ќе ни се случува само во земјава, и во иднина! До сега, и од надвор, значи – можело. Зошто не ги осуди истите негирања, кога ги прават највисоките раководители на Бугарија? Или, тоа го смета за – нормално? Не кажа ниту - зошто среде Скопје се толерираа присвојувањата и навредите околу Бунева?
Гледаме дека во меѓувреме, Милков бил и во Брисел на состанок на Советот на ЕУ, каде што ги информирал колегите министри дека овој - „сериозен инцидент (наркодилерот!) е дел од повеќето слични настани во последните месеци со антибугарски карактер“, како и за - „зголемениот притисок врз бугарското малцинство во Македонија“. Најавил можност и за ново бугарско вето. Зошто молчи Османи?
За случајот во Охрид расправаше бугарското собрание, го информираа и Совет на ЕУ, го повлекоа и го задржаа амбасадорот од Скопје, што е сериозен дипломатски чекор...
А, што преземавме ние? Едно големо НИШТО, освен што Османи го посети наркодилерот во болницата во Софија!
Подоцна разбравме дека таа посета била по иницијатива на американската Амбасада во Скопје! Како и обично.
Сосема спротивно од тоа што го презеде, Османи требаше веднаш да ги извести САД, ЕУ и нејзините членки што се случи во Охрид и како се однесува Софија, со сите расположливи факти. Да им се пренесат детали од настаните сврзани со Бунева, заедно со слики; да се цитираат најновите изјави од Софија, вклучително и таа на Џамбаски... Кога се премолчува сето тоа, во прашање е ново предавство на македонските национални и државни интереси.
Да потсетиме дека Османи, иако тоа воопшто не му личеше како на МНР, одеше по Скопје и проверуваше дали таблите на сите државни институции се двојазични. И, за тоа се фалеше со снимено видео. А мора да му е познато дека на новите простории на бугарскиот информативен центар среде Скопје, има табла на која е изоставен македонскиот јазик?! Негова службена должност е да оди, да провери, и да реагира. Да им наложи на Бугарите или ќе напишат и на македонски јазик, или да си ја тргнат „фирмата“.

На 4 февруари, ако не им се забрани влез на овие докажани национални шовинисти, можен е сериозен инцидент.
Софија ќе направи сè тоа да се случи. Затоа, најдобро би било ако на граница им се забрани влез на провокаторите. Во најмала рака, мора да се проверуваат сите автобуси коишто ќе доаѓаат и да се оневозможи да се носат бугарски знамиња, плакати и други провокативни симболи. Штета е што опозицијата ги релативизираше, а не ги поддржа ставовите на Пендаровски околу забраната, коишто беа одлични.
Настанот од Охрид дефинитивно докажа дека фашистичките клубови во земјава ги формира и финансира бугарската држава, било преку тајните служби, било преку организирани мецени. Единствената цел е да провоцираат и да собираат „факти“ за омразата кон Бугарите и нивното малтретирање, како докази дека тие мора да влезат во Уставот за да се заштитат. Најголем показ за тоа е авионското префрлање во Софија на наркодилерот од Охрид. Приказни за мали деца се информациите дека некаков филантроп стои зад идејата. Впрочем, и ако стои, тоа е во целосна режија на државата.
И за крај – најновата изјава на Османи дека зад бугарските потези во Македонија стои Руската Федерација се само негова нова бесмислица. Ништо друго. Ако Албанците ја сметаат Москва за нивен најголем душман, тоа не важи за Македонците. Таа, во никој случај, нема подиректна врска со настаните во Македонија. Русија не се оденесува непријателски спрема Македонија иако нашето членство во НАТО тие го сметаа за еден вид провокација. И тоа со право, бидејќи ние се построивме со тие што сакаат да ја уништат Русија.
Македонците, веќе 30 години, ги разнебитува „демократскиот Запад“. Ова е само финалето.

СО 2030, ОСМАНИ СИ ИГРА МАЈТАП СО НАРОДОТ!

(јуни, 2023)

„Нашиот“ МНР Б. Османи, постојано ни повторува дека до 2030 година ќе влеземе во ЕУ. И, не само тој. Невозможно е човекот да верува во тоа, бидејќи изворно ги знае работите.
Останува дека – свесно лаже. Власта ништо не испорачува и игра само на картата за членство во Унијата, како единствен опиум за народот. Во прашање се невидени манипулации!
Прво, намерно, како притисок за промена на Уставот, целосно се измислени информациите дека Албанија и Македонија ќе мора да се двојат на патот кон ЕУ. Тоа е веќе завршено. Албанија ги започна и ќе ги тера преговорите.
Македонија, ќе ги започне, откако ќе го смени Уставот. Кога? Никој не знае.
Второ, по скринингот, којшто треба да заврши до крајот на оваа година, преговорите не започнуваат веднаш. И да го смениме Уставот во меѓувреме, на Брисел му се потребни уште неколку други фази за подготовка. На пример, нови патокази врз основа на скринингот. Во Црна Гора и во Србија тие траеја речиси година дена. Дури потоа на ред доаѓаат 32-те поглавја. Во нашиот случај – само ако го смениме Уставот.
Трето, и да го промениме Уставот оваа година, и да ги започнеме преговорите во 2024, и сите земји членки да сакаат итно да нè примат, предводени од Бугарија и Грција (!?), Македонија не може ни теоретски да ги заврши преговорите за пет години (2024 – 2028). Дури, и сите услови да бидат идеални. Толку време ќе ни остане за преговори бидејќи, откако би го потпишале договорот за членство, последните две години (2029 и 2030) се резервирани за земјите членки да го ратификуваат нашиот прием. Ако Османи навистина мисли дека Македонија може за пет години да ги заврши преговорите, и тоа успешно, значи дека или ништо од сето тоа не разбира или, директно и бескрупулозно – нè замајува.
Трето нема.

Четврто, ако Црна Гора преговара од 2012 (11 години) и е, речиси, на почеток од процесот, или Србија, која преговара од јануари 2014 (10 години), е исто така на почеток, МОЖНО ли е Македонија, за пет години, да направи осмо светско чудо? Нема шанси, нели? Добро е познато дека Црна Гора нема никакви надворешни „душмани“, а нашите соседи одвај чекаат да ги започнеме преговорите за да можат до крај да не разнебитат. Да не остане ниту пердув од македонизмот.
Заради Косово, Србија е посебен случај, ама заради апетитите на Софија и Атина, и не само нивните, ние сме екстра специјален случај. Доказ - со голготи сме веќе 30 години.
Петто, еве, веднаш ќе го смениме Уставот и преговорите нека започнат да се одвиваат на брза трака, експресно. Грција ќе ја апстрахираме а Софија нека изигрува дека е отсутна.
Никој нека не кажува до каде сме а ние ќе завршиме едно чудо поглавја на неверојатен и зачудувачки брз начин. И, опа, еве нѐ на 26 поглавје кое се однесува на образованието и културата. Помислуваш, ништо полесно. Завршуваме! Арно ама, одеднаш – бељa.
Еве ти ја Софија! Се разбудила од летаргијата и тропа на маса! Велат: Македонците, коишто неконтролирано шират говор на омраза против Бугарија – се разбојници! Го присвојуваат Гоце Делчев, којшто е чистокрвен Бугарин! Го ставиле во нивната химна и името му го пеат во став мирно; во учебниците, децата ги лажат дека е Македонец; му изградиле бројни споменици; неговото име го носат институции, училишта, улици, мостови... а тој е Бугарин. Сето тоа мора да се промени ако сака Скопје да продолжи со преговорите за прием! Толку, и доволно!
Ова не е никаква хипотеза, туку неизбежна ситуација, со многу слични. Софија нема да го чека 26 поглавје, туку ќе тргне многу порано. Веднаш штом ќе започнеме преговори.
И, што ќе правиме? Достоинствен излез нема да има.
Бујар Османи сигурно не дава ни пет пари за ова. Кога тоа ќе се случи, тој одамна веќе нема да биде МНР, и веќе нема да може да работи за албанската кауза, против македонските интереси. Ама, неговата „заслуга“, што Македонија е доведена во безизлезна

ситуација, ќе остане голема и вечна. Со лаги и измислици, тој и себе, ама и сите нас нè прави забегани.
Шесто, не треба да се заборава дека методологијата за преговори е нова и никој не знае како ќе функционира. Не е проверена во пракса. Таа е донесена за да го намали притисокот за членство, и „чешлањето“ на кандидатите да биде максимално ригорозно. Не, за да го олесни приемот. Според мислења на странски експерти, исполнувањето на условите е отежнато до максимум, а до совршенство се доведени можностите на членките да ги блокираат кандидатите. Се спомнува дека како услов ќе се смета и комплементарното ниво на економски развој, со просеците во Унијата. Ако е така, барем во следните 25 години, никој од Балканот нема ниту да го помириса Брисел.
Седмо, власта и нејзините трабанти, коишто изигруваат недоветност и неразбирливо газат по својот личен интегритет, тврдат работи коишто немаат врска со вистината. Сите тие, предводени од Пендаровски („Државата нема да пропадне ако ги внесеме Бугарите во Уставот“, „Вечер“, од 27/4/2023), нè уверуваат дека промената на Уставот и Бугарите во него е - чиста техничка операција. Не е можно дека не им се јасни и евидентни сите последици коишто ќе следуваат? Сигурно не е во прашање природна глупост, туку прецизни лични интереси.
Осмо, како може да внесуваш некакви измислени Бугари во Уставот, та да ги има и 300 илјади, ако нивната матична држава не признава дека ние постоиме како народ, јазик, историја...? Тоа покажува дека не знаеме што правиме.
Деветто, тврдењата, пак, дека со тоа се потврдувало дека сме два народа е чист идиотизам. Така би било само ако Софија ги стави Македонците во нивниот устав. Не ние Бугарите.
Десетто, промена на устав тешко може да биде техничка операција. Тоа е света категорија за секоја држава и не се допира освен ако се мора. Причините, мора да се прифатливи барем за огромен дел од населението, и во нивна корист.
Овде тоа воопшто не е случај.

Единаесетто, промена на устав под ултиматум и уцена на друга држава, е класична капитулација. Знаат ли што зборуваат Пендаровски и сите други полтрони на власта?
Какви глупости трескаат? Целта не ги оправдува средствата.
Таа само ги одредува.
Дванаесетто, еве, сепак, да се обидеме да им помогнеме на сите тие што при очи ништо не гледаат, а при уши ништо не слушаат, иако сè им е јасно. Неспорен факт е дека со катастрофалниот договор од Нивици - ние се откажавме од македонизмот. Прифативме дека Македонците се од Грција, кај нас ги нема, а ние сме нешто друго, што треба да се дефинира. Барем за светот, иако меѓу себе не ни забранија да се нарекуваме Македонци. Барем додека се живи овие генерации. Каква широкоградост! Нивици е одлична потврда дека сме измислен народ.
Тоа право, прво им беше одземено на нашите во Пирин и во Егејот. Во Грција, ако меѓу себе зборуваа на македонски, завршуваа во затвор! Исто им се случуваше и во Пирин, ако се изјаснуваа како Македонци!
Се откажавме од сите македонски институции. Тоа значи дека прифативме и дека немаме своја држава. Таа веќе не е македонска, и тоа не само според името, туку и по содржина.
Треба ли додатни објаснувања, за ќарот од Нивици?
Тринаесетто, откако ќе ги внесеме непостојните Бугари во Уставот тие, со право, ќе бараат да се формираат и нивни национални институции – театар, фолклорен ансамбл, универзитет, институти... (за историја, јазик...). Во меѓувреме, Софија и нејзините тајкуни, ќе фрлаат големи пари за забрзување на процесот на бугаризација. Праксата е веќе започната – најавија бугарски клубови во секое село! Додека се брише и урнисува сè македонско, тука се Бугарите - за целосна замена.
Како, инаку, најлесно ќе се создаде втора бугарска држава?
Четиринаесетто, гледате ли како нешто може да има долгорочни трагични последици, а за аматери да биде обична техничка операција? Спомнатите примери се само првични.
Во процесот на преговори ќе ги има безброј. Секое неисполнување на „братските“ и „добронамерни“ барања од Софија, и на

прагматичните аспирации и инсистирања на Атина, сите во форма на ултиматуми, уцени, блокади и вета, ќе ги претворат преговорите во бескраен, уништувачки процес.
Бујар Османи веројатно мисли на членство во 2130?

БУЈАР ОСМАНИ ЈА ПОТПИША СОГЛАСНОСТА ЗА МЕНУВАЊЕ НА УСТАВОТ

(ноември, 2023)

На 17 јули 2022 година, во Софија, Бујар Османи го потпиша вториот протокол со Бугарија, којшто во суштината е предавнички. Со него е прифатена и уцената на Софија да го менуваме Уставот, а се дадени и незамисливи концесии, со коишто се доведуваат во прашање фундаментите на македонизмот. За да се прикрие нашата капитулација, и залаже нашиот народ, овој протокол е наречен „француски предлог“.

Тоа е чиста измислица. Османи ги прифати сите бугарски фантазмагории и бесмислици, без никаква компензација од нивна страна. Сепак, мора да се нагласи, во прашање е претходен договор меѓу премиерите Ковачевски и Петков, на којшто секако присуствувал и Османи. Самиот текст на протоколот секако е дело на МНР, а дали е претходно усвоен на Влада, не знаеме. Од другата страна, како претседавачи со ЕУ, Французите беа само носители на жестокиот притисок врз Македонија за да ги прифати бесрамните бугарски уцени. Така, од сега, самите ќе се блокираме на патот кон ЕУ.

Целта беше јасна. Прво, да се избегне понатамошно експонирање на Бугарија како носител на блокадата на Македонија. Второ, да се продлабочат поделбите во земјава.

Трето, да се спречи или барем да се намали притисокот за проширување на ЕУ. Блокадата на Македонија беше срам за Унијата и ја демонстрираше нејзината неефикасност.

Основата на бугарските уцени, пак, беше неразбирлива за мнозинството во ЕУ, иако сите молчеа. Така беше бидејќи ние не се буневме.

Франција и Макрон се најжестоки противници на проширувањето на Унијата и најмногу им одговара кога земјите кандидати самите се дискредитираат (Македонија, со неспремноста да го смени Уставот) или кога некои други членки (Холандија, Данска...) ги блокираат, ама врз принципиелна основа, околу реформите... Така,

со наш понижувачки и парадоксален потег, проблемот со напредувањето на Македонија кон ЕУ, ни го префрлија нам. И, наша главна тема стана – промената на Уставот. Врз таа налудничавост започнаа нови раслојувања во македонското општество и на меѓуетнички план, и со нови длабоки поделби меѓу Македонците.

И двете појави се крајно загрижувачки, ама воопшто не се случајно предизвикани. Тие треба да бидат само нов „доказ“ за Вашингтон (и Брисел) дека државата нема иднина и е крајно време да се рекомпонира. Поточно, да се албано–бугаризира. По својата основачка филозофија, Унијата не е носител на такви политики ама нејзината зависност од САД не ѝ остава простор за сопствени решенија. ЕУ нема, ниту некогаш ќе има, заедничка надворешна и безбедносна политика, и на тој план целосно зависи од САД. Вашингтон е гарант на нивната безбедност, што е сега, по војната во Украина, понагласено од кога било.

Ако внимателно се следат американските политики кон Македонија по распадот на Југославија, сосема е видливо дека крајната цел е дефинитивно затворање на „Македонското прашање“. Доказите за тоа се многубројни и воопшто нема аргументи за нивно релативизирање. Во пракса, тоа значи токму бугаризација на Македонците и од нашата држава создавање на некаков бугарско–албански амалгам, во истите граници. Тие не смеат да се менуваат бидејќи тоа, најмалку, ќе значи нова балканска војна, можеби и многу поширока.

Најлошото во таа опција е враќањето на Русија на Балканот, што е најстрашната мора за САД, коишто се сега целосни господари на регионот. Како што вели народот – стравот го чува лозјето, не чуварот.

И најповршна анализа покажува дека веќе преку 30 години маневарскиот простор на македонизмот е постојано и систематски стеснуван, за да се доведе во безизлезна ситуација. Сега сме токму таму. Иднината на државата, таква каква што сѐ уште е или, барем, така изгледа, е запечатена со катастрофалната преговарачка рамка за членство во ЕУ.

Со неа, Македонија нема никогаш да влезе во Унијата. Тоа е доволен предизвик за длабински и суштински промени на нашето дипломатско однесување, коишто се максимално итни, и не смеат да се одложуваат.
Крајно време е сите релевантни политички фактори во државава да сфатат што ни се случува и, клучно, кои се плановите на главните светски фактори. Тоа е основен предуслов за да се започне со радикални промени во нашата надворешна политика. Тоа е единствен начин да се променат сегашните тенденции, коишто се погубни за Македонците. Најновиот извештај на ЕУ за нашата земја (од ноември, 2023), којшто е полош од сите досегашни, иако и другите не беа многу за фалење, покажа и докажа дека власта го лаже народот. Веќе подолго време, и нагласено по вториот протокол со Бугарија, народот се манипулира само со промена на Уставот, без да се прават какви било реформи. Тоа е само нов доказ дека политичкиот врв во земјава го следи диктатот на странците коишто и ги доведоа на власт, на сметка на фундаменталните интереси на македонскиот народ. Целта е да се покаже дека ваква каква што е – државата е нефункционална.
По изборите во 2024 година, ако новата власт целосно не ги промени досегашните апсолутно погрешни политики, бришењето на македонизмот и дефинитивното затворање на „Македонското прашање“ ќе бидат многу брзо - неизбежни.
Време за губење веќе нема. Мора веднаш да се започне со откажување на договорот за (не)пријателство со Бугарија и двата протокола, како и со ревизија на договорот од Нивици. Македонија нема друг излез. Само на тој начин ќе стане неупотреблива и сегашната, за нас погубна, преговарачка рамка на ЕУ.
Кога е веќе јасно дека се бришат Македонците како народ, сосема е логично што и Албанците во земјава тргнаа во невидена национално–шовинистичка офанзива. Тие веќе не ги кријат плановите за Голема Албанија. Музејот во Сопот е само нова потврда за нивните амбиции коишто се целосно поддржани од Вашингтон. Говорот на Ахмети по тој повод, пак, дека Албанците се господари на Македонија, е нова илустрација на реалноста.

Треба ли да потсетуваме и на други нивни слични манифестации? Дека градоначалникот Касами го дочека премиерот на Косово А. Курти со „Добредојде во Албанија“!
И, никому ништо. А, што треба повеќе? Касами официјално да прогласи дека Тетово е во Албанија? А во Сопот, пред музејот и во него имаше мапа на Голема Албанија, со делови од Македонија, Србија, Црна Гора и Грција. Никој од власта не реагираше додека премиерот - ги поддржа. Изјави – „Картата на 'Голема Албанија' е задоцнета точно 145 години. Таквата карта ги отсликува односите на Балканот и ја има во секоја држава во регионот. Сметам дека она што ние го имаме како општество воопшто не ги прави релевантни таквите мапи“!?
Просто да не веруваш! Каде живее човеков? Тој секако разбира што се случува, ама мора вака да реагира. Сите знаеме зошто. Позицијата во власта му зависи од ДУИ и од Ахмети и, кога тие ги реализираат своите добро осмислени големоалбански потези, тој мора да се прави недоветен. По 2001-та, првите 10-тина години, Али Ахмети внимаваше на секој збор. Сите негови изјави можеше да ги потпише кој било Македонец. Сега, од него блика вистинскиот Али, којшто во 2001-та сакаше да ја разбива Македонија. Денес, ни објаснува дека се премислиле, ама не кажува кога и зошто. Очигледно, место пола, сега ја сакаат цела Македонија. Се премислија бидејќи сите очекувања на нивните спонзори Американците, беа дека Македонија во 2001-та лесно ќе колабира. За нивно големо изненадување, тоа не се случи. Втората опција, пак, Охридскиот рамковен договор, веќе ја имаа подготвено.
Затоа, Ахмети и неговите – „доброволно“ се премислија!
За да се излезе од волшебниот круг, во којшто сме доведени и заради своите глупости и предавнички политики, сериозни промени мораат да се направат и на внатрешнополитички план. Македонците се мнозинство во државава и тие мора да седнат заедно и да се договорат барем за минималните црвени линии, коишто се неопходни за одбрана на македонизмот којшто е сериозно загрозен. Не смее 30-тина пратеници на Албанците од земјава, да ги надгласуваат 90-тина македонски. Основно правило

на демократијата е владеење на мнозинството, се разбира во рамки на меѓународната пракса и универзалните права, и тоа мора да важи и за Македонија.
Следната година (2024) ќе биде по многу што критична за нашата Македонија и сите нејзини граѓани мораат да се покажат достојни на одговорностите коишто ги носат. Изборите се шанса којашто не смее да се пропушти. Ако не се искористи, нова прилика за спас на македонизмот – тешко дека ќе има. Сите мора да гласаме. Здравите опозициски сили мораат да добијат преку 60 пратеници. Без тоа, нема да ни има спас.
Дали ќе продолжиме да се занимаваме со туѓи кукавичини јајца, подметнати со наша помош, зависи исклучиво од нас.

КОГО ЛАЖЕ БУЈАР ОСМАНИ? ЕВРОПСКИ БАШИБОЗУК

(декември, 2023)

Како реакција на изјавата на бугарската колешка, МНР М. Габриел, на 18/12/2023 (Канал 5 вести, Република...), Бујар Османи кажа – „Не е важно дали Бугарија во иднина ќе има нови барања, важно е дека ние создадовме sид кон кои било бугарски барања, а тоа е Преговарачката рамка, А ПРОТОКОЛИТЕ НЕ СЕ ДЕЛ од неа“. Човеков не е со сите. Еве што пишува во член 5 од Преговарачката рамка, со која се согласил Османи - „...посветеноста на Македонија за добрососедски односи и поблиска регионална соработка, вклучително и преку постигнување видливи резултати и спроведување на билатералните договори во добра волја, вклучително и договорот од Преспа со Грција и Договорот за добрососедство со Бугарија од 2017 година, (КАКО И ГОДИШНИТЕ ПРЕГЛЕДИ И МЕРКИ ЗА НЕГОВО ЕФЕКТИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ според член 12)“. На англиски, овој дел гласи – („as well as the BILATERAL PROTOCOLS to implement it“). Дилеми, значи – нема - протоколите се дел од рамката. Подолу ќе видиме и на што сè нè обврзал Османи со вториот протокол.

Дека е така, има уште две потврди: во „Предлог–заклучоци на Советот (на ЕУ)“, и во „Заеднички став на ЕУ“, усвоени заедно со Преговарачката рамка, на првата меѓувладина конференција меѓу Македонија и ЕУ, на 19/7/2023. Заклучокот е идентичен – „Советот го поздравува договорот за ПРОТОКОЛОТ од вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија (меѓу Македонија и Бугарија) формирана според член 12 од овој договор“.

Министерот Османи најдобро знае дека ГОДИШНИТЕ ПРЕГЛЕДИ се токму протоколите, од коишто два се веќе потпишани а, според договорот за (не)пријателство, треба да ги има секоја година. Оваа обврска не се реализира, бидејќи комисијата нема резултати. На таа основа, Софија ќе нè прави партал во текот на преговорите со ЕУ. Прегледите, или

протоколите, како милувате, треба да се однесуваат речиси целосно на резултатите од работата на историската комисија. Поточно, да се реферира за нашите отстапки од сопствената историја. Тоа го бара Софија и само така ќе напредуваме кон Брисел. Сè е јасно, нели?
Чуми вакви лаги и манипулации, Османи?

* * *

Замислете, колку е страшно кога силувачот јавно тврди дека чинот бил заложба на силуваниот! Токму така нас нè третира Унијата. Ем си играат мајтап со нас, ем ние сме виновни.
Во Предлог–заклучоците на Советот (на ЕУ), од 19/7/2022, на првата меѓувладина конференција со Македонија, напишале дека Уставот треба да се менува СПОРЕД НАША ЗАЛОЖБА!
Да, токму така пишува! А, општо е познато дека со блокада, уцена и ултиматум, нè присилија тоа да го сториме! И, „нормално“, сега инсистираат да ја извршиме „сопствената заложба“! Така е кога државата ја водат лица кои немаат поим што е тоа политика, а за дипломатија ниту чуле. Да се согласиш со таква формулација, значи дека не знаеш што правиш. Тоа е ситуацијата во која се наоѓа Македонија денес.
А дома, истите „политичари“ шират измами дека за нивните утки е виновен некој друг. Ја заглавија државата, нè доведоа во тунел без излез, и сега велат дека опозицијата го спречува напредокот на земјата. Дека таа била антиевропска, проруска, националистичка... А, сосема со право, таа не сака, и не прифаќа туѓ диктат, уцена и ултиматум. Не сака бидејќи тоа значи внесување на бугарски „Тројански коњ“ во Уставот, чија цел е да нè разнебитува од внатре. Халуцинираат ли луѓево од власта?
Прифатија дека ќе го менуваат Уставот, што е вон памет, а морале да знаат дека за тоа немаат потребно мнозинство во Собранието! И сега, други, коишто не биле ниту консултирани за овие фантазмагории, треба да ја сносат одговорноста!
Власта се согласила, не опозицијата, во Уставот да стават грст бугарско малцинство (3.504 лица, според пописот), игнорирајќи стотици илјади Македонци во Бугарија. Тие се без никакви универзално признати права, изложени на вековен геноцид и ако

нашите „умници“ тргнеле од основното дипломатско правило – реципроцитетот, ќе решеле и наш клучен проблем.
Софија ни пружи извонредна шанса којашто се пропушти.
Арно ама, тогаш на премиерот не му било јасно дека сме имале десет пенали и празен гол – за џабе!
Впрочем, како можеле да потпишат договор за пријателство со држава која не признава дека ние постоиме како народ, со свој јазик, историја...? Признале и дека некој таков има малцинство кај нас. Кај кого имаат тие малцинство – кај некој што за нив не постои!? Овие чекори се монструозни.
Како ќе пријателствуваш со некој што не те есапи, што те игнорира, што постојано те блокира, уценува... До каде нѐ дотераа овие изроди!
Неспорно е дека вакви погубни чекори, на нашиве „генијалци“ им наметнуваат странците. А „генијалциве“, пак, ако имаа и грам ак’л, ќе ги прашуваа – добро, бе, дали вие би ставиле во вашите устави малцинство на некоја (соседна) држава која вас не ве признава како народ, со свој јазик, историја...? Одговорот е познат, без оглед дали ќе го дале прашаните или ќе го одбегнеле.
Впрочем, требало да прашаат кој било човек на улица – дали би примил на гости, на слава, некој (комшија) кој секој ден го навредува, го плука, кој му го блокира излезот на улица...? Одговорот и тука е јасен. Ако некој го разбере...
Впрочем, треба да се учи и од соседите. Дачиќ, МНР на Србија, на Софија ѝ порачал – нема за вас Срби во Бугарија?
Одлично! Нема ниту Бугари за нас во Србија! Тоа е достоинствена политика.
Страшното е што бројни светски бирократчиња, без оглед на нивото коешто го имаат во нивната хиерархија, свесно нѐ манипулираат дека промената на нашиот Устав е техничко прашање, дека со тоа нема ништо да загубиме... Тие немаат поим што зборуваат ама се платени да нѐ присилат да го исполниме прифатеното. Наша трагедија е, пак, што и „политичарите“ од врвот на земјава – претседател, премиер... исто така тврдат дека промената на Уставот е техничка работа!? Невидена будалаштина.

Ако веќе ништо не им е јасно, нашиве „мудреци“ морале барем да се запрашаат – а зошто ова барање се поставува како ултиматум? Може ли тоа да нема сериозен повод и причина?
И веднаш ќе им било јасно дека тие што не те признаваат а те присвојуваат, и сакаат да влезат во твојот Устав, имаат единствена цел – да се обидат да те освојат - од внатре. Преку твоите институции, најлесно ќе те дотолчат.
Игнорирајќи го нашиот попис, меѓутоа, Софија за „Бугари“ ги смета сите 120 илјади од земјава, според нивни бројки, коишто земале бугарски пасоши. Тоа е чиста манипулација, ама за нив е неспорен факт, иако ниту еден процент од нив не се чувствуваат „Бугари“. Напротив, преку 99 проценти пасошите ги зеле од чисто економски потреби, за да работаат во западните земји. И Софија, и сите други го знаат тоа. Клучно е што тие лица, и ако излажале за бугарски корени, се водат и како Македонци. Имаат и македонски пасоши. А можеш да имаш и пет пасоши ама националноста ти е – една. За сите 120 илјади во случајов – неспорно македонска. Во спротивно, и на пописот ќе се изјаснеле како „Бугари“. Имаше и добро организирано гласање за бугарските избори, и повторно излегоа неколку стотини. Тоа е реалната ситуација.
Сепак, мора да ни биде јасно дека срамните историски синдроми на Бугарија - немаат граници. Тие работат посветено и на долгорочна основа. Воопшто не е случајно што уценуваат за да влезат грст нивни сонародници во нашиот Устав. Тие се нивниот „Тројански коњ“. Во текот на нашите преговори со ЕУ, главниот интерес на Софија ќе биде токму позицијата на носителите на нивни пасоши во земјава.
Калкулациите се крајно опасни. Тие 120 илјади, со пасоши, имаат и други членови на семејствата коишто, нели, мора да се исто така „Бугари“. Иако лично не се изјаснувале. Ако просечно семејство има три члена, еве речиси 400 илјади „бугарчиња“ во државава. Секој четврти, или петти.
Значи, прашањето е најмалку - техничко. Софија максимално ќе ги (зло)употребува нашите преговори со Унијата и само ќе диктира услови врз оваа основа. Ќе бараат гарантирани пратеници, министри (како Србите на Косово), правична застапеност, школи и

универзитети на бугарски јазик, издавачка дејност, стопански комори... Листата нема да има крај, а сето тоа неизбежно ќе следува.
Оваа власт Македонија ја доведе - до дното. Нема веќе место за рутински политики. Ако не сакаме да останеме во тунелот без излез, потребни се радикални промени во надворешната политика. Тоа значи итно откажување на договорот за (не)пријателство со Бугарија, и двата катастрофални протокола. Набргу потоа, доколку сакаме да преживее македонизмот, ќе мора да следува и суштинска ревизија, иако етапна, и на Нивици.

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ НЕМА ДА ИМА УШТЕ МНОГУ ДОЛГО

(октомври, 2021)

Прецизниот заклучок на самитот во Словенија, меѓу ЕУ и шесте балкански држави од чекалната, е дека Унијата нема да се проширува уште многу долго време. Факт е дека Брисел го реафирмира ставот дека иднината на балканските држави е во Унијата, ама очигледно е дека тоа е празна и необврзувачка реторика. Во изјавата, дадена по самитот, Меркел даде и објаснување, коешто го игнорираа нашите медиуми, ама го објави „Дојче веле“ - „засега, пристапувањето не може да започне бидејќи ниту една земја (од балкански шест!) не исполнила ниту еден од условите“! Тоа е, всушност, главниот заклучок на самитот. Брисел нема образ да ни соопшти дека, барем во следните 10, 20 години, нема да има проширување, иако Меркел секогаш дискретно најавуваше дека ќе биде така.

Фразеологија на Брисел, дека – „иднината на (З.) Балкан е во ЕУ“ или дека – „Унијата останува посветена на проширувањето“, апсолутно ништо не значи. Таков е и коментарот на „Ројтерс“ дека, според експертите, декларацијата е – празна.

Тоа е минимумот што мораа да го изверглаат бидејќи на глава ја имаат хипотеката од нивните поранешни изјави и документи во кои на голема врата се ветуваше проширување, коешто се сметаше како главен успех на Унијата. Сега, проширувањето е во – аут.

Главниот дел од првиот пасус од декларацијата гласи - „Унијата останува посветена на проширувањето, НО ТОА ЌЕ БИДЕ ВРЗ ОСНОВА НА СПРОВЕДЕНИТЕ РЕФОРМИ И СО СТРОГА УСЛОВЕНОСТ И СПОРЕД СОПСТВЕНИ ЗАСЛУГИ“.

Клучот на декларацијата, и смртната пресуда за амбициите на шесте балкански држави, е во зборовите „СТРОГА УСЛОВЕНОСТ“! На англиски, тоа е уште позвучно – rigorous conditionality или, на македонски – строга, ригорозна, непопустлива условеност.

За да се разбере тоа, мора да се вратиме на новата методологија за прием, којашто ја наметна Франција пред повеќе од две години. Во неа беше нагласено дека кандидатите за прием ќе се квалификуваат за членство дури откако ќе ги исполнат сите критериуми, коишто ќе мораат да бидат компатибилни и сосема блиски до стандардите на Унијата, вклучувајќи го и нивото на економскиот развој!
Тоа јасно сигнализираше дека проширување веќе нема да има, ама сега истото се наметнува како официјален услов за прием. Ниту една од преостанатите шест балкански земји, теоретски не може да ги постигне тие стандарди за помалку од 20, та дури и 30 години. Особено нивото на економски развој, на што нагласено се инсистира во новата методологија. За овие шест држави, потенцираната „СТРОГА УСЛОВЕНОСТ“ со постигнатите реформи, значи дека уште долги години вратите на Унијата за нив остануваат ширум – затворени. Нема како до сега – Унијата се прави божем ќе ги прими, а Балканците божем спроведуваат реформи. Бугарија и Романија го фатија последниот воз.
Првиот пасус на декларација завршува со уште еден важен заклучок на Брисел, којшто е исто така суштински за проширувањето. Се вели: „Се нагласува важноста на одржувањето и продлабочувањето на развојот на Унијата, со што ќе се осигураат нејзините капацитети за интеграција на нови членки“. Тоа значи дека капацитети за прием, барем засега - нема. Во прашање е додатен услов за кандидатите, веројатно и најтешкиот. Ако тој процес на внатрешни реформи не успее, што е многу веројатно, а којшто ќе трае исклучително долго – тоа ќе значи дека нема да има ниту проширување.
Така, дефинитивно се кине тенката врвка наречена – надеж. Според коментарите на странски експерти, Макрон е тој што главно се залага за таков „развој на Унијата“. Меѓутоа, тие оценуваат дека многу малку други членки го поддржуваат тоа. Дај Боже да е така, иако не изгледа.
Иако Македонија не се спомнува во текстот, ни се упатува јасна порака дека и понатаму ние треба да го виткаме ’рбетот и да капитулираме. Додека нашите политичари и дипломати спијат, или

како забегани шират некаква импотентна и срамна атмосфера на погубни компромиси, Софија успеала и во овој документ да се спомнат и двата договора – од Нивици и со Бугарија, и потребата нашите обврски беспоговорно да ги исполнуваме. Како некакво плашило за Македонија, од декларацијата зрачи ликот на Бугаринот Радев. Тој успеал со неа да ни се држи нова лекција за добрососедство, а ние сме класична жртва токму на фантазмагориите и историските синдроми на нашите соседи. Се разбира, според тоа како нив ги толкуваат токму тие, ама и Вашингтон и Брисел, коишто и ни ги наметнаа на крајно груб начин. Ова се само додатни докази дека зад сите бугарски ароганции спрема Македонија, апсолутно не случајно, цврсто стои и Брисел.

Нашите политичари коишто очигледно не знаат што сакаат, ама тоа го сакаат веднаш, и коишто немилосрдно го лажат народот за членството во ЕУ, мораат да сфатат дека, на Брдо кај Крањ, на Македонија ѝ беше нанесен нов тежок, дури и катастрофален пораз. Ни беше потврдено дека предавничкото жртвување на името на државата и идентитетот на народот било за џабе, дека тоа е завршена работа којашто никого не обврзува и дека сме сега на почеток од нашиот пат кон Унијата. Во иднина, ќе се ценат само нашите реформи коишто воопшто ги нема.

Средбата на Макрон и Меркел со Заев и Радев, барем според тоа што ѝ е познато на јавноста, заврши со триумф на Радев, кој по неа излезе со нови ултиматуми кон Македонија. Овие настани потврдија дека невидени аматери ја водат државава. Ако веќе не знаат доволно за дипломатија и политика, треба барем да земат странски експерти за да им помогнат и да ги водат. Тоа воопшто не е срамота. Со таква странска помош, нè докрајчија и Албанците со војната во 2001, и со ОРД, Грците во Нивици, Бугарите со договорот за „пријателство“... На сите им требаа странски експерти и затоа успеваа да нè дотолчат, додека нашите „мудреци“ знаеја сè и затоа „успеаја“ да нè урнисаат и како народ и како држава.

Сето ова, меѓутоа, не е крај на бугарските будалаштини.

Додека, пред ЕУ и пред светот, Радев гласно тврди дека Бугарите во Македонија се изложени на асимилација и бара тие да влезат во

Уставот на земјата, нашите помирливо молчат и понизно се прилагодуваат! Кога се знае дека Бугарија со години врши класичен геноцид врз Македонците кај нив, кои се автохтони и ги има во милиони (според потеклото), поголем апсурд не може ниту да се замисли отколку Софија нас да нè обвинува дека сме асимилирале Бугари, какви што воопшто нема! Впрочем, тоа ќе го потврди и новиот попис којшто е инаку, по многу што – нерегуларен. Да ја доведеш сопствената држава во ваква ситуација - со твоите неспорни аргументи да те удираат други по глава, може да наликува само на природна катастрофа. Ништо помалку од тоа. Ако политичарите и дипломатите дозволат и толерираат на меѓународната сцена да се случува нешто што е надвор од умот, и на штета на сопствената држава, тоа може само да значи дека со сите нив нешто многу сериозно не е во ред.
Трагедијата да биде целосна, МНР Османи изјавува, а премиерот Заев се согласува, дека Македонија нема да бара реципроцитет и Македонците да влезат во бугарскиот Устав бидејќи се обврзала да не се меша во нивните внатрешни работи! Арно ама, дали ова небулозно барање на Радев и Бугарија не е нивно класично мешање во нашите внатрешни работи? Неоспорно дека е. Изгледа дека за нашиве „мудреци“ е нормално другите да ни кажуваат што треба ние да работиме, а ние да се правиме недоветни и да извршуваме.
Впрочем, протекторат сме, или што сме? Што е важно што тие биле фашисти во Втората светска војна? Тоа е завршена работа. Ќе ги избришеме сите траги за тоа. Што убија, убија, а нивните жртви не е можно да се оживеат.
И, за да не се губи време, без никакви консултации, Османи и Заев веднаш ветија дека измислените и непостоечки Бугари во државава ќе ги ставиме во Уставот. Бугарија, пак, не морала да го стори истото и со Македонците кај нив, иако се тие таму со векови и се староседелци!? Според Османи, Софија не морала бидејќи имале системски проблеми!?
Замислете, тој бара оправдување за бугарскиот национален шовинизам кон Македонија и Македонците!? Невидено, можеш само да се чудиш и да се крстиш.

Зарем овие наши политичари не знаат дека основно и клучно правило во меѓународните односи е - реципроцитетот? Ако Софија сака стотина Бугари да внесеме во нашиот Устав, ако имаме грам памет во главата, мораме тоа да го условиме со истиот третман на Македонците кај нив, коишто се многу поброjни отколку Бугарите во Македонија.
Впрочем, ако имавме и минимум достоинство, ние моравме да инсистираме на правата на Македонците во Бугарија, и без бугарските безумни барања. А нивна работа е, а не на Османи, дали тие имаат проблеми како да го реализираат тоа. Се разбира, доколку тој не е нивни адвокат или има некаква слична задача, од кого било. Во даденuов случај, ако не инсистираме на реципроцитет, а мораме, веднаш треба да и се стави на знаење на Софија дека Бугари кај нас - нема.
Да заклучиме. Пораката е јасна: станува очигледно дека, најмалку во следните 10 години, ЕУ нема никаква намера да се проширува. Потоа, фокусот ќе се префрли на исполнување на критериумите од страна на кандидатите и ќе трае барем уште толку. За возврат, како некаква утешна награда, Унијата ќе ги олабави фондовите и ќе биде подарежлива за шесте балкански земји. Од сега ветените 30 милијарди евра, девет милијарди ќе бидат грант а останатите 21 милијарда евра се за инвестиции во инфраструктурата. Покрај другото, целта е да се отстрани од Балканот Кина којашто тука инвестира со нејзиниот проект „Појас и пат“. Колку од овие пари ќе завршат во Македонија, ќе зависи пред сè од нас самите и од нашите капацитети соодветно да ги искористиме. Факт е, меѓутоа, дека баш и не сме многу кадарни на тој план.
Македонија мора да оди напред и да се реформира, свесна дека членството во Унијата е неизвесна, евентуална и далечна иднина. Тоа важи и во случај ако уште утре ги започнеме преговорите, коишто ќе бидат нови страшни голготи за македонизмот, којшто соседите ќе го бришат, речиси на дневна основа.
Ова се реалните рамки во коишто треба да се бараат оптимални опции за побрз развој на земјата и подобар живот на граѓаните. Такви има.

ВО УНИЈАТА – НА СВЕТИ НИКОГАШ!

(август, 2023)

Чиста бесмислица е Македонија да го менува Уставот, заради влез во ЕУ. Унијата уште долго нема да се проширува – а можеби и никогаш повеќе, на ист начин како до сега. Такво нешто нема на видик, иако челниците на Унијата постојано верглаат за проширување. Се бара начин како да се згрижат останатите шест балкански и некои други земји, ама без да станат рамноправни членки.

Дека е сето ова точно, денес ни потврди никој друг туку францускиот претседател Макрон којшто, во недостаток на соодветен германски колега, самиот е водач на Унијата. Рече – „Ризик е да мислиме дека можеме да се прошириме без реформи. Можам да посведочам дека на Европа ѝ е доволно тешко да напредува на чувствителни теми со 27 членки.

Со 32 или 35 членови, нема да биде полесно. Треба да се размислува за Унија со повеќе брзини“. Практично, Макрон стави крај на проширувањето. Ќе биде - на Свети Никогаш!

Исто така, денес (28/8/2023), на форум во Блед, претседателот на ЕУ (на Европскиот совет) Мишел, без да трепне, излажа дека – „Унијата мора да биде спремна за проширување во 2030 година“! Тоа не го обврзува бидејќи следната година ќе има избори во Унијата и по нив, кој знае каде ќе биде тој.

Со празното ветување им помага на некадарните лидери во земјите кандидати, ама ги остави во небрано Црна Гора и Србија, коишто преговараат 10 години.

За нас е клучно да се сфати дека со сегашната преговарачка рамка, НЕМА НИКОГАШ ДА ВЛЕЗЕМЕ ВО УНИЈАТА!

Таа е така формулирана, со сите крајно максималистички бугарски небулози, што не остава ни теоретски можности да го пробиеме патот до Брисел. Радев јасно ни порача дека уставните промени се само ситница на патот кон ЕУ. Сопките ќе бидат секојдневни, од разни страни.

Македонија е доведена во тунел без излез, и решението мораме да го бараме сами. Тоа што ни се нуди е срамно, понижувачко и самоуништувачко. Кога длабински ќе се анализираат очигледните факти, повеќе од јасно е дека Бугарија нема никогаш да дозволи наше членство, сè додека целосно не се откажеме од македонизмот. Поточно, од самите себе.
Впрочем, тоа и не го кријат.
Неодамна, токму за Илинден, Софија отворено и безобразно го присвојуваше Илинденското востание. Најново е дека и браќата Миладиновци биле чисти Бугари. Ако веднаш не покажеме заби, нивната листа само ќе се проширува. На ист начин, безмилосно ќе продолжат да нè притискаат со ултиматуми и уцени – ако сакате во ЕУ, мора да прифатите дека вашето потекло е бугарско. Имаат и основа за тоа. Со вториот протокол, преку заедничката историја, ама и со бројни други поразителни формулации, ние сето тоа го прифативме.
А сите наши мизерии Софија ги реализира во пракса.
Изборот е наш. Ако веќе сме потпишале, мораме и да отпишеме. Трето - нема. Инаку, отидовме јабана. Со оглед дека проширување уште долго нема да има, имаме време за да ги исправиме сите сопствени глупости и капитулации.
Унијата е во сериозна криза. Најдобар доказ за тоа е прекинатото проширување. Од првите шест, во 1958, за 37 години, до 1995, ЕУ стигна само до 15 членки. Арно ама, за три години, во 2004 и во 2007, беа примени 12 нови, плус Хрватска во 2013. Тоа беше златниот период на Унијата. Приемот на Бугарија и Романија (2007) се покажа како преран, со сите последици коишто следуваа и ќе траат.
Тоа создаде отпор кон проширувањето. Веќе 10 години нема нови членки. Созреа и оценатa дека Унијата мора прво да се реформира, и тоа длабински, што е процес којшто неизбежно долго ќе трае. Ќе се реформираат основните права на членките, и брзи промени не се реални. Се подготвува и некаква „втора лига“, каде „новите“ не би имале свои комесари, право на вето... туку само економски права. Европската политичка заедница, пак, ќе ја компензира политичката димензија, како празен дебатен клуб.

И премиерот на Унијата Фон дер Лајен, на безбедносната конференција во Братислава (јуни, 2023) доволно јасно кажа дека нови членки – нема да има! Објасни дека како замена имаат „развоен план“ од четири столба: Балканот да биде донесен поблиску до единствениот европски пазар; да се продлабочи регионалната економска интеграција; да се забрзаат фундаменталните реформи; и да се подотворат фондовите на Унијата. Толку.

Проширувањето не го ни спомна! Намерата е да фрлат некое ситно морковче, ама без членство. Нудат повеќе „заеднички пазар“ за стоките коишто ги немаме. А тоа, значи и соочување со конкуренцијата, којашто тешко ќе ја издржиме.

Ќе пружат повеќе од ИПА фондовите, а немаме капацитети за нивна апсорпција. Огромните структурни фондови, пак, и понатаму нема да ни бидат достапни. По 20, 30 години.

ЕУ не е беспрекорна организација. Во Брисел има политиканство, двојни стандарди, непринципиелности, тежок бирократизам, неефикасност, непотребна зависност од Вашингтон... Сепак, тоа е одличен пример на соработка, голем пазар, развој, помош, решавање на проблемите...

Македонија треба да прави сè’ што е во рамките на можното, ама и нормалното, за да се приклучи во ЕУ или на тоа што ќе се понуди. Тоа не е спорно. Меѓутоа, стриктно мораме да следиме што се случува во Унијата, да го чуваме своето достоинство, и да не удираме со глава во ѕид, како со бесмислените уставни промени. Максимално мораме да бидеме внимателни, особено со оглед на начинот на кој Брисел нè третираше до сега. Да не забораваме дека така е од самиот почеток, што значи дека ништо не е случајно.

Да не се залажуваме дека името ни го смени Грција, или дека Бугарија национално нè обезличува. Ноторна вистина е дека зад сето тоа се кријат интересите на САД, следени од ЕУ. Не смееме да забораваме дека по распадот на Југославија, независна Македонија наиде на жесток меѓународен бојкот на патот на меѓународното етаблирање. Веднаш започнаа невидени активности и мерки за дефинитивно затворање на „Македонското прашање“.

Поточно - за бришење на македонскиот народ. Истата политика продолжува цело време, 30 години, а сега - финализира. Македонија никогаш не се спротивстави на овие негаторски политики. Напротив, на крајно непринципиелен начин, цело време голташе сè поголеми кнедли. Не покажа дека никој не може, и не смее, да си игра со иднината и на државата и на народот. Во Брисел не се стигнува со ултимативно менување на уставот, со виткање на ’рбетот, со прифаќање на нелегални и понижувачки диктати, услови, дури и уцени, со капитулантска психологија... Тоа е целосно погрешен пристап, којшто води во неповрат. Мораме да ги откажеме понижувачките документи коишто сме ги потпишале, коишто срамно нè обврзуваат на неприфатливи нешта, и да тргнеме по нова патека. Друг избор немаме.

Балканските кандидати, нема да може да избираат околу членството. Унијата ќе ги стави пред свршен чин во некаква „втора лига“. Тоа е повод да се активираат сите наши дипломатски капацитети, да се следи што се случува и да се изборime за нашите долгорочни интереси. Со главите горе, да ги постигнеме нашите цели. Ги имаме сите услови и, во целина, од нас зависи дали ќе го постигнеме максимумот.

ВО УНИЈАТА ЌЕ ВЛЕЗЕМЕ, КОГА ЌЕ ПРЕТСЕДАВА ТУРЦИЈА

(октомври, 2023)

Ни дојде и премиерот на Унијата Фон дер Лајен, и пак сме на истото место. Бевме никаде, и таму останавме.
Македонија, никогаш не била подалеку од Брисел. Ако не направиме целосен пресврт во надворешната политика, трајно ќе останеме далеку од Европа. Задачата, меѓутоа, не е лесна бидејќи Македонија нема своја надворешна политика. Освен заложбите за членство во НАТО и ЕУ, земјата нема други дипломатски ориентири. Се следат барањата на Брисел и Вашингтон за соработка со соседите, и толку. За Берлинскиот процес и Отворен Балкан многу се зборува, ама резултати речиси и да нема.
Освен овие регионални движења, немаме никаква директна билатерална соработка со кој било, вклучувајќи ги и нашите соседи. Нема наши иницијативи, меѓусебни посети...
На дипломатски план, сѐ се сведува на агресиите од соседите, со исклучок на Србија, и на наше слепо толерирање на истите. А агресиите, коишто траат од почетокот на нашата целосна независност, се додатна потврда дека немаме надворешна политика и дипломатија. Без нив, не може да се бранат сопствените интереси и неизбежно е капитулантско однесување.
Затоа, веќе цели 30 години непрекинато голтаме кнедли од соседите. И, не само од нив. А, кога сите тие видоа со какви политички и дипломатски дилетанти имаат работа, апетитите им растеа и затоа сме на ова дереџе.
Сега, се наоѓаме во тунел, речиси без излез. И, затоа – еве ни ја Фон дер Лајен, којашто не доаѓа џабе. Напротив.
Во боксот, во спортот, ама нагласено во животот и особено во политиката и дипломатијата, кога противникот е грогиран – се оди во одлучувачки напад, за да се уништи. Денес, тоа ѝ се случува на Македонија. Затоа е тука Фон дер Лајен.
Начелно, тој проект се вика – уставни промени и значи внесување бомба во Уставот, со веќе активирана запалка.

Главната цел на Фон дер Лајен е да ја скрати жицата на запалката. Ништо друго. Пораките што ни ги прати беа доволно јасни, а избегнувањето средба со опозицијата, што треба да значи додатен жесток притисок врз неа, е своевиден срам за Брисел. Ни кажа дека ќе го одврзат ќесето, и ќе пуштат повеќе пари, ама тоа значи дека членство нема да има – можеби никогаш. Силен е впечатокот дека целата нејзина балканска турнеја е измислена само за да се прикрие фактот дека во Македонија доаѓа за да ја забрза нејзината капитулација.
Затоа и дојде прво во Скопје.
Кај нас, пак, власта посветено и бескрупулозно продолжува со своите предавнички политики, а опозицијата можеби знае што сака, ама не лансира план како ќе го реализира тоа. Клучно е што никој не го согледува главниот проблем за нашето евроинтегрирање. Никому не му е јасно каде се крие зајакот, а тој не е ниту во Уставот, ниту во датумот за преговори, туку во преговарачката рамка.
Според рамката, преговорите со Унијата се сведуваат на вториот протокол со Бугарија, којшто е погубен за Македонија. Сите инволвирани во овој процес треба да го прочитаат овој протокол и делот од рамката којшто се однесува на него, за да разберат во каква безизлезна ситуација сме доведени. Само така ќе им стане јасно дека, за да стане членка на Унијата, Македонија ќе мора да ги исполни сите бугарски фантазмагории и историски синдроми. Само така ќе сфатат дека историската комисија ќе ни го трасира патот кон Брисел. А, што значи тоа, веќе сите мора да знаат. Никој не треба да има дилеми дека преговорите успешно ќе ги завршиме само ако прифатиме дека до 1944 година сме биле „бугарчиња“, дека зборуваме бугарски дијалект, дека немаме сопствена историја... Ако не се согласиме со клучните бугарски барања - дека Гоце Делчев и Илинденското востание се дел од бугарската историја, Брисел ќе биде недостижен.
Тука е клучот. Софија НЕМА НИКОГАШ да дозволи наше членство во Унијата, доколку не се откажеме од македонизмот. Поточно, од самите себе. Тие и не го кријат тоа. При тоа, не смее да се заборава дека Софија не е сама и е само алатка на интересите

на Вашингтон. Тоа потврдува дека предизвикот е огромен. Ситуацијата, меѓутоа, не е безизлезна. Решението зависи пред сè од нас самите.
Самите уставни промени, коишто се надвор од умот, и во никој случај не смеат да се извршат, се ситница во споредба со самата преговарачка рамка. Во неа е (за)браната за иднината на Македонија. Ако неа не ја промениме, сè друго е губење време. Затоа, ние сме на потег. Под итно мора да се направи надворешнополитичка стратегија, базирана на реални постулати. Мора да се тргне од фактот дека основата на сите наши сегашни и идни голготи се договорот за (не) пријателство со Бугарија и, нагласено, двата катастрофални протокола, особено вториот. Затоа, единствен излез е итно откажување на овие погубни документи. Причини за таков потег има десетици и сите се недискутабилни. Со тој чин, по автоматизам, неупотреблива станува и преговарачката рамка којашто, во целина, се базира врз нив.
Со еден потег Македонија би излегла од маѓепсаниот и безумен круг и би отворила вистински европерспективи, во интерес на сите граѓани. По една таква, радикална, промена во нашата надворешна политика, ќе се отворат максимални можности за одбрана на нашите универзално признати национални и државни интереси. Неизбежно е тој потег да биде жестоко дочекан од меѓународните фактори бидејќи ќе ги доведе во прашање нивните погубни проекции за Македонија.
Со мудра политика и дипломатија, меѓутоа, Македонија може и мора да излезе победник. Сите аргументи се на нејзина страна. А потоа прашањето за нашето членство во Унијата ќе биде чисто техничко. Одлучувачко ќе биде нашето посветено концентрирање на реформите, коишто сега никаде ги нема.
Ножот е дојден до коска. Прашањето за македонскиот народ е - да се биде или не. Досегашните крајно погрешни и неодговорни политики нè доведоа до дното на амбисот. Дојден е последниот момент кога сите, коишто држат до оваа држава и македонизмот, мораат да ја преземат одговорноста на себе, за да се сврти страницата на сите наши досегашни порази и да се тргне во правец

на исправање на грешките. Тоа е во апсолутен интерес на сите граѓани и етнички заедници во земјата. Не само на Македонците. Сето ова, мора да го сфатат и албанските лидери во земјава. Нивните обиди да го решаваат сопственото национално прашање на сметка на Македонците, се неприфатливи и крајно штетни. Бришењето на македонизмот нема да се случи. Историјата ќе ги казни тие што играат на таа карта.

Флоскулата дека Албанците сакаат во Унијата и во тоа никој не смее и не може да ги спречи, е премногу проста за да ги затскрие вистински цели и интереси. Тоа е само добар изговор бидејќи по елиминација на Македонците, нема други пречки за големоалбанскиот проект.

Со оваа преговарачка рамка, со којашто треба да се разнебити македонскиот народ, оваа земја нема шанси да влезе во Унијата. Македонците, не смеат тоа никогаш да го дозволат, та и кој да биде на власт, и покрај сегашните тешки заблуди. Затоа, сите уцени на албанските лидери околу промената на Уставот, се срамни, непотребни и безвредни.

Нивната поддршка на политиките чија единствена цел е - отпис на Македонците, е неприфатлива. Македонците, пак, коишто стојат зад овие политики, се избрани и менаџирани од надвор, со цел дефинитивно да го затворат „Македонското прашање“, и се обични изроди и предавници.

Времето веќе не работи за Македонија. Мора да се освестиме и сите заедно, и што поскоро, да започнеме со формулирање на долгорочна, заедничка и победничка надворешна политика. Без радикални надворешнополитички чекори, Македонија ќе влезе во Унијата само тогаш кога со неа ќе претседава – Турција. Значи – никогаш. ЕУ нема никаква намера да ја прими.

КАКВА ИЗМАМА: ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ ДО 2030!

(ноември, 2022)

Факт е дека сите политичари, и секаде - лажат. Најмногу, пред избори. Некои велат дека е тоа – добро! и додаваат – замислете што би се случило ако политичарите би му ја кажувале на народот - целата вистина! Настрана шегата, неспорно е дека за некои ветувања не се создаваат услови за реализација, ама тоа важи за помалку случаи. Другите се – лаги со намера. Кај нас, најчесто, лагите на политичарите немаат граници. Најчесто, тие се резултат на лични интереси и срамни калкулации за добивање или одржување на власт.

Класичен случај за тешка измама се повторувањата, од највисоко ниво, дека е реално Македонија да влезе во Унијата - во 2030 година! Оваа гарнитура на власт нема ниту еден друг аргумент пред народот за некаков успех, за постигнати резултати, и затоа максимално го експлоатира членството во ЕУ. Во петте години разорно владеење, единствен исклучок, или нивни „успех“, е огромното задолжување со што државата е доведена до финансиски колапс и прашање е само кога ќе банкротира, не дали. Сè друго е толку девалвирано, што државата стана непрепознатлива.

Народот се крсти и не сака да верува дека ова што ни се случува, е - можно. Ама, не реагира. Докажуваме дека навистина сме сите трпе(вци) и трај(чевци), спремни да толерираме секакви понижувања, што никако не ни служи на чест. А власта манифестира таква неспособност и некадарност, што личи на свесна саботажа!? Сè се движи во погрешна насока.

Се наметнува и прашањето – како можеше вакви копуци да ја земат власта? Веќе е докажано дека тие, што не ги бива за ништо позитивно, се мајстори за лаги, измислици, манипулации, подметнувања, капитулации, предавства...

Атрактивноста на ЕУ не е спорна за народот и, се разбира, власта трескавично игра на таа карта. За да ја задржи позицијата, спремна е сè да жртвува. Народ, држава... Свесни се дека отворањето на

некаква перспектива кон Брисел, по која било цена, им е единствен начин да опстанат. Токму за таа цел се направени монструозните отстапки прво кон Грција а сега се во тек кон Бугарија. Намерно се создава впечаток дека, заради ЕУ, треба и мора сè да се жртвува. Овие политики, меѓутоа, се тешки историски грешки за коишто еден ден ќе мора да се одговара. Кривично, не политички, бидејќи се игнорира Уставот, законите... Во прашање е најтешка злоупотреба на службена должност, и тоа за тесни интереси. Кога е земјата нападната, а ние сме подолго време под тешка бугарска политичка агресија, основна должност на политичкиот врв е да ја брани државата. Тоа не се прави.

Распродажбата на фундаменталните интереси на македонскиот народ, и неговото, засега, само политичко бришење, коешто на подолга патека неизбежно ќе води и во етничко уништување, не може да остане неказнето. Политичарите, коишто ги прават тие злосторства, не се глупави. Сосема се свесни за катастрофата којашто ја предизвикале во Македонија и затоа се спремни да се фатат и за последната сламка, за да останат на политичката сцена. Јасно им е дека, откако ќе ја изгубат власта, црно им се пишува. Унијата треба да биде компензацијата за сите нивни мизерии. Народот сака да биде дел од неа, што не е лошо, ама е лажно убедуван дека тоа ќе му ги реши сите проблеми.

Безмилосно му се ветува дека таму го водат по брза трака, и дека сме близу до целта. Тоа е чиста измама. Нема никаква основа за такви приказни. Напротив, со своите погрешни политики кон Бугарија, власта само ја оддалечува Македонија од Брисел. Ние ѝ дадовме целосно право на Софија да ни прави што сака, и тоа прескапо (ќе) го плаќаме. Ако вака продолжат, и ако нема скоро избори, коишто ќе донесат радикална промена на политиките, многу е реално дека никогаш нема да стигнеме до Брисел.

Веќе е историја колку пати, божем, ги започнавме преговорите за членство во ЕУ. Откако се прифати поразителниот предлог, наречен „француски“, којшто ниту една одговорна влада никогаш не би го потпишала, повторно нè известија дека преговорите се започнати. Тоа апсолутно не е точно. Започната е само процедурата за нивно отворање којашто, според реалната

ситуација, не мора никогаш да заврши. Оваа процедура, пак, е надвор од сите досегашни правила и пракси на Унијата. Благодарејќи на Софија, таа ни е наметната на еден искривоколчен начин којшто беше прифатен од нашите политички таленти.
Уште пострашна измама е најавата на 2030 година, како рок до којшто би станале дел од Унијата. Повторувано од политичари од врвот, тоа може да се смета дури и како ветување. А тие сигурно знаат дека шансите Македонија да влезе во Унијата до 2030 година, се еден спрема милион, можеби и помали. Очигледно, тоа не ги спречува да лажат.
Впрочем, дури 2030 да е и реален термин, а не е, до тогаш има цели осум години, со можни безброј (негативни!) промени А Македонија ниту теоретски не би можела да влезе во ЕУ до 2030 година, и да нема никакви проблеми со соседите коишто крволочно ќе ги попречуваат нашите евентуални преговори. Дури и Унијата да биде заинтересирана за проширување, што не е. Еве и зашто. Ако скринингот трае до крајот на 2023, преговорите можат да започнат од 2024. Во Србија, меѓу скринингот и преговорите, имаше речиси девет месеци празен од. За да станеме членка во 2030, преговорите мора да завршат во 2028, значи за пет години. Во последните две години, во случајов 2029 и 2030, треба да се ратификува договорот во парламентите на земјите членки. Колку е реално Македонија да ги заврши преговорите за пет години, покажуваат следните примери. Податоците се од Брисел.
Црна Гора, која нема никакви сопки од никого, вклучувајќи ги и соседите, преговара веќе 11-та година, од јуни 2012. Во октомври 2022, состојбата е следна: отворени се сите 32 поглавја; затворени се три; добри резултати има во осум; умерена подготвеност во 17; на почеток се пет. До сега, процесот на преговори е комплетиран со 9,1 процент.
Србија преговара речиси девет години, од почетокот на 2014. Отворени се 22 поглавја; неотворени се 12 (заедно со Косово, Србија има 34); затворени се две; добри резултати има во шест; умерена подготвеност во 22; на почеток шест.
Преговорите се комплетирани со 5,9 проценти.

Може ли некој да објасни на кој начин, и како, Македонија ќе ги заврши преговорите за ПЕТ години? Да не забораваме дека Турција преговара од 2005 година, има затворено само едно поглавје и сите знаат дека нема никогаш да ја примат. Истата судбина може да ја снајде и Србија бидејќи екстремната германска МНР, сега веќе јавно ѝ порачува дека нема членство без признавање на Косово.
За да нема дилеми каде се наоѓаме, и за да спречиме нови бедни проигрувања со македонскиот народ, и со сите други етнички заедници со коишто живееме заедно, ќе ја цитираме бугарската потпретседателка Јотова. Според плусинфо.мк, од 28/10/2022, таа изјавила: „Скопје и Софија имаат уште многу проблеми за решавање, а Бугарија може да стави вето во кое било време“. Грчкиот премиер Мицотакис, пак, според Канал 5 од 14/2/2022, рекол – „не сме задоволни со договорот од Нивици заради јазикот и идентитетот. Тоа ќе го расчистиме во преговорите на Македонија за членство во ЕУ, колку што ќе биде можно во процесот“. И тоа не е сè. По средбата со Пендаровски во Атина, претседателката на Грција изјави – „Препознаваме дека од... Македонија се направени позитивни чекори, но сепак постојат многу нерешени прашања. Затворањето на овие отворени прашања ќе овозможи понатамошен развој на нашата соработка“!
Треба ли други докази дека, заради Атина и Софија, нашите преговори за членство во ЕУ ќе бидат крвава касап ница - за она малку што ни остана од македонизмот?
Сите факти и аргументи потврдуваат дека Македонија не може да влезе во Унијата во следните 20 а веројатно и 30 години. Затоа брзата промена на Уставот би била катастрофална грешка. Зошто би менувале нешто што нема да донесе никаков ќар за помалку од 20 или 30 години?
Не треба да бие спорно: ако го смениме Уставот, веќе утредента ќе следуваат нови бугарски и грчки уцени, блокади и ултиматуми... Софија НИКОГАШ нема да дозволи да влеземе во Унијата како македонски народ, со македонски јазик, историја... Одлуката ќе ја носи нивното Собрание.

ЛАЖАТ ДЕКА СО ПРЕГОВОРИТЕ ДОАЃА ПОГОЛЕМА ПОМОШ ОД УНИЈАТА!

(октомври, 2023)

Како земја кандидат, Македонија ги користи ИПА фондовите на ЕУ. Во Буџетот 2007 – 2013, во ИПА I, за земјите кандидати беа одвоени 11,5 милијарди евра. Во ИПА II (2014 – 2020) имаше 12,8 и во ИПА III (2021 – 2027) предвидени се 14,162 милијарди. Главни корисници се шесте балкански држави и Турција. Паралелно, земјите членки (27) користат структурни и инвестициони фондови коишто се, разбирливо, многу, многу повисоки. Во Буџетот 2014 – 2020, на пример, тие изнесуваа 731 милијарда евра. Овие огромни фондови, меѓутоа, коишто се на располагање на земјите членки, се во најголем дел за инфраструктурни проекти во транспортот, во енергетиката, во екологијата, коишто само индиректно и на долги патеки влијаат на подобрување на животните услови на населението.

Во срамна, понижувачка и лажна еуфорија, нашите „политичари“ бескрупулозно го манипулираат народот дека ако го прифатиме странскиот диктат да го смениме Уставот, ќе ги започнеме преговорите, а со тоа ќе можеме да ги користиме и структурните фондови на ЕУ. Нагласено тоа го тврдат нивните трабанти, што е чиста лага и тешка и намерна манипулација со народот за да ги прифати безумните уставни промени.

Меѓу другото, и големите фондови во Унијата недвосмислено потврдуваат дека треба да настојуваме што поскоро да станеме членка. Меѓутоа, според сегашните реални услови, тоа најрано може да се случи некаде околу 2040 година. Ако, воопшто и се случи. Затоа е бесмислена и самата помисла сега да го менуваме Уставот.

Членството во Унијата е неспорна главна цел и преокупација на сегашната гарнитура на власт. Како идеја, намера и политика, тоа воопшто не е спорно. Впрочем, огромното мнозинство во земјава, од сите структури, е за членство во ЕУ.

Тука нема разлики. Во конкретниов случај, меѓутоа, потезите коишто ги влече власта немаат никаква врска со официјалната цел. Напротив. Тие ја злоупотребуваат Унијата и преку неа, се обидуваат да ја прикријат сопствената некадарност.
Мандатот им трае речиси седум години, а немаат никакви резултати. Немаат со што да се пофалат. Затоа, фатени се за Брисел како слеп за стап. Унијата, та Унијата, а таа никогаш не била подалеку од Македонија. Го замајуваат народот дека, еве, нешто прават. Спреми се да жртвуваат сè, дури и сопствениот народ. Резултатот е катастрофален, бидејќи Брисел останува сè понедостижен.
Сè е ставено на картата за членство во Унијата, ама на погрешен начин и на погрешна основа. Така е заради партиските и личните интереси на македонската владејачкагарнитура. Албанскиот дел од политичкиот фактор, пак, во бугаризацијата на Македонците гледа широка авенија за реализација на големоалбанскиот проект.
Стравотна е пропагандата којашто се прави за да се нагласи потребата од промена на Уставот. Се создава психоза дека кој е за промена е Европеец, а кој не е за промена, е против ЕУ. Се подметнува теза дека, кога ќе влеземе во Унијата, во земјава ќе течат мед и млеко, што е далеку и од умот и од вистината. Токму затоа често се труби и за драматично зголемување на помошта од ЕУ, само ако го смениме Уставот и ги започнување преговорите.
За промена на Уставот, масовно се злоупотребува и иселувањето. Демек, со членството и тоа ќе се намали. А членството во ЕУ, не само што нема да го намали иселувањето туку, напротив, ќе го зголеми. Повеќекратно! Сега, за да се побегне од Македонија, потребно е понижување за да се земе бугарски пасош. Тогаш – вратите ќе бидат отворени.
Најдобар пример е Бугарија. По зачленувањето во ЕУ, преку еден милион заминаа од земјата. И на оваа тема безмилосно се лаже народот.
Сега е веќе општо познато дека Унијата нема намера бргу да се проширува. Од Брисел отворено се порачува дека главна цел е реформирањето, со намера тоа да се заврши до 2030 година. Дури и нејзиниот претседател Мишел, беше погрешно интерпретиран

кога кажа дека – „Унијата треба да биде спремна за нови членки до 2030“.
Се објаснуваше дека тоа значи дека и приемот на кандидатите треба да биде тогаш. А, всушност, тоа значи дека проширувањето ќе следува по 2030. А, колку ќе траат овие два процеса – реформирање и проширување, никој не може да предвиди. Бесмислени се очекувањата дека тие ќе одат паралелно. Тоа не е ниту теоретски возможно. Не можеш да ја реновираш куќата и да примаш гости. За кандидатите за членство, ориентир може да биде само 2040-тата.
Да го цитираме и францускиот претседател Макрон, којшто е еден од најголемите противници на проширувањето. Така е бидејќи и 62 проценти од Французите се против.
На почетокот од 2020 година, кога ја наметна потребата за промени на преговарачката рамка, којашто стана речиси непремостлива за кандидатите, тој изјави – „Сите велат -’ајде да отвориме преговори со Албанија и Македонија‘, ама по една секунда ќе кажат – ’но, внимавајте, тие немаат можност да се интегрираат уште 15 или 20 години‘“. Тоа значи токму 2035, 2040, или...
Сè почесто и сè погласно се најавува и дека Унијата нема да се шири како до сега туку ќе има четири кругови, или четири столбови. Со други зборови, тоа значи и втора, можеби и трета лига. Интересно е што „четирите“ дела ги повторуваат многумина, а дали ќе бидат кругови или столбови, воопшто и не е важно. Нови решенија, секако се на повидок.
Во целина, денес е крајно неизвесно што ќе се случува во ЕУ, во годините коишто следуваат. Нејзините реформи можеби и никогаш нема да завршат бидејќи се крајно контроверзни и, барем за некои членки, се апсолутно - не прифатливи.
И заради ова, мора да ни биде јасно дека исполнување на бугарскиот ултиматум, чија суштина се сведува на забрзување на процесот на бугаризација на Македонците, и тоа одвнатре, нема да нè води во ЕУ, туку на ѓубриштето од историјата. И утре да го промениме Уставот, и веднаш да ги исполниме сите бугарски небулози околу „заедничката историја“, како крунски доказ дека

сме неосвестени „бугарчиња“, нема никаква шанса да се забрза нашиот од кон Брисел! Дури и да е Унијата спремна да се шири! Впрочем, и неколку нејзини членки, сосема со право, нема тоа да го дозволат. Сите тие се свесни дека во земјава владее тежок организиран криминал, дека корупцијата цвета, дека правосудството има рејтинг од неколку проценти, дека администрацијата ни е на ниво од 19 век, дека во здравството луѓето се убиваат место да се лечат, дека во школството сè е извонредно освен што нема учебници... Некои од овие членки (Холандија), тоа веќе отворено ни го кажуваат.
Ако власта навистина беше концентрирана за наше што побрзо членство во Унијата, место да си игра мајтап со народот околу Уставот, ќе се концентрираше на реформите.
А нив ги нема. Неспорно е дека треба да се направи сè за да стане Македонија членка на Унијата што поскоро. Тоа е наш траен интерес ама истиот мора да се реализира на пристоен и регуларен начин, а не со национално понижување, преку бришење на македонскиот народ.
Засега, од Брисел имаме важечки ултиматум дека, ако сакаме членство, мора да се откажеме од својот национален идентитет и да се бугаризираме. Тоа не е само интерес на Унијата, што го прави нашиот предизвик уште потежок. Бугарија, исто како и Грција пред тоа, се само алатки во туѓи, многу поопасни раце. Според искуството, кога си спремен на неконтролирани и срамни отстапки, и кога покажуваш апетит да голташ кнедли... по правило, другата страна уценува, поставува ултиматуми и го бара невозможното. Токму тоа ни се случува сега. Сите овие години се одеше од грешка во катастрофа, без никакви корекции, и затоа сме на ова дереџе.
Нашите кардинални грешки и несогледливи последици го достигнаа својот врв со трагичниот договор од Нивици. Без да навлегуваме во неговата содржина, само ќе нагласиме дека со него – а) се откажавме од нашето историско и уставно име, официјално признаено од околу 140 држави, што значи преку две третини од сите во светот; б) се откажавме од сопствениот национален идентитет, со папочна врска поврзан со името на државата; в)

државата беше длабоко меѓународно понижена; г) негиран е нејзиниот суверенитет; д) урнисани се нејзините историски корени; ѓ) државата е национално и институционално обезличена (нема веќе Македонци, тие се сега само во Грција, и нема ништо „македонско“. Сè стана „национално“, односно безлично. Ничие). Клучен е заклучокот дека ако не беше договорот од Нивици, ќе беше невозможно и сегашното нецивилизациско дивеење на Бугарија. Софија збесна и започна да го бара невозможното откако виде на какви сè отстапки се спремни нашите политички аматери и предавници. Нè донесоа во жив песок, од каде не можеш да излезеш туку само да пропаднеш.

Тука веќе нема избор.

Место фундаменталната грешка, направена во Нивици, да доведе до некакво освестување, политичкиот врв на земјава „запиша“ нови и незамисливи грешки. Се продолжи со погубни протоколи со Бугарија што, се разбира, доведе до неконтролирано зголемување на нивните апетити и амбиции.

Од нас зависи нашата иднина. Ако се бориме за нашите универзални права, поддршка нема да изостане. Таа, треба и мора да се бара. Сама, никогаш не доаѓа. Во тоа моравме веќе и да се увериме.

НЕ МОРА НИЕ ДА ЈА МЕНУВАМЕ ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА!

(август, 2023)

Македонија нема потреба да ја менува преговарачката рамка со ЕУ! Брисел нема никогаш да прифати такво нешто, и тоа со право, бидејќи ние дадовме согласност за неа. Место да бараме нејзина промена, треба да преземеме други, многу попотребни чекори. Едноставно, таа треба да се елиминира, и тоа на индиректен и суштински начин. Всушност, тоа е и единствениот начин да излеземе од ќор-сокакот и тунелот без излез каде што се наоѓаме, и навистина да тргнеме кон ЕУ.

Неспорно е дека од сегашната власт (август 2023) не може да се очекуваат радикални чекори. Таа докажа дека е спремна да го жртвува народот и предавничките политики мора под итно да се сменат. Меѓутоа, ќе мора да се почекаат изборите и промената на власта.

Новата власт, пак, ќе мора веднаш да го промени курсот на порази, на коишто последниве седум години беше изложена Македонија. Потегот е едноставен – треба веднаш да се откаже договорот за (не)пријателство со Бугарија и двата срамни протокола, коишто се сосема погрешно наречени така.

Тие се нови, додатни капитулантски меѓународни договори, коишто не се ратификувани во Собранието, што ја олеснува процедурата на нивно бришење.

Имаме бројни причини зошто можеме, ама и мораме да ги откажеме договорите со Бугарија. Софија целосно ги игнорира речиси сите преземени обврски. Сè станува очевидно и со бегло читање на договорот за (не)пријателство. Впрочем, може ли блокади и уцени да се изрази на пријателство? По автоматизам, преговарачката рамка станува неупотреблива со откажување на трите документи, што е предвидено со член 13 од договорот. Во нејзиниот најважен и за нас клучен дел, рамката целосно се базира токму врз овие за нас навредливи документи, потпишани од наши генијалци.

Со еден ваков потег, престануваат да важат монструозната преговарачка рамка и ултиматумот за промена на Уставот. И, што е најважно, на овој начин нема директно да се конфронтираме со Унијата! Од Брисел, нема ништо да бараме! А тие, сакале или не, ќе мораат да се прилагодат на новата ситуација. Нема да им биде право, ама нема да можат ниту да се бунат. Виша сила!
Нема да ги демантираме ниту „добронамерните“ измамници, дека рамката е непроменлива. Таа навистина нема да се менува, туку ќе стане бесмислена. Ќе си остане непроменета, ама во срамниот дел на бриселските архиви.
Впрочем, рамката е резултат на нашата невидена и мизерна сервилност во однос на Бугарија. Сосема е во ред таа и да испари преку Софија.
Ваквите потези ќе предизвикаат жестока бура на протести, негодувања, веројатно и закани од европските и светските центри. Нашата дипломатија и политика ќе бидат на тежок испит. Сепак, тоа кусо ќе трае. Набргу, сите ќе си легнат на брашно, свесни дека ги браниме своите универзални права.
Потоа, Македонија ќе може да бара рамноправен и реципрочен договор со Бугарија и ќе може да отвори процедура за преговори со Унијата, базирана на објективни критериуми (Копенхаген).
Со сегашната преговарачка рамка, шансите некогаш да влеземе во Унијата се симболични или никакви. Мора да ни биде јасно дека како Македонци и со македонски јазик, Софија нема никогаш да не пушти во Унијата. Бугарија веќе недвосмислено и одлучно ни стави до знаење дека за македонизмот нема место во Брисел. Нивното Собрание нема никогаш да ратификува таков документ за наше членство.
Затоа, борбата мораме да ја започнеме од почеток.
Ако не направиме радикална промена во нашето однесување, бугарскиот башибозук ќе продолжи да прави што сака, целосно поддржан од меѓународни фактори, пред сè заради нашата сервилност. За реализацијата на своите историски синдроми, Софија нема никакви ограничувања со сегашната рамка. Бришењето на Македонците е при крај, а тоа не е само интерес на Софија. Во новите услови сè ќе биде поинакво. Сè ќе зависи пред

сè од нас, почнувајќи од внатрешните реформи. Ако продолжиме вака – капитулантски и предавнички, нема некаде да стигнеме. Ова е сосема реална проекција, особено со оглед на фактот дека Унијата уште долго нема да се шири и дека Софија нема да дозволи наше непречено членство. Тоа дава доволно простор да ги расчистиме односите со Бугарија и да тргнеме по правиот пат кон Брисел. Сè друго е губење време.

Со новата надворешна политика ќе ги демантираме и бројните „добронамерни“ измамници, за жал предводени од Калето, коишто цело време нè уверуваат дека за нас преговарачката рамка е – Библија! Дека е неменлива, а таков документ во светот - нема!? Тоа се истите тие коишто, безмилосно и арогантно, и ни ја скроија и подметнаа.

Таа е нелегална бидејќи е надвор од праксата на ЕУ, и спротивна е на нејзините принципи и вредности, и претставува жртвување на Македонија за туѓи интереси. Сепак, дерењето во коешто сме доведени е заслуга и на нашите некадарни политички аматери. Сега е јасно дека уставни промени – нема да има. Мора да се чекаат редовните парламентарни избори бидејќи власта, свесна за своите тешки криминали, не сака предвремени. Впрочем, кој би брзал за да заврши во зандана?

Откако ќе заврши скринингот, земјата ќе се најде во тешка ситуација. Нема да има преговори заради апсурдниот ултиматум за промена на Уставот. Тоа ќе биде хендикеп за државата, и сериозен товар за опозицијата. Таа ќе биде изложена на жестоко бомбардирање дека е против членството во Унијата, против иднината на државата, пророска...

Во тоа нема грам вистина, ама ќе биде одличен повод за странците, да се обидат да се пресметаат со опозицијата којашто не е спремна да капитулира. Заради името, го отстранија и Н. Груевски. Бурата ќе мора да се издржи и на изборите да се излезе со сосема јасни и прецизни политики, разбирливи за народот. Мора отворено да се каже дека односите со Бугарија ќе бидат поставени на сосема нови и рамноправни основи. Без налудничави отстапки како до сега. Тоа ќе биде голем предизвик, ама и прилика да се понуди излез од ќор-сокакот, во којшто сме веќе предолго.

Откако ќе заврши скринингот, само навидум ситуацијата ќе изгледа безизлезна. Тоа ќе биде и прилика да се тргне во офанзива за реални перспективи, во интерес на сите граѓани. Ќе мора да се подготви комплетно сценарио за победа на изборите, во согласност со состојбите. Место за ракавици – нема да има. Рејтингот на опозицијата ќе биде под силен притисок заради одложувањето на преговорите за членство. И таа бура ќе мора аргументирано да се издржи.

Сепак, најважно од сè е што новата власт ќе има историска шанса да започне со исправање на катастрофалните грешки, направени последниве години. Ако се сака успех, тоа мора да биде преку радикални промени. Сите што размислуваат со своја глава, веќе мора да се свесни дека клучот на сите наши голготи, низ коишто поминувавме последниве години, својот непосреден корен го имаат токму во капитулантските договори со Бугарија.

СРАМНИТЕ ЗАМАЈУВАЊА НА УРСУЛА ФОН ДЕР ЛАЈЕН

(јули, 2022)

Најтешка измама и манипулација е кога некој свесно ве доведува во заблуда. Токму тоа го направи претседателката на Европската комисија (премиерка), Урсула фон дер Лајен, при нејзиното обраќање во Собранието, на 14/7/2022. Со игра на зборови, со намерно непрецизни формулации и генерални констатации, таа зборуваше на начин кој аматери не го разбираат и затоа нашите предавници дури и ѝ аплаудираа.

Да ја цитираме – „Нема сомнение дека македонскиот јазик е ваш јазик и ние целосно го почитуваме тоа“. Што значи тоа? Ништо! Верглање во празно. Тоа е нешто што никој нормален не може да го оспори. Чиј е јазикот, ако не е наш? Додека Софија не наметне друго решение, коешто е на пат. Засега, немаат избор, освен тоа да го почитуваат.

Утредента, меѓутоа, портпаролката на Лајен веќе ни кажа дека нејзината шефица нѐ правела недоветни. Рече – „Тоа е јазикот што го користат луѓето во Македонија, кој таа (Лајен) го нарекува македонски“!? Поголемо безобразие и подиректно негирање на македонскиот јазик, здравје. Замислете некој да каже дека луѓето во Франција зборуваат јазик кој се нарекува – француски!? Лајен спомна и Македонци, ама не и македонски народ, што исто така кажува сѐ. „Македонци“ има и во Грција, ама не се народ.

Лајен директно нѐ замајува кога ни тврди дека – „Затоа, во ревидираниот предлог стои македонски јазик без квалификација од ЕУ“!? За каква квалификација зборува оваа...?

За кој јазик досега имало квалификација? Факт е дека немаа на располагање никаква друга опција, а не може да биде поинаку, бидејќи би игнорирале една суверена држава и нејзиниот Устав, каде е впишан македонскиот јазик. Сепак, тоа ништо не значи, ниту некого нешто обврзува.

Во преговарачката рамка пишува – „Македонија ќе треба навреме да направи преводи на правото на ЕУ (acquis) на македонски пред пристапувањето...“. Тоа воопшто не значи дека македонскиот јазик

е прифатен во ЕУ, без никаква фуснота! Таа ќе си дојде, а сега само нѐ подготвуваат. Впрочем, каква квалификација може да стави ЕУ, и врз основа на што?
Брисел само констатира нешто што е, барем засега неспорно, а не може поинаку да ја дефинира спомнатата процедура на превод. Друг јазик – немаме.
Како доказ дека сето тоа ништо не вреди, потврдува „Воведната изјава на ЕУ за отворањето на пристапните преговори“, во која стои: „Во однос на преводите на (acquis) правото на ЕУ на македонски, ЕУ ги зема предвид соодветните едностранн декларации на Бугарија и Македонија за македонскиот јазик“! Тоа го земале предвид, што значи обврска, а не го нотирале! Што кажува тоа? Прво, дека Брисел прифаќа и го регистрира македонскиот јазик како проблем.
Второ, со оваа формулација, на Софија ѝ се отвора голем маневарски простор за понатамошно негирање на македонскиот јазик. Трето, во Унијата се одлучува со консензус и Софија секаде ќе се повикува на својата декларација веќе прифатена во Унијата, и ќе мавта дека македонскиот јазик е бугарски дијалект. Четврто, за тоа имаат и наша согласност бидејќи тие изјавија дека до 1944 година немало македонски јазик и тој е дијалект на бугарскиот, а ние сме го потврдиле тоа изјавувајќи дека македонскиот јазик е кодифициран во 1945 година. Или, со други зборови, сме се согласиле дека македонскиот јазик не постоел до 1944 година. Со нашата налудничава согласност, Софија доби максимални можности да манипулира со македонскиот јазик, којшто ќе биде предмет на следни тешки недоразбирања.
Фон дер Лајен, реди и други монструозни измислици.
Рече – „Предлогот го почитува и вашиот национален идентитет. Принципот на самоидентификација е особено важен за секој од нас“. Каков апсурд: европската претседателка уверува – се почитува вашиот национален идентитет?! Зарем до таму стигнала Унијата? Да тврди дека нема да доведат во прашање нечиј идентитет?! Впрочем, ако немаат намера да го газат македонскиот, зошто би го тврделе тоа? Кој си ја има мувата на капата... Најмалку е – срамота, да се реафирмира денес самоидентификацијата, нешто

што било проблем пред 100 години. Ова потврдува дека во Брисел се целосно свесни за сè што ни прават и - во очи нè лажат.
Фон дер Лајен додаде уште една опасна лага – „билатералните прашања, како што е толкувањето на историјата, не се услов во пристапните преговори“! Во член 5, од „Преговарачката рамка“, меѓутоа, се вели дека напредокот ќе се цени според – „...посветеноста на Македонија за добрососедски односи и поблиска регионална соработка, вклучително и преку постигнување на видливи резултати и спроведување на билатералните договори во добра волја, вклучително и со Грција и Бугарија, КАКО И ГОДИШНИТЕ ПРЕГЛЕДИ И МЕРКИ ЗА НЕГОВО ЕФЕКТИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ СПОРЕД ЧЛЕН 12...“!? А, „годишните прегледи“ со Бугарија или, поточно – „записници“ (ќе) се однесуваат главно, дури и само, на работата на историската комисија. Барем така смета Бугарија, а таа диктира. Тоа прецизно предодредува доминација на историјата во процесот на преговорите за членство, коишто ќе ги води Македонија. Веројатно, Лајен и не знае дека комисијата е формирана со единствена цел да ги избрише Македонците како народ и да ги бугаризира што, во никој случај, не ја оправдува. Сè што таа зборуваше во Собранието, беше дијаметрално спротивно на „францускиот“ предлог, зад којшто стои нејзината Комисија, а во којшто доминира бугарскиот национално-шовинистички вкус. Иако со наша согласност.
Лајен греши, или свесно лаже, и дека нејзината Комисија секогаш била на наша страна. Точно е - никогаш. Освен кога цели 30 години, крајно непринципиелно, ја поддржуваше Атина за нашето име. Та и сега, кога стои зад фашизмот што воскресна во Софија. Ако е точно сето ова што го тврди претседателката, ЗОШТО тогаш, на пример, во „ПРЕДЛОГ-ЗАКЛОЧОЦИТЕ НА СОВЕТОТ“, во точка 2 - се бара „видливи резултати од договорите со Бугарија и Грција“; во точка 3 - „се поздравува договорот за протоколот од вториот состанок на меѓувладината комисија со Бугарија“; во точка 4 – се бара приоритетно да се вклучат Бугарите во нашиот Устав; во точка 5 – се повикува на „Воведната изјава на ЕУ“, каде што се доведува во прашање македонскиот јазик; во

точка 6 – се заклучува дека преговорите ќе започнат по промената на нашиот Устав (што е тешка и неприфатлива уцена). И место целиот документ да биде посветен на состојбите во Македонија и на исполнувањето на критериумите за членство, само во последната точка 7 – се бара од Комисијата да „продолжи да го проценува степенот на подготвеност на Македонија за отворање преговори во одредени области“.
ЗОШТО СИТЕ ЗАКЛУЧОЦИ НА СОВЕТОТ се сведуваат на бугарските фантазмагории зад коишто сега, како што гледаме – стои Унијата? Каде се реформите? Каде се борбата против корупцијата, средување на судството...? ЗОШТО ЦЕЛОСНО СЕ ПОДДРЖУВААТ политичките синдроми на Софија, со коишто сакаат да ги избришат Македонците?
Да го спомнеме и член 35 од „Преговарачката рамка“, којшто само потврдува дека бугарските шизофрении доминираат во неа. Се вели - „Македонија, преку инклузивен процес, ќе усвои Акциски план за заштита на правата на припадниците на малцинствата...“, меѓу другото „...за борба против говорот на омраза, образованието... Спроведувањето на овој патоказ и Акциски план постојано ќе се следи и редовно ќе се разгледува на меѓувладините конференции (се разбира - со Бугарија!) во текот на целиот процес“!? Може ли некој да се сомнева дека ова е напишано во Софија? Како, одеднаш, говорот на омраза стана европски проблем и е само наша специфика? А образованието? Ќе треба ли веднаш да отвориме бугарски гимназии и универзитети? Впрочем, третманот на малцинствата во ниту една друга балканска земја не е ни приближно на нивниот статус во Македонија! А нам ни поставуваат ултиматум!? Ова го прифатија нашите некадарни неранимајковци, пред сѐ Бујар Османи којшто, очигледно, има други приоритети, а тоа не се македонските.
До каде ја дотераа државата!
На крај, и Лајен ни повтори – „одлуката е ваша и само ваша“, за да додаде – „Станува збор за патот што вие го избравте. Како што го избравте и претходно со Охридскиот рамковен договор и договорот од Преспа...“. Може ли таа да не знае дека двата договора ни беа наметнати, едниот со НАТО агресија од Косово, а

вториот со жестоко американско силување, за да нè пикнат во Алијансата, што беше нивни итен интерес? Изборот е навистина наш, ама само ако го прифатиме нивниот фашизоиден диктат смислен во Софија, и ако ги исполниме нивните уцени и ултиматуми.

Може ли некој во Брисел да ни објасни – а зошто Македонија мора прво да го менува Уставот и во него да внесе непостоечки Бугари, а никој од таму да не се сети дека во Бугарија има стотици илјади Македонци без никакви права?

Нели нивниот Суд за човекови права од Стразбур има 14 пресуди во корист на Македонците, коишто Софија бесрамно ги игнорира? Или, како ќе внесуваме Бугари во Уставот, за да бидат заедно со Македонци, коишто Софија не ги признава дека постојат? Зошто тоа не му пречи на Брисел? Но, тоа се високи филозофии за коишто Брисел сè уште не е зрел да ги разбере. Поточно – не му одговараат. Тие се врвни само како дневни политиканти. Впрочем, зошто тие би размислувале пошироко, кога нашле утки што прифаќаат сè...

ЕВРОПСКИ МИЗЕРИИ

(октомври, 2022)

Веќе нема место за никакви сомневање дека, кога е Македонија во прашања, Брисел е спремен на сè. Тогаш, нивните познати двојни стандарди, максимално доаѓаат до израз. Но, сепак, вината за тоа е апсолутно наша. Откако европските бирократи видоа со какви некадарници си имаат работа, јасно им било дека можат да (ни) прават што сакаат.

Просто е неверојатно што се случува во и околу Македонија на меѓународен план, ама кога ќе се сфати до каде „лидериве“ го урнисаа достоинството на државата, за никого не е спорно дека заслужуваме третман на заостанат протекторат.

Дури, ни тоа.

Најновиот доказ за горните констатации се случи на 20/10/2022 кога, како претседавач на ЕУ, чешката Амбасада во Скопје организираше конференција, под наслов „Можностиза проширување“. Најавената цел беше – „подобрување на добрососедските односи и дијалогот меѓу Скопје и Софија, како и можностите за зајакнување на економската соработка“. Ја организирале во соработка со нивната Амбасада во Софија, каде била и првата конференција, за која кај нас немаше никаква информација.

Ќе речете – убава иницијатива. Да, ама не е баш така.

Замислете, конференцијата се одржала во Скопје, а без официјален македонски претставник, и без превод на македонски јазик! Неверојатно. Ова е тешка провокација. Кои се и кај се тие идиоти коишто тврдат дека Брисел го признава македонскиот јазик? Или, дури и пострашно – како замислуваат „мудрите“ Европејци дека ќе ги подобруваат односите меѓу Скопје и Софија? Без наше официјално присуство? Можна ли е поголема глупост? Наводно, имало наши новинари и претставници од невладини организации!? Обраќања имале амбасадорите на Чешка, на ЕУ, на Шведска (иден претседавач со ЕУ), на Шпанија (претседавач по неа), на Словачка и, се разбира, на Бугарија. Се одржале и две панел-дискусии, на

коишто учествувал јапонскиот амбасадор во земјава, претставник на Делегација на ЕУ и на чешка банка, ама и Бугаринот Руслан Стефанов, од некаков Центар за проучување на демократијата. Двајца Бугари, и ниеден Македонец! Треба ли посебен ак'л за да се сфати дека се промовираат бугарските будалаштини, зад коишто застана и Брисел, ама и спомнатите држави?

Кога ги читате пораките од настанот, недискутабилен е впечатокот дека целта е Македонија да се убеди да продолжи со капитулантските политики, преку игнорирање на своите фундаментални интереси. Зошто, инаку, сите панелисти би нѐ убедувале за погодностите кои ги носи членството во Унијата, за - „заедничкиот европски пазар и придобивките кои тој ги носи за земјите членки"; „предности како поголема стабилност, просперитет и демократска одговорност"; „искуството на нордиските земји коишто имаат минато од војни и конфликти..., а денес се најдобри сојузници во ЕУ"; „позитивните искуства меѓу Шпанија и Португалија, меѓу Чешка и Словачка, меѓу Италија и Словенија".

Особено внимание заслужува излагањето на евроамбасадорот Гир. Рекол – „Често, проблемите помеѓу нациите се поврзуваат со несигурност, историја, болки и трауми од подалечни или поблиски времиња и често тие ги допираат и идентитетските прашања, за тоа кои сме", и продолжил – „затоа, во промоцијата на добрососедските односи сите мораме да се однесуваме со почит и отвореност, да се слушаме меѓу себе во дух на пријателство". Додал – „Со тоа, не го губиме нашиот идентитет. Процесот на пристапување во ЕУ може да помогне за поголема промоција и унапредување на односите, не мора да значи откажување од историјата и идентитетот туку напротив".

На човеков, зарем не му е јасно дека Бугарија го блокира нашето членство во ЕУ токму со тоа што нѐ уценува со барање да се откажеме од македонската историја и идентитет? Или сака да нѐ подготви за тоа? Сепак, дел од неговата порака е сосема прецизен – „пристапувањето во ЕУ... НЕ МОРА да значи откажување од историјата и идентитетот". Со други зборови – МОЖЕ. Тоа ни го

најавува! Всушност, зошто тој вергла околу идентитетот – затоа што ни е загрозен, нели?
Празна фраза е неговото тврдење – „често, проблемите помеѓу нациите... ги допираат и идентитетските прашања, за тоа кои сме“. Што сака да каже Гир? Ја правда Бугарија?
Такви случаи сигурно имало во историјата, ама биле ретки и крајно невообичаени. Барем во Европа. Нека даде примери. Русија, на пример, не негира постоење на издвоен украински народ, украински јазик... иако некои извлекуваат паралела во однесување на Русија и Бугарија. Впрочем, немаше да има руска интервенција, ако не беа политиките на НАТО за опколување на Русија и за влез на Украина во Алијансата токму за таа цел. За нас е најважно што сличен, и толку имбецилен пример, како бугарското игнорирање на Македонците – немало до сега во Европа. И, не заборавајте – тоа трае барем 150 години! Може ли некој да објасни – како можело толку време да има „Македонско прашање“, без да има Македонци? Начинот, пак, на кој Брисел го толерира средновековното бугарско однесување, е тежок резил за ЕУ.
Додатен доказ дека спомнатата конференција е кардинална утка, е и излагањето на бугарскиот амбасадор Ангелов. Тој ги игнорирал налудничавите политики на Софија кон Македонија или, поточно, национал-шовинистичките глупости со коишто нè бомбардираат веќе пет години, и бла, бла, бла... зборувал само за трговијата, Коридорот 8..., коишто прашања воопшто не се спорни. Впрочем, за да се заклучи дека конференцијата беше целосно бесмислена, доволен е фактот што не учествуваа македонски претставници, плус навредливиот податок дека среде Скопје беше игнориран македонскиот јазик.
Неспорен е заклучокот дека самиот настан е замислен како отворена поддршка на Бугарија и нов притисок врз Македонија, да продолжи да ги голта кнедлите подготвени во Софија. Ако една од клучните карактеристики на Унијата е солидарноста меѓу членките, што може друго и да се очекува од Брисел, Париз, Берлин, Прага... кога Софија веќе решила да спроведува геноцидни политики кон Македонците?

Оваа конференција, и сè што се случуваше околу неа, е голем неуспех за Унијата и посебно за Чешка. Тоа беше само нова демонстрација на бирократизмот, којшто масовно го окупира Брисел. Со сè почестото користење на двојните стандарди и непринципиелни политики, Унијата отворено работи во корист на сопствената штета. Чешка, пак, како претседавач со ЕУ, со конференцијата регистрира дека нешто прави, иако сето ова беше крајно бесмислено, срамно и бескорисно, а за Македонија штетно и навредливо.

Замислете - се презема иницијатива за надминување на недоразбирањата меѓу Македонија и Бугарија, коишто се сведуваат на недозволена бугарска агресија врз нашата земја и при тоа без учество на другата страна! Фактот, пак, што се игнорирал и македонскиот јазик, бидејќи тоа би можело да ги „навреди“ Бугарите, во најмала рака покажува дека Брисел, ама и Прага како организатор, не знаат што прават.

Единствената поука од сета оваа уџдурма е веројатно пораката од брифингот којшто, пред конференцијата, чешкиот амбасадор Лудва, го имал со новинарите. Им рекол – „преговорите со ЕУ се долг и тежок процес и оти реформите се во неговата основа и доколку државата не ги спроведе, не може да оди напред на патот кон ЕУ“.

Ако ние навистина бевме некаква држава, нашето МНР ќе мораше остро да реагира. Барем од чешката Амбасада да побара објаснување зошто немаше наши претставници и, се разбира, зошто ни го игнорираа јазикот?

Од Скопје, новинарката на БТА го цитирала Гир дека процесот на пристапувањето не мора да значи откажување од историјата и идентитетот ама, додала - тоа е барање! Другите, водата си ја тераат на својата воденица. Ние...

Фактот, пак, што во нашите медиуми немаше никаква вест од Софија, за конференцијата која беше одржана таму, покажува дека навистина сме полоши и од протекторат.

Држава која нема постојани дописници од соседните земји, ама и од главните светски центри, колку и да е таа мала и сиромашна, не заслужува никаква почит. Тоа особено важи за Македонија,

којашто е под постојана агресија речиси од сите соседи, и мора длабински да следи што се случува кај нив. Ако МИА, не како македонска туку медиумска агенција, сепак, има постојан дописник од Бугарија, и ако тој ништо на јавил за конференцијата, треба да се преиспита неговата работа. Во медиумите, воопшто нема дописнички вести и анализи од Бугарија. Сè е вадено од интернет.

ТЕШКИ ЕВРОПСКИ МАНИПУЛАЦИИ

(декември, 2022)

Во декември 2022, во Тирана се одржа самит меѓу Унијата и земјите од Балканот, коишто се одамна оставени пред нејзините порти. Тоа беше чист театар и срамно поигрување со регионот. Замислете, главен резултат на самитот, којшто се најавуваше како нешто историско, е некакво намалување на цените на роамингот на мобилните оператори! Тоа е промовирано како епохално достигнување а, верувале или не, ќе започне по една година!? Роамингот, пак, ќе биде укинат по пет години! А телефонските компании, прават огромни профити. Особено на Балканот. Златните кокошки ни ги земаа за евтини пари и, сега, навистина, нема логика да ни остават по некое јајце. Нивни се. Рокот до 2027 година потврдува дека Брисел, барем до тогаш, ама и потоа, не планира проширувања. Тоа е пораката.
Тогаш, преговарачкиот стаж на Црна Гора ќе биде 15, а на Србија преку 13 години. Веројатно и Албанија ќе направи четири години. За Македонија – ништо не се знае. Ние сме уценети со срамна и понижувачка промена на Уставот, која не е извесно дали и кога ќе биде реализирана. Сè е јасно, нели?
Сосема спротивно, самитот требаше да демонстрира заинтересираност на ЕУ за проширување. Усвоена беше декларација, на чиј почеток стои – „ЕУ повторно ја потврдува својата целосна и непоколеблива посветеност за перспективите за членство на земјите од Балканот и повикува на забрзување на процесот на зачленување, базирано на кредибилни реформи кај партнерите, фер и РИГОРОЗНА УСЛОВЕНОСТ и според принципот на сопствени заслуги, што е заеднички интерес“!?
Кого повикува Брисел на забрзување? Себе? Сепак, не.
Рокови, нормално – нема. Проширување ќе има на Свети Никогаш. Суштинската порака е во делот – зачленување, ама откако ќе се исполнат новите критериуми коишто се практично недостижни. Ригорозната условеност, пак, само потврдува дека уште долго нема да има нови членки на Унијата.

Малку се знаат промените коишто Франција ги воведе во системот за преговори. Прво, досега, преговорите беа во исклучива надлежност на Европската комисија. Сега се вклучени и сите заинтересирани членки. Тие ќе имаат право да проверуваат кај кандидатите што е постигнато во однос на бараните критериуми. Второ, сите членки мора да се согласат со годишните извештаи за реализираните преговори.
Трето, за затворање на секој кластер од новопредвидените шест, отсега ќе мора да се согласат сите членки, исто како и со годишните извештаи. Четврто, веројатно и најпроблематично - предвидено е кандидатите да имаат компатибилно ниво на економски развој, со тој на членките...
Тука е скриен зајакот. Ако се знае дека БДП по жител во Унијата е околу 35.000, а во Македонија под 6.000 евра, тоа значи дека мораме да стигнеме на ниво, барем, од преку 20.000, за да нѐ земат предвид, да бидеме компатибилни.
Барем за следните 30 години, Македонија нема теоретски шанси да биде и блиску до таа цифра. Во апсолутно иста, или многу блиска ситуација се и сите други земји од регионот. Со други зборови, проширувањето станува невозможна мисија.
Се чини дека токму затоа беше измислена и новата Европска политичка заедница, промовирана неодамна во Прага. Времето ќе покаже дали е таа замислена како некаква утешна „награда“ за балканските кандидати за ЕУ.
Може само да се претпостави што значат за Македонија сите овие промени во системот за преговори. Тие секако ќе ги тангираат и другите држави ама, силен е впечатокот дека, барем во добар дел, тие најсилно ќе ја погодат нашата земја.
Пред сѐ, тоа важи за директното вклучување на членките на Унијата во самиот преговарачки процес. Тоа не би требало да им го загорчи животот на Албанија, на Црна Гора, на Босна и Херцеговина, та и на Косово, колку на Македонија.
Нашите „драги соседи“ Грција и Бугарија, нема да пропуштат ниту една прилика, за да ни стават до знаење дека, за членство во ЕУ - зависиме од нив. А, ќе имаат безброј барања или, уште повеќе – уцени и ултиматуми. Впрочем, тие тоа и не го кријат. Од друга

страна, и Србија може да очекува проблеми од Хрватска. Меѓутоа, на времето, кога ја примаа во Унијата, преку нејзиниот тогашен претседател Иво Јосиповиќ, Хрватска писмено се обврза дека нема да ја попречува Србија при приемот. Брисел веќе го имаше негативното искуство на Македонија со Грција, и на време се обезбеди. Колку тоа ќе биде функционално – ќе видиме.
Има веќе доволно индикатори дека ќе нè чекаат тешки голготи во преговарачкиот процес, ако некогаш и го започнеме. Според plusinfo.mk од 28/10/2022, бугарската потпретседателка Јотова, изјавила: „Софија и Скопје имаат уште многу проблеми за решавање, а Бугарија може да стави вето во кое било време“. За време на посетата на Атина, и грчката претседателка му рече на Пендаровски дека меѓу двете земји има уште многу отворени прашања. Таа прецизираше дека истите ќе ги решавале за време на нашите преговори со Унијата. Пекол не ни гине: било во преговори за членство, било без преговори.
Овде нема да ги елабориравме најавите од Париз, Берлин..., коишто се неспорни, дека Унијата уште долго нема да се проширува. Поточно, дека прво треба самата да се реформира, за што ќе бидат потребни барем 10 години. А, прашање е колку и дали тоа ќе успее, за да се отвори место за нови членки? Многу е тешко, дури и невозможно, да се најде и најмал заеднички именител за 27-те земји членки, по кое било прашање, и врз тоа да се планира. Впрочем, доволен е фактот дека 62 проценти од жителите на Франција, и 61 процент од тие на Германија, се против натамошно проширување на Унијата. Ако е така, а така е, кој нормален политичар, од овие две главни членки на Унијата, ќе прифати нови членки? Никој. Тоа е реалноста со која мора да се смета во нашите желби и напори да станеме дел од ЕУ. Не е спорно дека е членството добра работа, дека треба да се прави сè што е можно и нормално за да се стане дел од ова елитно европско друштво, ама мора да се имаат предвид приликите во кои се одвиваат тие напори, за да не се загуби реалноста од под нозе.
Театарот во Тирана недвосмислено тоа и го потврди - проширување нема да има уште долго. Директно, само белгискиот премиер јасно кажа дека нови членки нема да има уште долго.

Германскиот канцелар, пак, нагласуваше колку е важно приклучувањето на Балканот. Тоа е истата реторика на Меркел – секогаш позитивна, ама без конкретни резултати. Никој не треба да има дилеми дека новата француска методологија за преговорите е донесена со единствена цел тие максимално да се отежнат и пролонгираат. Најверојатно, и да се – оневозможи проширувањето. Тиранската декларација е особено негативна за Македонија. Кога се чита внимателно, станува јасно дека нашата земја е најлошо третирана, иако уставните промени не се директно спомнати. Тоа значи дека сме еден од клучните проблеми во регионот, што не треба да биде спорно по бугарските шизофрении. Без да се наведе нашата земја по име, во контекст на нашите срамни договори со Софија и Атина, јасно ни се порачува: треба да се – „унапреди помирувањето и регионалната стабилност, а исто така да се најдат и спроведат дефинитивни, инклузивни и обврзувачки решенија за регионалните и билатералните спорови и прашања на парт нерите, чии корени се во минатото“. Замислете, за прв пат бараат – „обврзувачки решенија за... спорови и прашања..., чии корени се во минатото“!? Не треба да има никаков сомнеж дека ова може да се толкува само како ПОВИК ДО НАС ДА КАПИТУЛИРАМЕ пред бугарските историски синдроми и ментални девијации. Овие пораки не можат да се однесуваат на која било друга држава. Речникот за Србија е поблаг, нема критики за Косово, а проблемите во Босна и Херцеговина не се спомнуваат.
Во декларацијата од Тирана не се спомнуваат ниту Берлинскиот процес, ниту иницијативата Отворен Балкан.
Се наведуваат само трите неодамна потпишани документи во Берлин. Тоа покажува дека ЕУ отворено не се согласува со „отворањето на Балканот“, којшто е американски проект.
Тирана, пак, веројатно, спречила да се промовира само Берлинскиот процес, бидејќи и таа е дел од Отворениот Балкан.
Ова е само нова потврда за дволичноста на Унијата.
И површна анализа на самитот во Тирана, заедно со сите други услови и состојби - јасно потврдува дека брза промена на нашиот Устав, заради непостојните Бугари во земјава, би била катастрофална и непростлива историска грешка.

Со тоа, ништо не би добиле туку, напротив, целосно би ја руинирале нашата меѓународна позиција, и би испаднале смешни и недоветни. Такво нешто не се прави без целосно сценарио за нашите следни надворешнополитички чекори, и прецизен тајминг...

Брисел сигурно ќе продолжи жестоко да инсистира на што побрзи уставни промени, бидејќи на таа карта ја фрлија сета своја моќ. Нè ставија пред свршен чин и, засега, ние навистина немаме друг избор, доколку сакаме во Унијата.

Начинот на кој Македонија се доведе во ваква безизлезна ситуација е историски срам за земјата, од кој тешко ќе може да се излезе на достоинствен начин, ама излез има и ќе има.

Ќе зависи од нас самите. Ништо не е дефинитивно. Нашата преговарачка рамка не е усвоена и ние МОЖЕМЕ и МОРАМЕ ДА ЈА МЕНУВАМЕ. Тоа е јасно.

Истото важи и за договорите со Бугарија и Грција.

Странците, следени од домашни петоколонаши, бесрамно нè лажат дека договорите што се депонирани во ООН – биле непроменливи. Чиста глупост. Точно е само дека, според член 102 од Повелбата (Уставот) на ООН, сите земји се должни, во што покус рок, да ги регистрираат сите свои меѓународни договори во ООН. Тоа е обврска. Паралелно, постои и разработен систем како државите можат да се повлечат од одреден договор, на унилатерален начин. Исто така, можат да се вршат и корекции на депонираните договори. Тоа значи дека и за двата срамни, поразителни и предавнички договора, со Бугарија и Грција, топката е во нашиот двор и од нас зависи како ќе се однесуваме. Впрочем, во договорот со Бугарија е предвидено откажување во рок од една година, по писмено известување. Договорот од Нивици е малку поспецифичен ама тоа ништо не значи. И тој може и да се менува, и да се откаже.

Факт е дека и САД, и ЕУ немаат никакви изгледи за некој друг дипломатски успех, освен понижувањето на Македонија. Затоа, може да се очекува дека ќе бидеме под постојан жесток притисок да капитулираме. Новава 2023 година, ќе биде повеќе од страшна за Македонија. Предизвиците ќе ни се редат на дневна основа и ќе

биде речиси невозможно да се избегнат нови срамни капитулации, сврзани пред сè со промената на Уставот. Во дадените услови, Македонија не смее по никоја цена да попушти и да го менува Уставот. Со тоа нема ништо да добие, освен официјално отворање на процесот на бугаризација на Македонците.

Не треба да заборавме дека, и кога го потпишувавме капитулантскиот рамковен договор во Охрид, во 2001-та, и многу пати потоа, странците си играа мајтап со нас секогаш уверувајќи нè дека само уште тоа да го проголтаме, и еве не во Унијата. Уште не сме во неа и нема теоретски можности за помалку од 20 години тоа и да го доживееме. Да менуваш Устав за нешто што нема да се случи ниту за 20 години, не само што не изгледа баш многу мудро, туку е крајно неодговорно и, во конкретниов случај - самоуништувачко.

Решителноста, пак, на политичарите, коишто инсистираат Уставот што поскоро да го промениме, само ги покажува нивната неукост и тотален аматеризам. Попрецизно – нивната решеност да го уништат македонизмот. Не треба да се потценува дека зад тој чин се кријат и нивни конкретни лични и партиски интереси.

Ако, пак, народот, не ги спречи намерите на овие неранимајковци и не ги присили на што поскори избори, за да се стави крај на безумното самоуништување на сè македонско во државава, поарна иднина и не заслужил.

БРИСЕЛСКИ УЈДУРМИ

(декември, 2023)

Брисел пресече – предност имаат Украина, Молдавија и Грузија. Балканот - ќе чека. Впрочем, ќе чекаме сите бидејќи, најмалку во следните 10 години, нема теоретски шанси Унијата да се шири. Што ќе биде потоа, да сме живи и здрави, ама не сите. За толку време во Македонија умираат преку 200 илјади жители. За нив, и за многу други, ЕУ ќе остане утопија.

Украина, пак, нема никогаш да стане дел од ЕУ! Сегашниот театар е само психолошка поддршка на Киев, да продолжи со своите погубни и самоуништувачки политики, коишто се само во интерес на Вашингтон. На никој друг. И Украина, и ЕУ, и Европа во целина, се колатерална штета на американските крајно погрешни политики против Русија.

Некадарното и корумпирано украинско раководство, сега ќе мавта со преговарачкиот статус, замајувајќи го сопствениот народ. А тие, најверојатно, свесни се дека ги чека судбината на Турција, којашто преговара од 2005 година и нема никогаш да стане членка. Сепак, причините за Украина се поинакви.

Заедничката земјоделска политика е најконтроверзната алка на ЕУ. Преку 33 проценти од Буџетот се дели на земјоделците, а Франција има најголема корист. Украина има огромно земјоделско производство и, ако влезе, ќе ги преврти на глава сите буџетски принципи, на сметка на членките. Со нејзино вклучување, сите ќе загубат. Кој сака такво нешто?

Таа е петти светски извозник на пченица, главен извозник на јачмен, пченка, семе од репка, сончогледово масло...

Моментално, девет од членките се нето уплатувачи во Буџетот на Унијата. Нето корисници се другите 18. Кога преостанатите шест балкански држави би се приклучиле во ЕУ, ситуацијата целосно би се променила и сите сегашни буџетски корисници – би станале уплатувачи.

Самите заклучите дали некој од овие 18 нето буџетски „профитери“, ќе биде спремен да гласа за прием на некој нов член?

Не е за верување, нели? Најмалку за Украина, којашто би ги растурила сите досегашни сметки.
Кај нас, пак, има многу контроверзии околу начинот на кој Украина го доби новиот статус. Се прават и празни неаргументирани споредби со Македонија. Демек, гласањето за Украина било консензус минус еден; слично можело и морало да се постапи и во корист на Македонија...
Тоа се бесмислици. Во Брисел немаше консензус минус еден. Со излегувањето на Орбан од салата, Унгарија (премолчено!) се согласи за почеток на преговори со Киев. Не гласаше против, што би било вето, ниту воздржано, што би значело дека нема консензус.
Клучно е што сите членки беа спремни да му дадат таков статус на Киев, и Будимпешта беше во тешка изолација и под жесток притисок. Впрочем, клучен фактор за неочекуваниот, непринципиелен и незаслужен напредок на Украина се – САД. Тие стојат зад војната таму, а тоа значи дека и Унгарија била, просто кажано - натерана да се согласи.
Каде е тука Македонија? Прво, никогаш не сме имале доволна поддршка меѓу членките. Камоли, целосна. Второ, нашите „драги соседи и пријатели“, за какви ги смета „нашава“ власт, никогаш не би излегле од салата заради нас.
Ниту Грција, ниту Бугарија. Не на кафе, туку и Нобелова награда да им нудат. Трето, и клучно, зад сите наши голготи, недвосмислено стојат САД. Тие ни ја кројат капата, а ние се правиме дека не забележуваме.
Оцените на премиерот дека во Брисел сме имале празен гол и досуден пенал, коишто не сме ги искористиле, се нова тешка измама. Токму премиерот, Димитров, Османи, Маричиќ..., со катастрофални и предавнички потези и договори, ја донесоа Македонија на ова дереџе. Тие преземаа самоуништувачка обврска за Уставот, којашто не можат да ја исполнат. Затоа, сега во Брисел, немавме никаква шанса.
Сочно лаже и Маричиќ („Слободен печат“, од 19/12/2023, „Поддршката за членство во ЕУ на најниско ниво до сега“).

Вели – „... во заклучоците на Европскиот совет јасно е дадено до знаење дека штом се направат уставните измени ...ќе има втора меѓувладина конференција на која ќе се отвори првиот кластер“. Еве што пишува во заклучоците – „ЕУ е спремна да ја комплетира фазата на отворања на пристапните преговори со Македонија веднаш штом таа ја изврши СВОЈАТА ЗАЛОЖБА за уставни промени, според заклучоците на Советот од 18/7/2022... Европскиот совет ја повикува Македонија да го забрза завршувањето на овие процедури“!
Или Маричиќ не знае да чита, или свесно нè прави недоветни? Толку пишува за Македонија. Кластер не се спомнува.
Маричиќ нè мами и кога тврди дека почетокот на преговорите бил означен на првата меѓувладина конференција. И од горниот цитат се гледа дека тогаш била иницирана само постапката за отворање на преговорите. Тоа му доаѓа како да поднесеш документи за прием на факултет и те чека приемен испит, а ти тврдиш дека си се запишал. Наши срамоти и мизерии. Особено е за нас навредлив фактот дека ЗАЛОЖБАТА за промена на Уставот била наша. А ние бевме уценети! Нè
третираат како да сме целосно недоветни.
На втората меѓувладина конференција нема да отвораме кластер. Тогаш ќе се прифаќа преговарачката рамка, којашто е катастрофална и со која, ако не ја отфрлиме, никогаш нема да влеземе во Унијата. По скринингот, на Брисел му се потребни најмалку шест месеци за да го прецизира процесот на преговорите. Дури потоа се отвора кластер, ако биде сè во ред.
Благодарејќи токму на власта, Македонија немаше никаква шанса во Брисел, камоли празен гол. Со крајно погрешни политики, таа целосно ги затвори портите на ЕУ.
Со оваа преговарачка рамка, Софија има можности за незамисливи маневри и уцени, и таа нема никогаш да се сложи со наше членство. Освен, ако се согласиме дека сме со бугарски корени, со јазик дијалект на нивниот, заедничка историја...
Токму затоа се потребни радикални промени во нашата надворешна политика, коишто ќе овозможат земјата да ги

реализира своите аспирации за евроинтеграции, во согласност со општите норми и критериуми.
Нашите манипулатори често лажат дека, заради војната во Украина, ЕУ е повторно спремна да се проширува. Такво нешто нема на повидок. Прашање е дали некогаш и ќе има проширување како до сега? Впрочем, во заклучоците од Брисел се зборува за ПОСТЕПЕНА ИНТЕГРАЦИЈА. Мозаик со изјавите на врвните луѓе од ЕУ, прецизно покажува – проширување ќе има на Свети Никогаш. Еве зошто. Макрон којшто, иако неформално, ја презеде водечката позиција во Унијата, прецизираше три работи.
Прва беше новата преговарачка рамка. Подлабока нејзина анализа јасно покажува дека преку неа – никој не може да стигне до членство во следните 20, 30 години. Второ, тој јасно кажа, и никој не откажа, дека ЕУ прво ќе се реформира, а дури потоа ќе се проширува. Реформите, пак, коишто се неизбежни, можат и вечно да траат. Во основата, тие се против интересите на помалите членки (откажување од ветото...). Трето, политичкиот дел од зачленувањето Макрон го заокружи со создавање Европска политичка заедница, во која се сите кандидати, заедно со членките, што веќе функционира.
Економскиот дел, пак, го обелодени Фон дер Лајен. Таа прецизира четири столба за кандидатите. Првиот е дозвола за пристап на постоечкиот заедничкиот пазар. Што значи тоа, сè уште никој не знае? Вториот столб е јакнење на економската соработка на регионално ниво, што не е спорно.
Третиот столб се реформите, коишто речиси никој не ги прави а ќе бидат клучен критериум во иднина. Четвртиот столб е поголема достапност до фондовите. Тоа веќе започна, со одвојувањето на шест милијарди евра за балканската шесторка. Ова се утешни награди за земјите кандидати.
Поточно - супституција за членството.
Самитот во Брисел (12/2023) целосно ги потврди овие политики на Унијата. Сè друго е чиста измама. Какво било проширување до 2030 година, е надвор од умот. До 2030, а веројатно и многу подолго, ќе се водат жестоки битки во Унијата. Ќе се изедат меѓу себе, и никому нема да му паѓа на ум никакво проширување.

Исклучок може да биде само Црна Гора, и тоа како потврда дека други не доаѓаат предвид.
За „утеха“, има една мисла дека политичарите треба и мора да лажат. Замислете што ќе се случи, ако на народот му ја кажуваат вистината!?

ВАРХЕИ СИ ИГРА МАЈТАП СО МАКЕДОНИЈА

(февруари, 2023)

Комесарот за добрососедство и проширување на Унијата Оливер Вархеи, добро ни е познат. Следната година (2024) се избори за Европскиот парламент (ЕП) и тој, со своите крајно безобразни додворувања кон Бугарија на сметка на Македонија, на очигледен начин работи на својот реизбор. Не бира начини за да ја обезбеди поддршката на Софија. Познато е дека ЕП ги избира врвните тела на Унијата, вклучувајќи ги и комесарите. Тоа е систем на невидени пазарења меѓу членките, при што поддршката од секоја земја е драгоцена.
А потоа, откако ќе бидат избрани на позициите, водачите на Унијата, практично, никому не одговараат.
Последниве година-две, во сите понижувања на коишто беше изложена Македонија од страна на Бугарија, Вархеи играше речиси главна улога. Откако Софија стави вето на почетокот на нашите преговори за членство во ЕУ, тој беше задолжен да најде излез, или решение. Сите негови потези (веројатно без исклучок!) беа во корист на Бугарија. Неговата улога беше клучна и во т.н. „француски предлог“, договорен меѓу премиерите Петков и Ковачевски, којшто е ем навредлив, ем е катастрофален за интересите на Македонија.
На 1 февруари 2023 Вархеи прими група на „загрозени“ Бугари од нашава земја! Прашал ли некој - зошто? Тој не е надлежен за малцинства, и нема никаква основа да се инволвира во измисленият проблем на Бугарите во Македонија. Промената на Уставот е дел од нашите преговори, ама тоа воопшто не може да биде повод за средбата. Освен, ако ги убедувал дека Уставот не треба да се менува! Не смееше да ги прими дури и некој од неговиот кабинет. Надвор е од умот еден грст новоизмислени Бугари од Македонија, да се примаат на така високо ниво.
Впрочем, Вархеи морал прво да се интересира дали разговарале со надлежните во Македонија, како што прави и Судот во Стразбур. Морал да ги подучи прво да ги искористат сите можности во

земјата и дури потоа да одат во странство. Дома, пак, тие не бараат прием. Ја игнорираа државата и го чекаат Османи да ги прими. Ама и тој не е надлежен за тоа. Му се меша во надлежностите на А. Груби.
Вархеи, меѓутоа, немал избор. Бугарскиот претседател Румен Радев, инаку докажан шовинист, лично барал од него да ги прими. Така, двајцата се вмешале во нашите внатрешни работи, а Вархеи падна и на испитот за конфликт на интереси. Дали Софија за тоа му компензира со коверт, или единствено е во прашање идна поддршка, само Вархеи знае. „Нашите“, пак, таленти, си гледаат сеир и молчат, во ситуации кога отворено се работи против нашите основни интереси. Веројатно, тоа било и повод за да продолжи Вархеи да работи против Македонија.
Според мкд.мк, од 15/2/2023 („Се надевам дека следната година, Македонија и Бугарија заеднички ќе го чествуваат Гоце Делчев“), Вархеи во ЕП изјавил – „... како што беше одлучено од раководствата на двете земји, ќе има заедничко одбележување на датумот (4 февруари). Се надевам дека ќе успее следната година и нема да има слични настани на границата“! И, продолжил – „ЕУ мора да испрати порака дека историјата се споделува и како таква треба да се слави“!
На екстремните бугарски пратеници, пак, тој им се пофалил – „во случајот со Македонија, поставивме многу јасни правила во преговарачката рамка“. Попрецизен израз би бил – уништувачки правила за Македонија. Рекол и дека се гордеел со приемот на Бугарите од Македонија, за да заклучи – „Власта во Скопје не само што е свесна, туку и дејствува за искоренување на секоја омраза кон Бугарите“!?
Просто да не веруваш какви сè глупости направил и истресол овој човек, инаку европски министер! Како да зборува налудничавиот Џамбаски! Нејасно останува само заедничкото чествување на Гоце. Го измисли ли Вархеи тоа, или нашите политички гении го известиле дека е веќе договорено, и тој само ги издаде?
Вархеи се фали дека Македонија беше закопана со преговарачката рамка, којашто е чисто бугарска. Бара со Бугарија заедно да ја славиме и историјата, за која вели дека е – споделена. Во прва

прилика треба да се праша: кој друг во Европа слави - „споделена историја“? Но, кој да го праша?
А измислицата дека признаваме некаква омраза кон Бугарите, и се бориме против неа? Во секој случај, човеков не знае што зборува. Зарем никој од нашиве талентирани политичари, како, на пример, генијалниот Маричиќ, не му објаснил дека омраза кон Македонија и Македонците има само во Бугарија, свиткана во ксенофобично непризнавање на народот и малцинството. Такво нешто во Македонија, против Бугарија и Бугарите - нема. За време на живковизмот ги жалевме и потценувавме. Сега, им се чудиме на паметот.
За да бидат работите до крај јасни, и да се знае за кого навива Вархеи, мора да се спомне и дека кога во бугарското Собрание дивееја толпа забегани екстремисти, со транспаренти на кои пишуваше дека Македонија е Бугарија, тој – молчеше. Како ништо да не се случило. Како комесар и за добрососедство, којшто е длабоко навлезен во нашата билатерала, мораше да се огласи. Арно ама, жестоко реагираше кога во нашето Собрание, опозицијата гласно и аргументирано беше против „францускиот предлог“ и поразителната преговарачка рамка којашто ни ја испорача токму Вархеи. Верглаше дека ВМРО ДПМНЕ ги преминало европските црвени линии на водење политика и ги повика да докажат дека се на европскиот пат!
Невиден безобразлук. Какви двојни стандарди! Тој никако не смее да се меша во нашите меѓупартиски пресметки.
Мицкоски остро му одговори. Тоа што во Софија се враќа фашизмот, не му пречи никому во Европа. А кога кај нас некој се обидува да си ги брани универзалните права, тоа да ти било антиевропски, проруски и некаков национализам!?
Овие монструозни постапки и измислици на Вархеи, само потврдуваат дека ние немаме ниту дипломатија, ниту власти кои работаат за интересите на нашата земја. Крајно време е нашите „политичари“ да сфатат дека со дефетизам, малодушност и неприродна и имбецилна попустливост не се стигнува никаде, освен на ѓубриштето од историјата.

Сите што нѐ водат таму, еден ден ќе мора да излезат пред судот на правдата. Дај Боже, што побргу.

ШТО НИ ВЕРГЛА ЏУЛИЈАН ВАСАЛО?

(октомври, 2022)

Името ви е апсолутно непознато, нели? И мене. Арно ама, човекот да ти бил заменик-шеф на Делегацијата (Амбасадата) на ЕУ во земјава. И, не само тоа. Да ти имал и видовитост.
Ги викнал новинарите на брифинг и речиси сите тајни им ги кажал („Вечер“ и „Слободен печат“, од 4/10/2022).
Рекол дека нема да шпекулира за датум кога Македонија ќе стане дел но дека – „ЕУ ќе преферира Македонија да ги стигне Црна Гора и Србија, кои веќе одамна преговараат со Унијата и, ако има политичка волја во земјата, 2030 година е реална цел“! Дали нашиве политичари, кои со 2030 година го лажат народот, влијаеле и на него, не е јасно. Во секој случај, тој тера вода на нивната воденица, што е тешка шпекулација и уште пострашна измама. Се разбира, доколку спомнатиот не е - видовит. Без тоа, шансите Македонија да влезе во Унијата, барем следните 20 години, се рамни на – нула. Човечево, мора тоа да го знае, ако има грам ак’л.
Прво, ако Брисел навистина „преферира“ Македонија да ги стигне Црна Гора, која преговара од средината на 2012, и Србија, која тоа го прави од почетокот на 2014, тоа е крајно некоректно кон овие две земји. Ако е тоа и навистина така, тогаш Васало не смеел јавно да го каже. Тоа мора да биде голема политичка тајна. Или, ни се додворувал?
Второ, јасно е дека Унијата нема да се проширува следните 10-тина години, а тоа веќе ја преминува 2030. Јавна тајна е дека Франција и Германија, двете локомотиви на Унијата, се против проширувањето бидејќи преку 60 проценти од нивните граѓани тоа не го прифаќаат. За таа цел беше измислена и новата процедура на преговорите за членство.
Многу е тешко да се верува дека некој од кандидатите ќе ги задоволи новите критериуми. Македонија најмалку бидејќи, во никој случај, тоа нема да го дозволат Бугарија и Грција.
Трето, човеков се дрзнува да ја критикува опозицијата која – „во еден момент ќе треба да преземе одговорност и да докаже дека е за

евроинтеграција, како што тврди“! Ова е ем мешање во внатрешните работи, ем делење лекции. За ваква глупост и навреда, тој мора да се протера. Меѓутоа, тоа не го измислил тој и е само мал дел од жестокиот притисок врз опозицијата да го свитка ’рбетот, да капитулира на национален план и да прифати промена на Уставот.

На 26/7/2022, уште подиректно, истото го соопштија комесарот Вархеи и шефот на Васало Гир. Според мкд.мк, првиот порачал – „Опозицијата во Македонија да се отрезни, ги помина демократските црвени линии“!? Додека вториот, според Канал 5, нѐ опоменал дека – „Македонија мора да ги внесе Бугарите во Уставот, како што бара Бугарија, инаку по скринингот ќе запре процесот“!? Тој нагласува дека самите сме ја презеле обврската за Уставот ама, се разбира, не кажува дека тоа беше ултиматум на неговите од Брисел.

Четврто, и клучно, неспорен факт е дека Брисел ја уцени Македонија со вклучување на неколку стотици измислени Бугари во Уставот. Како и Васало, и тамошните лидери не се сетија на положбата на барем стотина илјади Македонци во Бугарија, кои не уживаат никакви малцински права. Барем, мораа да се прашаат зошто не се спроведуваат пресудите на Европскиот суд за човекови права? Место тоа, некој си Гир и Васало, сега ни држат лекции дека сами сме се обврзале за промена на Уставот и, демек, од нас зависел напредокот кон Брисел!? Васало, дури се осмелил да оцени дека – „со внесувањето на Бугарите во Уставот, нема ништо фундаментално да се промени“.

Оваа површност, иако е безобразлук, може и да му се прости - суштината на бугарските аспирации кон Македонија и не мора да му биде до крај јасна. Тие не сакаат да бидат малцинство туку конститутивен народ во Уставот. Со оглед дека сега и Брисел е сериозно ангажиран во затворањето на „Македонското прашање“, кога Македонците ќе мораат да ги прифатат „бугарските корени“ ако сакаат во ЕУ, тогаш државата автоматски станува втора бугарска. Васало нека си ја заработува платата, ама со усул. Македонците не се слепи иако нивните „генијални водачи“ не ги

оспориле бугарските фантазмагории, и затоа се тие сега и бриселски.
Петто, или Васало се правел недоветен, или новинарите така ги третирал. Им рекол – „Знаеме дека Македонија и Бугарија дискутираат меѓу себе за историјата. ЕУ не се занимава со историја. Ние ја оставаме историјата зад себе и одиме напред. Во ЕУ сакаме да гледаме напред а не да гледаме на работите од минатото“!? Зарем не му кажале дека токму Брисел, преку Берлин и Париз, нѐ присили да ги прифатиме бугарските историски и нецивилизациски синдроми во преговарачката рамка?
Да го потсетиме - во точка 5 од Преговарачката рамка стои дека (главен?) критериум за Македонија ќе биде – „посветеноста за добрососедски односи...“, а Васало мора да знае дека „годишните прегледи“ се однесуваат исклучиво на реализацијата на бугарските историски будалаштини во однос на Македонија. Мора да му е познато дека Софија ултимативно ни наметнува дека историјата ни е заедничка, односно бугарска. Со уцени и блокади, Софија сака да докаже дека ние сме – Бугари, а Брисел тоа го става како критериум во преговарачката рамка и бара „ЕФЕКТИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ“. И, сега, како тоа ЕУ не се занимавала со историја? Всушност, Васало нека ги прочита членовите 2, 3 и 4 од Заклучоците на Советот, и ќе види дека со нив се велича протоколот од втората меѓувладина комисија со Бугарија, со којшто прифативме и заедничка историја, и понижувачка промена на Уставот...
За жал, никој од новинарите не го прашал – а, зошто за Македонија не важат Копенхашките критериуми, туку важат некакви бугарски фантазмагории?
На крај, мора да се признае дека заменик–шефот на Делегацијата е во право кога кажува дека Македонија има слаб капацитет на апсорпција на фондовите доделени од Унијата, што е крајно сериозна критика на Владата. Ние сме сиромашна држава, а кога некој ни дава пари, не сме способни да ги искористиме! Јасно е до каде сме, нели? И еден друг важен факт ни соопшти Васало: нашето законодавство е само 27 отсто хармонизирано со тоа на Унијата. Исклучително талентираниот Маричиќ, пак, кој забранува

да ги користиме термините „македонски/а/о“, нè уверува дека правото ни е со околу 50 проценти сообразено со Унијата, иако еднаш спомна и 40. Разликата е сепак огромна.

КОГО ЛАЖЕ ФРАНЦУСКИОТ АМБАСАДОР?

(јануари, 2023)

Во интервју за Радио „Слободна Европа“, пренесен во „Нова Македонија“ од 21/12/2022, францускиот амбасадор во Скопје изгледа како да води партиска и политичка кампања што, едноставно - запрепастува. Сосема е неспорно дека, кога се работи за интеграцијата во ЕУ, нашата власт намерно и неконтролирано го лаже народот. Свесна дека мнозинството сака во Унијата, со нереална надеж дека така ќе му се решат проблемите, таа е спремна на сè, со цел да ја задржи позицијата која ја има. И, во недостаток на испорачани дела и вредности, шири измислици за да ги контролира масите.
Но, со кое право, во нашите внатрешни работи се меша амбасадорот на Франција, и дури го лаже народот?
Францускиот амбасадор Сирил Бомгартнер, не е прв од европските амбасадори коишто, очигледно, доаѓаат во земјава со цел да нè заведат, за да ги реализираат нивните нелегални и нецивилизациски европски интереси во однос на Македонија и Македонците. Не е спорно дека за ЕУ и нејзините членки, особено главните, е исклучително важно Македонија да си го смени Уставот и да ја забрза бугаризацијата на македонскиот народ. Тоа е нивна политика, диктирана од САД, којашто ни ја наметнаа на крајно безобразен и бескрупулозен начин.
Претходно, во однос на Македонија, тие се изрезилија и во случајот со Грција, и сега им се повторува истото сценарио. Заради безумните и нелегални блокади на Македонија, ЕУ се посрамоти како неефикасна и нефункционална. Затоа, сите тие, на чело со германскиот претседател, при неодамнешната посета на Македонија, обидувајќи се да го спасат угледот на Брисел, се прават наивни и зборуваат работи коишто немаат врска со вистината и се тешко потценување на Македонците.
Францускиот амбасадор, за да не остане покус, во интервјуто вели – „Франција не се откажува од ’францускиот предлог‘ и доколку... македонскиот устав не биде ревидиран, тоа ќе значи дека процесот

на европска интеграција моментално ќе биде запрен“! Всушност, тоа е чиста и подла закана и уцена, подметната од нив. И, продолжува – „Првата етапа сега, реално кажано, е дека вашата земја веќе ги почна преговорите за членство. Нема никаков сомнеж во Европа дека вие веќе ги отворивте преговорите и ... Македонија денес се наоѓа во иста состојба како Албанија во однос на евроинтегративниот процес“.
Драг Серил, Македонија не ги има започнато преговорите за членство во ЕУ! Тебе ти е јасно што има одлучено Брисел, ама ни тврдиш поинаку, со јасна намера да нè доведеш во забуна. Ова се тешки лаги, извадени од лев ракав! Прво, во основата, францускиот предлог е – бугарски, со којшто, пак, се согласиле нашите предавници. Франција е само злоупотребена за тие кукавичини јајца, и нема место за гордост, туку само за срам. Второ, Македонија не ги има започнато преговорите. Отворен е само процесот за нивно отворање и завршена е само првата фаза. Втората фаза е срамната и понижувачка промена на Уставот, којашто ни е наметната на силеџиски начин. Ако оваа држава и малку држи до своето достоинство, Уставот нема да го менува под надворешен притисок. Трето, Тирана ги започна преговорите и нема никакви формални пречки пред неа. Срамно е и недостојно да се лаже, Македонија и Албанија не се во иста позиција. Амбасадорите не треба да изигруваат кловнови.
Сепак, драг Сирил, голема благодарност за опомената дека ако не го ревидираме Уставот, за нас - нема ЕУ. Ако е точна информацијата дека твојата сопруга е – Бугарка, тој податок е важен и за тебе - заради мир во семејството. Бугарскиот национал–шовинизам, во никој случај не смее да се остави изневерен и на цедило, и на фамилијарен план.
Но, Сирил, еве и знак на добра волја. Заканата ја примивме. Арно ама, што ќе правиме ако Македонија не го промени Уставот? Ти се фалиш дека е тоа француски марифет.
Дали ќе треба на Франција да фрламе дрвја и камења, ако не успееме да ги отвориме преговорите? Тоа е крајно нелегално, грозоморно и безумно барање од Македонија. Нормална земја, никогаш не би прифатила таква дискриминација. Одговорна и

демократска држава, пак, каква што би требало да биде Франција, никогаш и не би поставила таков услов.
Ако ти, Сирил, да беше навистина претставник на некаква демократска држава, по логиката на нештата, барем ќе прашаше – а, зошто Македонија да менува Устав за 3.504 измислени Бугари, а стотици илјади Македонци во Бугарија да немаат никакви права? Или, барем, зошто Софија не почитува 14 пресуди на Судот за човекови права од Стразбур, во врска со Македонците? Не е возможно тоа да не се знае и, зарем, за тоа треба некој да те потсетува? Та, вие сте водечка европска земја и дипломатија. Или, кога доминира силата, а вие сте моќни... Познато е дека дипломатите се чесни луѓе што лажат во корист на сопствените држави, ама да се лаже за други држави, тоа е навистина надвор од умот.
Но, да не бидеме премногу остри кон Сирил. Тој не спроведува свои политики туку директиви од Париз, веројатно претходно усогласени со Вашингтон, Брисел и Берлин. Не е тој виновен што се тие бесмислени, а претходно, нашите генијални политичари понизно – ги прифатиле. Тој мора да е свесен дека со неговото интервју ќе изгледа смешен, ама само кај тие што ги разбираат работите. Неговите пораки се за масите и партиските војници, коишто треба да ги завршат гнасните задачи, испорачани од светските центри на моќ.
Се сеќавате што ни се случи со комесарчето наречено Хан, кога ни порачуваше, во име на Унијата, де, Уставот по Нивици да го промениме со балкански методи, што значи на криминален начин? И тоа беше политика на Брисел, а не негова „генијалност“. Ова е повторување на европскиот срамотилак.
Сè ова ќе беше смешно, ако не беше трагично. Вината е, сепак – наша. Самите се доведовме во ваква катастрофа.
Ако народот и понатаму ги толерира политичарите коишто нè доведоа до ова дереџе, ништо подобро и не заслужува.

МАКРОН ЦЕЛОСНО ЈА ПОДДРЖУВА БУГАРИЈА

(јуни, 2022)

Една народна изрека вели – кога некој по втор пат се сопнува на ист камен, треба да ја скрши ногата. Тоа важи и за нашава власт којашто, особено во надворешната политика, го уништува македонизмот и срамно ги повторува грешките.
По Грција, истото ѝ се случува и со Бугарија, само во полоша варијанта. Сепак, додека во првиот случај бевме притеснети, сега е сѐ во наши раце, ама нема кој да ги брани нашите фундаментални интереси.
Дозволуваме и проблемот со Бугарија да добие мултилатерален карактер, токму како што ни се случи и со Грција.
Согласни сме бугарските политички гнасотии да станат дел од нашите преговори со Унијата. Така, зад Софија, солидарно ќе стојат останатите 26 членки, заедно со САД, коишто се носител на проектот за бришење на Македонците. Тоа само значи дека дефинитивното затворање на „Македонското прашање“ е на дофат, и е неизбежно.
На почетокот на судирот со Грција, Македонија немаше избор. Сценариото го спроведуваше Вашингтон, слепо следен од Брисел. Поаѓајќи од сопствените интереси, тие проблемот веднаш го интернационализираа, префрлајќи го прво во ЕЕЗ (ЕУ) а потоа и во СБ на ООН, бришејќи ја билатералната димензија. Тоа беше погубно за Македонија. Соочена со реалноста дека: а) државата не беше признаена; б) српската војска сѐ уште беше во земјата; в) девизните резерви беа 30-тина милиони долари, недоволни за нафта потребна за три месеци, Македонија тогаш тешко можеше да тропне на маса и да каже – доста беше! А, сепак, и требаше, и мораше.
Сега, ситуацијата е целосно различна. Државата е стабилизирана, и нема никаква потреба да се однесуваме срамно и понизно. Вашингтон, повторно го стави проблемот во мултилатерални рамки бидејќи така најлесно рушат сѐ пред себе. Свесни се дека, како и во Нивици, вазалната власт во Македонија така најбргу ќе

капитулира. А македонските политичари, ќе тврдат - немаме избор, ЕУ го бара тоа од нас!
Не, Бугарија! Ќе лажат дека сме на прагот на Унијата, а уште најмалку 20 години нема да ја помирисаме!
За разлика со Грција, кога менаџираа САД, овој пат се наметнува францускиот претседател Макрон, којшто сака да игра некаква улога. На 8 јуни 2022, „Слободен печат“ („Емануел Макрон ја почна посредничката мисија“) објави дека Макрон телефонски разговарал со Р. Радев и Д. Ковачевски и дека разговорот бил во функција на изнаоѓање договор меѓу двете земји. Елисејската палата соопштила – „Макрон изрази целосна поддршка за договор меѓу двете земји, како и почитување на основните права на граѓаните што изјавуваат дека припаѓаат на други заедници или малцинства“! Веројатно се работи за несакан превид на француската дипломатија.
Тие секако мислеле на измислените Бугари во Македонија, ама ни дадоа историска шанса да инсистираме и на Македонците во Бугарија, како клучен проблем и наш најсилен аргумент против Софија. Така би постапил секој одговорен политичар и дипломат. Впрочем, така се гради позиција во секој спор. Арно ама, за тоа треба и нешто да разбираш, да не бидеш политичка tabula rasa и, се разбира, да не бидеш пион во туѓи раце.
Дека имало некаков договор на Макрон со Ковачевски и Петков, индиректно ни потврди и Али Ахмети. Рече дека спорот со Бугарија ќе се реши до крајот на месецов! Сигурен извор му е МНР Османи, најодговорниот за проблемот, вклучувајќи и за нашите веќе дадени срамни отстапки.
Така настана т.н. „француски предлог“ којшто е погубен за Македонија. Софија, меѓутоа, не запре тука. Од Брисел побараа и гаранции за реализацијата на нивните интереси, што е надвор од умот. Тоа е спротивно на сите основни вредности на Унијата! Ако бугарските грозоморни бедотии, сепак, влезат во рамката за преговори, ќе се олесни бугаризирањето на Македонците и тоа ќе стане неизбежно, ако на време не се спротивставиме. Од тој момент, во Брисел, а не во Софија, ние ќе мораме да докажуваме

дека сме Македонци, дека зборуваме македонски јазик. Послаба позиција за Македонија, не може да се замисли.
Нашата, пак, начелна спремност да се внесат Бугарите во Уставот, и тоа како конститутивен народ, е непростлива историска грешка и тешка будалаштина. Разбира ли некој дека со тоа ние прифаќаме дека Бугарите се основоположници на македонската држава? Дека е тоа ново негирање на АСНОМ? Дека со таков чин ние прифаќаме дека тие биле наши ослободители во Втората светска војна, а не фашистички окупатори? Дека со еден таков бесмислен и ментално девијантен чин ние потврдуваме дека оваа држава е бугарска? Зарем никој не сфаќа дека главните сили на меѓународниот фактор се концентрирани на бришење на Македонците како посебен народ и дека, токму затоа, се бугаризира земјата?
Кога Македонците формално ќе ги снема, а тоа ќе биде многу скоро, барем едниот дел од оваа држава, тој што не е албански, ќе може да биде само бугарски! Не заборавајте, Софија не признава дека воопшто има Македонци! Полека, чекор по чекор, тие го цементираат бугарскиот карактер на Македонија, додека ние се правиме недоветни. Ние ќе ги ставаме во Уставот, откако на пописот се пријавија цели три илјади Бугари, иако Софија сигурно жестоко агитирала да ги има што повеќе. Има ли политичар во оваа напатена земја со барем пет грама памет во главата?
Народот вели дека жабата, кога видела дека коњот се потковува, и таа ја кренала ногата. Истото тоа го прави и нашата неука власт – и таа бара гаранции од Брисел. Тоа го повторуваат и претседателот и премиерот. Зарем е можно да не им е јасно, или нема кој да им објасни, дека се работи за рамка, и тоа преговарачка? Во неа ниту е, ниту може да биде прецизирано што сè ќе биде покренато против Македонија во 32 поглавја, било од Брисел, било од членките. И, второ, во неа не може да има наши барања. Тогаш, за какви гаранции станува збор? За нас е клучно во рамката да не бидат на никаков начин спомнати двата за нас катастрофални договора со Бугарија и Грција, што ќе биде невозможно.
Порано или подоцна, ние ќе мораме или да ги откажеме или, барем, да ги релативизираме овие договори. Тие се основата за разнебитувањето на Македонците. Ако се согласиме овие договори

да се вградат во рамката, директно ќе се согласиме со дефинитивно затворање на „Македонското прашање“, односно на сопствено самоуништување. Впрочем, ако навистина сакаме да се бориме за нашите фундаментални интереси, треба веднаш да го откажеме договорот со Бугарија и да започнеме преговори за нов, реципрочен договор. Без Македонците од Пирин, не смее да има договор со Софија.

Тука не завршуваат нашите бескрајни безумности во однос на Бугарија и преговорите со ЕУ. Откако е познато дека францускиот предлог е целосно во корист на Софија, што не треба да изненадува, и дека со него бугарските налудничави бесмислици стануваат дел од политиката на Унијата кон Македонија, нашите „политичари“ нè уверуваат дека треба да почекаме тој да ни биде официјално доставен, та потоа ние да го кажеме своето мислење!? Прво требало да се договореле членките на Унијата, потоа да се согласела Бугарија и потоа ќе дошол нашиот ред?! Просто да не веруваш! После смрт, живот. Прво треба да ја чекаме пресудата, без да се обидеме да се земат во обзир нашите факти и аргументи! А, зошто имаме дипломатија? Сепак, се чини дека овие изјави се чисти манипулации со јавноста. Има силни индикатори дека Франција има наша и бугарска согласност за предлогот. Тешко е да се замисли дека Макрон би ризикувал да ја мобилизира Унијата, за да биде Македонија против!? Не е толку наивен.

Свети Петар ги распоредувал новодојденците и прашал некого – ти, од каде? Од Македонија, одговорил. Во пеколот, одлучил свети Петар. Аман, бе, била реакцијата, од таму доаѓам!

ПРВО НЕ ПРЕКРСТИЈА, СЕГА...

(мај, 2023)

Со договорот од Нивици, од јуни 2018 година, никој друг не нè прекрсти, туку - САД. Не, Грција. Текстот од договорот е нивен. Сега, што е сосема логично, тие сакаат да нè бугаризираат. Така, го привршуваат своето 30-годишно ангажирање во разнебитувањето на Македонците и поделба на Македонија. Не физичка. Границите ќе останат исти бидејќи нивно менување би водело во трета балканска и, веројатно, светска војна. Затоа, државата ни ја делат на албански и бугарски дел. Главната цел е да нема Македонци. Така завршува процесот за дефинитивно затворање на „Македонското прашање“, којшто САД го започнаа веднаш по распадот на Југославија. За почеток, прво долго не ни ја признаваа државата и, паралелно, на крајно безобразен и нелегален начин, ама практичен и за нив корисен, во СБ на ООН ни го суспендираа историското име од меѓународна употреба. Референцата е коренот на сите наши досегашни и идни голготи.

Сè што следуваше потоа, во добар дел беше чиста техника. Сепак, имаше и сериозни додатни експлозии. Најголема, секако беше воената агресија од Косово во 2001-та. Таа го донесе катастрофалниот Охридскиот рамковен договор (ОРД). Историјата сигурно ќе покаже дека агресијата беше преземена со цел да се отвори простор за ОРД со којшто, во голем дел, беше променет уставниот карактер на државата и, главно, се избриша нејзиниот македонски карактер. Со слична разорна сила беа и привремената спогодба со Грција (1995), новата територијална поделба (2004), договорот за (не) пријателство со Бугарија од 2017, (којшто имаше добро испланирано одложено дејство и вклучена заедничка историја, како солидна основа за постепена бугаризација на Македонците), „Тиранската платформа“ (2017) и, на крај – Нивици.

Денес (2023) е сосема извесно дека, ако не се побуниме и кренеме како народ, и не направиме радикален пресврт на (до)сегашните погубни политички чекори, коишто се одамна започнати, наскоро

веќе нема да има Македонци. Поточно, ќе бидеме виртуелни. Ќе постоиме, барем уште некое време, ама само за по дома, и за самите себе, и за никој друг.
Постепено ќе изчезнуваме, исто како што им се случи и на нашите во Егеј, и во Пирин, бидејќи не можат туку така да нè збришат. Тоа, воопшто нема да биде тешко бидејќи веќе нема ниту македонска држава, туку некаква измислена – северна. А самите потпишавме дека Македонци има само во Грција, а не овде.
За целосно да се формализираат сите овие наши предавства, коишто се тешки политички криминали, направени под диктат на нашите „стратегиски партнери“, државата веќе се трансформира во квазифедерација. Албанскиот дел ќе биде сврзан со исто така неформална Голема Албанија, според Призренската лига, а со другиот дел ќе оживее Санстефанска Бугарија. Не е сосема јасно како ќе бидат поделени овие два дела, за чие (премолчено) разграничување сигурно ќе има сериозни проблеми. Сосема е извесно, меѓутоа, дека границите кон Косово и Албанија, од западна страна, и кон Бугарија, од источна, ќе бидат само на хартија. Слично како границата меѓу Косово и Албанија.
Дека се такви намерите и плановите на единствената суперсила, целосно поддржана од нивниот вазал наречен ЕУ, не треба да има сомнежи. И бегол поглед на сите досегашни голготи, низ кои врви Македонија преку 30 години, тоа јасно го потврдуваат. Кај нас, пак, тој мозаик, којшто објаснува сè, го гледаат само тие што сакаат да го видат.
За нас, Македонците, не треба да биде спорно дека сме колатерална штета на туѓите интереси. Клучно е што тие се реализираат на сосема погрешен начин. Нивните планери немаат поим за реалните балкански состојби, практики, традиции, навики, болни амбиции, претензии, комплекси, агресивност... И, место мир, стабилност и просперитет, сè што (ни) прават апсолутно ќе води само во нови недоразбирања и конфронтации на Балканот. Свесно или не, се отвораат само нови, непотребни извори на долгорочна нестабилност.
Логично е прашањето – кому му треба тоа? На Унијата, секако – не. Остануваат само – САД! Дали е целта на Вашингтон, преку

Балканот, да ги држи во постојана криза и ЕУ и Европа во целина? Во најмала рака, така изгледа.
Со голема сигурност може да се тврди дека, во иднина, клучен балкански проблем ќе бидат – Албанците. Од таа гледна точка, и отцепувањето на Косово може да се смета за сериозна грешка. Бројни факти говорат дека насилно обединетите Албанци (преку бомбардирање на Белград), во секојдневната борба за власт, во трите нивни држави, ќе бидат извор на големи меѓусебни судири. Со решавањето на националното прашање, околу кое до вчера беа феноменално обединети, целосно ќе се загуби нивниот кохезивен фактор.
Бескрмпромисноста и личните амбиции на политичарите ќе дојдат до максимален израз. Веќе подолго време, тоа и се манифестира на политичките сцени во Тирана, Приштина и Скопје.
Со оглед на традиционалните албански карактеристики, и спремноста да се борат и гинат, никој нема да биде во можност да ги контролира, а апетитите ќе им растат.
Најмалку САД, нивниот долгогодишен ментор, сојузник и партнер, којшто го бомбардираше секогаш слободоумниот Белград заради нивното обединување.
Иако без Македонците, коишто Запад (САД) ги сметаа(т) за јаболко на раздорот или за бурето барут на Балканот, и Македонија ќе стане крајно нестабилна. Процесот на бугаризација, којшто нема теоретски шанси да успее, ќе биде причина за жестоки конфронтации, коишто ќе траат со години.
Со сигурност може да се тврди дека ќе се вратат и комитите. Западот, а пред сè САД, си прават бајрам со умот дека, со разнебитувањето на Македонците, и со обединувањето на Албанците, ќе го средат Балканот и ќе можат слободно да господарат. Тие нивни надежи, намери, оцени, планови... беа катастрофално погрешни и доведоа до решенија (Косово, Нивици, Бугарија...) коишто Балканот го враќаат во 19 век.
Повод за овој текст се последните изјави на американскиот претставник за Балканот Габриел Ескобар, („Вечер“ и „Слободен печат“, од 15 мај 2023), коишто доаѓаат по посетата на премиерот

Ковачевски на Вашингтон, и средбата со државниот секретар Блинкен. Според дипломатската логика и пракса, Ескобар ги прецизира пораките коишто „нашиот“ премиер ги добил таму. Очигледно, главниот акцент бил ставен на уставните промени. Тоа е сега главен американски приоритет, како што на времето беше прекрстувањето на Македонија. Тоа се двата клучни дела од американското сценарио за дефинитивно затворање на „Македонското прашање“. Откако нѐ прекрстија, главна цел е да се отвори процесот на бугаризација на Македонците преку промена на Уставот. Затоа, Ескобар, како и нашата колаборационистичка власт, инсистира на што поскоро започнување на преговорите за ЕУ. Тоа е мамката за народот и единствено оправдување за ставање на непостојните Бугари во нашиот Устав. Друго – нема, и не може да има, што значи дека е чиста измама. Особено, кога се знае дека Македонија нема да влезе во ЕУ ни за 20, 30 години. Ескобар, нагласува – „Наша најголема грижа е дека ќе изгубиме време“. Пред 10-тина и повеќе години, кога нѐ при силуваа да се прекрстиме, истото ни го верглаа и неговите претходници. И тогаш, и сега, како папагали повторуваа(т) – Македонија не треба да губи драгоцено време. Всушност, ним им се брза, што побргу да нѐ збришат како народ. Идеална прилика за тоа им се преговорите со ЕУ.

Ова што сега ни го наметнува Ескобар, за Бугарите во Уставот, коешто е идентично со тоа што другите Американци ни го сервираа за името, е апсолутна потврда дека и двете наши погубни операции (промена на името и внесување на Бугарите во Уставот), се исклучително важни елементи токму за САД. Поточно, клучни во реализацијата на нивните планови во Македонија. Ниту тогаш вршеа некаков притисок врз Грција околу името, ниту денес имаат некаква намера да ја опоменат Бугарија дека ова што ни го прави е надвор од умот. Напротив.

Може ли воопшто да биде случајно или неважно, што толку запнале во Вашингтон, ама и во Брисел, измислените Бугари да ги ставиме во Уставот? За Софија е јасно, ама другиве? Тие сигурно не ги бранат интересите на Бугарија, туку своите. Мора да има нешто клучно, нели? За џабе не се крева армија на политичари да

те присили на нешто што е маргинално, или не е нивен интерес. Барем, тоа не треба да ни биде спорно. Ако сакаме да се соочиме со реалноста.

АМЕРИКАНСКА АГРЕСИЈА ОД ГОЛЕМИ РАЗМЕРИ

(декември, 2023)

За Американците сме веќе докажано – недоветни. Нè третираат повеќе како обична и неконтролирана територија, отколку како протекторат, а ние не реагираме. За возврат, ги сметаме за „стратегиски партнери“. Деновиве, на самитот на ОБСЕ во Скопје, добивме најнова потврда за тоа. Го пречекавме и Џејмс О’Брајан, помошник државен секретар на САД. Тој дојде и со јасни пораки за нас (според „Вечер“ од 2/11/2023) – „Имате понуда на маса (промена на Уставот, де), треба да ја земете, ако не ја земете – ѝ вртите грб на историјата“. И, продолжи – „Тој пат може да изгледа задоволувачки (без промена на Уставет, де), но тоа ќе ја чини вашата економија, ќе причини повеќе луѓе да сакаат да ја напуштат земјата и, генерално, ќе ја уназади земјата. Ги охрабрувам сите политички лидери да ја земат оваа можност“!
Рече дека подобра понуда не може да се очекува, а ако велат – „Имам подобра понуда, но нема сега да ти кажам што е“, советуваше да не се залетуваме бидејќи - „тоа е личност (лидерот на опозицијата, де) од која не би купиле автомобил.
Па, мислам и дека не би требало да гласате за нив...“. Прво, официјална личност на САД да се осмели да порача да не се гласа за опозицијата, е веќе бесрамно и безобразно мешање во внатрешните работи. Тоа личи на политички тероризам и апсолутно нема никаква врска со демократија.
Ова ќе беше претерано дури тој да беше и претставник на пријателска партија, камоли на држава! Второ, тој очигледно сака нам, на суртуците, коишто не знаеме што е добро за нас, да ни помогне. Еве, ни дошол тој како просветител! Трето, од каде ли само знае О’Брајан дека нема да има подобра понуда?
Таа доаѓа од ЕУ, а не од САД. Четврто, спомна и дека - „Некои политички структури мислат поинаку, НЕКОИ МОЖЕБИ ДОБИВААТ ПАРИ ОД НЕКОИ МЕСТА, некои имаат легитимни аспирации на малцинското гледиште...“, што е насилничко

однесување, надвор од сите меѓународни норми. Сè заедно, незамислива агресивност.
О'Брајан имал средба и со лидерот на опозицијата, ама во просториите на нивната Амбасада. Тој чин е навредлив и за опозицијата, ама и за државата. Според дипломатските протоколи, тој не е претседател, или премиер... и, ако веќе сака средба, лидерот на опозицијата не може да се третира како американски приврзок, којшто мора да оди во нивните простории. Штета што опозицијата прифатила таков третман.
Причината, воопшто не е случајна. Досега, главно, таму се среќаваа со претставниците на ДУИ. Кога средбата е во Амбасадата, реченото останува тајна. Секако, такви се и пораките за Мицкоски. Нека му ја мисли Македонија.
Неодамна, отворено ни се закани и сенаторот Крис Марфи („Нова Македонија" од 30/5/2023) – „Неспроведување на измените во Уставот ќе се одрази врз односите помеѓу САД и Македонија"! Ќе ни објават војна? И амбасадорката Агелер, го поддржа – „Неговата порака е важна, доколку тешките одлуки за напредување во евроатлантските интеграции не се направат до крајот на годинава, сигурно ќе има луѓе во САД, во Белата куќа, во Капитол... што ќе се прашуваат...".
И Агелер („Слободен печат" од 10/1/2023) нè опомена – „Уставните измени да се направат што поскоро"! Исто „не тешеа" и за да го смениме името, за Нивици, сè додека не нè натераа на капитулација. Тоа е сега заборавено. Добар метод.
Еве како беше порано. На самитот на НАТО (Букурешт, 2008), ни беа поставени ултиматум и уцена – прво промена на името, потоа членство. Тоа важеше и за ЕУ. Ова „решение" ни го наметнаа САД. Никој друг во Алијансата не може да донесе таква одлука. Ниту сите други заедно, без САД. Овој потег покажува и потврдува дека Македонија не беше примена во НАТО, не со вето на Грција, како што кај нас се вергла во празно, туку заради американска блокада. Соработниците се дистанцира од најавата на претседателот Џорџ Буш, дека ќе нè примат, затоа што неговиот мандат набргу завршуваше а, очигледно, приоритет за САД беше прекрстување на Македонија. Ако влезевме со референцата во

НАТО, прекрстувањето ќе беше невозможно. И ние ќе бевме внатре!
По Букурешт, актуелна беше уцената - прво името, потоа членство. (Рикер, „Дневник“ од 3/12/2011 - „Решение за името, па покана за НАТО“). Тоа е најдобар доказ дека не нè прекрсти Грција, туку САД. Според „Нова Македонија“ од 4 март 2010, Рикер објаснил – „Ова е многу значајна пролет за Македонија, прашањето за името треба да се реши во наредните неколку месеци. Ќе треба да се демонстрираат храброст и лидерство на ова прашање за да може Македонија да оди напред...“.
Заменик државниот секретар на САД Џејмс Станберг, („Нова Македонија“ од 10/6/2010), во интервју за „Гласот на Европа“, ни ја испрати следната порака – „Разбираме дека на премиерот Груевски му претстои тешка одлука. Секогаш е тешко во ситуации како оваа. Но мислам дека е важно македонското раководство да се фокусира на наградата, а тоа е солидна иднина во рамките на НАТО и ЕУ, што е примамливо“. Груевски не ги послуша, и знаеме како заврши.
Иако Томас Кантримен, заменик помошник државен секретар на САД, изјавил дека – „САД не се мешаат за името“ („Дневник“ од 11/2/2011), а на самитот на НАТО, во Букурешт, како што е погоре објаснето, јасно покажаа дека тие го менаџираат проблемот. Пол Волерс, пак, е прв што јавно кажа дека проблемот со името е сврзан со идентитетот. На распит пред Комисијата за надворешна политика на Конгресот, пред номинацијата за амбасадор во Македонија („Нова Македонија“ од 18/7/2011), тој рекол – „Грчко–македонскиот спор е многу комплексен зошто освен името го засега и идентитетот“.
Потврдил и дека САД се креатор на рамковниот договор, што веќе ни беше познато.
Заменик помошникот државен секретар Метју Палмер, („Слободен печат“ од 20/10/2018) – „Нема план ’Б‘, Договорот од Преспа треба да се имплементира во Собранието. Оваа историска шанса не смее да се пропушти бидејќи тешко дека во блиска иднина ќе се повтори“. При посетата на Скопје, Палмер не се сретна со

претседателот Иванов и со лидерот Мицкоски, ама се виде со осумте нивни одметници, коишто ќе го променат Уставот.
За Вашингтон, брилијантната пресуда на Меѓународниот суд за правда од Хаг, којашто Македонија ја доби во спорот со Грција, беше само – „мислење“ („Нова Македонија“, од 9/12/2011 и од 10/1/2012)!? Никогаш не ги прашавме дали судовите во САД донесуваат пресуди или мислења?
Пред промената на Уставот, којашто беше срамно изгласана на 15 јануари 2019 година, во Скопје дојдоа и министерот за одбрана Џејмс Матис (18/9/2018), вториот човек на нивната дипломатија Џон Саливен (18/12/2018)..., за да ни „помогнат“, де. Изјава даде и државниот секретар Мајк Помпео („Вечер“ од 17/12/2018) дека – „определбата на Македонија за имплементација на договорот од Преспа е силна и, со приближување на процесот на уставни измени, во континуитет се реафирмира“. Прецизирал и дека – „Преспанскиот договор ќе го зајакне Балканот против штетното руско влијание“.
На 17/11/2022, во емисијата „Анализа“ на ТВ 24, претседателот Пендаровски кажа дека, пред промената на името на државата, амбасадорот на САД Бејли, во хотелот „Мериот“, повеќе часови ги убедувал осумте ренегати и изроди од ВМРО ДПМНЕ да гласаат за промена на Уставот. Не ги присилуваше, рече. (Значи, не ги тепал!) И, остана жив. Очигледно, за него тоа било пријателско убедување а не тежок дипломатски и политички безобразлук. Факт е дека, додека заседаваше Собранието за промена на името на државата, за цело време таму бил и Бејли. Човекот сигурно бил загрижен за иднината на Македонија и на македонскиот народ. Се плашел да не ѝ свртиме грб на историјата.
Самите кажете – дали Софија, или Вашингтон, сега нè тера да внесеме бугарски „Тројански коњ“ во Уставот?
Или, кој нè прекрсти и разнебити како народ – Атина или Вашингтон? Сето ова е само нова потврда и доказ дека и името и идентитетот не ни ги смени Атина, ниту пак ќе нè докусури Софија. Мора на сите да им биде јасно дека сè е во директна режија на САД. Сите овие 30 и кусур години. Нивната очигледна

цел е затворање на вековното „Македонско прашање“, што е можно само со бришење на Македонците.
И тоа посветено го прават.
Еве ви уште еден крунски доказ за тоа. Според „Вечер“, од 8/8/2022, одговорниот во САД за Балканот, а според тоа и личност која мора да биде и најинформирана за регионот, Г. Ескобар, прецизно нè дефинира – „Ем сте Северномакедонци, ем сте Европејци“. Превидел само дека сме и Земјани, ако веќе е јасно дека не сме – Македонци. Тоа се, нели, измислените од Грција. Очигледно е дека САД не се мачеле и грижеле толку за, и околу нас - за ништо. И во НАТО, во 2008-та, кога ни поставија ултиматум за промена на името; и во 2001-та, кога ги евакуираа НАТО-вците и УЧК-овците од Арачиново, за да не ги елиминираме агресорите; и со подметнувањето на катастрофалниот договор од Нивици; и со убедувањата во „Мериот“ да се гласа за разнебитување на сопствениот народ; и во непроспиените ноќи во Собранието, кога се уништуваше македонизмот...; и сега, околу дополнување на Уставот со бугарски „Тројански коњ“... Всушност, тие го завршуваат својот проект околу Македонците. Едноставно, сакале да ни помогнат! За полесно да сфатиме дека не е лошо да работиш и на сопствена штета! Веројатно, тоа е виша филозофија! Сè си има своја цел, а ако ние тоа не го разбираме, проблемот е само наш. Ова се докази дека, кога се работи за нивните интереси, САД се спремни на сè! Поздрав до сите Северномакедонци.

ТРОЈНА УЛОГА НА САД

(декември, 2020)

Нашите аматери сѐ уште веруваат и повторуваат дека имало грчко вето на самитот на НАТО, во Букурешт (2008). Да потсетиме, тогаш дојде до блокада на приемот на Македонија и целосен пресврт на американските политики кон неа, а во Алијансата влегоа Албанија и Хрватска. Атина се фалеше дека ни поставила вето ама тоа е приказна за наивните. Ако се знае дека САД: а) се доминантна сила во организацијата;
б) прават речиси што сакаат во неа бидејќи безбедноста на Европа зависи од нив; в) трошат преку 700 милијарди долари за одбрана (и напад!), што е рамно на една третина од вкупните светски трошоци за оваа намена (нешто преку 2.000 милијарди долари); г) плаќаат преку 70 проценти од оперативните трошоци на НАТО... може ли некој да поверува дека САД сакаа Македонија да стане членка, а Грција ги спречи? Не изгледа логично, нели? Доколку беше интерес на САД да нѐ примат, Грција ќе си молчеше.
Забуните доаѓаат и од фактот што претседателот Џорџ Буш јавно изјави (и испадна смешен) дека и Македонија утредента ќе стане членка, што создаде одлична база за грчкиот блеф. Буш, меѓутоа, не беше дискредитиран од Грците, туку од неговите. Тој беше на крајот на мандатот и, како своја заслуга, сакаше да го зајакне јужното крило на НАТО. Арно ама, професионалците од Стејт департментот, и од безбедносните служби, беа свесни дека ако Македонија влезе со референцата, нејзиното прекрстување ќе биде невозможно.
А, како што е веќе очигледно, почнувајќи од 1990-тите, тоа е нивна главна цел во однос на нашата земја, бидејќи само така можат да се разнебитат Македонците. Името е идентитетот. Ако беше на почеток на мандатот, Буш најверојатно ќе успееше.
Има и други докази за горното тврдење. Прв е дека истата вечер, откако неговите му објасниле дека Македонија не смее да биде примена, Буш го молел турскиот претседател Ѓул да не инсистира – или трите кандидати или никој. Ако не влезеа Албанија и

Хрватска, ќе значеше неуспешен крај на неговиот мандат. Втор доказ е фактот што Буш ги покани Црвенковски и Груевски да му бидат гости во Загреб, каде одеше во посета, што е крајно невообичаено. Трето, тој ја задолжи Кондолиза Рајс да потпише меморандум за стратегиско партнерство со нас, кој нема никаква реална вредност, ама беше добар гест. Така, Буш им се реваншираше на неговите што го изневерија. Четврт, и клучен доказ дека тоа беше американско масло, а не грчко, е фактот што веднаш, уште во Букурешт, беше направен целосен пресврт во политиката на САД (преку НАТО) кон Македонија. Поставени ни беа блокада, уцена и ултиматум - прво името, значи прекрстување, а дури потоа членство. Дали Грците ја наметнаа таа промена, и дали беа способни за такво нешто, ценете сами.
Проблемот со нашето име, прво го презеде Брисел (ЕЕЗ или ЕУ), со што беше интернационализиран, за полесно да нè кутнат. Потоа беше префрлен во Њујорк (1992), каде ни го суспендираа името од меѓународна употреба и ни наметнаа референца. Вратен е во Брисел (2008), во НАТО и ЕУ, бидејќи ООН нема никакви алатки да нè присили на капитулација.
НАТО, пак, следен од ЕУ, веднаш ни наметна нелегална и силеџиска блокада. Што може да биде подемократско од тоа?
Во однос на Македонија, ова е мозаикот од Букурешт (2008). Има уште еден важен марифет за потврда - ако Грција ставеше вето, тогаш Турција веројатно ќе реагираше и ќе ги оспореше и другите кандидати. Но, кога главен од другата страна беше Вашингтон, нормално е што Анкара не беше спремна да се конфронтира. Затоа и средба Буш – Ѓул.
Истата година (2008), за амбасадор во Македонија доаѓа познатиот за нас Филип Рикер. Иако никој од неговите претходници јавно не го спомнуваше проблемот со името, тој веднаш почнува отворено да агитира за прекрстување на државата. Со тоа САД ни ставија до знаење дека тие го менаџираат процесот со нашето прекрстување и дека Грција има маргинална улога. Кој го разбра тоа, е друго прашање.
За потврда, ќе цитираме неколку негови и други изјави.

Рикер: „Нова Македонија“ (од 19/02/2010) - „Никој не може да гарантира дека учеството во НАТО и во ЕУ е можно ако не се реши ова прашање“; „Нова Македонија“ (од 29/04/2010) – „Доколку не се реши прашањето за името, се поставува прашалник за иднината на Македонија“; „Нова Македонија“ (од 23/11/2010) - „Се надевам дека нема да потрошите уште две и пол години за да се дојде до решение за спорот за името КОЕ Е УСЛОВ ЗА ДОБИВАЊЕ ПОКАНА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО НАТО“...
Државната секретарка, Хилари Клинтон („Дневник“, од 20/07/2011): „Владата во Скопје треба да знае дека нема да може да напредува во евроинтеграциите сè додека не го реши ова прашање со името“. Филип Гордон, помошник државен секретар („Нова Македонија“ од 20/05/2011): „Македонија ќе се придружи (во НАТО) откако ќе биде решен спорот со името“... Заклучокот е евидентен: од Букурешт до Нивици, кога капитулиравме, официјалната позиција на Вашингтон беше – прво името, потоа членство.
Иако сегашното однесување на Бугарија кон Македонија е апсолутно идентично со грчкото: ги блокираа(т) нашите евроинтеграции заради билатерален проблем, сега САД имаат други приоритети и ја сменија - само тактиката. Политиката, останува иста. Портпаролот на Стејт департментот („Гласот на Америка“, на 19/11/2020): „САД ги повикаа Бугарија и Македонија да ги решат билатералните спорови надвор од пристапниот процес, за да се постигне заедничката цел за членство на Македонија во ЕУ“. Амбасадорката на САД Брнз, во Скопје (мкд.мк, од 23/11/2020): „Многу јасно ја кажавме нашата желба да ја видиме првата меѓувладина конференција до крајот на годината. БИЛАТЕРАЛНИТЕ СПОРОВИ меѓу земјите треба да се решаваат НАДВОР ОД ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ. Разочарани сме што Бугарија го блокира процесот“.
Врв на дволичноста следува на 30/11/2020 (мкд.мк).
Рикер, кој е сега помошник државен секретар, му пишува писмо на Заев по неговото срамно интервју во БГНЕС, од 25/11/2020, кога тој вели дека ние сме с’шт народ со Бугарите и имаме заедничка историја. Му оддава признание за неговите досегашни политики

(значи и за тоа што го кажа во интервјуто) и повторува дека билатералните спорови треба да се решаваат надвор од преговорите и тие да започнат за време на германското претседателство. Писмото е отворена поддршка на Заев. Инаку, немаше никаква потреба од таков чекор. Со истите аргументи („Гласот на Америка“, од 04/12/2020) (мкд.мк), се јави и Метју Палмер, заменик на Рикер во Стејт департментот.
Од горните цитати јасно се гледа дека за САД беше најважно државата да го промени името, со што практично се брише и народот како македонски. Со тоа и затворањето на „македонското прашање“ станува релативно лесно и е чиста техника. Евидентно е исто така дека на САД им се брза што поскоро дефинитивно да се уништи македонизмот, кој е доволно релативизиран, а тоа е можно само преку преговорите со ЕУ. Финалното преуредување на Балканот е кај нив на маса и очигледно - итно. Сега е на ред Македонија а ќе продолжи на Косово и во БиХ.
Американската политика, којашто личи на некаква поддршка за евроатлантските интеграции на Македонија, воопшто не значи дека се тие против бугарските интереси и политики. Напротив. Тие не ги ни критикуваат, камоли да ги осудуваат небулозните барања на Софија. Напротив, ги поддржуваат, иако дискретно (писмото на Рикер!). Второ, Бугарија е цело време важен дел од нивното сценарио за бришење на Македонците како посебен народ, што им е заеднички проект. Декларацијата за пријателство од 1999, со која започна бугарската агресија врз Македонија и која е основата и на Договорот од 2017, е подготвена од страна на Строут Талбот, тогашен заменик државен секретар на САД.
Талбот јавно се заблагодари на нивните амбасадори во Софија и Скопје за реализацијата на овој проект.
Така, САД го отворија патот на Бугарија за членство во НАТО (2005), бидејќи тоа значеше дека меѓу нашите две земји нема отворени прашања. Ако ги имаше, правило е тие да не се внесуваат во НАТО и ЕУ и Бугарија не можеше да биде членка. САД неодложно ја сакаа внатре, заради опколување на Русија. И, место Македонија да поставува услови, бидејќи тоа беше бугарски и американски интерес, Љ. Георгиевски ја потпиша декларацијата со

која се брише македонскиот јазик (станува измислен - според Уставот) и се откажа од Македонците во Бугарија. Поголемо предавство од ова, тешко може да се замисли. Нема никакви дилеми дека и Договорот од 2017 е потпишан под директен американски притисок.
Само навидум може да изгледа дека нема целосна логика во американските политики кон Бугарија и Македонија.
САД ја критикуваат нивната блокада на патот на Македонија за ЕУ, бидејќи Софија се прецени и сакаше веднаш, со еден потег, да нѐ избрише како народ, што не е реално. Тоа мора да биде процес кој, според американските замисли, треба да се реализира постепено, во текот на долгите преговори со ЕУ, и чекор по чекор. Со своите ултиматуми, Софија се заглави во тунел од кој тешко се излегува и не остави простор за некаков божемен компромис, со кој геноцидот врз Македонците ќе се изврши побезболно, и со текот на времето, а не преку ноќ. Тука постои, ама само тактичка, разлика меѓу Вашингтон и Софија.
Преку преговарачката рамка, којашто е гаранција на Брисел, Бугарија ја зајакнува својата позиција и си го олеснува начинот на којшто, во преговорите, ќе нѐ докусури. Затоа е критиката од Вашингтон, кој е загрижен дека Софија долго ќе го одлага почетокот, и тоа ќе го прави на неприфатлив и преагресивен начин. Не за друго. Не е во прашање суштината: и тие, и сите други од ЕУ, ни порачуваат да се договориме со Софија. За што? Дека сме „Бугари“?
Факт е дека еден од најжестоките притисоци да го смениме Уставот, за да го внесеме бугарскиот „Тројански коњ“ во него, доаѓа токму од САД. Тоа е причината зошто и нивната улога во уништувањето на Македонците е тројна –
а) во непризнавањето на државата и во промената на името;
б) во подметнувањето на „францускиот предлог“ во преговарачката рамка со Унијата; и в) за промената на Уставот и бугаризацијата на Македонците. Преку тоа сознание, сосема е јасна „Улогата на САД во македонските голготи“. Под наводници е насловот на книгата на истиот автор, издадена во 2013 година.

Мора да се нагласи дека, на крајот од баладата, со нашиот политички аматеризам, лесно може да останеме и без национален идентитет, и без членство во ЕУ. Камо среќа ова да е само празен страв бидејќи таквата опасност е реална.
Еден од доказите е фактот дека Германија употреби бесмислена формулација - „погрешното толкување на историјата“, очигледно, мислејќи на Македонија. Катастрофа. Тоа е директен обид на Берлин за бришење на Македонците. Веднаш
морало жестоко да се реагира. Арно ама, нема кој.
Тоа не е прв израз на длабоко непријателство на Берлин кон Македонците. Кај нас се заборава дека, во декември 1991, токму нивниот МНР Геншер, го спречи признавањето на Македонија од ЕЕЗ (ЕУ), како што предлагаше нивната „Бадентерова комисија“. Тој предвреме наметна признавање на католичка Хрватска, место на Македонија. По доста години, кога во интервју го прашаа – а, зошто не ја признавте и Македонија, безобразно одговори – никој не ја спомна!

КОМЕМОРАЦИЈАТА ЗА НИВИЦИ; БУНДЕСТАГОТ...

(јуни, 2023)

Во врска со срамниот договор од Нивици, во Струга се одржа меѓународна конференција. За Македонија, таа можеше да биде само комеморација којашто, заради тесно партиски и политички интереси, доби сосема поинаква интонација од заслужената. Место да се анализираат страшните последици со кои се соочуваме по таа безумна капитулација, се величаше членството во НАТО. Ако ги игнорираме измамите дека ни е зголемена безбедноста, дека ни се отворени светли перспективи..., објективно, Македонија не доби ништо конкретно. Исклучок се зголемените обврски да издвојуваме два процента од БДП за одбрана, да купуваме американска воена опрема, и да се конфронтираме со Русија, Кина... идруги релевантни светски фактори.
Во подготовките на руско–украинската војна, зачленувањето на Македонија во НАТО беше нагласен и итен интерес на САД. Регионот мораше да се затвори за евентуално руско враќање и Македонија имаше посебно значење. И, место тоа да го искористиме за валоризација на нашите национални и државни интереси, и да бараме некакви отстапки во врска со нелегалниот третман на нашето име, „нашите“ политички аматери дадоа поголеми суштински и стратегиски концесии, отколку што очекуваа и планираа дури и самите САД.
Американскиот амбасадор во Атина Даниел Спекхард, според тајните американски дипломатски комуникации, обелоденети благодарејќи на Викиликс („Нова Македонија“ од 30/03/2011), ни дава клучни податоци. По неговата средба со грчкиот министер за надворешни работи Димитрис Друцас, тој објаснува дека Вашингтон смета дека – „главните елементи на решението за прашањето за името се име со географска одредница за севкупна употреба во меѓународни рамки, без да се чепка во идентитетот (а прашањето за идентитетот да не се спомнува до одредена фаза на евроинтегративниот процес)“.

Тоа покажува две клучни работи. Прво, дека целта на САД е бришење на македонскиот народ и, второ, дека процесот треба да оди етапно. А, во Нивици, „нашите“ квазиполитичари ги прифатија максималистичките грчки барања, вклучувајќи го и принципот ерга омнес. Благодарејќи на капитулацијата во Нивици, ние ги анулиравме националните институции коишто од македонски, ги прекрстивме во национални. Значи ничии. Со тоа беше направен огромен исчекор за дефинитивно урнисување на македонскиот карактер на државата. Сега, имаме албански и турски театар, ама ни е забрането да имаме – македонски! Тоа кажува сè. Сепак, има и полошо - откако, не дај Боже, и грстот Бугари ќе ги внесеме во Уставот, сигурно ќе имаме и бугарски!

Дури тогаш македонската приказна ќе биде пред целосно затворање. Засега, сè уште можеме да се самозалажуваме дека ништо, барем суштинско - не ни фали. Имаме доста „аналитичари“ коишто во тоа секојдневно нè уверуваат, ама добро е што народот не им верува. Нема да ги спомнуваме по име. Сите ги знаете и им се чудите на паметот. Тие, секако тоа не го прават за џабе.

Ако се обидеме да го сублимираме договорот од Нивици, единствена „корист“ е што отвори простор за нецивилизациските бугарски политички фантазмагории. Без Нивици, апсолутно е сигурно дека Софија немаше вака дасе однесува. Иако, не треба да има дилеми дека политиките на Атина и Софија околу Македонија, се блиско координи рани. Макар и премолчено, тие се разбираат. Тоа е резултат на нивните вековни игнорантски политики кон Македонија и Македонците. Уште поважно е што зад нив стојат регионалните интереси на единствена светска суперсила и дека нашите соседи се само алатки во реализација на нејзините намери и планови, а комплементарноста на нивните намери, воопшто не е спорна.

Со Нивици, речиси сè загубивме, и широко го отвориме патот за уништување на македонизмот. Тоа мора веќе да му е јасно и на најпериферниот набљудувач. Во Нивици, Македонија беше длабоко понижена на меѓународен план. Во дипломатијата, не може да се замисли ништо поекстремно отколку некој од надвор да ти го уредува уставниот поредок.

Тоа доаѓа предвид само за поразени воени агресори.
И, не само тоа. Потпишавме дека Македонците од беломорскиот дел, популарно наречени Егејци, не се тоа што сè. Се откажавме од нив. За целосен апсурд, потписникот на договорот со кој Македонците се разнебитуваат, лично прифати дека тој и татко му, којшто потекнува од Егејот, немаат ист национален идентитет! Налудничаво е со некаков меѓународен договор, наметнат од трета страна, да се дефинира нечија историја. Тоа е нејзино политичко силување, во овој случај на Македонија.
Иако тоа беше направено под жесток диктат на странците, историски злочин е што „нашата“ власт го потпиша договорот од Нивици. Целосно е незамисливо, пак, што Собранието ратификуваше таков предавнички договор, а потоа дури го смени и Уставот! Мораше да се мобилизираат сите домашни сили, да се ангажираат врвни светски експерти, за да се бранат сопствените фундаментални интереси. Вака, длабоко поделени, секој ни прави што сака.
Последиците од Нивици се несогледливи и долгорочни.
По нашиот незамислив пораз, Атина се повлече. Престана да се експонира, за да не боде очи, и главната улога ја презеде Софија. Мислите дека е тоа случајно?! Грција, меѓутоа, чека да ги започнеме преговорите за членство во Унијата. Тогаш, повторно ќе се активираат и жестоко ќе ни го загорчат животот со нови барања. Нивната претседателка, тоа веќе официјално му го најави на Пендаровски при неговата посета на Атина.
Македонија е во маѓепсан круг, од кој може само самата да излезе. Додека е време. Бугарскиот ултиматум за Уставот е еднакво понижувачки и опасен како и Нивици. Ако не и повеќе. Потврда за тоа е што нашите западни „пријатели“ толку силно запнале да нè натераат на тоа. Не отстапуваат од нивните планови за затворање на „Македонското прашање“.
Во тие нивни политики, целосно се вклопува и декларацијата на Бундестагот (јуни, 2023). Тоа е нов германски притисок да го смениме Уставот. Ништо друго. Освен таа порака, којашто е јасна и прецизна, сè друго е мачкање очи, бесмислено и безвредно. Тоа

ништо не значи и никого не обврзува. Вклучувајќи ги и германските институции.
Да потсетиме, Бундестагот донесе декларација, демек, во корист на Македонија. Во неа се признаваат македонската култура, идентитет и јазик коишто, всушност, се дел од клучните постулати на нашата држава, којашто тие официјално, заедно со нив - веќе ја признале. Ништо ново не кажаа а, доколку се доследни до себе, друг избор – немаат. За разлика, на пример, од Бугарија, којашто лицемерно прва ја призна Македонија, ама веднаш прецизира дека не прифаќа македонски народ, јазик... Премиерката на Унијата Фон дер Лајен, во Собранието исто така ни порача - „македонскиот јазик си е ваш јазик“! И, доби аплауз. За ништо. За џабе. Кажа изјава којашто ништо не значи. Чиј може да биде македонскиот јазик, освен наш?
Дека иницијативата на Бундестагот, со оваа „неочекувана“ афримацијата на нашите основни национални постулати, има за цел само да нè „увери“ дека со уставните промени не губиме ништо и треба да ги завршиме, потвдуваат следните факти. Прво, ако Берлин навистина сакаше да го поддржи националниот идентитет на македонскиот народ, неговиот јазик, историја..., како што се обидува сега да нè увери, мораше да реагира многу порано. Во септември 2020, на пример, кога нивниот партнер во ЕУ, Бугарија, прво донесе декларација во Собранието дека како Македонци не постоиме, туку сме Бугари, дека нема македонски јазик бидејќи е тој дијалект на бугарскиот, тие воопшто не реагираа. Тогаш, Софија им достави „објаснувачки меморандум“, со сите тие негации на македонизмот. Зошто тогаш не реагираа? Тогаш ќе имаше и логика, и смисла. Ќе беше вистинска поддршка, којашто високо ќе ја ценевме. Ова е само нов притисок врз нас, за промена на Уставот.
Второ, пред четири-пет години, Унијата не го потпишуваше договорот за Фронтекс со нашата земја, заради македонскиот јазик. Договорот му беше потребен на Брисел, за заштита на нашите граници од пенетрација на нелегални мигранти, не нам. Каде беа тогаш Берлин и Бундестагот?

Зошто молчеа и се правеа отсутни? А сега, кога треба да се отвори патот за бугаризација на македонскиот народ, толку многу се гласни? Дури нѐ уверуваат и дека тоа нема да ни го загрози идентитетот! Од кај ли знаат? Кој ли им шепнал? Сѐ заедно, чисто политикантство, коешто не им служи на чест.
Не е пријатно една Германија да падне на толку ниско ниво.
А, должни ни се уште од 1990-тите, кога место Македонија (Бадентер), ја признаа Хрватска.
Жалосно е што Берлин и другите наши „стратегиски партнери“, се обидуваат да нѐ прават недоветни. Вината е, сепак, наша бидејќи не се браниме.

ЖЕЉУ ЖЕЛЕВ ИМА ЗАСЛУГА ЗА РУСКОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

(февруари, 2022)

Во последно време, сосема со право, целосно е негативен тонот на информациите сврзани со Бугарија. Тоа е резултат на нивната нецивилизациска агресија врз Македонија и Македонците. Затоа, ред е да објавиме и нешто позитивно.
Историски факт е дека токму Жељу Желев е заслужен што Русија релативно рано ја призна самостојноста на Македонија.
Тоа се случи на 4 август 1992 година. Пред да службувам во Русија (2004 – 2006) веќе имав информации за тоа, ама таму се распрашував и ми беше потврдено дека е така. Конкретни разговори се водени во нивниот МИД (МНР), со најмалку тројца руски дипломати надлежни за нашиот регион. Едниот од нив беше и директен сведок бидејќи бил и на вечерата во вилата „Бојана“ во Софија, на која тоа се случило.
По вечерата, Желев го отворил тоа прашање и пошироко елаборирал зошто Русија треба да ја признае Македонија. Елцин бргу одговорил позитивно и му рекол на МНР Козирев, да се подготви соодветен указ. Тој му вратил дека немаат печат. А каде е печатот? – не се предавал Елцин. Во авионот, му одговорил Козирев. Веднаш да се земе, наредил претседателот. Така бил подготвен Указот, којшто утредента, во непланирана посета на Скопје, го донесе замеником на Коризрев Виталиј Чуркин. Од Софија, тој допатува со автомобил во Скопје. Еве го целиот Указ којшто беше кус, ама за нас драгоцен.
За признавање на Република Македонија Се признава поранешната југословенска република Македонија како суверена независна држава.
Министерството за надворешни работи на Руската Федерација да поведе преговори за воспоставување дипломатски односи и да се оформи соодветен документ за постигнатата договореност.

Москва, Кремљ Претседател на 4 август 1992 Руската Федерација Бр. 821 *Борис Елцин* Печат има ама потпис не. Сигурно имало на оригиналот.
Дека одлуката на Русија за признавањето на Македонија не беше донесена по вообичаена постапка потврдуваат две работи. Прво, што ни беше даден Указ, а тоа вообичаено се прави со нота на МНР. Второ, што не следуваше нормално воспоставување дипломатски односи, иако беше најавено.
Некој тоа го кочеше. Место тоа, на 21 септември истата година, МИД (МНР) испрати нота со којашто предложи да ги „официјализираме односите“. Во дипломатската пракса, такво нешто - нема. Или воспоставуваш дипломатски односи, или продолжуваш без тоа. Нашиот тогашен претставник во Москва, покажа тотален аматеризам бидејќи прати телеграма во која тврдеше дека Русија предлага воспоставување дипломатски односи, што создаде сосема непотребна еуфорија во нашето раководство.
Тогаш бев потсекретар (државен секретар) во МНР и, на наше барање, тој ни ја прати и руската нота, во која се виде суштината. Русија не беше спремна за формализирање на односите и презема невообичаен чекор кој требаше да покаже дека меѓу двете земји, сепак, нешто се случува. Дипломатски односи се воспоставија на 31/1/1994 а првиот амбасадор, Добросердов, дојде дури во декември 1996 година. Тоа е и додатен доказ дека не беше сè по редовен пат. Дури и првиот американски амбасадор Хил, дојде пред него, во јули истата година. Очигледно, и Москва не сакаше ништо да рескира, сврзано со неизвесностите околу иднината на Македонија.
Улогата на Желев ја потврдува и тогашниот заменик-министер за надворешни работи на Бугарија Стефан Тафров, во интервју за Дојче веле, од 15/1/1922. Тој очигледно не ги знае сите детали и само вели дека – „на полетувањето од Софија, во авионот, Елцин ја потпиша нотата за признавање на Македонија“. Тврди и дека МНР Козирев бил против. Ако последното е точно, во што има логика, тогаш има и причина зошто во Указот беа користени и

референцата, и нашето уставно име, и зошто првиот амбасадор дојде по толку време.
Инаку, Козирев беше секогаш нагласено западно настроен што, веројатно, дошло до израз и во нашиов случај.
Македонија мора да му биде благодарна на Желев за поддршката и тоа не треба да биде спорно. Прашањето, пак, од кои причини го покренал тоа, заслужува посебна анализа, којашто секако нема да ѝ донесе поени на Бугарија. Во тоа време, главна преокупација на странскиот фактор беше да се спречи какво било враќање на Македонија во рамки на некаква нова Југославија.
Најзаинтересирана за тоа беше токму – Бугарија.
Долгорочна политика на Бугарија е Македонија да биде што подалеку од Србија. Причините за тоа ги гледаме денес - сегашната нивна агресија врз Македонија, чија цел е бришење на македонизмот и наше бугаризирање. Таа е одамна планирана. Македонската јавност има право да ја знае вистината.
Впрочем, Желев беше заслужен и за фактот што Бугарија прва ја призна независноста на Македонија. Меѓутоа, веднаш по тој чин, тој изјави дека за Бугарија не постојат македонска нација и јазик и тоа е нивна трајна политика. Со други зборови, нè призна како втора бугарска држава, што денес јасно се потврдува.
Иницијативата на Желев, за да ја признае Елцин Македонија, мора да се стави во контекст на нивиот интерес да останеме самостојни, и за нив ранливи, без да се враќаме во некаква нова Југославија.

* * *

Кога службував во Москва, со Козирев се сретнавме на една манифестација, направивме кус муабет и се договоривме да се видиме на подолг разговор. Тој патуваше надвор од Москва и затоа беше одлагањето. Свесна дека ќе ги загуби предвремените избори во 2006, а со цел на време да испрати свој човек за амбасадор во Русија, власта на СДСМ ми го прекина мандатот и до средбата не дојде.
Предвременото и непланирано враќање оневозможи и една друга договорена средба. Во прашање беше Јевгениј Примаков, тогашен претседател на Руската стопанска комора. Од 1998 до 1999 година, тој беше околу осум месеци премиер на Русија, а во претходните

речиси три години беше министер за надворешни работи. Голем дипломат и политичар, а неговите познавања и размислувања за Балканот беа исклучително важни. Во тоа се уверив и во неколкуте куси средби и муабети на приеми.
Борис Елцин го назначи за премиер во периодот кога се спремаше да се повлече од претседателската функција, и го бараше својот наследник. Од април 1998 до август 1999 година, за премиери тој ги постави Кириjенко, Черномирдин (претходно подолго беше премиер), Примаков и Степашин, кои по неколку месеци беа премиери. Никој од нив, меѓутоа, не ги задоволил критериумите на Елцин за да стане негов наследник. По Степашин, премиер стана Путин, којшто го положи испитот и до денес е лидер на Русија. Елцин се повлече на крајот од 2000 година, околу шест месеци пред истекот на мандатот, што беше негов велемајсторски потег, со којшто овозможи мирно предавање на власта.
Интересен е случајот со Примаков, којшто ми е и лично познат. Во мај 1999 година, по осум месеци на функцијата премиер, Елцин му рекол да си поднесе оставка. Примаков му одговорил дека тој го поставил за премиер и ред е тој и да го разреши, и излегол од Кабинетот. Познато беше дека Примаков не сакал да биде премиер и ја одбил понудата на Елцин. Следувало жестоко „пријателско“ убедување за да се согласи. Тоа била и веројатната причина зошто не бил спремен самиот да се повлече. Откако не го прифатил предлогот, излегол од претседателската канцеларија. Со Примаков излегол и шефот на Кабинетот на Елцин, којшто присуствувал на разговорот. Тој продолжил да го убедува да се согласи ама Примаков упорно одбивал. И, кога веќе бил на скалите, шефот на Кабинетот, со кого долго се знаеле, му рекол – крајно сум разочаран од тебе. Цел живот си служел на земјата а сега ти се поважни твојата гордост или суета а не интересите на Русија! Тоа било пресудно: Примаков застанал, и се вратил кај Елцин. Прифатил да поднесе оставка.
Ова се спомени од „Московските години“.

ЗАМИНА ГЕОРГИ ХРИСТОВ, ГОЛЕМИОТ БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА

(ноември, 2021)

Во Благоевград, на 11 ноември 2021 година, почина Георги Христов, симболот на македонизмот во Бугарија, алијас Јан Пиринski, како што се потпишуваше во дел од своите статии. Имаше 90 години ама беше витален до последниот ден, кога стана жртва на современата чума, наречена пандемија. Од 1992 година, Георги го издаваше весникот „Народна волја“, а на бугарските национал-шовинисти им бодеше очи и како ко-претседател на ОМО „Илинден“ - ПИРИН. Во неколку прилики ми ги спомнуваше своите маки, а ние можеме само да замислиме со какви сè притисоци, закани и уцени се соочувал од властите на источниот сосед. Во однос на Македонците, членката на ЕУ се однесува како да е сè уште во 18 век.

Имав привилегија да го чувствувам Георги како пријател.

Се восхитував на неговиот оптимизам со кој ги премостуваше сите тешкотии, и на трајната увереност дека ќе успее, што значеше дека ќе излезе и следниот број на весникот.

Неуморен во секоја прилика, на македонската кауза беше посветен до последниот атом. Георги мораше да моли и проси за да го издаде секој нов број од својот и наш месечен весник. „Народна волја“ им даваше поддршка на Македонците во Бугарија, оставени во немилост од сите, особено од матичната држава Македонија. Сепак, тој никогаш не ја критикуваше Македонија зашто со прст не мрднува да му помогне во неговата и наша света мисија. Ги голташе нашите неразумности а помош бараше и добиваше на други страни.

Македонците од Канада и Австралија секогаш имаа поголем осет за македонизмот од нас во земјава. Последниве години, весникот го финансираше Македонското меѓународно движење за човекови права од Торонто. За голема среќа, во 2016 година, се издаде и неговата обемна книга „Гневот на правдата“, во која се собрани одбрани текстови, објавени во весникот.

Нема многу народи во светот кои имаат толку тешка и трагична историја како македонскиот. Што е најстрашно, неговите голготи продолжуваат дури и денес, во 21 век. Како ништо да не се променило во меѓувреме. Иако е незамисливо, сè уште се игнорира постоењето на еден стар европски народ, колку и да е тој мал. Македонците сè уште се третираат на начин и со средства кои наликуваат на крајот на 19 и почетокот на 20 век. Така е бидејќи во светот сè уште доминира силата. Апсурдот да биде комплетен, тие што цело време пропагираат човекови права, доминација на правото и некаква демократија, токму тие, без да трепнат, ја користат својата моќ за да ги постигнат саканите цели. Овие и другите слични вредности, тие ги почитуваат само кога се во нивна корист. А, кога не се – не ги есапат. За богатите и моќните, силата на аргументот не игра пред аргументот на силата. Во следните децении, промени сигурно нема да има.

Македонија е предолго време класична жртва на ваквите политики на големите и силните. „Македонското прашање“ е актуелно преку 150 години. Македонците и нивното парче земја, долго време се јаболко на раздорот на Балканот. Сите соседи ги присвојуваат. Најдобриот одговор го дал Борис Сарафов - невозможно е истовремено да бидеме и Бугари, и Срби, и Грци... Тоа автоматски значи дека сме нешто четврто - Македонци.

Очигледно, соседите и големите, правеле и прават сметки без крчмарот. Факт е дека ние никогаш не успеавме да го увериме светот дека сме – Македонци. Вината е и наша, ама тука се кријат и интересите и политиките на големите сили, врз кои многу тешко може да се влијае. По распадот на Југославија, менаџер на прекрстувањето на независната македонска држава и разнебитувањето на македонскиот народ се, без сомнение - САД. Целта е дефинитивно затворање на „Македонското прашање“.

По Втората балканска војна, во 1913 година, со Букурешкиот мировен договор, етничка Македонија беше расчеречена и поделена меѓу Грција, Србија и Бугарија. Ќар имаше и Албанија која доби 40-тина македонски села. Со заседанието на АСНОМ на 2 август 1944 година, договорот од Букурешт беше делумно

ревидиран - делот кој го доби Србија стана современа македонска држава. Се средија односите со Србија.
Грција, пак, која со договорот од Букурешт, за прв пат во историјата доби дел од регионот Македонија, никогаш не прифати постоење на македонски народ. По 1913 година, тие спроведоа вистински геноцид врз тамошните Македонци. Од стотици илјади, останати се релативно малку. Нивната голгота продолжува бидејќи немаат никакви малцински права.
Мора да се нагласи, меѓутоа, дека за Грција не е спорно дека ние сме одвоена нација. Клучен проблем за нив е фактот што се нарекуваме Македонци и така го користиме историскиот бренд – Македонија, којшто се поврзува со античкиот период.
Од тука произлегува и проблемот со името, кое го симболизира националниот идентитет на нашиот народ.
Позицијата на Бугарија е поекстремна од грчката. Не само што и Софија не прифаќа дека сме Македонци, дека зборуваме македонски јазик, дека имаме македонска култура, историја, традиција... туку смета дека сме „неосвестени Бугари“, дека нашиот јазик е дијалект на бугарскиот и слични глупости и историски недоветности. Тоа значи дека за нив ние не постоиме како посебен народ, што е обична бесмислица. Најдобар доказ дека игнорирање на Македонците е само тежок бугарски и грчки историски синдром, бесрамна политика и неприфатлива ароганција, е фактот што „Македонското прашање“ е актуелно најмалку 150 години. Може ли сите тие години да има „Македонско прашање“ а да нема Македонци?
И Македонците во Бугарија, беа и сè уште се изложени на жестока асимилација. Од стотици илјади, најголемиот дел ги снема. Најзагрижувачко е што под континуиран и неподнослив притисок на бугарските власти, младите се оддалечуваат од националните корени, со цел да обезбедат егзистенција. За нив нема работа ако се декларираат какоМакедонци. Нивната борба за признавање продолжува ама тешко оди бидејќи навлегува во регионалните интереси на најмоќните.
Со весникот „Народна волја“, што го уредува и издава 30 години, Георги Христов е вграден во темелите на непокорот на

Македонците од Пиринскиот дел. Тој е еден од бардовите на борбата за правата на Македонците во Бугарија. Неговата книга, „Гневот на правдата“, е илустрација и доказ за малтретирањата на кои тие биле изложени. Христов пишува за голготите низ кои врвеле тие, ама можеме да замислиме дека е тоа само мал дел од сите нивни премрежиња. Негова единствена цел беше да докаже дека вистината не може да се игнорира, дека Македонците се реалност, без оглед дали некој ги прифаќа како такви, или не. Улогата која весникот „Народна волја“ ја игра во Бугарија е историска. Такви се и текстовите на Георги Христов алијас Јан Пиридски кои, преку неговата книга, ќе станат културно наследство на сите Македонци, каде и да се тие. Христов е дел од темелите на македонизмот во Бугарија, којшто сè повеќе се губи. Дејци како Христов, целосно посветени на националната кауза, не се ретки само во Бугарија туку и на сите простори каде што живеат Македонците.

Водени од сопствените интереси, со цел што полесно да ги контролираат, тајните служби на соседните држави, ама и на големите сили, немилосрдно го разбивале македонското национално ткиво, внесувајќи раскол меѓу луѓето.

И успевале во тоа. Така беше, така е, а така и ќе продолжи. Македонците се секаде длабоко поделени и се гледаат низ нишан сакајќи да се уништат меѓусебно. Само да се погледне какви сè петтоколонаши се појавија меѓу „интелектуалците“ во Македонија, поддржувајќи ги во последно време фантазмагориите на Бугарија, Грција, Албанија...

Вака разединети, стануваме лесен плен на непријателите. Полека, полека, чекор по чекор, тие успеваат во своите намери да ни ги скратат крилјата. Дали целосно ќе нè сотрат, во голема мера зависи и од нас самите. Заминувањето на Георги Христов нека биде причина и повод да се преиспитаме - каде одиме како народ, што нè чека, и сите заедно да тргнеме во офанзива, во одбрана на универзалните права кои и нам ни припаѓаат. Проблемите и предизвиците секогаш ги сплотувале народите. Така било и со Македонците во минатото. Не треба да има пречки тоа да се повтори и сега бидејќи сме пред историски предизвик – да

опстанеме како народ, или да нѐ снема од меѓународната сцена, и тоа во моменти кога имаме своја современа држава.
Георги Христов е значајна личност во борбата за одбрана на македонизмот, и тоа не само во Бугарија. Неговите заложби нека бидат пример и мотив за другите Македонци како треба и мора да се брани сопствениот народ. Правдата ќе победи само ако некој ја бара. Неправдата ќе се промени само ако се бориме против неа. Борбата за опстанок на Македонците, и во соседните земји и во самата Македонија – продолжува.
Нека му е лесна земјата на нашиот херој Георги Христов.